# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесеттото продолжение на Седумдесет и втората
седница на Собранието на Република Македонија ,
одржана на 11 август 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Илија Китановски, Фатмир Асани, Замир Дика, Ружди Матоши, Џевдет Насуфи, Мендух Тачи, Илјаз Халими, Зиди Џелили, Али Ахмети, Љубисав Иванов - Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

По списокот од вчера, а денес имам друг список овде, госпоѓо Лилјана Поповска, вие сте на ред. Се откажавте.

Сега има збор пратеникот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван министер, претставници на Министерството за локална самоуправа,

Еве, веќе неколку дена дискутираме за Законот за територијална организација, мошне битен закон и нависина сакам уште на почетокот да кажам дека оваа моја дискусија ќе ја насочам во анализа на Законот за територијална организација од аспект на Просторниот план на Република Македонија. Да видиме на каков начин Просторниот план на Република Македонија е директно внесен во Законот за територијална организација односно колку Просторниот план на Република Македонија е почитуван во Законот за територијална организација.

Тука уште на почетокот ќе нагласам дека пред неколку седници го донесовме моше битниот закон за Просторниот план на Република Македонија и тогаш на мојата реакција зошто овој закон се носи како последна точка од дневниот ред ми беше одговорено дека е многу битен закон и затоа е последна точка од дневниот ред, а сега да видиме како тој битен закон е направен и е внесен во Законот за територијална организација во оној дел во кој овој закон за територијална организација дозволува да се внесат одредени аспекти, карактеристики и законски решенија од Законот за просторно планирање. Тогаш сите се согласивме дека Законот за Просторниот план е мошне битен закон за Република Македонија, јас би рекол дека имаме навистина голема шанса како држава во која се совпаѓа донесувањето на Просторниот план со Законот за територијална организација, затоа што Просторниот план се носи на секои 20 години, а од друга страна многу ретко се носи и Законот за територијална организација, меѓутоа во овој период, значи оваа година се совпадна донесувањето на двата закони и навистина ако цениме како држава, верувам дека сите сакаме да имаме забележителен и константен развој на државата би требало овие два закони меѓу себе да координираат со некои точки кои се допирни од двете страни.

Исто така, сакам да нагласам дека овде анализите што ќе ги направам ќе ги направам од аспект и ќе зборувам за концептот што го направи Владата како Законот за територијална организација затоа што Министерството за локална самоуправа и министерот многу професионално го изврšија својот дел од задачите, односно од целокупниот пакет на закони за децентрализација, затоа што Министерството за локана самоуправа и министерот беа надлежни за тој пакет закони што треба да се донесат и што ова Собрание ќе ги усвои. Значи тој дел максимално професионално е извршен од страна на министерот и Министерството за локална самоуправа и експертите што пред неколку дена министерот ги кажа, кои учествувале во донесувањето на овој закон. Затоа кажувам дека сега ќе го анализирам концептот на Владата и како што беше кажано и потврдено овде, партискиот договор меѓу коалиционите партнери како оваа територијална организација на Република Македонија ќе биде дефинирана со овој закон и

ќе се спроведат локалните избори оваа година, а се ќе почне да функционира од наредната 2005 година.

Кога зборувам за Просторниот план на Република Македонија почитувани пратеници треба да се знае дека Просторниот план ја дефинира просторната организација на државата, целите на просторниот развој и условите за нивна реализација и тука нема ништо спорно, затоа што од друга страна причините за донесувањето на Законот за територијална организација  се непостоење на рамнотежа меѓу надлежностите и големината, економската моќ на оштрините, создавање услови за рационално вклучување на граѓаните во вршењето на работите од локална надлежност, терминолошко усогласување на називите на населени места и пополнување, што е многу битно и по мое мислење можеби требаше да биде на прво место од причините, пополнување на законската регулатива во врска со утврдување на видот на населените места според нивното функционално значење и од оваа причина навистина требаше да се тргне во донесувањето на овој закон. Меѓутоа, сепак, причините за донесување на законот со дефиницијата на Просторниот план како просторна организација на државата е во ред.

Ако ја разгледаме сегашната состојба на Република Македонија според Просторниот план ја имаме следната дефиниција. Тоа е нерамноправен и нерамномерен развој изразен преку разместување на населението во однос на природните потенцијали, во однос на развиеноста на стопанството и во однос на социјалните капацитети и развиеноста на инфраструктурната мрежа. Кога сум тука сакам да нагласам, а тоа и еден од експертите при Министерството за локална самоуправа го искажа кога имавме една дебата во Охрид, дека ако ја разгледаме просторната анализа на Република Македонија, ќе забележиме дека од 89% планинска земја - значи 89% во Република Македонија отпаѓаат на планини - имаме еден нерамномерен развој, затоа што 20% од населбите се однесуваат на овој регион, додека од 11% рамнини околу 80% од населението живее во тие региони, односно кога веќе Просторниот план го дефинира нерамномерниот развој преку разместување на населението, 4/5 од населението живее на 1/5 на просторот на

Република Македонија. До сега ситуацијата со Просторниот план и со причините за донесување на овој закон е вред.

Меѓутоа што се случува понатаму? Развојот на урбаните населби до 10.000 жители, а посебно на урбаните населби до 5.000, затоа што од друга страна сега во критериумите за определување на општините една општина треба да има најмалку 5.000 жители, Просторниот план дефинира дека тој план ќе биде постигнат преку плански насочен просторен и функционален развој, со цел да се овозможи рамномерен усогласен развој на мрежата на населбите. Кога велам мрежата на населбите, мислам на целокупните населби во Република Македонија. Ако го анализираме овој дел од Просторниот план и оваа дефиниција на Просторниот план, со тоа што Законот за територијална организација го нуди и го дефинира, забележуваме дека навистина имаме неколку работи што не се усогласуваат со законот, а тоа е следното.

Во предлогот на новата територијална организација се опфаќаат општините до 5.000 жители, од 5.000 до 10.000, од 10.000 до 20.000, од 20.000 до 50.0000 и од 50.000 до 100.000 жители, затоа што само една општина имаме со над 100.000 жители и според бројот на општините ќе забележиме дека до 5.000 жители има 16 општини, а од 5.000 до 10.000 жители имаме 15 општини, тоа се 31 општина вкупно. Меѓутоа, од друга страна, од 50.000 до 100.000 жители во Република Македонија имаме 9 општини и една општина со над 100.000 жители, а тоа се: Битола, Велес, Гостивар, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Тетово и Струмица. Ако сега се навратиме на Просторниот план, ќе забележиме дека и Просторниот план на Република Македонија најголемо значење дава на општините до 5.000 жители, меѓутоа и на тие до 10.000 жители. Овде го поставувам прашањето дали навистина во територијалната организација требаше да имаме 9 општини и тоа 9 големи градови кои ги наброив и на некој начин бројот е многу поголем од тој што го дефинира и Просторниот план на Република Македонија за развој на државата и за развој на населбите во контекст на усогласување на мрежата на населбите со добивање на овие 9 градови од 50.000 до 100.000 жители. Од друга страна, кога ќе ги разгледаме градовите ќе забележиме дека тие се и основните големи градски центри во Република Македонија и тоа како што ги наброив, Битола, Велес, Гостивар, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга,

Тетово и Струмица. Карактеристично е, со Законот за територијална организација овие градови со приклучување на селските населби стануваат уште поголеми градски центри. Сепак мислам дека тоа не треба да биде основа на развојот на Република Македонија, постојните градски центри да ги зголемуваме уште повеќе за да добиеме големи и уште поголеми градски центри односно општини. Од друга страна, процесот на проширување на зоната на изградено земјиште на градските населби според Просторниот план се очекува да се одвива во забавена форма, значи проширувањето на градските центри, а просторниот физички развој на самите градски центри треба да биде насочен кон поефикасно користење на градежното земјиште во постојните граници, се разбира во согласност со стандардите и нормативите на законите.

Со другите закони од пакетот закони за локална децентрализација, а имаме закони кои се однесуваат на екологијата, градежништвото и урбанизмот, е предвидено поефикасно користење на градежното земјиште, но со Законот за територијална организација проширувањето во овие градски центри во Република Македонија навистина е големо. Кога велам дека е големо, сакам само да нагласам дека Битола сега ќе има 95.000 жители, Гостивар 81.000 жители, Куманово ја преминува бројката од 100.000 и ќе има 105.000 жители. Тука е и Прилеп со 76.000, Струга со 63.000 жители и тоа сите го нагласивме, Тетово со 86.000. Другите градови како Струмица, Охрид и Велес се наоѓаат на граница меѓу 50.000 и 55.000 жители. Затоа велам, ако сакаме да одиме и да го почитуваме Просторниот план на Република Македонија и оваа мрежа на населени места навистина можеби требаше да се предвиди овие градови од 50.000 до 100.000 жители на некој наичин да одат со позабавена форма во нивниот развој во однос на проширување на градежното земјиште, а тоа да биде насочено кон поефикасно користење на градежното земјиште во рамките на самите градови. Значи, тука имаме едно мало одвојување од Просторниот план и Законот за територијална организација.

Кога зборуваме за селските населби, селските населби според Просторниот план во досегашинот период се одвиваа во услови на доминантно влијание на градовите и сегашната цел е зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура

и сите други услови кои ќе придонесат за едно нормално функционирање и едно нормално живеење на граѓаните во локалната самоуправа, особено во селските населби, затоа што од друга страна и според Законот за територијална организација, во ображложението на законот кажуваме дека дел од општините во чии рамки сите населени места се од селски карактер се основаат заради фактот што во изминатиот период е постигнат определен стопански раст и демографскиот развој кој упатува на можности за натамошен развој во сите овие дејности на пример што ќе произлезат за задоволување на потребите на граѓаните. Значи, и според овој закон за територијална организација, навистина се согласуваме дека селските населби, односно на општините од рурален карактер кои што ги сочинуваат само селски населби, се особено важни во постигнување на развој на Република Македонија.

Меѓутоа, сега ако ги споредиме овие две дефиниции од Просторниот план и од територијалната организација, што добиваме? Го добиваме следното.

Градски општини на кои што се додаваат селски општини се следните: Куманово, Виница, Кочани, Пробиштип, Радовиш, се до Струмица и од Западниот дел на Република Македонија имаме уште покарактеристични се тие работи почнуајќи од Тетово, потоа Гостивар. Знаеме за 4 години, тука го ставам и Кичево, Струга, Охрид, па дури доаѓаме и Битола и Прилеп, па одиме Демир Хисар,дури Македонски Брод со Самоков, па се поврзувзме во Скопје. Значи на некој начин селските општини ги уништуваме, а ги правиме во склоп со градските општини. Тука можеби ќе биде образложението да, меѓутоа тие селски општини не ќе можат да функционираат во сегашниот развој и сегашниот закон на територијална организација и локална самоуправа со зголемени надлежности и во тоа можеби според критериумите се согласувам, меѓутоа зошто, затоа реков и понатаму ќе разговарам како концепт на Владата, не како закон на Министерството за локална самоуправа , затоа нагласив и ќе нагласам дека тоа професионално си ја изврши работата, меѓутоа како концепт на Владата имајки го донесен Просторниот план и имајки дека едноставно треба да се овозможи развој на селските населби зошто градовите не ги оставивме како градски општини со приградски населби, а останатите селски општини кои што сега ѓи припојуваме на градовите да ги

споевме, ако не можеа самостојно да егзистираат самостојно како општини, меѓутоа да ги споевме со останатите општини, како концепт зборувам, не дали се согласувам или не со останатите општини и да добиевме селски општини односно општини составени само од селски населби. Дали една можеби една таква анализа ќе бидеше подобра, дали е извршена таква анализа, затоа што од друга страна со придодавање на овие селски општини ги добивме овие 9 града кои што ќе ги имаме во големина за маќедонски услови, навистина големи, затоа што ќе имаме 9 града од 50.000 до 100.000 жители, а на почетокот кажавме дека Просторниот план едноставно го насочува развојот на градовите од 5000 до 10.000 до 20.000.Тој случај е многу поприфатлив во Источниот дел на Република Македонија , затоа што таму само Струмица е град поголем од 50 иљади жители. Другите градови ако ги гледаме како општини, селски, градски, меѓутоа, како општини, како што рече министерот пред неколку дена некаде околу 20 иљади е просечната општина и тоа е во согалсност со развојот на градовите затоа што немаме град во Источна Македонија, да го тргнам настрана Куманово со над 105 иљади 0жители, меѓутоа сите други градски центри се некаде до 50 иљади жители како најголем Штип, меѓутоа, Струмица со додавањето на овие селски општини веќе е над 50 иљади жители. Не е толку многу, 54 - 55 иљади жители, меѓутоа, сепак ја пробива таа граница што ја имаме дефинирано од 50 иљади жители. Значи, целиот овој нерамномерен развој се насочува кон Западниот дел на Република Македонија.

Источниот дел на Република Македонија во контекст на просторниот план и во контекст на Законот за територијална органицација е во ред со некои исклучоци, што како концепт, велам е во ред, дали ние се согласуваме или не се согласуваме со тие работи, за тоа веќе можеме да дискутираме како партии и како ставови од партијата, меѓутоа, како концепт од просторниот план насочен до 50 иљади жители градски центар е во ред, искучок кај Срумица и Куманово ако го третираме во тој дел. Меѓутоа, што се случува во Западниот дел и затоа реков овде треба да гледаме едноставно и затоа го анализирам концептот на Владата, затоа што тука се и партиските договори помеѓу членовите на Владината коалиција.

Ќе забележиме дека сите градови од 50 до 100 илјади жители едноставно припаѓаат во Западниот дел на Република Македонија и тоа во најголем дел, најголем број на жители е Тетово со 86000 жители, потоа Гостивар со 81000, Струга со 63000, исто така и Кичево ќе биде во тие рамки после 4 години. Значи, едноставно не се почитува Просторниот план, не се почитува и критериумот на Законот за територијална организација кога ќе дојде во делот на договарање помеѓу македонскиот дел, јас секогаш тоа го употребувам, македонскиот дел во Владината коалиција, и албанскиот односно ДУИ.

Затоа овде почитувани пратеници кога напаѓаме, значи кога го критикуваме овој закон за територијална органицација, сакам да знаете дека ние го критикувме според овие работи, а не дали сакаме да живееме со албанците или не сакаме да живееме со албанците, и кој што е најголем едноставно веднаш доаѓа најголема критика и реплика од страната на ДУИ дека еве, вие ако го напаѓате овој закон не саката да живеете со албанците. Ние и сега живееме со албанците, меѓутоа зошто да ја упропастиме можноста на Република Македонија, како што викате и вие дека многу сте ја сакале, да ја упрооастиме можноста за нејзин развој во дефиниција на просторниот план, и може тоа така да биде само заради чисто партиски интереси би рекол, изразени преку партијата ДУИ, затоа што други, верувајте никакви други критериуми, не постојат и не можете да ги одбраните, како партија ви се обраќам, според Просторниот план и според критериумите на овој закон за територијална органицација .

И, затоа треба да се види дали навистина намерата ваша е да **се воздржи** развој на Република Македонија, или само да ги определите партиските интереси на ДУИ и едноставно да ги завладеете, јас би рекол, македонските градови почнувајќи од Тетово, Гостивар, Кичево, Струга. Тоа го тврдам одговорно од фактот што го дава и Просторниот план и критериумите што ги дава законот за територијална организација, затоа што пак ќе наглсам, како може да е случај во Македонија градовите што има жители мешано население македонци и албанци, тука да ги спомнам и сите други останати етнички заедници, меѓутоа токму во тие градови, да имаме сега зголемување на бројот на жители и пак ќе ги нагласам Тетово, Гостивар, Кичево и Струга. И со тоа зголемување

едноставно сега да имаме доминантност на албанците во тие градови, сега веќе како градски општини затоа што досега албанците немале можност да се развиваат во тие општини, па сега ги приклучуваме кон градовите. Едноставно, почитувани пратеници од ДУИ тоа е завладување со македонските градови, затоа што никаков друг критериум не постои во таа страна.

Кога сме веќе тука, сакам да го нагласам и коцептот за размислување и за анализата што ќе ја направам со пограничните општините на Република Македонија во контекст и на просторниот план, меѓутоа и на Зконот на територијална организација.

Зголемување на општини, односно општините во пограничните места знаеме дека и во овој период без разлика дали тие средства се добивале од државата, дали тие средства, доаѓале како гранд од Европската унија, од Светка банка, од други организации, институиции, меѓуанродни, меѓутоа сепак во овој период од 1996 година, еве сега да не гледаме дали тоа било времето на СДСМ, или времето на ВМРО-ДПМНЕ кога биле на власт, меѓутоа, 1996 година овие погранични места на некој начин се направило нешто. Без разлика, дали вода, дали пат, дали се донела и една телефонска гворница во селото, меѓутоа сепак се направило од времето кога тие функционирале како општини, за разлика до 1996 година, едноставно кога припаѓале кон градските центри. Значи, на некаков начин, се успеало да се донесе колку толку некоја инвестиција во општината. Дали многу или малку во тоа не навлегувам.

Така да и сите програми што ги има ЕУ значи на некој начин даваат можност за тој пограничен развој, односно развој на општините во пограничните региони, особено едноставно со меѓугранична соработка што ја имавме почнувајќи од 1996 година, ФАРЕ, КАРЦ програмата, па и неои евро региони сега што се прават на некој начин им се дава можност на тие погранични региони и погранични општини. Пршањето е дали тие општини да ги зачуваме, да ги прошриме на некој начин, ако не можат самостојно да функционираат, меѓутоа да ги прошириме во должина, затоа што знаете што се случува. Овдека ќе ја кажам јас анализата, некои општини, сега погранична општина, ја прошириуваме во длабочина во Република Македонија и едноставно самите населени места во општината се делат кое е погранично место, а кое е место едноставно што нема

никаква придобивка од тоа што е погранична општина. Тоа е случај  Куманово, како општина, земете ја ако ја сметаме како погранична бидејќи се граничи, сега поврзувањето со Орашец, едноставно Орашец нема ништо да добие во тој контекст од некоја погранична меѓугранична соработка, затоа што  веќе во длабочина влегува. Значи, тоа е испод Куманово.

Или, најголем пример е Ѓевгелија со Миравци.  Едноставно Ѓевгелија требаше да видиме на некој начин како што направи министерот и Министерството за локална самоуправа одвојувајќи го Богданци, односно Дојран од Богданци, тое е добар пример како може и тука да добиеме некој развој, зборувам како држава во корист на државата, меѓутоа од ЕУ и од  соседна Грција во таа меѓугранична соработка, меѓутоа, многу добар пример е тој, и ќе видите дека едноставно ќе се исплати ова одвојување на Дојран со Богданци, затоа што и Дојран и Богданци ќе ги користат тие средства. Меѓутоа, Гевгелија со Миравци мислам дека камо да биде така, и јас сепак и тогаш ќе бидам задоволен, меѓутоа, Миравци нема многу, бидете сигурни да искористи од  тоа што сега ќе биде приградска односно гранична општина. Најкарактеристиен пример, гледаме на картата на Република Македонија, е дека гранична општина едноставно сега ќе бидат наречени и Кавадарци и Прилеп. Значи, Конопиште припоено кон Кавадарци станува една голема гранична општина, а од друг страна и Прилеп, со Витолиште, едноставно, градоначалникот на Прилеп сега и градоначалникот на Кавадарци,  кога ќе одат некаде ќе се претставуваат тие како, ние сме гранични општини со Република Грција.

Кога зборувавме за Новаци, Старавина и Бач, па после поврзувајќи го и со Конопиште, мислам дека ако не  задоволуваат ниеден критериум за настанување на општини, можеби државата требаше да размисли на подруг начин, како тие општини ќе се развиваат и ќе опстојуваат, меѓутоа, како делови земени сега, како растојание од целокупната таа граница, зборувам како линија спрема Грција, можеби требаше да се размисли  тие општини да опстојат заради начинот на комуникација со сите Европски институции, организации, па дури и со од другата страна општините од Република Грција.

Исто така, кога го кажувам тоа сега и Битола станува погранична иојпштина како што поврзувањето на Косово со Охрид, сега и Косово кога доаѓаме од Ресен едноставно

и Косово можат да речат да ние граничиме, ние сме погранична општина, и граничиме со Република Албанија преку Езерото.

Истото тоа се случува и со општина Дебарца. Значи ако гледаме од овој аспект, можеби другите критериуми се во ред. Еве и да се согласуваме дека според критериумите таа општина треба да биде да речам Мешеишта и Белчишта заедно. Меѓутоа затоа викам како концепт јас овдека го анализирам целиот овој закон на територијална организација едноставно почнувајќи од влезот на Дебарца, значи после Пресека, кога доаѓаме да се спуштаме од Кичево, едноставно тој дел сега веќе треба да го третирамо како погранична општина. Значи, целиот тој дел и едноставно кажуваме дека сега преку Езерото исто така дека треба и тука да се види дека можеби како ќе биде дефинирано, меѓутоа, сега спрема Охридското Езеро имаме три општини. Значи општина Охрид, општина Струга и меѓу нив општина Дебарца. Значи со едно растојание кое што сепак дозволува користење на Езерото, на тој дел.

Тука зборувам дека исто погранични општини ќе станат сега веќе во склоп на Струга и Велешта и Делагожда, а да не зборувам за Гостивар. Значи сега со новава територијална организација бидејќи Гостивар, покасно ќе зборувам за Бродец, како место не како село, како населба затоа што таму живеат многу мал број на жители, меѓутоа, како огромен простор, едноставно Гостивар сега излегува на тромеѓето помеѓу Албанија и Косово, меѓутоа од друга страна и Чегране и Долна Бањица и Србиново потпаѓаат под таа општина Гостивар, што е погранична општина со другите места. Сега овде спојувањето исто го кажав, ако веќе добар начин беше одвојувањето на Дојран и Богданци во две самостојни општини овде па имаме спојување Камењане со Боговиње и имаме две општини спојување,а тие две општини сепак граничеа на некој начин со Република Албанија.

Исто така, во контекст на Тетово, со Шипковица и Џепчиште и веќе имаме на крај доаѓаме до Јагуновце и Вратница.

Значи резултатот е зголемување на територијата на општината, меѓутоа, треба многу да се внимава, знам дека ова сега не може да се измени, меѓутоа треба многу да се внимава и како Министерство за локална самоуправа во однос на ингеренциите и на

координацијата што ќе ги има спрема локалните самоуправи ова Министерство. Едноставно, тој развој навистина да биде рамномерно насочен, сепак кога ќе се добиваат ова повеќе се однесува на грантовите и на средствата за меѓугранична соработка, сепак тие како општина едноставно го почувствуваат тоа, без разлика за кој дел ќе се однесуваат тие средтва. Урбанистичките планови што ќе се прават на таа општина сепак да водат сметка тој развој да се постигне во сите населени места, затоа што не може нешто да биде само механичко спојување, а тоа да не биде во целокупното живеење на жителите на таа општина, затоа што сепак ова го правиме за задоволувње на потребите на граѓаните кои што живеат во таа општина.

Кога зборувам за пограничните места и пограничните општини овде сакам да нагласам дека навистина можеби, некоклку пати нагласив и не сакам погрешно да се свати, требаше да размислуваме и за туристички општини. Тоа веќе сега го немаме и касно е да се направи, меѓутоа, сепак добро е да се каже затоа што реков дека ќе го анализирам просторниот план со Законот за територијална органицација и концептот на Владата.

Овие места, да речам, зголемувањето на градовите, што ги нагласив претходно од 50 до 100 илјади жители, од друга страна можевме да ги зачуваме дури и да ги прогласуваме односно да ги прогласевме некои градови како град, меѓутоа и како гард туристичка општина. Тука зборував првенствено за Охрид, значи едноставно да го зачувавме како руристички град, туристичка општина Охрид и дури и да размислувавме само како туристичка општина да биде и општината Свети Наум, кој од Охрид е одалечен 30 и неколку км, а и најатрактивното место како центар на целиот тој регион, не само како Охридско Езеро, меѓутоа, да размислувавме како туристичка населба Свети Наум, затоа што е и директно погранична населба. Дури ако веќе одевме во зачувување на Струга, требаше да размислуваме Струга да ја оставиме како туристички град, туристичка оштина, па дури и да размислуваме и другиот дел од Свети Наум, точката на граница со Албанија и другиот дел за развој на општината Струга, да размислуваме како туристичка општина и Радожда, во таа смисла да ги одредиме како точки Радожда, Струга и Охрид

како два града , а точките Радожда и Свети Наум како туристички општини што граничат со Република Албанија. На таков начин  едноставно ќе ја зачувавме Струга од зголемување, еве сега нема да употребам дали тоа ќе биле албанци, македонци и некои други, меѓутоа зголемување на градот, затоа што град од 36.000, како општина од 36.000, но како град многу помалку 20-тина илјади жители, едноставно сега имаме општина која што ќе се зголеми на 63 или 64 илјади жители. Тоа можевме на некој начин многу добро да го издвоиме градот, тоа да функционира како туристичка општина, а сите други селски општини, селски градови што се околу Струга, да се формираат дали како една, две или три општини кои што ќе функционираат пак заедно. Тие секогаш функционираат заедно, без разлика дали имало општина Велешта, Делогожди или Луково и општина Вевчани, тие секогаш функционираат кон градскиот центар кон општина Струга. Тука не треба ние да мешаме дека ако биле како општини, ние ќе сме ги оделеле, како што вика ДУИ, немало да имаат можност за развој затоа што албанците живееле во општина Велешта или општина Делагожда и сега немало да им дадеме можност за нивен развој. Сепак, тие комуницираат со градот и кооординираат многу подолго, одколку што овде ние разговараме. Кога зборувам за туристичка општина тука би го нагласил и Крушево, Немаше да ги имаме овие проблеми во Крушево како град кој што едноставно општините, односно селските населби не комуницираат сега со Крушево. Знаеме каква е спецификата на природата таму и амбиентот и сите рамнински населби односно села во Крушево комуницираат со другите  општини кои што се таму со Житоше и со Долнени, а сега ги ставаме во Крушево, со што добиваме нелогично решение, а тоа е дека во Крушево сега ќе имаме довојазичност меѓу албанскиот и македонскиот јазик, кој што апсолутно нема никаква комуникација. Вие тоа како сакате кажете го, меѓутоа, директно на теренот не е така. Во Крушево сега ќе имаме ние како што и беше, но на овој начин ќе го оделевме градот Крушево и Крушево ќе беше туристичка општина. На некој начин ќе се зачуваше и од оваа страна, а ќе овозможеше, сега не зборувам само за зачувување, туку ќе овозможеше многу поголем развој на останатите места и како Охрид и како Струга, како Крушево, Дојран. Тука, можеше да се зборува еве и како туристичка општина

Маврово, па дури да разговараме како туристичка општина Попова Шапка, без разлика дали е како општина таму Шипковица, Тетово и другите општини.

На овој начин мислам дека, сега зборувам во контекст на просторниот план, навистина можеби како концепт вака да се размислуваше, ќе добиевме некој поголем развој на Република Македонија, без разлика какви ни се сега моменталните состојби во Владата, во Собранието, во владината коалиција итн. Меѓутоа, сепак, ова ќе имаше една позитивна насока во однос на развојот на Република Македонија и едноставно ќе се овозможеше со ваков концепт. На некој начин да ја имаме шансата за развој. Јас не велам дека и вака ја немаме, меѓутоа, овој начин ќе беше многу полесен да излеземе пред светот, пред сите меѓународни организации и институции и на некој начин да ја бараме и нивната соработка. Кога го носевме просторниот план тоа го кажавме. Ние не можеме да функционираме само како затворен простор од сите страни и треба да ги гледаме развојот на сите околни и соседни држави и во тој контекст да ја искоординираме таа работа и нашиот развој со развојот, прво, меѓуграничните земји, а потоа и пошироко на овој дел од Европа.

Досега зборував, односно ја направив анализата помеѓу просторниот план на Република Македонија од една страна и законот за територијална организација од друга страна. Се надевам дека сепак ова ќе се земе предвид кога ќе се координира помеѓу Министерството за локална самоуправа и општините со новите ингеренции и другите министерства во донесување на програмскиот деллна развој на општината, на донесување на урбанистички генерални планови и на таа координација помеѓу нив. Сепак, треба да се согласиме дека овде општините веќе не стануваат самостојни, но на некој начин во координација на Владата на централно ниво со општините на локално ниво и таа координација да биде во полза на граѓаните кои живеат во тие места и заради нив што ги правиме сите овие закони со оваа територијална организација.

Сега, ќе кажам малку за односот помеѓу македонскиот дел во ова Собрание и во Владата во однос на албанскиот дел и на ДУИ. Јас и кога разговарав за амандманот на општина Струга и за останување на општина Струга во овие граници, нагласи и за тоа навистина стојам цврсто дека со ваква општина Струга македонците изгубивме град, а

албанците добија територија. Зошто го кажувам ова? Ова го кажувам од аспект дека и сега, значи и во постојните граници општина Струга е мултиетничка општина. Таму живеат Македонци, Албанци, Власи, Срби, Роми, Турци, Бошњаци. Воопшто не требаше ако ми беше важно за развој на општина Струга, а да не беШе ова владеење со градовите што го направи ДУИ, воопшто не требаше на некој начин да ја чепкаме Струга во однос на нејзините граници. Овде кога спомнувам граници, сакам да напоменам дека можеби требаше да се води сметка во законот за територијална организација кога во првиот, вториот и третиот член кога зборуваме за граници на општината, можеби требаше да се најде некој термин како подрачје на општината, веќе граница на катастарската општина е нешто друго, меѓутоа, како збор граница да не постои, а во понатамошните членови постои подрачје на општината како термин, можеби тоа требаше да се усогласи со овој дел. Затоа, сега кажувам, овде ја употребувам границата на општината Струга, не требаше воопшто да ја менуваме во овој дел. Кога беа сите немири и војни во 2001 година, едноставно во Струга ништо не се осети. Значи, таму имаме добар мултиетнички живот. Сега, во овој дел што добиваме? Добиваме револтот на македонските граѓани, на христијанското населени во Струга, затоа што од мнозинство, меѓутоа тоа мнозинство стружани како граѓани никогаш не го кажуваат дека се мнозинство во таа општина, па сега тие ќе прават што сакаат. Тоа беше пример за мултиетничко живеење, а сега го добиваме револтот од христијанското население, затоа што од 66.000 жители на новата општина само 20.000 жители ќе бидат македонци и христијани во општината. Затоа, реков навистина не требаше воопшто да влегуваме во менување на границите на општина Струга. Ако ја разгледаме, едноставно, западниот дел и западните општини од Република Македонија што ќе забележиме? Ќе забележиме дека од една страна, за Скопје ќе зборува во законот за Град Скопје кога ќе дојде, но од друга страна веќе почнувајќи од Јегуновце, Вратница што остануваат како доминантно мнозинско македонско население, ќе забележиме дека тоа не му претставува проблем на ДУИ и ДУИ е тука согласен, затоа што на некој начин тука и македонското население го добива бројот на македонското население, бројот на албанското население и едноставно тоа не претставува проблем за ДУИ во однос на број на жители.Меѓутоа, кога се

спуштаме надолу веќе како општина Желино со Шипковица и Тетово како цела општина Тетово, го поставувам прашањето дали ДУИ ќе се однесуваше вака ако македонскиот дел, значи ние побаравме во општина Тетово и во општина Гостивар да имаме македонска чиста општина. Општина Тетово, бидејќи има 81.000 жители, бројто е голем, да видиме како што побараа тие во општина Струга тие бидејќи неможеле да ги задоволуваат сопствените права, услови, начин на живеење во општина Велжда, Делагожда и другите општини околу Струга што сакаат да бидат во струшката општина, ние овде како македонци во општина Тетово да побаравме формирање општина во Тетово со чисто македонско население. Затоа имаме услови, затоа што на општина Тетово, како што рековме и вчера, едноставно живеат 20.000 жители македонци. Во Гостивар живеат околу 14.000 жители македонци. Не живеат под  5.000 жители, па вие сега да одите со критериум дека ние многу ги сакаме македонците, меѓутоа се под 5.000 жители и неможеме да им дадеме општина. Еве, во Тетово живеат 20.000 Македонци, ајде да формираме македонска општина во Тетово и да видиме дека вие толку многу сакате да живеете во еден мултиетнички соживот. Затоа што, кога ние спомнуваме мултиетнички соживот, секогаш ДУИ тоа го разбира како мултиетничко живеење, меѓутоа албанците да се со поголем број во таа општина. Никогаш албанците не се согласувале да живеат во мултиетничка општина, а тие да бидат со помал број, а македонците да бидат доминантни. Ако се согласевте на таков начим, тогаш навистина и ние ќе поверувавме дека сакате еден добар мултиетнички живот. Кога зборувам за мултиетнички живот, овде треба навистина да се почитуваат и другите заедници, а не само да кажувате сакаме мултиетничка општина како Тетово, Струга, а од друга страна да не дозволувате, како што беше случај за Врапчиште и за другите општини во тој дел на општините со доминатно албанско население, па да се зборува на друг јазик. Значи, тоа упорно многу ви смета и тогаш веднаш се буните, но тоа не е во контекст на мултиетничката општина. Ако постапевме на ваков начин, сигурно можеби на некој начин и Струга немаше да биде во овие граници како што е сега. Затоа што, ќе нагласам Тетово има можности таму да се формира македонска општина, бидејќи таму живеат 20.000 жители. Има можност и ќе се најдат можности ако се сака и во Гостивар да се формира

чисто македонска општина, бидејќи таму живеат 14,000 жители. Тогаш ќе беше западниот дел на Македонија навистина да речам прошаран со општини и македонски и албански и тогаш ќе можевме да го развиваме мултиетничкиот соживот, бидејќи тука е и центсар Жупа, па да се дадеше можност и за Врапчиште со Труците и едноставно да бидеме пример како се развива мултиетничкиот соживот. Така, такви општини ќе имавме и чисти општини, меѓутоа и општини каде што имаме мултиетничко живеење. На ваков начин, ве уверувам, дека без разлика на сите работи што сега ги кажувате, од друга страна многу лесно ви е вас кога ние како македонци, без разлика од која партија овде сме како македонци, дали од СДСМ , ЛДО или ВМРО-ДПМНЕ, се расправаме помеѓу нас заради објаснување на каков начин ни е дадена таа општина или не е дадена, а вие мирно си седите, си се смешкате таму, затоа што го добивте тоа што го сакавте.

Затоа, велам во општина Струга македонците загубија грасд, албанците добија територија. Тогаш, можев да го сватам компромисот што го направи Владата што рече дека направивме компромис, па едноставно Скопје е двојазично, Струга мора да биде мултиетничка, меѓутоа мултиетничка беше и досега, сега ајде со 66.000 ќе правиме малцинство да биде македонскиот народ, Кичево ќе го дадеме после четири години итн. Меѓутоа, еве на некој начин се успеа во општина Тетово и во општина Гостивар, па и на други места да направиме чисто македонски општини. Тогаш ќе беше вистински меѓуетнички соживот и ќе придонесеше за развој на Република Македонија. А, вака, не оставивте нас македонците да се расправаме меѓу себе, а вие да го добиете само тоа што го сакате. И, сега да кажувате дека тоа не е делба односно делба е ние што сме правеле за Македонија, не е делба тоа што вие го направивте. И, не е делба, јас се согласувам со тоа, го зедовте тоа што го сакавте. Навистина, не е делба. Се согласивте за Струга, нормално и тоа треба сега да се отвори како прашање, затоа што веќе зборуваме како што реков помеѓу македонци и албанци. Вас ви беше многу полесно, едноставно да бидете цврсти како партија ДУИ во однос на Струга, а да попуштите на некој начин поради некој компромис, меѓутоа тоа не е за Кичево за четири години затоа што со Струга се дефинира веќе територијата на албанците односно тоа што сакаше ДУИ да го земе и со овој закон го зеде. Повторно ќе кажам, немојте да зборуваме сега дека тоа

нема да биде така, има механизми кои што тоа ќе го спречат, ќе го направат, тоа е се законски. Меѓутоа, реално во градовите, ние во Струга едноставно макеедонскиот град ќе го загубиме како што после 4 години ќе го загубиме и Кичево.

Затоа велам Струга им беше важна на ДУИ како центар. Сега, општина Струга која граничи езерото со Албанијаи со територијата, таму ќе граничат албанска општина Струга со другата страна Албанија. Сега езерото како  што е, видете каде е општина Струга, потоа општина Дебарца па Охрид, едноставно кога ќе ја повлечете линијата ќе видите дека и ова езеро ќе го контролира општина Струга како албанска општина, ќе го контролираме ние, а вие едноставно на некој начин ќе биде под ваши ингеренции без разлика што тука ќе има и државата, без разлика што ќе има и други механизми кои тоа ќе го спречуваат, меѓутоа дефакто ако зборувавме во овој закон за територијална организација за Тетово, Гостива, Дебар воопшто не го спомнавме, бидете сигурни дека ќе направите таков механизам, вие како ДУИ, дека понатаму и Струга и Кичево на некој начин ќе бидат под доминација на албанците затоа што енормно се зголеми бројот и во Струга и во Кичево со спојување на Осломеј и Зајас и од друга страна во Струга е драстичен пример од 36 илјади на 63 илјади жители.

Сега го плашиме народот, пак ние македонци со македонци за сметка на алабанците, не требаше да правиме вакви референдуми и да собираме потписи, што ќе се случеше и што ќе се случи ако албанците собираат потписи за референдуми. Па, собирајте потписи за референдум. Македонците сега собираат, без разлика кои, овде не спомнувам партии, макеоднците собираат потписи врз основа на закон, соберете и вие 150 илјади потписи, ќе излеземе на државен референдум, тука сме пак ние мнозинство, значи тој референдум нема да се добие и вие треба да го почитувате, бидејки ги почитувате законите на Република Македонија.

Зошто да се плашиме меѓу себе, што ако албанците направиле референдум. Направте референдум, но нема да ви успее. Нашиот може да успее можеби не, но тогаш ние како македонци се расправавме дали референдумот е добар за власта или не,

опозицијата вели дека референдумот е добар, власта вели не, меѓутоа тука се расправаме како македонски партии во Република Македонија.

Навистина,најмногу ми пречеше, што иоваа дискусија кога едноставно се кажуваше дека како македонци ги даваме репликите со македонци, без разлика ни екако ВМРО спрема вас како  СДСМ или ЛДП или ЛДП и СДСМ спрема ВМРО, меѓутоа едноставно се убедувавме сами, а знаеме дека тоа не е така, што ако живееме со албанците. Ние и сега живееме со албанците, овде беше друга работа. Работата во Струга и Кичево е сосема друга затоа што од македонско доминантно население сега ќе бидеме во малцинство и во Кичево после 4 години, но најкарактеристичен пример е во Струга, затоа ние како стружани така реагираме. Бидете сигурни дека сите стружани така реагираат, дека немаме капацитет како општина Струга во сегашните граници, поготово како град Струга во сегашните граници градот д аопслужува 63 илјади жители, без разлика дали биле македонци или албанци. 63 илјади жители од даден момент не може да профункционира градот како целокупна општина во задоволување на потребите на самите граѓани во таа општина.

Од друга страна се буниме, како што и вчера беше нагласено неколку пати, Струшките вечери на поезијата, сега се зафативме со тоа дали ќе се одржат или не. Не гледаме каков е проблемот во Струга помеѓу македонците и албанците затоа штои тоа се развива нанекој начин таа нетрпеливост, туку гледаме дали Струшките вечери на поезијата ќе се одржат или не.

Господа пратеници, треба да ни е јасно стружани да одлучат, не државата, туку стружани да одлучат да се одржат Струшките вечери на поезијата замислете една варијанта никој таму, кога ќе биде одржување на Струшките вечери на поезијата и манифестацијата Мостови последниот ден, никој од Струга да не се појави, ние како држава ќе бидеме задоволни дека ги одржавме Струшките вечери на поезијата, а немаше народ воопшто. Ќе бидеме задоволни затоа што камерите ќе ги насочиме кон бината и нема да се види народот, меѓутоа, во суштина Струшките вечери на поезијата нема да опстојат. Тоа е исто и да се појават стружани, па да свиркаат цело време и да го искажуваат незадоволството на валста спрема  општината Струга.

Значи не треба со сила да се одржат Струшките вечери на поезијата или да не се одржат. Тоа треба едноставно да го реши општината Струга, а од друга страна целата таа манифестација со управните одбори на Струшките вечери на поезијата и не треба стружани сега во контекст на сите овие работи ние да кажуваме и да ги правиме како да се најголемите непријатели на државата, затоа што сакаат самостојна општина,односно општина во зачувување на постојните рамки.

Не можеме на таов начин да се однесуваме еве, сега некој без разлика што смета и како смета секогаш се криви тие односно народот е крив што не не сваќа. Сега не ве сваќа народот. Да кажам не ве сваќа вас како Влада, меѓутоа, не не сваќа нас како Собрание затоа што законот ќе се донесе и како Влада во овој момент не. Дајте да видиме, ако сега во овој момент народот не сака, да видиме кој начин постои не со сила, пак ќе речам, меѓутоа на некој начин да го одложиме затоа што таа општина е за граѓаните на општина Струга.

Уште еднаш ќе нагласам, навистина ова е многу болно прашање, дали албанците ќе се согласеа да се поништат нивните општини почнувајќи во Тетово, замислете каков случај имаме сега во Источниот дел на Република Македонија  кога имаме спојување на две македонски општини, едноставно се бунат и од едната и од другата општина, како што е случај сега во Облешево и Чешиново. Без разлика дали општината е голема илимала, дали може да опстои или не, дали има интереси или не, но никој доброволно во првиот момент, после можеби со разни аргументи, со разни вистински изненадувања некои се согласија со спојување на општини, немаше драстично бунење, меѓутоа,  во првиот момент секаде се чувствуваше одбоност како ние да се споиме со друга општина. Тоа е во Источниот дле на Македонија и воделовите каде имаме чисти македонски општини на пример кај Кавадарци, Прилеп, Битола, дури и делот кај Самоков и Македонски Брод, еве аргументите кажуваат дека Самоков може да опстои како општина, другите аргументи покажуваа дека Самоков не може да опстои како  општина, па ќе се спои со Македонски Брод меѓутоа, како несогласвуање постоеше.

Во примерот на албанските општини кога се спојуваат, кога се поништуваат албански општини кои 1996 година истие сакаа заради задоволување на потребите на

албанските жители во таа општина да бидат како албанска општина, сега за повисоки цели на албанците кога се спојуваат албански општини со албански општини, едноставно како општина таа не функционира, се брише, друг е случајот во Сарај кога се спојуваат Сарај и Кондово ќе опстојат како општиниво Скопје, меѓутоа, овде имаме општини кои едноставно ќе се избришат во Тетово, ќе се избришат во Кичево, Зајас и Осломеј кои имаат по 10 илјади жители велат ние не сакаме да имаме општина, сакаме да бидеме под Кичево. Поготово во Велешта и Делогожда кои  едноставно ги имаат сите услови за општина и едноставно да почнат да живеат и развиваат затоа што просторниот план во мрежата на населби тоа го покажува дека едноставно треба со плански развој да се овозможи и тие општини да почнат да функционираат како населби да речеме општинските центри, сега да кажам дека кога дискутиравме за сите работи па кажавме Велешта, Делогожда и Луково тие не се едно населено место, тие се многу повеќе села во општина Велешта, во општина Делогожда и во сите други опШтини со албанска доминација, сите тие села ќе се слеат во градот Струга и сега немаме апсолутно никакво бунење на жителите од една општина кога ќе се спојат во градскиот центар, кога ќе се спојат во Кичево, Тетово, Струга, апсолутно не слушнавме, имаше само мало бунење помеѓу Камењане и Боговиње каде да биде центарот дека пак ќе опстанат заедно, е тука имавме бунење, без разлика на тоа што двете општини се албански, жителите се бунеа. Овде, кога се работи за доминација на албанците врз македонците, тука нема бунење, тука нека се поништи Велешта, Шипковица горе во Тетово и другите општини, нека се поништи Делогожда тука нема бунење затоа што им се кажало да, општината Велешта се поништува, општината Делогожда ќе се поништи, меѓутоа, ние ја земаме Струга вели ДУИ. Е, дали е тоа мултиетничност, дали ДУИ ќе се согласеше да се понитат овие општини и зарадидобрите услови во градот Струга Велешта и Делагожда и Луково се поништија како општини, меѓутоа, тие заради добриот развој на луѓето, добрите услови што ги нуди како целокупна општина Струга потпаднат под Струга, а Струга да биде со мнозинско  македонско население. Никогаш нема да се согласите. Е, тука е проблемот пратеници од ДУИ дека на некој начин сакате и ги завладеавте градовите Струга и Кичево и затоа од друга страна е нашата болка и реакцијата на македонците без разлика

како ќе гласаат македонците дали ќе гласаат за законот или против законот. Останува таа болка дека ние гиизгубивме македонските градови, а вие добивте територија. Го земам само тој случај со Струга затоа што е нај карактеристичен, едноставно Струга со 20 илјади жители сега како град ќе опслужува 62 илјади жители. Тоа не е можно воправилно функционирање, меѓутоа, вие тоа не го гледате, вие ја гледате територијата од Луково погранично со општина Дебар, па се до езерото погранично со Албанија.

Таа територија албанците како мнозинско албанско население со макеоднско државјанство, сега ќе кажувате дека многу ја сакате Македонија, дека сте македонци, едноставно сакате развој на  Македонија  во ред, ќе сосогласам, меѓутоа, таа територија вие ќе ја владеете како албанци со македонско државјанство или како државјани на Република Македонија и секогаш на многу лесен начин ќе ја постигнете таа доминација, како што почнувате да ја постигнувате во Струга затоа што сега во чаршијата на Струга се бројат дуќаните на македонците, сега ќе ги броиме хотелите, па ќе ги броиме плажите и ќе броиме места кои ќе бидат со чисто македонско население и колку е останато македонско население.

Тоа ви е вам во мислите, а не ви е во мислите дека сакаме развој на општината Струга. Ако сакавте развој на општина Струга, ако сакавте зголемени ингеренции на локалната самоуправа вие ќе се согласевте Струга да опстои така.

Меѓутоа, еве сега на ваков начин е донесен законот за територијална организација, јас навистина ги кажав и некои размислувања во однос на просторниот план и во однос на законот за територијална организација, сакам пак да нагласам еве на крајот дека навистина и експертие и Министерството и минситерот максимално професионално си ја извршија оваа задача,меутоа како концепт на Владата, како концепт на македонскиот дел со албанскиот дел и навистина не се согласувам со фактот дека еве општина Струга ќе биде со доминација на албанскиот дел, без разлика вие ќе кажете дека тоа  нема да биде така и добро е и тоа што ќе го кажете, барем така ќе слушнат граѓаните, но тоа треба да го потврдите во јавноста, тоа треба да го потврдите и во општина Струга, а да не се случи, пак според некои комбинаторики, во ред на овие избори и на другите избори, меѓутоа, постепено да си гиостварите целите, а сега и самите вие ќе кажете дека не е

така и едноставно и како Собрание и како политички партии тоа што го кажуваме дека сите сме за развој на Република Македонија . Сите сме, меѓутоа, тоа треба да го покажеме и пред јавноста, тоа треба да го покажеме и на места каде живееме, од каде доаѓаме иедноставно тоа треба да го покажеме и во владеењето на оваа власт, во владеењето на другата власт дека навистина како што и просторниот план кога го нагалсив сопрвата реченица дека ја дефинира просторната организација на Република Македонија како што едноставно сите според законот треба да се грижиме за развојот на Република Македонија, како што сега во соседството утре, задутре ќе ни се случи отворање на Олипијадата, без разлика дали го сакаме и на некој начин се гордееме што е барем во близина на нашата земја меѓутоа, тука ќе биде од центарот на вниманието, едноставно сите да бидеме со цел да работиме за развојот на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Дискусијата беше проследена со аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ве молам приајвувате се за реплики.

Секој има право на свое мислење, граѓаните ќе одлучат.

Повелете г-дине Острени, имате три минути реплика.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам г-дине претседателе, почитувани колеги,

Мислам дека г-динот Балковски добро ја започна дискусијата за да го објасни законот за просторен план и рече колку е почитуван овој закон восогласност со законот за територијалната организација.

Граѓаните не знаат детали во врска со овој закон, но сакам да кажам дека г-динот не спомна дека со овој закон биле дискриминирани граѓаните кои живеат во Западниот длеа Макеоднија. Законот за просторен план е дискриминаторски и за албанците, тој предвидуваше два субрегиона  Штип и Битола и на специфичен начин регионот на Скопје. Ние и таму ги регулиравме сите оние нерегуларности за да создадеме еден нов

четврти субрегион Тетово и Гостивар, тогаш ќе останеше полошо и незадоволството ќе беше поголемо отколку мислите вие.

Соовој закон за просторен план се определуваа, одредуваа институции, органи кои треба да се регулираат во овие субрегиони и капацитетите. Би дал неколку примери од пошти и медицински центри.

ВоИсточна Македонија во еден град има на една пошта доаѓаат 2500 граѓани, а во Западниот дел 15000 граѓани доаѓаат на една пошта, а во Европа критериумот е 5000 илајди граѓани кои имаат една пошта.

Вие претходно го извлековте европскиот просек, но на сметка на Западниот дел од Македонија.

Медицинскиот центар има 1600 вработени, а во Тетово 800 вработени во услови кога има нерамноправност од демографска гледна точка.

Универзитетско образование исто така беше ограниченосо една единствена цел да има полза за некој субрегион. Надвор од развојот беа отстранети некои делници во Западниот дел.

Слободната трговска зона не можеше да се развие. Околу културата рековте дека има само македонска култура во Македонија. Вие г-дине и самит ене знаете, велите дека албанците добија територија, а македонцит еизгубија градови. Територијата на албанците во Македонија како граѓани на Македонија е цела Македонија, ви благодарам, не сакам повеќе да зборувам за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски имате една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ;

Само да кажам простронит план на Република Македонија не е правен за албанци и македонци, туку просторниот план на Република Македонија е правен за Република Македонија и сите граѓани кои живеат во неа и едноставно треба да дозволиме да почне и да заживее тој просторен план на Република Македонија во сите закони што ќе произллегуваат од него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Станковска имате реплика, три минути повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА;

Благодарам господине претседателе,

Само во еден дел што се однесува на општината од каде јас доаѓам, колегата кога говореше за вештачко зголемување на општини со припојување на рурални општини во урбаните средини, го спомна и Куманово.

Колега. Куманово и според постојната територијална организација претставува најголема оппштина во Македонија. Значи вештачки не значи дека станува најголема општина во Македонија, туку и сега е според новата територијална организација кон Куманово, се припојуваат општините Орашец, и Кллечовце кои беа 1996 година, дел од Кумановска општина.

Не ми е јасно зошто ја спомнавме општината Орашец кога и вие сте свесни, според новите надлежности што ги има општината дека и општината Орашец и општината Клечовце не можат да опстојуваат како самостојни општини. Всушност Вие тоа го потврдивте. Вие поднесовте амандмани за општина Клрчовце и Орашец да останат како самостојни општини, но заради тоа што бевте свесни дека тоа не држи и дека тие не можат да бидат како самостојни општини вие ги подвлековте амандманите. Значи, вие говорите овде без разлика дали нешто држи или не држи, колку да задржувате време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Балковски, Повелете.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Видете колешке, јас овде говорев за сосема друг концепт. Кога го спомнав Куманово го спомнав како единствена општина што има поголем број на жители од 100.000 имаа 105,000 жители, го спомнав во контекст на општина што со Орашец, и Клечовце ќе се прошири територијата и дали тие граѓани кои живеат во таа општина сега што се припојува, ќе ги задоволуваат своите потреби. Така што немојте да ги мешаме тие работи во однос дали сме дале амандмани или не сме дале.

Овде зборувам од концептот дека во Македонија не треба да има општини поголеми од 20 до 50.000 жители или што да направиме, на каков начин овие општини што се од 50 до 100.000 жители да ги ослободиме за да бидат повеќе општини или да опстојуваат само градовите, а општините околу селата се групираат во една општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете господине Аднан Јашари, имате три минути реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван колега, би сакал да ме сослушате со внимание. Еден истакнат американски научник Ентони Хиленс, објаснувајќи ги расните дискриминации во САД, говори за еден тип, еден вид на стерео тип наречен стереотип “самба”. Според овој стереотип познат меѓу црнците сите белци се сметаат како дембели и глупаци. Од разговорите од овој парламент во вашата дискусија, мислам дека се јавува еден стерео тип што слободно можам да го именувам како стерео тип “хокус-покус”. Овие зборови почитувани колеги ги употребуваат луѓе кои сакаат да ја излажат јавноста. Доколку некој сака преку овој стереотип, сметајќи не нас како јавност да ни каже дека со кој ќе се граничи Тетово и Госитвар, дека на подрачјето на Тетово и Гостивар албанците или ние како ДУИ не дозволуваме да има општини со македонско мнозинство итн. Албанците, почитуван колега колку за Ваша информација и во постојната поделба, иако има повеќе општини со доминантно население се граничи со границите на Аллбанија и еден дел на Косово.

Од друга страна, колку за Ваша информација на подрачјето на општината Гостивар постои општина Маврови Анови и Ростуше каде неалбанци се доминантни, доделка во Тетово во средината на Тетово да постоеи една општина за која велите дека ќе биде македонска општина.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Балковски,

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ;

Кога веќе почна пратеникот да зборува за Американците, многу е добро уште еднаш да го прочита текстот од излагањето на пратеникот Петковски, вчера кога кажуваше на каков начин според Уставот на Америка се средуваат таму работите, овде едноставно сакам да кажам немојте и сега вие со оваа Ваша дискусија, пак ви смета таа општина Маврово со Ростуше, па велите сега не е албанска таа општина па еве опстојува. Дајте пример, како што реков јас, ваш пример, еве нека биде, бидејќи во Тетово има 20.000 жители да се формира македонска општина или пак Струга, заради мултиетничноста да остане во постојните граници како што е сега. И таму има албанци во Струга има и македонци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Повелете господине Хусеинџевад Хусеин. имате три минути.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Почитуван колега,

Од сето она што го рековте и јас гледам само една голема ксенофобија, неоправдана ксенофобија. Неверувам во вашата платформа имате напишана ваква ксенофобија но во вашите дела ја имате. Бидејќи таму е Ѓорче Петров и други пратеници и ваши партиски, кои ги водевте против градба на кампот на бегалците во Босна.

Почитуван господине, не ми пречи Македонците од Струга да живеат во една општина. Претходно тоа беше една општина. Зошто не им пречел? Затоа што имаат политичка доминација, економска доминација и токму тоа вас ве боли. Но, тоа ќе се изгуби и ќе биде во полза на сите граѓани. Законот зборува за државјани на Република Македонија, законот за граѓани на Република Македонија, не зборува за Албанци, Македонци итн. Ве молам, Вашата вина не можеме да ја избришеме со време постојано го плашевте македонскиот народ од Албанците, за да ги осудите Албанците, да ги покажете како антидржавни елементи итн.инт.

60 години сатанизација на албанците, а резултатите се овие. Како еднаш не започна една етапа на десатанизација, етапа примена за многу добриот соживот? Како се гледаат систе оние случаи, невралгични во весниците на првите страници итн, итн. Ние

не сме ксенофобија господа. Сакаме да бидеме во соживот и немало никаква работа од нас. Ова го потврди историјата, институционална.

Како се измени ова наеднаш? Од 1945 година, претходно од старите имам слушнато дека соживотот бил извонреден во градовите. Зошто? Затоа што двата народи биле во ропство. Тогаш се разбиравме добро. Е, кога ние ќе бидеме кој ќе бидеме на власт тогаш почнуваат промените и измените. Е, повеќе не сме тие, ние сме поинакви, имаме држава, а државата секогаш била заедничка. Од 1945 година, 1967 година, дефакто не беше а дејуре да. Заедничка држава. Вие господине сакате измени без измени. Нема промени без промени. Ова се тие промени. Вие господине секогаш мислите од Тетово со автобуси да носите вработени...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Хусеини.

Господине Балковски имате една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Еве, да одговорам на оваа реплика.

Најпрво, за ксенфобијата, почитуван пратенику ксенофобијата ја направи Владата и ја направи владината коалиција, така што немојте со нас да се вадите во таа работа.

Друго што кажавте сега последно, едноставно сега вие да управувате, вие да владеете со општините со албанско мнозинство? Значи затоа сакате да ги земете општините за да владеете со нив? Досега ние сме владееле, а вие сега сакате вие да владдете со македонците. Едноставно немам ништо против албанците. Кога спомнавте некои кампови да ви кажам ние учествуваме во изградбата на најголемиот камп што се градеше во Чегране за избеглиците од Косово, така што немојте воопшто тоа да го кажувате.

А, за плашење бидете сигурни дека Македонците воопшто никогаш не се плашат од албанците, тоа да ви биде јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Арсоски,

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Почитуван господине Балковски, не знам Вашата дискусија како да ја крстам, бидејќи изнесовте многу опасни тези, дали национал-патриотски или националистички, граѓаните нека пресуда.

Конечно, го спомнавте Гостивар. Општините во Гостивар дали ги знаете или не, и кажавте врз база на податоците, просторниот план дека тие општини како што се општините Србиново, Долна Бањица требало да опстојат. Вчера е лаборирав зошто не можат да опстојат. Кога вие сте сметале дека треба да опстојат, зошто не поднесовте амандман истите општини да опстанат? Тоа е правото прашање.

Второто прашање што е многу опасно, тоа е опасната теза, со тезата дека македонците во Гостивар, бидејќи не има 15.000 да си формираат своја општина. Објаснете ми како да ја формираме таа општина дали знаете како живеат етникумите во Гостивар? Живеат и албанци и турци и македонци во исти згради улици,квартови итн. Дали со таа теза сакате да не гетоизирате или пак онаа теза што беше 2001 година кога не успеавте да не отселите, а ни понудивте да не селите, па сега не успеавте да ги отселите македонците од тие простори е сега,дај таму поделете се и посебно некоја општина. Таквите тези се многу опасни за сите.. .

(дофрлање од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, ќе ве отстранам заради непристојниот речник. До овде се слуша. Од оваа страна се кажуваат тези што не се баш пријатни за уво и има право секој да има реплика, а вие, на тоја начин како што довикувате, мислам дека е крајно непристојно.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Добро, ќе продолжам. Тоа е работа на однесување на култура на пратеници што ги избрал народот и нека суди народот како се уфрлаат во говор на некој колега пратеник. Никогаш тоа право го нема . И затоа таквите тези се многу опасни, најсериозно и за Гостивар и за Тетово и за други градови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски имате една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Арсоски, кога зборуваме, јас правев анализа на просторниот план и на Законот за територијална организација, едноставно кажав дека и воопшто не спомнав ни македонци ни албанци. Потоа, јас ги спомнав македонците за нивната загрозеност во Тетово, Гостивар, Кичево и Струга.

Сега, ве прашувам вас.дали ќе е подобро, јас мислам дека ќе биде подобро ако градот како Гостивар или градот како Тетово опстојуваат како градови. Едноставно, тука ќе бидат и мнозинството македонско население. Зошто селските населби околу Гостивар и Тетово ги ставаме во Тетово и на тоја начин го добиваме зголемено македонското насление. Зборував како концепт. Затоа, многу ми е мака што сега Македонци со Македонци се расправаме за албанците што јас тоа го кажав. Тие се смеат додека ние двајца се расправаме и ги браниме дали се во право Албанците или сакаме соживот со Албанците. Со Албанците сакаме соживот, меѓутоа границите и рамките треба да се определат на каков начин тој соживот да биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Балковски.

Повелете господин Агим Џелили имате три минути реплика.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, Ви благодарам.

Почитуван колега Балковски,

Јасно дека имате аверзија врз границите на Македонија, бидејќи Македонија се граничи со албанци, но реалноста е реалност. Една четвртина од границата на Македонија се граничи со албански земји и албанците никогаш не ги имат загрозено ниту националниот идентитет на македонскиот народ, ниту Македонија . Вашата дискусија е насочена околу тоа дека на пример се изгуби Струга, изгуби Македонија, изгуби македонскиот народ. Јас сум убеден дека губите вие како човек, а се уште не ви е јасно дека ние не правиме државни граници. Вршиме здружување на интересите на граѓаните,

каде граѓаните ќе ги искористат бенифициите од централната власт, дали се Македонци, Албанци или други. Почитуван Балковски не го плашите вашиот народ од народот што од секогаш бил до вас во текот на историјата, и доколку вие не го посакувате, тогаш е сосема друго прашање.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Кога зборуваме овде за граници, сакам да кажам дека еве, има можност границите на Република Македонија, сега како погранични општини вие да ги чувате. Да ја чувате Република Македонија од границата со соседна Република Албанија. Инаку, сега кажувате вие за тие граници што не сакате да постојат.

Од друга страна ќе кажам немам ништо против Албанците. Едноставно тој страв, ние воопшто не се плашиме од албанците, вие треба да дозволите во тој мултиетнички соживот албанците едноставно да не се плашат од Македонците и да живееме нормален живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Јордан Михајловски, повелете имате три минути за реплика.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван господине Балкавски, го почитувам сето она што го кажавте како продуктивно за Просторниот план. Меѓутоа не можам никако да ја сватам тезата за додавање, одземање на луѓе, од една општина во друга, за изместување на општинските граници итн. Ја начнавте теоријата за еволуција, меѓутоа не ја прифаќате. Ќе ви кажам зошто. Сметате дека не е време да влечеме  храбар потез. Теоријата на еволуцијата во кратката историја на времето не значи ништо. Десетина години ние по природен пат ќе го имаме ова што го имаме сега. Таа слика во општините ќе биде по 10 години така. Меѓутоа, тие 10 години ќе отворат простор за фрустрации, да не кажам за нешто повеќе што може да се изроди како криза или да не кажам не дај Боже нешто друго.

Сакам да кажам дека има три типа на влади. Оваа Влада вие ја напаѓате. Има Влада која стои во место. Има Влада што ги гледа хоризонтите, меѓутоа политиката без визија само прогнозира и очекува, а не создава варијанти и концепти. Не создава иднина. Со цела доверба можам да кажам дека овој концепт на Владата создава иднина.

И нешто друго што сакам да кажам, вака како што е поставена теториријалната организација расчистува некои значајни психолошки, културолошки и политички аспекти за кои не зборувавме тука, отпори во однос на правилното позиционирање на Македонија во однос на отворените прашања. Едно од тие отворени прашања кон кое треба да се позиционираме е прашањето за Косово и турбуленциите што се очекуваат на тој план, дефинирање за статусот на Косово. Сметам дека на наекој начин ова е наш одговор кон тоа отворено прашање. Од тој аспек мораме да ја почитуваме територијалната организација.

За предавствата за кои зборувате, јас нема да речам ксенофобија, јас ќе речам фобија. Едно од најголемите предавства што се случиле во историјата на човештвото е предавството на Гордиот Албион кога гувернерот во Америка ги предава териториите на Американците. Таа иста Америка подоцна ќе ја спаси Англија во 1912 година, во 1941 година и ќе помогне за економско заздравување на Европа после Втората светска војна.

И нешто, имав можност вчера, по повод една група вадев визи во Романската амбасада, ги прашав на кратко и тие ме прашаа - како вие успеавте од една најортоксна земја на секурирате на соцреализам да отидете толку напред. Одговорот им беше многу едноставен и јас го почитувам, рекоа - прво ја јакнеме внатрешната доверба меѓу сите политички фактори и ја променивме свеста.

Она што не сакам да се промени во нашата свест е нашата култура, традиција, колективната меморија како ботаничка градина низ која се оплодува националниот идентитет, меѓутоа мораме да имаме сенс и да менуваме чипови ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине.

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Најпрвин сакам да кажам немојте да се служите со некои работи што воопшто не ги кажав, предавство. Земете го стенограмот ќе видите дека ниеден збор не употребив за предавство. Земете го стенограмот ќе видите дека ниеден збор не употребив за размена на луѓе. Зборував за градови, зборував за села. И, ќе ве молам, немојте да употребувате да зборуваме за иднина, дека ја градиме иднината како што ја градевме од 1945 иднината, иднината не гради нас или социјализмот и сите други работи, туку да видиме и да работиме за развојот на државата. Иднината оставете ја. Ако работиме за развој на државата тогаш ќе имаме добра иднина и поинаква иднина. Меѓутоа за работи што не сум ги кажал, ве молам земете ќе проверите дека никогаш не кажав за предавство помеѓу македонците, никогаш не кажав за размена помеѓу луѓето, зборував за градови и за села.

Добро е што во Крива Паланка живеат Македонци со другите заедници, многу ќе беше подруго ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Рамизи имате реплика, три минути, тоа е последна реплика.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Господине Балковски бидејќи потекнувате од Струга искрено би сакал да ве прашам колку ги познавате овие општини кои што се приклучуваат кон Струга, Велешта, Делогожда, Лабуништа, Луково во споредба со Законот за локално финансирање. Дали би можеле да кажете што ќе се децентрализира сега во овие општини.

Пред некој ден во вашата дискусија апелиравте во овие општини да се изградат институции кои што се потребни, поврзани со Законот за локално финансирање, но се прашувам зошто не се изградиле тие институции во овие општини, зошто се вршела дискриминација при градење во овие општини, инвестирајќи се и градејќи се во една општина Вевчани која што и така знаеме дека никаков услов не исполнува за да остане општина. Општини кои што се по 7-8 илјади жители немаат амбуланта, за да ги вршат своите основни функции, здравствени функции, додека во Вевчани е изградена болница од сите одделенија и другите пропратни простории.

Се прашувам исто така зошто на пример една  Велешта ако добро знаете и ако ги познавата селата скоро споена е со Враништа, Враништа може да биде споено со Струга и селото Ложани и селото Драслајца кои што се на иста оддалеченост со Велешта, Велешта не може да биде во Струга.

Зошто сега една контрадикторност во вашиот говор или поврзување на Струшките вечери со припадност на етничка основа. Вие кажувате да нема присуство на граѓани на одржувањето на Струшките вечери. Ќе има присуство на граѓани, ќе има од оние кои што се љубители на поезијата господине.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Пратеникот кога рече за Струшките вечери на поезијата, едноставно јас дадов пример што ќе се случи ако власта сака да се одржат Струшки вечери на поезијата, а стружани никој не излезат. Тоа ќе бидат успешни Струшки вечери, нема да бидат успешни, а ќе се одржат. Значи, не треба на таков начин да ги гледаме тие работи.

Општина Лабуништа во првиот момент кога се виделе дека ќе бидат во општина Струга и населението и  жителите и градоначалникот и сите, сакаат да остане општина Лабуништа. Имавме такви амандмани, имаше и ЛДП такви амандмани, имавни и ние такви амандмани. Меѓутоа, заради поголеми интереси сите тие се согласуваат да дојдат до општина Струга, а да им се поништат нивните општини.

Инаку за развојот се постигнуваше развој од 96 година, постигна Лабуништа, постигнаа и сите други општини околу Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, а нека се подготви пратеникот Томе Тромбев.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министре,

Отсекогаш ние пратениците во овој Парламент се залагаме за почитување на Деловник, но не како секогаш тоа секогаш инсистираме другите да го почитуваат, а кога ќе се однесува на самите нас тоа не го почитуваме и сакаме за нас да не важи. Така да, имајќи ја во предвид и расправата која што се води по претресот на текстот на Законот за територијална организација оваа расправа е се само не расправа по текстот на законот и затоа пред мене и како човек и како пратеник се поставува дилемата, ако сакате да го почитувате Деловникот, деловнички да дискутирате, ќе излезе дека сте надвор од темата, наместо оние кои што навистина се надвор од темата.

И, затоа си го земам правото да бидам на надвор од темата и да го искажам своето мислење по однос на предложениот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не можете да си го земате правото, вие не можете да бидете надвор од темата, вие можете да имате само три дигресии, ве молам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, и јас бев во прво одделение одличен ученик, па не кажувам дека сум одличен ученик и дека е тоа во склопот на темата. Разликата не ја гледам во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас од одличен ученик станав претседател.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сакам да го кажам своето општо мислење по однос на законот и сметам дека Законот за територијална организација многу повеќе и во јавноста и во Парламентот се третираше од партиско политички аспект отколку од аспектот на децентрализација и територијалната организираност. Почнувајќи од таквиот пристап кон анализата на спомантиот закон многумина партиски лидери таканаречени непартиски од сенка

експерти, поранешни министри во законот за територијална организација го видоа моментот дека треба да се искористи незадоволството на мал дел од граѓаните  и да се вратат или да дојдат на власт. Или пак дел, нагласувам мал дел од интелектуалците ги советуваат одредени политичари, лидери на партии или политичари кои сакаат да бидат лидери на идни политички партии, ги советуваа како што своевремено интелектуалците од Белград ги советуваа политичарите во Белград како да го бранат Косово, ама од Белград. Па, сведоци сме што се случи.

Наспроти нив дел од албанските интелекруалци постојано укажуваат дека албанците се угнетувани, албанците се оспорувани што исто така не е точно и има своја цел, и тоа доста опасна. Така господа не се оди напред.

Во оваа расправа по Законот за територијална организација беа изнесени некои констатации или забелешки од опозицијата. Би набројал неколку:

Прво, констатацијата дека ова е политички договор помеѓу партиите од власта. Вчера некој од колегите зборуваа за тоа, сега би сакал да кажам, па, господа ова е повеќе партиски систем. Во држави во кои што посебно Владата ја сочинуваат партии кои што имаат и свои разлики во своите програми, нормално е дека секој закон е резултат на политички договор. Друго е прашањето колку е тој политички договор исправен или неисправен и нормално е тука опозицјата постојано да укажува дека тој договор е неисправен и нормално е позицијата и партиите кои што ја поддржуваат Владата да кажуваат дека тој закон, дека тој политички договор е исправен. Но не е нормално господа ниту оние што го поддржуваат законот да се нарекуваат предавници, ниту пак оние кои се против законот да се нарекуваат националисти.

Вчера имав ситуација лидерот на ВМРО-ДПМНЕ кој што за овој закон доаѓа по еден, два  саата на 4-5 дена да кажува како сум бил прогласен непожелен во мојата општина, за жал од толку што ги гледа, од толку што ги разбира општините не знае дека меѓу Бистрица и Старавина имало 50 км разлика. Но тоа се чини е негов стил и нека се погледне дали е пожелен помеѓу своите пратеници, а потоа да кажува дали сум јас пожелен или непожелен во мојата општина.

Или пак друго, предавници биле тие што го донесат овој закон. Господа од опозицијата, посебно од ВМРО-ДПМНЕ некаде 96 година предавници беа оние што го сменија знамето. Наредните од 1998-2002 година, посебно 2000 година коалициравте со дел од тие што го сменија знамето. Аналогно на тоа и вие сте предавници затоа што сте коалицирале со предавници. Така не можеме да одиме напред. Тоа не е размислување, така не мислам, но само да ви поврзам едно со друго.

Зошто по овој закон мора да има политички договор помеѓу партиите кои се од власта. Од едноставна причина господа, овој закон и другите закони кои што ги засегаат прашањата од културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите според Амандаманот X од Уставот на Република Македонија се доенсуваат со мнозинство од присутните пратеници на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Вие најголемиот дел бевте пратеници, бевте министри, бевте носители на одговорни јавни функции, вие ги донесовте тие измени на Уставот. Ние тоа мора да го почитуваме сега господа. И, сега од нивна страна се обвинуваме дека е направен политички договор. Во една таква ситуација, да не се лажеме, овој и други закони ќе бидат донесувани врз основа на такви политижки договори заради тоа што со уставните измени кои што ги направивте и со поддршка на тогашната опозиција, одредивте како понатаму ќе се донесуваат овие закони.

Кои се тогаш можностите по однос на Законот за територијална организација.

Првата, да останеме статус кво во однос на постоечкото решение и да останеме на 123 општини. Но, ајде да се потсетиме господа 1996 година кога се носеше Законот јас бев пратеник во овој Парламент. Мои колеги сега од Либералната партија, нели бевме против дека се многу 123 општини. Колеги од ВМРО-ДПМНЕ нели рековте на прес конференции постојано, дека се многу 123 општини, Македонија треба да има 70-80 општини. Нели сите така рековме. Ајде да се вратиме назад. Или пак не прифаќате дека сте континуитет во одредни политички партии, со сменување на лидери дека со тоа се завршува мислењето и ставовите во тие партии.

Исто така, како потписници на Охридскиот договор јас многу пати сум рекол, можеби во тој момент не ми се допаѓаше, но сега сум пратеник, ние сите заеднички

рековме дека ќе го почитуваме Охридскиот договор. Но, во Охридскиот договор колку сакате да кажете вака или онака потпишавте дека ќе има ревизија на општинските граници. Или пак тогаш мислевте дека потписниците од Албанските политички партии мислеа дека сакаат ревизија на општинските граници помеѓу Старавина и Бач, или Витолиште и Конопиште. Немојте сами да се лажете, немојте да ги лажете граѓаните. Господа тогаш преговаравте и договоривте потпишување на Охдирскиот договор за да има повеќе двојазични албански општински единици на локална самоуправа. Вие сега или со тоа сакате да избегнете од одговорноста која што тогаш ја презедовте кога го потпишавте Охридскиот договор или пак сега ја замајувате јавноста.

Затоа колеги пратеници предложениот Закон за територијална организација е последица на Охридскиот договор и некои решенија дадени во законот се условени од обврските кои произлегуваат од тој договор. Оттука е интересот на Меѓународната заедница и нивното залагање за донесување на овој закон. Но, кога претставниците на Меѓународната заедница ќе укаже дека не се спроведуваат одредени реформи во Република Македонија и дека тоа може да биде пречка за приближувањето на Македонија кон европските интеграции секој ден и со право вие од опозицијата, потполно со право секој ден држите прес конференции, овде ни кажувате, дека Владата не се приближува кон Европа. Но, никогаш и во овој случај не кажувате да претставниците на Меѓународната заедница, на институциите од Меѓународната заедница го пофалија овој потег и ве повикаа да гласате за овој закон.

Единствено овие денови ја спомнувате изјавата на господин Барозо која што само таа ви одговара, не ја спомнувате изјавата на господин Солана, не ги спомнувате изјавите на другите амбасадори во Република Македонија заради тоа што не ви одговара.

Не слушнав барем досега, ако веќе така зборувате ниеден од вас да каже вие господо од Меѓународната заедница не сте во право што ни го предлагате донесувањето на овој закон. Нека стане јавно политичка партија тоа да го каже. Да господа, вие не сте во право. Но, знаете зошто е така господа. Јас ќе ви кажам зошто е така. Заради тоа што вие, посебно вие кои што раководите со партиите овде во Скопје, затоа што ние од провинцијата многу малку се гледаме со тие амбасадори и со не знам кој, тоа е затоа што

едно зборувате на граѓаните и сега по овој закон кога ќе излезете надвор ќе речете еве ги предавниците. Друго зборувате овде во Парламентот, зборувате сме за сожителство, не знам не сте вие предавници, а сосема трето зборувате кога ќе седнете со тие претставници од Меѓународната заедница. И од тој факт не можете да избегнете.

Затоа се тие ретерирања господа кои што ги имате и од партиските лидери, затоа се и тие ретерирања и од поединци кои што кога излезе законот веднаш рекоа никако доенсување на овој закон, па потоа ретерираа, ај да го одложиме тој закон откако се сретнувавте со амбасадори и други претставници на Меѓународната заедница. Така господа Меѓународната заедница не гледа, не оценува и така не ни дозволува да одиме напред.

И затоа мислам дека овој закон треба да го донесеме, не заради тоа Европа го бара од нас, не заради тоа што Европската унија ни вика да го донесеме, туку заради тоа што нам ни треба, заради тоа што ние треба да направиме чекор напред и конечно да го отпочнеме процесот на децентрализацијата.

Овде имаше предлози дека треба да се одложи донесувањето на овој закон за исвесен период. Но доста дикутабилно прашањето е дали одложувањето ќе донесе до подобри решенија и ќе дојде до подобрување на состојбите или обратно. Зошто тогаш господа во Охридскиот договор е посветено едно цело поглавје на децентрализацијата или визијата на општинските граници. Значи, дека тогаш потписниците виделе дека постојаната организација на територијална организација на локална самоуправа генерира одредени проблеми во Република Македонија. И тие треба низ разговори, низ договори, и распраи во Парламентот да ги надминеме.

Во склоп на ова одлагање, би рекол дека и одлагањето на донесување на одредени законски решенија не секогаш носи позитивности. Само да напоменам. Според Анекс -Д точка 2 од Охридскиот договор беше предвидено Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да го донесе претходниот Парламент до крајот на нејзиниот мандат, што значи пред две години. Го одложивте тогаш донесувњето на тој закон. Ако тогаш го донесовте денес ќе можевме со потполно право да извршиме споредби и анализи кои од општините ќе можат да останат според новиот начин на

финансирање на единиците на локалната самоуправа, кои од општините не ќе можат. Што значи уште една потврда дека не одложување на донесување на овој закон. Напротив треба што побрзо да го донесеме заради тоа што ќе имаме уште едно затворено политичко прашање.

Овде некои колеги зборуваа и во прилог на дилемата дали треба да се одложи донесувањето на овој закон до решавањето на статусот на Косово. Може да се отворат и вакви и онакви дилеми. Но, според мене, не само ова политичкок прашање, што повеќе политички прашања што ја оптоваруваат Република Македонија, а кои што се од меѓуетнички карактер што побрзо ги затвориме пред отпочнување на решавањето на статусот на Косово ние мислам дека ќе имаме позитивни одзиви.

Јас мислам дека ние не смееме да бидеме вовлечени како држава Македонија во решавањето на проблемот на Балканот во целина.

Тоа е моето мислење. И затоа ова прашање треба да го затвориме.

На крајот по однос на одложувањето на донесувањето на овој закон, би сакал да се осврнам на една теза дека не е постигнат консензус помеѓу власта и опозицијата и за тоа е виновна власта. Господа, првата фаза ја гледавме пред шест,седум месеци. Кој на кого му забрани во овој период да води расправи и да оди со граѓаните да разговара за овој проблем? Никој. Никој ниту пак од позиција или од опозиција разговараше со тие граѓани, иако сега се повикувате, не знам, граѓаните вака, или граѓаните онака. Господа, и вие од ВМРО-ДПМНЕ и вие од СДСМ разговаравте, отпочнавте разговори по однос на ова прашање. СДСМ стартуваше со 50 општини, ВМРО-ДПМНЕ вели, не, 75 до 80 општини. После тоа СДСМ излезе со предлог 65 општини плус општините од Скопје, ВМРО-ДПМНЕ вели, не, 123 општини, ние сме за старото решение. Што покажува тоа? Покажува дека сте немале желба ни да се договорите. А не сега да велите дека опозицијата и власта требале да се договараат. Дури да одиме малку и понатаму. Како да се договорат власта и опозицијата кога вие од опозицијата после првиот митинг се искаравте. Другиот ден читавме кој повеќе платил за митингот, кој повеќе луѓе донел на митингот, кој повеќе зборувал на митингот и од тој ден не ве гледаме заедно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски ова ви е втора дигресија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Многумина овде зборуваа за довербата помеѓу граѓаните од различните етнички заедници. Таа доверба е процес и постојано треба да се гради. За тоа треба сите да придонесеме. Довербата се гради преку функционирањето на правната држава. Довербата се гради и преку тоа сите граѓани да бидат рамноправни не само во барањата од државата, туку и обврските кон државата. Довербата се гради помеѓу нас, ако сите подеднакво од сите етнички заедници се грижиме дали граѓаните ги плаќаат своите обврски кон државата, а не само да бараат вработување по етничка основа. Довербата се гради и ако правилно ги гледаме и согледуваме и прекршувањата на законите. Не може да се гради довербата господа, посебно од ДУИ, ќе ви кажам во оној момент кога ќе речете дека некој власта го гони, надлежните органи заради тоа што е криминалец, а вие сакате да кажете дека го гони заради тоа што е Албанец. Тоа важи и за сите нас. На таков начин не можеме да ја градиме довербата. Значи, треба да градиме правна држава за да градиме доверба.

Би завршил со следново. Точно е тоа дека можни се и други решенија. Но, веднаш ќе најдеме негативности и на тие решенија и ќе ги критикуваме. Точно е дека законот е оптоварен и со одредени политички прашања. Но, господа, идеално решение не постои. Дури прашањето е, дали постои оптимално решение како што некој од колегите вчера во една своја дискусија рече. Јас сметам дека овој закон е едно рационално решение кое што одговара во дадениот политички, економски и општествен момент во Република Македонија.

Затоа ќе го поддржам, затоа што сметам дека можеме вака да одиме напред. Ќе го поддржам овој закон бидејќи овој закон е едно од политичките прашања без чие решавање немаме шанса да размислуваме за влез во ЕУ. Решавањето на отворените политички прашања брзо ќе не донесе до започнување на решавање на економските проблеми. Тогаш ќе можеме да започнеме со претставниците на ЕУ да расправаме и да бараме помош од одредени фондови. Сето друго господа, е сеење на магла и сето друго

е да го јавнеме коњот пред локалните избор и да го искористиме незадовлството на граѓаните за претстојните локални избори. Но, господа, сметам дека тогаш ќе биде касно и по извесен период ние ќе кажеме дека сме пропуштиле уште една шанса за Македонија. Џабе ни е после 10 години тоа да го констатираме.

Имав две дигресии претседателе, а вие вчера имавте седум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Па затоа што сум претседател, имав малку повеќе.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, бидејќи вчера опозицијата тоа го побара, денес еве позицијата, во име на позицијата барам да се примени ставот 4 од член 64 и со поддршка од 10 пратеници барам да го продолжиме работното време денеска после 17 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на господинот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 62 за предлогот, еден воздржан, 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ќе можеме да работиме и после 17 часот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со реплики.

За реплика се јави госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван колега, гледам дека и вие и некои колеги од вашата пратеничка група водат сметка кој, колку присуствува од ВМРО-ДПМНЕ на седниците, кога дошол, кога излегол. Го споменавте лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, дали дошол еден или два часа во Собранието на Република Македонија, тој дојде и го кажа својот став. Што значи дека има став јасен и дециден по однос на ова прашање. Но, сте се запрашале ли што е со ставот и дали воопшто има било каков став вашиот лидер, актуелен градоначалник по однос на предложениот закон за Скопје. Тука беа споменати и сегашни и поранешни лидери. Каде

е вашиот лидер на 26 јули да го одбележи денот кога во Скопје се случи катастрофалниот земјотрес. Каде е ставот, каде е почитта кон тие луѓе?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека ни е договор, не спомнуваме личности што не се присутни, посебно некои што не се воопшто тема поврзани на било кој начин со расправата.

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прво, госпоѓа Самоиловска Цветанова само го потврди моето тврдење дека нивниот лидер по еден час, два, кој ден ќе дојдел, кој ден не ќе дојдел. А на мојот лидер со оглед на тоа што не е пратеник, не му е местото во овие клупи. Таму каде што треба си го кажува своето мислење јасно и гласно. Мојот лидер гради, госпоѓо Ганка Самоиловска Цветанова, ако не знаевте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваниот колега Најдовски би му реплицирал во делот затоа што до 1996 година бевме заедн и тој беше член на Либералната партија. И кога станува збор за законот од 1996 година за територијалната организација, кога го носевме, не беше баш така како што кажува господинот Најдовски. Јас бев тој и многумина кои беа против, затоа што и тогаш зборувавме дека, ако вршиме децентрализација со централизација, или обратно, ние треба да ги пренесеме правата и да имаат поголеми ингеренции општините и да имаат сигурни извори за финансирање. Ние донесовме закон каде што и ден денеска, господине Најдовски, можеби нема да се сложите, немаме анализа да видиме дали можат и кои и како можат да опстанат општини со самофинансирање. Тоа е по првото прашање.

По она што сакам да коментирам, ова што зборувавте за Меѓународната заедница, дека ни доаѓаат луѓе и ни кажуваат дека треба вака и вака да се направи, доаѓаа луѓе од кариера, луѓе на поминување, тие исти многу функционери да кажам од странски држави кои во Македонија доаѓаат по кариера, нека кажат дека референдумското изјаснување во

сопствената држава не е валиден и не е обврзувачки за граѓаните и нека се кандидира за пратеник, не знам како ќе поминат. Тука во Македонја се прават експерименти. Во делот на изградените критериуми каде што ние не ги направивме и тоа е маана на овој закон и минатиот закон, затоа што ние не го уредивме тоа со изградени критериуми за да формираме општини, туку ние со една насилна работа во Парламентот по предлог на Владата фактички со централизација вршиме децентрализација, што не е така. Во однос на она што посебно би сакал да го слушнам господинот Најдовски да зборува за македонците, да зборува за правата на нашите македонци во соседните држави. Да стане господинот Најдовски и да каже какви се правата на македонците во Албанија, до кој лимит, до која граница? Ние сега не направивме механизми во Македонија се врши иселување на македонските граѓани од сопствените градови. Тоа се случува во западниот дел на Македонија. Ние како власт, ние како македонци носиме историска одговорност да најдеме механизми. Тоа значи државата нема стратегија. Политичките партии немаат стратегија. Секоја сериозна држава ќе се замисли ако еден граѓанин се исели од било кое место и да постави прашање, зошто се иселува, да направи стратегија, да ги стимулира, да им овозможи работа, да им даде кредити, поволни услови. Така можеме ние да дискутираме за Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед на тоа што во вториот дел господинот Даневски само ме поддржа во размислувањата во однос на првиот дел за гласањето од 1996 година. Точно е, господине Даневски, вие можеби погрешно сте разбрале. Реков дека тогаш бевме против 123 општини. И разликата меѓу вас и мене е што јас и тогаш бев за помалку општини и сега. А вие сега сте за 123 општини. Во тоа е разликата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитуван колега Најдовски, јас би се осврнал на првото ваше излагање во однос на политичкиот договор, дали е тој исправен, или не е исправен. Навистина ако СДСМ и ЛДП дале зелено светло за една ваква етничка поделба на Македонија вештачки да се создадат, или одземаат села и општини само за да биде некоја општина со повеќе македонско или повеќе албанско население, тогаш тоа е рамно на политичко самоубиство. Во таков случај власта и она што не убедувавте пред малку може да избира дали ќе оди веднаш, или ќе се симне од народот на предвремените избори, или на редовните, сеедно, бидејќи вакво нешто никој нема да ви прости. Или пак, ако навистина верувате во тоа што го направивте, тогаш имавте доволно време да покажете дека имате направено добра територијална организација на Македонија во која што во овој момент апсолутно никој не ви верува, освен приврзаниците на господинот Али Ахмети. А нас во овие расправи не не убедивте. Несфатливо е како оваа власт во овие преговори влезе во сопствена замка, иако цело време тврдевте дека Македонија не се дели по етничка основа, дека новата територијална поделба не значи етнички граници, туку дека македонската локална самоуправа и децентрализација ќе биде европски направена. Но полека целата ваша расправа ссе претвори во еден меѓуетнички судир кој се разбира ќе заврши на етнички принципи, односно поделба токму по етничка основа. Тоа всушност е вашата најголема стратешка грешка за која што расправаме за сето ова време. Ако мотивите се следните локални избори, тогаш многу евтино ја продавате територијата на Република Македонија и токму тоа е она што овој политички договор е многу штетен како за граѓаните, така и воопшто за Република Македонија и не е во иднината, туку во ова што ќе следи одговорноста не ќе можете ни како политички сегмент да ја прифатите, затоа што се работи за многу поголема одговорност отколку политичката која сакате да ја понесете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Мавровски, ако го следевте целиот говор, ќе си најдевте одговор на прашањето, а не само да го вадите првиот дел. Моето мислење и понатаму останува исто, дека политички договор и компромиси се потребни. И се потребни заради тоа што во оние делови од бивша Југославија каде што не се постигнаа компромисите, се виде до каде се стигна. И исто се согласувам дека за компромиси се потребни две страни и двете страни да го почитуваат компромисот. Јас уште еднаш би рекол, сметам дека нема идеални решенија, прашање е дали има и оптимални решенија, но рационални во даден момент на секоја држава и се потребни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

За реплика се јави господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Колега Најдовски јас би сакал да обрнам внимание на неколку работи.

Ова е највисоко законодавно тело и вашите политички препукувања најмалку се овде потребни, со квалификација, или дисквалификација, предавник, патриот, националист, или не националист. Сакам да ја подвлечам исто така и улогата на Меѓународната заедница, многу е битна, но не е и најбитна. Најбитни сме ние овде. Ние овде треба да одлучиме и да го донесеме овој закон за децентрализација. Од кусата биографија што ја видов во водичот во Парламентот, видов дека сте биле во овој Парламент од 1994 - 1998 година кога се донесе точно во периодот 1996 година актуелната територијална организација. Ме интересира, како тогаш гласавте, дали принципиелно за, или против. И сега на крајот многу ми е мило и ја поздравувам таа работа, тој ваш став дека довербата, враќањето на довербата. Ние овде во Парламентот треба да бидеме тие кои ќе ја дадеме таа иницијална каписла за враќањето на довербата, а ќе бидеме сигурни дека истата се вратила кога ќе го видиме во нашето секојдневие, кога граѓаните ќе се чувствуваат навистина дека истата е вратена меѓу нив. За жал, лично сметам дека Владата промовирајќи го овој закон, не избрала право време и прав момент кога овој закон требаше да се донесе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Костовски, можеби ова ни е прва прилика да си реплицираме и заради тоа што можеби не сме имале прилика заедно да присуствуваме овде.

Прво на прашањето како сум гласал од 1994 до 1998 година. Ќе ви кажам дека сум гласал против и тоа го знаете и тоа се потврдува дека принципиелно останувам на тоа прашање. Второ, драго ми е што ме поддржавте околу мојата идеја за довербата и како треба да се гради. Трето, она што го зборувавте дека јас отворив прашање за предавници, националисти. Само ќе ви ја прочитам реченицата и тоа можете да го видите во стенографските белешки. Велам дека: но, не е нормално ниту оние што го поддржуваат законот да се нарекуваат предавници, ниту оние кои се против законот да се нарекуваат националисти. Ако вие гледате нешто во ова лошо, тогаш лошо сме се разбрале господине Костовски. А инаку, вие само уште еднаш потврдивте дека јас и кога сум бил порано пратеник и сега останувам принципиелен на своите ставови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Завршивме со репликите.

Збор има господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, драги колешки и колеги, еве и јас сакам да го искажам мојот став, не некогаш госпоѓата Самоиловска да ме повика зошто не сум го искажал мојот став по ова прашање. Во овој Парламент беа искажани различни тези и анти тези, меѓутоа за жал никако да стигнеме до синтезата. Слушнавме голем број на политички дискусии, меѓутоа јас мојата дискусија ќе ја окарактеризирам како политичко фактографска дискусија, а со тоа бидејќи ќе цитирам и некои факти, ќе бидам малку и подолг.

Процесот на децентрализација во согласност со Рамковниот договор отпочна со усвојувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 година со ингеренции кои се

многу сложени онака како што се пропишани е длабоко трансформирање на државниот монопол над јавните работи.

За жал, овде многу малку се зборува на надлежностите и можностите за извршување на истите тие од страна на локалната самоуправа, со кои проблеми ќе се соочиме во фаза на имплементација на законите од 1.01.2005 година, а верувам проблемите кои ќе се наметнат ќе бидат навистина големи.

Приближувањето на власта до граѓанинот или трансформацијата на државата во негов сервис е подеднаква потреба и за граѓанинот од Битола и за граѓанинот од Тетово. Децентрализацијата има своја политичка и економска димензија, кои меѓу себе се испреплетуваат. За да се оствари економската корист, неопходно е прво да се спроведе политичката децентрализација, а за да се спроведе таа потребен е политички договор.

Друго прашање е одбивањето на опозицијата да учествува во тој политички договор, плашејќи се од одговорност. Имаше понуда да учествуваат и ВМРО и ДПА во тие договори и да дадат свој конкретен придонес, но за жал не ја прифатија.

И токму тргнувајќи од ваквиот став дека само успешна политичка децентрализација може да доведе и до успешна економска децентрализација, мислам дека Законот за територијална организација на Република Македонија сосема соодветствува со ваквите потреби. Како заклучок на ваквиот став би била негацијата дека поголем број на територијални единици би значеле поголемо приближување на власта до граѓаните. Се прашувам: како некои единици на локалната самоуправа би значеле поголемо приближување на власта на граѓаните, кога некои од нив функционираат и со неликвидни, односно блокирани банкарски сметки. Или друг пример, каква е потребата од постоење општина во која густината на население е еден жител. Би ја спомнал тука Сраравина, во која сум непожелен исто како колегата Најдовски и ми е забранет пристап, што дознав преку медиумите, што е самото по себе трагикомично, во која општина некој квази демократ ми го ускравува уставно загарантираното право на слобода на движење.

Овие и некои други примери јасно покажуваат дека територијалната организација која беше промовирана и спроведена со законот од 1996 година, не упатува на тоа дека таква каква што е направена не е во можност да ги исполни целите кои се сака да се

постигнат со законот. Гледано глобално, таквата територијална организација не придонесе кон подобрување на животот на граѓаните, на нивната економска сила, како и тоа дека некои од тие 123 општини навистина немаат капацитет да ги извршуваат своите функции онака како штериторијалната организација им се зададени согласно законот. Затоа, уште еднаш потенцирам дека новиот Закон за територијална организација ќе ја приближи повеќе власта до граѓаните.

Оваа моја дискусија би ја искористил и за тоа да го искажам моето големо жалење за тоа што сите ние можеме да го слушнеме и да го прочитеме во медиумите и да го слушнеме во ова Собрание од денот кога со голема политичка волја се постигна договор за територијалната организација, па до денес можеме да слушнеме само обвинувања на сметка на Владата дека со овој закон се врши поделба на територијата на Република Македонија и на населението според етнички критериуми. Јас не се согласувам со ваквиот став и ваквото мислење и ќе образложам зошто дискутирајќи по текстот на законот.

Првата глава на законот - Општи одредби е од членот 1 до членот 9 и во членот 1 е обработен предметот на уредување на овој закон, каде се вели дека со овој закон се уредува територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Најнапред би сакал да истакнам дека самото име и предмет на уредување на законот кажува дека не се работи за поделба на Република Македонија, затоа што во Република Македонија не се создаваат никакви внатрешни граници дека тука се работи за територијалната организација со која ќе се изврши подобра распределба на економската и политичката моќ на власта. И тука би запрашал дали оние кои велат дека се врши поделба на територијата навистина во стварноста не го посакуваат тоа. Па и ако е до тоа, да е делба на државата како што истакнувате, тогаш поддржете го законот и ќе се реализира проектот на Љубчо Георгиевски кој заговараше ѕидови и размена на луѓе и територија. Но свесни сте дека не е така, а политичката курентност на темата ви го налага тоа за да го зголемите својот рејтинг пред претстојните локални избори.

А територијалната организација на Република Македонија е комплексен дел од реформите на локалната самоуправа со голем број прашања кои се отворени. Од една страна се локалните власти, кои заедно со локалните лоби групи поттикнати од опозицисските партии, не се согласуваат со укинувањето односно припојувањето на нивните општини, од друга страна обиди за целосно политизирање на територијалната организација врз етничка основа. Тука се и обвинувањата дека овој закон не е дел од Охридскиот рамковен договор и тоа за жал од еден од потписниците на истиот, алудирајќи на тоа дека треба да биде изменет, и дополнување на постојниот закон со мали измени на границите на општините, проблематизирајќи ја симантиката на зборот ревизија.

Во една моја реплика укажав на значењето на толкувањето на зборот ревизија, потоа тоа беше дообјаснето во една новинарска колумна. Составувачите на Охридскиот договор на крајот од оригиналот запишале дека само таа верзија, англиската, е автентична, а на англиски јазик ревизија значи сменува, променува, ревидира, преработува, подобрува, подобро прегледува, преиспитува. Но денес ќе одам и понатаму со конкретни факти, цитирајќи делови од документи каде експлицитно е кажана потребата од донесување на закон и тоа ќе го направам хронолошки.

Првиот пат е: документот “Важноста на  Рамковниот договор денес” од 25.07.2003 година, кој претставува оценка на Канцеларијата на специјалниот претставник на ЕУ за Република Македонија за Рамковниот договор и напредокот постигнат во поглед на неговата имплементација по повод двегодишнината од потпишувањето на Охридскиот договор. Цитирам: “Во делот Децентрализација предизвици,  потточка Предизвици да се донесе значаен дел од Законот пред локалните избори 2004 година.Тоа особено вклучува закон за финансирање и за општиниските граници, а двата треба да се донесат до крајот на оваа година”, се мисли до крајот на 2003 година.

И на крајот ќе прочитам за појаснување за дел од заклучоците: “2003 и 2004 година е времето за да се посее семето на кое ќе се изгради идната стабилност и просперитет. Не можеме да очекуваме чуда за еден ден. Денес сепак постои јасен напредок, без безбедност нема економски просперитет, без безбедност нема вработување и

инвестиции”. И понатаму вели, цитирам: “Имплементацијата е процес кој што евентуално може да заврши со членство во Европската унија”.

Би продолжил со вториот документ како факт број 2, а тоа е Одлуката на Советот на Европската унија за начелата, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Република Македонија, документ кој што беше лиферуван оваа година на 30 март, во точка 3.1 Краткорочни обврски, каде што е опишана политичката состојба, потточка Демократија и владеење на правото, во втората потточка се вели, цитирам: “Да се спроведе Охридскиот рамковен договор, да се спроведе законодавството кое е веќе усвоено за да се спроведе Рамковниот договор (РД). Да се донесе преостанатото законодавство што се бара со РД, посебно да се донесат и спроведат Законите за територијална организација, за финансирање на општините и Градот Скопје. Да се постигне брз напредок во спроведувањето на процесот на децентрализација за да се обезбедат соодветни локални избори како што е планирано, посебно со зајакнување на капцитетите на општините за финансиско управување и управување со пренесени надлежности и капитал, преку обуки, советувања и набавка на опрема.”

Старите викаат - Баба лажи, трап не лажи. Тоа се фактите, јасни и недвосмислени.

Зарем Специјалниот претставник на ЕУ во РМ и Советот и Комисијата на ЕУ лажат, или грешно и тие го читаат Рамковниот договор.

Има уште многу вакви документи, само што некој треба да ги чита за да си ги појасни позициите.Јас во интерес на времето ги одбрав само овие два документи.

Но, и понатаму сум свесен дека вие ке останете на вашата реторика. Меѓутоа, ќе одам и понатаму.

Дали овој закон, ценејки ја формата која ја застапувате, можеше да ни биде доставен и во форма на измена и дополнување на постоечкиот закон? Можеше, со многу корекции и додавки, кој ќе го направеше законот непрактичен и комплициран.

Дали тогаш тој и таков ќе ги задоволеше вашите суети? Очигледно, не.

И на крај, условно, сето тоа да е така, и вашите тврдења за тезата за мали по обем измени на границите на општините, еден прагматичен факт: во гласањето по законот, и со мали, и со големи измени, се гласа со Бадинтерово мнозинство. Како претставниците на етничките заедници, ке го гласаат ако не го услишиме и нивното барање. Не без

причина, во документ каков што е Рамковниот договор, кој во основа ги решава етничките прашања, е пропишано овој закон да се донесе една година после завршувањето на пописот. Сигурно пописот не е напомнат заради бројот на граганите во локаланата самоуправа, како што вчера тука беше кажано, туку заради етничката структура во општините.

И после се, се прашувам, дали некој странец, дали некој граѓанин, цивилизиран човек, врз основа на почитувањето на претходно договорено, ќе разбере што се случува тука, со кои очи ќе не гледаат, за што ние се расправаме, кога оваа расправа за него е анахрона и нелогична и дали ќе сфати кои се предавниците, а кои патриотите.

Нов претседател или нова партија, г-да пратеници од опозицијата, не ве амнестира од обврските кои господинот Љубчо Георгиевски, како тогашен лидер на ВМРО-ДПМНЕ, а во тоа време и Премиер, ги превзел во име и за сметка на ВМРО-ДПМНЕ. Јас се надевам дека ќе го читате Рамковниот договор, онака како што Љупчо Георгиевски ги превзел обврските.

Ќе продолжам понатаму по текстот. Во член 2, каде е опишано  Основање на новите општини и правото на  претходно консултирање на граѓаните од  подрачјето на општините на кои се однесува, каде овој текст е во корелација со чл.19 од Законот за локалната самоуправа и дебатата околу облигаторното дејство на референдумите.

Тука ќе го приложам и третиот факт, а тој е извлечен од  Националниот извештај за човековиот развој од 2004 год за РМ, публикација на УНДП, која деновиве ми ја доставија насловена како “Децентрализација на човековиот развој”, во која е запишано:

“Во одредени општини беа организирани референдуми, на кои граѓаните се изјаснуваа за тоа дали нивните општини треба да останат во рамките на постојните граници. Референдумите беа организирани врз основа на член 5 од Европската повелба за локална самоуправа. Законот за локална самоуправа од 2002 година не предвидува обврска за консултирање на локалните заедници, туку само наведува дека границите на општините се менуваат со закон (член 19). Интересно е дека овој закон содржи решение за ова прашање кое е послабо од решението предвидено во претходниот Закон за локална самоуправа од 1995 година, во кој постоеја одредби во согласност со член 5 од Повелбата ( во тогашниот член 15). Одржаните референдуми имаа само консултативна природа и не беа законски обврзувачки.

И тука имам едно отворено прашање, кое во претходните денови не ми беше одговорено од страна на опозицијата:

Зошто ВМРО како тогашна власт, кога се носеше законот за локална самоуправа, му го ускрати законското право на референдум на граганите од локалните самоуправи???

И тука, на вашето инсистирање, за обврзувачкиот карактер на референдумите, ке ви дадам еден банален пример, меѓутоа, морам да го кажам. Што ако граганите на улицата на која живеам во Битола, решат да направат референдум, за своја локална самоуправа. Па тие се по број повеке од бројот на жители во Старавина. По вашата логика тој би бил легитимен. Но суштествено прашање е до каде ќе не доведе тоа.

Сега, би сакал, малку да избегам од темата, но редоследно зборувајки за текстот на законот, и да потенцирам на една терминолошка неусогласеност, на овој закон и Законот за просторно и урбанистичко планирање, кое нешто ке го истакнам и при разгледувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање, а тоа е содржано во Член 7, во кој се вели: “Граница на град, како населено место, се утврдува со генерален урбанистички план. Граница на село, како населено место, се утврдува со урбанистички план за населеното место.

Во законот за просторно и урбанистичко планирање вака како што е дефиниран, не постои таков урбанистички план, додека соодветниот израз во тој Закон е урбанистички план за село во општина, што сметам дека не е соодветен и претпочитам да се промени со изразот користен во овој Закон.

Во Главата ИИ Општини во Република Македонија и подрачјата на општините и населени места, најинтересни беа Членот 10 и членот 12, кои се најсуштински во Законот и истите беа мета на амандмански атак.

Кога во прашање се општините, етничкото не може да биде нов елемент, што сега се појавува. Етничкиот момент, поточно стравот од моќта на општините и можноста Албанците да се организираат на регионално ниво, беше пресудниот елемент за силната централизација која беше наметната на крајот на Социјалистичка Република Македонија од тогашната последна влада.

Етничкиот елемент беше вграден во територијалната организација во 1996 година, кога наместо 34 општини, добивме 123 нови, при што границите се кроеа така мајсторски за што е можно повеќе да се разбие концентрацијата на албанското население, поради стравот дека е на штета на етничките Македонци, во полза на етничките Албанци.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Тогашниот министер, Владо Поповски, кој што тогаш беше во Владата на СДСМ, а сега е член на ВМРО, незнам со која додавка, за сегашното решение вели дека „територијалната поделба е произволна, направена врз политички и етнички барања, со единствена цел да се дизајнира бројот и дека „во западниот дел од државата доминира етничкиот аршин", и на тој начин дека се создава етничка поделба на Република Македонија.

А вистината гледана низ моите наочари, кои ни најмалку не се партиски, на тогашниот закон за територијална организација, е обратна.

И токму тогашниот креатор на тој концепт денес е и најголемите негов поддржувач, нудејќи, следна фаза, регионализација на Републиката Македонија.

Но, да останам докрај доследен во презентирањето на фактите, кои сакам да ви ги предочам, ке ја искористам неговата статија насловена Пандорината кутија остана затворена (Форум аналитика број 1/1998)

И тука ке ја најдеме суштината на она што цело време опозицијата го потенцирате, како дел од Рамковниот договор, дека Нема територијални решенија за етнички прашања, но тука во обратна смисла од вашата, не отсега, туку досега. Дека досегашната територијална организација беше конципирана на етнички принцип.

Во првата точка, Територијална поделба на новите општини - концепција, кога ќе разгледате кој бил концептот ќе сфатите дека очигледно не се нуди единствен пристап, бидејки се оформуваат градски, селски, или мешовити општини, што и сега го имаме и може слобидно истиот концепт да се  се примени и денес, меѓутоа ќе продолжам и понатаму,

(цитирам)

Потребно е да се каже и тоа дека, во рамките на предлогот, постоеја мошне различни општини според одделни атрибути. Имаше општини што беа мали според територијата, а големи според бројот на населението и, спротивно на тоа, видливо

големи според територијата, а мошне мали според населението (општините во Западна Македонија, на пример во Полог или во Струшко, наспроти општините во Мариово). Имаше општини со мал број населени места и голем број жители и со поголем број на населени места и мал број жители. Или, во просек, руралните општини во коишто предоминантно живеат Македонците, каде што прв пат во таа публикација се подметнува етничкиот момент, се помали според бројот на жителите но поголеми според просторот, од тие во коишто предоминантно живеат Албанците и што се поголеми според бројот на жителите, но помали според просторот. Подруга е ситуацијата со градските општини и со тие што за центар имаат град.

Меѓутоа најинтересен дел од тука е да се види точка 2- Главните приговори на предлогот за територијална поделба на општините

По линија на мегунационалните тензии, главните приговори и реакции се состоеја во ставовите дека со предлогот за територијална поделба на Република Македонија се маргинализирала позицијата на Албанците, дека тие, на еден начин, се гетоизирале, дека се истиснувале од градот и се поткусувале во однос на неговите функции со тоа што, како посебни општини се одделувале руралните средини во кои што предоминантно живеат тие; дека се продлабочувало истиснувањето на Албанците од власта во целина со тоа што на ниво на Републиката се мајоризирале, а на ниво на општината се маргинализирале, преку божем малите надлежности на општините и преку одделувањето на руралните од урбаните и индустриските центри.

Аргументацијата главно се состоеше во тоа дека е неприфатливо големите градски центри во Западна Македонија, коишто во дотогашниот период биле со висок процент на Албанци, соодветно на тоа и со општински институции со состав и влијание на таквиот состав (Тетово 74,9%; Гостивар 64,3%; Дебар 45,9%; Струга 44,7% и Кичево 49,6%) да бидат и да функционираат со значително помал процент на Албанци поради нивниот значително мал удел во градското население, дека градовите биле значајни и за натамошниот развој на комуналната и локалната инфраструктура, дека биле важни и како

културни и административни центри и дека во случајот со средините каде што предоминантно живееле Македонци, не се постапило со исти такви критериуми итн.

Во точка 2 вели: По линија на тесните локални интереси неприфаќање на предложените општински центри и протежирање на други, без оглед на условите за централитет и за екаmaterialомско привлекување и за предност при постоењето на објекти од општествен стандард и на нужна друга инфраструктура; во формирање на друри општини наместо предложените; итн., нешто што и денес ни се случува.

Трето.еве да го кажам примерот на опозицијата, како и тогашната опозиција се однесувала - По линија на партиско-маркетиншкиот и пропаганден интерес реакциите се состоеја во нападот на Предлог-законот дека со него се распродавала Република Македонија, дека таа се федерализирала, дека предлогот го помагал создавањето на таканаречената Илирида итн. Додека тоа беа приговорите на делот од опозицијата на партиите од македонскиот политички блок, дотогаш приговорите на опозиционите партии од албанскиот политички блок се движеа од тврдење за политичка маргинализација на Албанците во Република Македонија, до тврдење за нивно истиснување од власта и во државата и во општината. ( потполно иста реторика со оваа што се води сега од страна на опозицијата.

Третата точка е Владиниот одговор на реакциите и конечниот исход од собраниската процедура во формирањето на новите општни

Во врска со приговорите и предлозите по линија на меѓуетничките тензии, Владата главно не отстапи од основниот концепт на растоварување на градовите од оние рурални средини шта можат да се востановат и да функционираат кака нови општини.

Политичките поени што овозможија да се создадат услови за востановување на локалната самоуправа во реални и што похомогени (значи, во мали и различни видови) локални заедници, односно општини, се состоеја во тоа што на тој начин се подигна процентот на граѓаните Албанци во спомнатите градови над оној процент што е во самнот град. Но, во исто време во така создадената општина значително се симна процентот на

Албанците во споредба со дотогашната општина. Во споредба со истиот параметар се зголеми процентот на Македонци во општините.

Со други зборови, се доби помека структура на меѓунационалниот состав на тие општини, што на актуелното ниво на исполитизираност на двете страни значи дека беше најдено прифатливо и добро решение.

За илустрација, еве како стојат работите предвидени преку призмата на статистиката и ги наведува: Тетово, Гостивар, Струшко и Кичево и ги наведува процентите на намалување на албанското население во градовите, и зголемувањето на процентите на Македонците во градовите.

Точка 2, во врска со приговорите и реакциите по линија на тесните локални интереси и на интересите на локалните бирократии се водеше навистина сложена битка за зачувување на концептот на територијалната поделба. Битката беше деликатна поради фактот што врз таа основа мошне лесно се пројавуваа непринципиелни спреги и мали неформални коалиции меѓу пратениците притиснати од локализмот на општинските интереси и бирократии во коишто, како дел, партиципираат и самите тие. Се јави договорна гласачка солидарност. (Што во примерот на опозицијата по овој закон не се слуЧи бидејки ја напуштаат салата и не гласаа за сопствените амандмани)

И третото 3- По линија на партиско-маркетиншкиот интерес приговорите очигледно беа без основа со Предлог-законот и со каква го де логика и врска со фактите. (истото може да се примени и денес)

И, на крајот, има основа да се верува дека, ако воопшто беше отворена некаква Пандорина кутија по повод процесот на утврдување на новите општини, со нивното востановување и активирање, таа пак се затвори. (затворен цитат)

Но,колеги пратеници очигледно, по се што се случи во овие изминати 9 години, Пандорина кутија не се затвори, таа територијална организација не го издржа тестот на времето, што беше потврдено тука и од еден од потписниците на Рамковниот договор,г-динот Љубчо Ѓорѓиевски кој го демантира авторот, потврдувајки ја неуспешноста на овој проект.

Навистина симптоматично звучи, кога слушаме за големата промашеност на концептот кој што го донесе СДСМ на претходната територијална поделба на Републиката, и директна потврда дека истата треба да се поправа, бидејки продуцира конфликти, а од друга страна пратениците на ВМРО инсистираат да опстанат 123 општини, со големо мнозинство амандмани, за кои, што е големо чудо, и тие не ги гласат. 9 години требаа да ги сфатат целите и концептот на тогашната децентрализација така да денес се негови најголеми поддржувачи, а слушнавме како 1995 година реагираа. Се надевам дека сегашниот концепт побрзо ке го сфатите.

Но, сето тоа во 1995-та година  беше можно бидејќи во тогашниот Устав не постоеше механизмот за заштита на волјатат на  малцинствата од надгласувањето на мнозинтвото, за работи што битно влијаат на квалиетот на нивната живеачка.

Според новиот Устав, тоа едноставно не е можно, како што ни теоретски не е можно работите да се вратат назад и со промена на Уставот. Бидејќи и за тоа, според принципот на Бадентер, е потребно мнозинството гласови на немакедонските членови на Парламентот.

И во процедурата за донесување и на пакетот закони за децентрализацијата нема механизам за наметнување на волјата на мнозинството над волјата на малцинството.

И целосно се во право сите оние што велат дека етничкиот момент бил присутен и можеби пресуден во предлагањето на новата територијална организација на државата. Но, Бадентеровиот принцип е еднакво обврзувачки и делотворен со неговото вградување во пакетот на закони за децентрализацијата, давајќи им еднакво право на заштита на малцинствата на локално ниво од волјата или силата на тамошните мнозинства.

Овој механизам, колку и да е со мани и несовршен, сепак оневозможува практицирање на етничкиот ексклузивитет како на државно, така и на локално ниво.

И, уште еднаш ке го повторан аргументот за потребната големината на општините, со цитат. Нешто што го кажав и во мојата дискусија по предлогот за донесување на Закон, затоа што ценам дека пак треба да се повтори, бидејки повторувањето е мајка на знаењето.

Уште во 1997 година во Националната стратегија за економски развој, изработена од МАНУ, значи, само една година после востановувањето на новата локална самоуправа со 123 општини, во главата 9, се вели (ЦИТИРАМ)

Можат да се издвојат следниве типови општини:

- Општини во коишто во дадената етапа не постои критична маса на средства и други услови за автономен развој;
- Општини во коишто постојат определени предуслови за саморазвивање, меѓутоа нивното потполно ефектуирање бара помош од страна на државата;
- Општини во коишто во современата фаза постојат претпоставки за саморазвивање без помош од државата;
- Општини во кои се високи екстерните трошоци на развојот поради економската и општествена нецелисходност на концентрацијата.

Искуството покажа дека ефикасен развој, со избегнување на последиците од претераната концентрација во главниот град, може да се постигне ако регионалните приоритети и ресурси се локализираат и ефектуираат преку регионите кои имаат критична маса на предуслови за развој, формирани околу средните градови. (затворен цитат)

И тука лежат решенијата на најголем број општини на овој закон, земајќи ги во предвид средните градови како гравитациони центри. Ова е во целина испочитувано како за Струга, така и за Кичево, така и за Битола и за останатите општини.

сега би приврşувал со петтата глава од преодни и завршни одредби (член 15-33)

Јас би го прочитал членот 32, каде што е кажана примената на самиот закон, меѓутоа и со денот на отпочнување на примена на овој закон дел од локална самоуправа ќе се приклучат на новите локални самоуправи, и почнуваат проблемите со имплементацијата на законите кои ги уредуваат нивните надлежности, за чие совладување ќе требаат искусни градоначалници, кои ќе треба да вложат дополнителен

напор особено во првиот период, додека се востановат институциите и функционалните врски помеѓу нив.

Сево ова што се случува деновиве - митинзи, референдуми, барања на оставки - сето тоа е театар на опозицијата, свесна за природата на потегот што го презеде Владата (а, патем речено, некои од опозиционерите  длабоко се согласуваат со идејата), преку своите активисти деновиве спроведува класичен популизам, сакајќи во игра да ги уфрлат народот. Колегите од опозицијата во ова Собрание, од петни жили се трудат повторно да ги вратат етничкиот ракурси и делби и натаму верувајќи дека само како етнички трибуни можат политички да опстанат.

А и за референдумот, кој се заговара, доколку успее, Владата ке го сноси нејзиниот дел од одговорноста, но што ако не успее, кој ке ја сноси одговорноста од другата страна? СМК, Третиот пат, ВМРО - ДПМНЕ, граганското движење. Кој? И на каков начин?

Оние што беа против Рамковниот договор, оние што се сомневаа во него, оние што мислеа дека и тој нема да биде реализиран како и многу други ветени работи, сега се на нозе. Мислат дека можат низ децентрализацијата да ја поништат Рамковната спогодба.

Синдромот на кратко паметење како целосно да надвладеа.

Затоа, во оваа експлозивна атмосфера, како од дрвото да не се гледа шумата. Како повторно да сакаме да се вратиме онаму од каде што тргнавме по конфликтот од 2001.

Почитувани пратеници и граѓани на РМ,

Ако деновите на автомобилски сирени по улиците и граѓански иницијативи,  пред куките на пратениците, блокади на патиштата, вечерите на отпор бидат единственото изгубено време, нека биде и тоа. Дури и времето на јалови и непотребни конфронтации во Парламентот, па дури и одложувањето на локалните избори за еден месец, можат да се проголтаат, ако тоа е последната цена што се плаќа во губење време.

Македонија е држава со мултиетнички состав на населението и со мултиетнички карактер на општеството. Тоа е факт. Така било отсекогаш, така и ќе остане. Македонија

нема да биде просперитетна држава, ако не е држава на заедништво и внатрешна кохезија. Со предрасуди, со недоверба, со поделби на наши и нивни, Македонија нема да ги оствари овие цели.

Повторно, и како народ и како држава, се наоѓаме на историска раскрсница. Треба да се избере вистинскиот пат кој ќе ја предодреди нашата иднина. Овие денови, пак можеме да си ги поставиме прашањата од типот

- Дали политиката која се води во оваа држава по конфликтот 2001-та, дефинирана во Охридскиот договор не води кон поголема и трајна стабилност или кон нови конфликти и тензии?
- Дали уставните промени и новите закони ќе го јакнат унитарниот карактер и територијалниот интегритет на државата или ќе предизвикаат нови делби и поделби?
- Дали етничкиот соживот и заедништво се можни и неопходни или утопија и наивност на оние кои во нив веруваат?

Одговорите барем за мене на овие прашања се потврдни и со позитивна конотација.

Историјата на човештвото не памети крупен исчекор, постигнат успех или прогрес како резултат на негативна енергија. Се што е забележано и вреди да се памети, е резултат на добра волја, подадена рака, позитивна мисла и искрена верба.

Треба што побрзо да се стави точка на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор, за да можеме да започнеме да го спасуваме она што преостанало од квалитетот на животот на овие простори, а нормално и да го подобриме во догледно време.

Би сакал да напоменам дека со донесувањето на пакетот закони за децентрализација сме само чекор понапред до Европската унија, НАТО и до другите слични организации, односно само доколку имаме силна политичка волја и храброст да ги донесеме законите, ќе ја покажеме нашата политичка зрелост за влез во ЕУ, а и не само тоа туку и ќе му овозможиме и подобра иднина на секој наш граѓанин.

Јас, верувајки во иднината, ке го поддржам овој закон.

Се надевам дека и овој пат граганите ќе биде попаметни од нас политичарите и нема да им подлегне на провокациите што се нудат.

Ви Благодарам, на трпението.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

**П**очитувани пратеници тука ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме со реплика по паузата.

(Пауза од 13,00 часот)

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Г-ѓо Лалчевска имате три минути за реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Г-дине Тромбев, на почетокот на вашиот говор рековте дека ќе имате политичко фактографска дискусија. И, тука бевте доследни, затоа што во поголемиот дел од дискусијата се држевте до фактографијата. При тоа, заборавивте, а јас само ќе ве потсетам да зборувате за човечката и за граѓанската димензија. На крајот на краиштата, драг мој колега, овој закон треба да им го подобри животот на граѓаните, да им ја приближи власта, како што и самите рековте. Големите факти, по готово ако се избрани со внимание да се во прилог на концептот на говорникот, делуваат доста студено и празно. Јас фактите, при тоа, не ги оспорувам. Ако внимателно прочитавте што стои во Рамковниот договор , што стои во Уставот, но никаде не прочитавте, а верувајте ниту јас не сум прочитала дека во Рамковниот договор и Уставот стои какви и колку општини треба да имаме. Основното прашање на овој закон е токму тоа. Ако се држите до фактите бидете принципиелни и држете се до фактот што сега ви го споменав дека никаде не пишува колку и какви општини треба да има. Тоа треба да го стори овој закон. Тоа е околу фактите.

Понатаму, се прашувавте како ќе го донесеме ваквиот закон ако не ги услишиме нивните барања. Мислевте на припадниците на заедниците. Кога ова се прашувавте, зошто не се прашавте дали нивните барања се реални или излегуваат од Рамковниот договор. Дали Струга, Кичево и Скопје се во Рамковниот договор или барањата за нив излегуваат од Рамковниот договор . Дали при тоа, г-дине Тромбев се исплашивте од неизгласувањето на овој закон од припадниците на заедниците, па попуштивте на нивниот притисок и дадовте ваков предлог односно Владата за која вие стоите даде ваков предлог, затоа што сметам дека тука ако не се изгласа од припадниците на заедниците, ќе биде ваш политички неуспех.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Тромбев имате една минута.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Г-ѓата Лалчевска кажа дека во Уставот не се пропишани колку и каков тип на општини. Само да ја потсетам дека Уставот се пропишани, дека општините во Република Македонија се едностепени и монотипни. Бројот не е определен, тој се определува со закон. Со овој закон ние денес го определуваме бројот на општините. До 1996 година имавме 34, потоа 123 општини, сега имаме друг предлог.

Во врска со Рамковниот договор нема што да коментирам и навистина нема потреба на тоа да одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Стојановски имате реплика од лтри минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-динот Тромбев зборуваше за концепти, зборуваше за Рамковниот договор. Тој вели дека Рамковниот договор ние сме го читале онака како што го потпишал Љубчо Георгиевски. Јас велам да, го читав онака како што го потпишал и г-динот Љубчо Георгиевски и г-динот Арбен Џафери, г-динот Бранко Црвенковски и г-динот од ПДП и Меѓународната заедница како гарант на овој Рамковниот договор. Меѓутоа, тој е пишан

документ. Во него точно се знае кои права и обврски се преземени и за кого. Ако вие го читате Рамковниот договор онака како што го толкува ДУИ, тогаш тоа е ваш проблем и не значи примена на Рамковниот договор, туку создавање на некои нови договори кои што ги имате вие како партија и ДУИ како политичка партија, со цел да реализирате одредени политички цели во власта. Затоа што, решението за Кичево не можете да го оправдате со Рамковниот договор, бидејќи тоа не претставува правилно читање на Рамковниот договор или пак заборавивте дека имате уставна обврска да ја штитите унитарноста на Република Македонија и правата на сите нејзини граѓани, независно од нивната етничка припадност. И уште нешто, заборавивте дека борбите што ги водеа албанците во 2001 година не беа за човекови права туку беа за територии или вие сметате поинаку. Ако е веќе така, тогаш не правите ништо друго, тогаш самого реализирате она што не беше реализирано во 2001 година и кое што беше завршено со Договорот за мир, стабилност, за мултиетничка Македонија. Уште еднаш ќе ве прашам, дали мислите дека ваШата визионерска способност по 4 години Кичево дека ќе ги исполнува условите за да биде цела општина со Зајас и Осломеј, претставува реализација на одредбите од Рамковниот договор. За жал, единствено што правите, ги реализирате интересите на ДУИ во Владата, а од друга страна воопшто збор не кажувате кои се интересите на македонците кои живеат на овие територии и кои цело време се сака да станат доминантно албански територии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате г-дине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Г-дине Стојановски, вие сами наметнувавте прашања, сами си дававте одговори, нема потреба од мене јас да ви одговарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски имате три минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Со внимание ја слушав дискусијата на ценетиот колега и под изговор дека ќе зборуваме со факти, ги вртеШе фактите на своја страна. Зборуваше за минатото. Би го

потсетил г-динот Тромбев дека ВМРО-ДПМНЕ не беше во 1996 година во Парламентот. Значи, овој факт не држи, паѓа како таков. Под изговор дека ќе направиме општини уште од 1996 година по мерка на граѓанинот и тогаш во Парламентот бев против 123 општини, не за бројот, туку она што значеше пренесување на ингеренциите на локални ниво. Ние и денес под изговор дека вршиме децентрализација по случајот децентрализација со децентрализациј и сега ќе имаме ние потешкотии, затоа што собирањето на средствата кај локалната самоуправа ќе биде отежнато, бидејќи имаме блок трансакции, каде што некаде 80 и нешто % ќе бидат оние блок трансакции во делот на финансираето, посебно во сицијалата и здравството.

Она што загрижува а не сака да го види г-динот Тромбев, синоќа еден пратеник од ДУИ многу јасно прати порака, дека кога ќе дојде да се зборува за името на Република Македонија, ќе се вика Вардарска Македонија и многу јасно кажа за териториите, разграничувањата, асимилацијата, преселувањето на граѓаните. Незнам дали г-динот Тромбев се сложува со овие филозофии и ако е така тоа е негово право На крајот од неговиот говор тој испрати една порака во стилот се надевам дека ако граѓаните или народот го изгласа, е умен да не го изласа референдумот, што ако народот го изласа референдумот. Значи, доаѓа дека народот не е умен. Мислам дека не држи да се зборува во име на народот. Се ми се чини дека до крајот добиваме впечаток и да не убеди г-динот Тромбев дека волкот е домашно животно, јагнето крволочно животно и во делот на ова би го прашал кога ќе најде некаде тој да прочита дали волк може да лае.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-дине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас знам дека г-динот Данески е член на ЛП кои се во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа не знаев дека е адвокат на ВМРО-ДПМНЕ.

За шпекулациите кои што вчера беа искажани, навистина не би сакал да коментирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски повелете имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитуван г-дине Тромбев јас би полимизирал со тезата која Што ја изнесовте, се што прави опозицијата ви личи на театар и комедии. Нешто зафатено длабоко во себе веруваме сте во право. Јас не би сакал да биде ова само некое калкулантско говорење на опозицијата, би цитирал нешто што и самите подобро од мене го знаете. Премиерот Бранко Црвенковски и лидерот на ДУИ Али Ахмети од Дебар порачаа дека Македонија останува унитарна држава и дека се исклучени територијални поделби по етничка линија. Бранко Црвенковски кажува: "бисакал да потсетам дека првата девиза од Рамковниот договор е дека нема територијалнорешение за етнички прашања и дека Македонија е унитарна држава. На тој Рамковниот договор и тој свој потпис го има ставено актуелното раководство на ДПА. Традицијата налага почитување на дадениот збор и потпис, а доколку тоа не го прават, тие ќе ја загубат почитта на сите граѓани". Али Ахмети кажува: "наш приоритет останува целосна имплементација на Охридскиот Рамковниот договор, кој е долг процес и бара одговорност од сите вклучени страни". Ова е кажано на 25 јули 2003 година во Дебар. Но, на 24 јули 2004 година се гашниот претседател, претходно премиер и претседател на СДСМ кажува дека етничкиот критериум е вметнат, заради целосно спроведување на Охридскиот договор. Во 2001 година имавме етнички конфлик, а со Охридскиот договор тоа требаше да се реши.Децентрализацијата е клучниот сегмент на тој договор. Затоа, мораше да се отстапи од класичниот експертски систем при донесување на законите. Ова е закон на компромис и концензус. После ова , јас незнам што повеќе можете да спорите, ако опозицијата прави театар, г-дине Тромбев вие правите циркус, од кој што незнам како ќе излезете и како мислите да излезете од целата оваа работа, затоа што очигледно е дека самите не ги почитувате критериумите кои ги баравте. Сето ова што го спомнавте, сите експерти, се што кажувавте дека е тоа осмислено, со овие работи паѓа во вода, затоа што со доаѓањето на Црвенковски за две минути се реши проблем, кој два месеци апсолутно поради тие етнички проблеми не

можевте да го поместите од место и ја државте Македонија во заложништво. Ова е вистината, ова се говорите, дали некој му се бендисува или не, нема да говориме приказни, ова е вистина, ќе ве молам ако имате нешто да додадете башка од ова што го кажа вашиот претседател, повелете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

г-ДИНЕ Томе Тромбев имате една минута.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Г-дине  Мавровски, апсолутно е точно она што е напишано во Рамковниот договор дека нема територијални решенија за етнички прашања. Меѓутоа, тоа се однесува за претходно, а не за наредното. Ќе ви ја кажам причината. Тоа го кажав и во мојот говор. 123-те општини беа етнички чисти територии. Затоа, составувачите на Рамковниот договор го напишаа тоа. И, сегашното решение кое што се предлага е меѓу решение, меѓу 30-те општини и овие 123 општини. Проверете ги и сите математики ќе ви ја покажат таа работа.

Инаку, за циркусот да ви кажам, оној циркус вие што го направивте на 1 август како пратеник, како претставник на државата и да викате на прославата на Илинденското востание и на АСНОМ тоа е циркус г-дине Мавровски, не другото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Костовски имате реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван г-дине Тромбев, во ваШето излагање слушнав дека сте вие непожелен во една од општините. Бидејќи, ние сме парламентарна држава, каде што граѓаните директно ги избираат нивните претставници, дали имате доблест денес со тие граѓани да позборувате зошто тоа се случи тоа со вањ. Тоа е моето прво прашање.

Второ, спомнавте дека денес треба да го посееме семето во 2004 година за соживот. Колку што читам од информациите вие сте бил министер од 97 и 98 година за урбанизам, потоа за транспорт и врски до 2001 година. Тоа значи активно сте учествувале во Владата. Кој го посеа ова семе кое што денес ние го жнееме. Кој го

донесе Уставот кој што ние моравме да го менуваме. Кој ги провоцираше гостиварските настаин на еден истакнат интелектуалец, денес е комплетно анонимус, г-динот Османи. Кој ги наведе малоречанските проблеми и ги доведе до совршенство на меѓунационална нетрпеливост. Според тоа, семето е посеено одамна, а не денес. Зажал, актерите на таа сеидба се сеуште тука.

Трето, во неден парламент на самостојна држава не е употребуван терминот за Меѓународната заедница за нејзиното влијание и незиното значење, како што тоа случува во нашата независна држава. Ве молам, ние сме самостојна држава, барем сеуште и таа терминологија за нивното влијание, малку барем да се отстрани, бидејќи ние самите мораме да ги решаваме прашањата што се од нас, за нас и за нас лично што се однесуваат. Сега, во врска со територијалната организација, велите дека сте за мултиетничко општество. Ќе ве молам објаснение, Градот Скопје. Во моментов имаме две општини каде што се говори албанскиот јазик во над 20% припадност на општините. Тоа се центар и Чаир. Виемеханички Чаир го зголемувате за 15 илјади жители и го правите исклучиво монолитно, мислам монолитна општина, а одземате од истата општина 10.000 и ги додавате на општина Бутел, ја правите чисто македонска. Кажете ми во кој контекст вие велите за мултиетничко општество кога веќе во моментов лод две постојни општини каде што се говори албанскиот јазик , вие правите само една. Тоа говори дека денес ние говориме не за нова организација, ние за многу сериозен аспект во приодот на оваа територијална организација, а тоа е демогравската геометрија, која за жал, вие ја применивте во случајов и која што морам да кажам дека е многу опасна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Коставски.

Г-динот Тромбев реплика.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Г-динот Костовски постави многу прашања и јас навистина незнам дали ќе имам време да му одговорам на сите. Меѓутоа, да му го кажам примерот на Старавина. Старавина е општина со 316 жители и г-дине Костовски јас во претходниот период кога работев како директор на Гранит-Битола учествував во изградбата на инфраструктурата

во Старавина. Таму има само 316 жители и депопулацијата на тој дел е навистина страшна. Ние треба и помогнеме на Старавина, а Старавина да остане како посебна општина, прашајте ги и оние експерти со кои се консултиравте и тие истото ќе ви го кажат дека Старавина не треба да остане општина.

Второ, точно, бев министер во 1997 и 1998 година, меѓутоа јас и тогаш се залагав дека урбанизмот треба да премине кај локалната самоуправа, бидејќи не може некој министер во централната власт да го регулира прашањето..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Тромбев.

Повелете г-дине Стаменков имате реплика.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Г-динот Тромбев искажа став дека 123-те општини кои постојат во Македонија со Законот од 1996 година е грешка и дека не треба да постојат. Тие немаат капацитети и дека тоа е погрешно. Јас постојано повторував дека единствено решение за развој на државата е во што поголем број на општини и што поглема децентрализација. Бидејќи, само ако го пуштиме економскиот развој доле на локално ниво, тогаш можеме да очекуваме дека државата се развива. Додека е разбирливо што г-динот Тромбев мисли така, бидејќи живее во град и непочувствувал ништо од проблемите во селските општини, како што е тоа да се нема со месеци вода, или да се нема канализација, да се гази кал по улиците. Неразбирливо е што исто така мисли и г-динот Најдовски. Така, сметам дека г-динот Томе Тромбев нека прошета малку повеќе по селата низ Македонија и нека ги види проблемите на лице место, па тогаш сигурно ќе го смени мислењето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Тромбев една минута.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Господине Стаменков потполно сте во право дека ние на селото треба да му посветиме внимание, меѓутоа, не на начин да остане посебна локана самоуправа затоа што одреден број од нив немаат капацитет да ги исполнуваат надлежностите кои што се

дадени со Законот за локана самоуправа  кои што се премногу сложени. Јас незнам дали тука можеме да се разбереме или не.  Не може секое село да има локана самоуправа. Јас го кажав примерот со мојата улица. Ајде да направиме референдум, па да направиме локана самоуправа. Не  може да ги исполнува тие надлежности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Завршија репликите, госпоѓа Иванова не е тука, повелете г-дине Паљошкоски вие сте на ред, а потоа  Јанаќе Витановски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Ова мое излагање ќе го започнам  со Уставот на Република Македонија. Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Граѓаните на Република Македонија, власта ја остваруваа преку демократски изборни претставници, по пат на референдум и други облици, на непосредни изјаснувања. Бидејки Република Македонија се залага за постоењето на правната држава и владеењето на правото, како и почитувањето на уставноста и законитоста. Цитираната одредба, прецизно го кажува на значењето на суверенитетот кој пред се изворно потекнува од самите граѓани и му припаѓаат нему. Локалната самоуправа како правно политичка и економска категорија, по својата смисла, функција и значење е најблиска до граѓанинот и несомнено дека е вистинскиот одраз на почитување на неговите основни права и слободи. Ова го потенцирам од причини што иако на локалната самоуправа и децентрализацијата, мора да се спроведуваат построго утврдени критериуми. Овој период сведоци сме дека во Република Македонија постои едноогромно незадоволство кај народот кој што не може едноставно да се занемари. Ако добро се анализираат состојбите во Република Македонија во овој период нужно е констатацијата дека во Македонија, веќе нараснаа тезите кај македонскиот народ, што за жал веќе водат кон ескалација и појава на граѓанска непослушност. Но, секако причините не треба да се бараат во нетолерантноста на македонските граѓани, туку причините за тоа нормално

дека лежат во лошото законско решение на Владата на Република Македонија, за територијалната организација на Република Македонија .

Тука се поставува и клучното прашање. Зошто Владата на Република Македонија, која веровратно ги предвидела можните реперкурсии и лошото и неконкретно законско решение. Додека се подготвуваше овој закон, се обиде да се скрие поради политичките парван и да води политички преговори за сметка на интересите на граѓаните. Зошто претставниците на Владата не беа доволно доблесни во периодот кога се водеше јавна дебата, ако воопшто може така да се нарече, бидејки практично ја немаше. Не ја информираа јавноста дека нужно е територијалната организација на Република Македонија, да биде базирана исклучиво врз етнички критериуми.

Откако претставниците на Владата, преговараат во име на граѓаните, имаше тотален молк, информативниот мрак за прашањето, како ќе се децентрализира Македонија, не конкретно беше однесувањето на некои владини министри, кои со неразбирлив оптимизам изјавуваат дека преговорите се конкретни, дека ќе се најде компромис, дека македонскиот национален и државен интерес ќе бидат приоритети. И на крајот по преговорите се понуди решение, кое во најмала рака може да се нарече не позитивна територијална организација. И може слободно да се каже дека, последните месеци македонската демократска јавност, како носител на јавното мислење и главен репрезент на сопствените интереси и барања и разбранувана од проекти на закони кои што сериозно започнуваа да ја нарушуваат смислата и духот на демократската иницијативност, кое е неопходно за квалитетно остварување на заштита на националните интереси на македонската држава и народ.

Имено, и Собранието на Република Македонија како носител на законодавната власт и ние како претставници на граѓаните, соочени сме со законски проекти кои ги најавуваат лицемерниот однос на владеачката коалиција, односно Владата на Република Македонија, кон државниот интерес на Република Македонија. Индикативно е што се сериозни законски решенија се форсираат, демократска иницијативност, а всушност се работи за класичен упат во темелните вредности на Република Македонија. Во нејзините постулати, на правниот поредоки државотворен просперитет. Аргумените кои што

лицемерно се презентират, дека е потрено неопходна промена на образовниот систем, правниот, безбедниот систем и воспитниот систем на локалната самоуправа, само по себе говорат дека се доволно не сериозни и не конкретни за да бидат реализирани како законска легаластатива.  Да се осврнат на инсистирањето на Владата, да исфорсира децентрализација која од сите согледби нема никаква врска со моделот на децентрализацијата присатен од современите европски држави и законодавства. Се поставува клъучното прашање.  Зошто е потребна исфорсирана територијална организација, заснивана врз еден неопстоен законски прелдог.

Владата на Република Македонија, задолжена е за евроинтеграциите. Сервираат аргументи поврзани со поднесената Апликација на  Република Македонија  за влез во Европската унија. Тврдат дека децентрализацијата е клучниот  фактор за нашиот прием во Европската унија , и дека мора да се обезбеди неопходна територијална организација на локалната самоуправа.

Точно е дека центаизацијата е битен фактор за евроинтегрирањето, но децентрализацијата мора да е производ на општоприфатен консензус со што би се обезбедиле вистински потреби на населението. Навистина не е јасно како можат да се создаваат законски проекти лишени од гласот на народот и интересите на граѓаните и здружување на националните витални интереси.

Реакциите на народот за предложениот закон за територијална организација на локалната самоуправа навистина укажува дека граѓаните во никој случај не би прифатиле квази решение кое би го опструирале нивното право да ја практицираат власта низ потребите на локалната самоуправа. Зарем гласот на граѓаните не е најбитна насока кон која треба да се стреми програмата на секоја политичка партија, а посебно партиите на власт, кои и политички се најодговорни во кој правец го носат македонскиот народ и Република Македонија .

Овој предложен закон е една наивна имитација и не точна интерпретација на европски загарантираните, презентираните и практикуваните  стандарди на европското законодавство. Тој претставува обид за имплементација на модел на локалната самоуправа која Република Македонија би ја поделило легитимно низ законодавниот

процес, а всушност на неконкретен и нереален начин извршиле територијална поделеност на интегритетот и унитарниот карактер на Република Македонија.

Неточни и дволични се тезите дека општините мора да се раководат од крупни економски перспективи, а истовремено да се наметнуваат злоупотребите на човековите права на граѓаните слободно да одлучуваат во каква територијална организација ќе живеат.

Човеково право и право на граѓаните воопшто е државата како државна организација со парламентарни репрезенти да обезбеди доближување на државните ингеренции кон локалното практикување на власта.

Кога се креира законски проект од таков карактер во никој случан не смее да се запостават социолошките, куртулорошките и економските специфики на секое подрачје. Имено, секое подрачје на Република Македонија има свои посебни специфики кои би загинале доколку би се запоставиле во име на етничкиот интегритет на определени припадници на заедниците во Република Македонија .

Конкретно на припадниците на албанската заедница евидентен е примерот со подрачјата од Западна Македонија каде се одвиваше воениот конфликт се премногу чувствителни за да би се форсирал територијален модел кој би довел до дебалансирања на етно структурата. Македонците од тие подрачја се загрижија за нивната иднина, бидејќи постои реална можност од тивко етничко чистење, културен геноцит којби се спровел преку напуштање на своите вековни огништа.

Не можеме како претставници на граѓаните да ги игнорираме ваквите нивни грижи и проблеми, бидејќи реперкусиите од тоа би биле несогледливи.

Егзистирањето на 123-те општини секако дека покажа конкретни резултати и го оправда суштинскиот концепт на територијалната организација. Не е точно утврдено дека успешната децентрализација мора да се обезбеди само со окрупнување на постојните општини само за да се обезбеди економски просперитет на истите.

Проблематично е што одредени општини кои се со послаб економски потенцијал се третираат со исти параметри со економски моќните општини.

Територијалната структура предвидена во овој Предлог закон носи сериозни минуси во однос на реалцијата на градски рурални општини затоа што кон некои градски општини се приклучени рурални со што се доведува декомпонирањето на градските општини со широки рурални општини со што финансискиот интерес го губат и градските и руралните општини.  Со тоа ќе постои еден континуиран ривалитет меѓу градските и руралните општини  за обезбедување на финансиски буџетски средства.

Руралните општини ќе ги изгубат своите витални интереси од економски аспект каде земјоделството и производството ќе се нарушат поради политичко финансиските интереси на градските општини, секако изразени од одредени локални политички моќници на владеачката коалиција.

Од самото тоа произлегува дека всушност овој Предлог закон е производ на политичките делови од владеачката коалиција и нивните сомнителни финансиски интереси. Се обезбедува простор за формирање политичко димензионирање на веќе одамна започнато етничко чистење.

Со овој Предлог закон се форсира можност на крајно држок начин да се отвори политичка контрола и самоуправа базирана врз национален принцип.

Катастрофално  лошата концепција на овој Предлог закон нас како пратеници во Собранието на Република Македонија ни сугерира само едно да не се дозволи Република Македонија да се претвори во земја каде е злоупотребена Европската повелба за локалната самоуправа од 1985 година, посебно на предвидениот член 5 и земја каде се нарушени елементарните човекови права и смислата и суштината на вистинската децентрализација.

Гласот на народот од одржаните референдуми, појавеното незадоволство, негативните оценки на експертско ниво, сугестиите на ЕУ му даваат сериозна обврска на Собранието на Република Македонија да застане цврсто против разнебитувањето и разградувањето на македонската држава. Доколку застанеме против политичкиот упад на Владата во воспоставениот општествен и правен поредок на Република Македонија,сигурне сум дека застануваме и зад интересите на граѓаните пред кои сме

должни како нивни избраници да го одбраниме во име на демократијата, просперитетот, евратланската ориентација и унитарниот интегритет на македонската држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Витановски, а нека се подготви пратеникот Кире Гештаковски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, не го гледам минситерот, почитувани колеги пратеници,

По долга расправа и по долго чекање еве и јас дојдов до говорницата да го дадам своето мислење во однос на Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Ова е мое гледање и мој став по овој закон, можеби ќе има реплики, но нема да одговорам, бидејќи што мислам ќе кажам сега.

Чувствувам одговорност и потреба да го дадам своето мислење, бидејќи ова е еден од поважните закони кои го има овој Парламент и со кои закони ќе бидеме дел од историјата на Македонија.

Почитуван претседателе, ова е расправа по текстот на законот, но би ве замолил да не ме прекинувате доколку излезам од темата, сакам да си го искажам својот став по законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само ќе ви кажам кога ви е прва дигресија, всушност втора и трета, а после третата...

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Од досегашната расправа по амандманите и по текстот на законот го поставувам прашањето каде ја водиме Македонија?

Почитувани колеги, со овој закон и со останатите 28 закони за децентрализација исправени сме пред историски моменти за Република Македонија. За мене овој закон е од историско значење за Република Македонија и од овој закон и останатите закони за

децентрализација на власта водржавата дали ќе ги донесеме или не ќе зависи иднината на Република Македонија и иднината на идните генерации.

Ние овде во овој парламентарен состав треба да ја понесеме одговорноста за иднината на Македонија, како што пред нас тоа го направија претходните парламентарни состави со донесувањето на Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор. Тоа с е историски моменти и овие законис е историски закони за Македонија и затоа ние како претставници на народот, треба добро да размислиме при донесување на овој закон и да ја понесеме одговорноста од донесувањето или не донесувањето на овој закон и останатите пакет закони за децентрализација на валста во државата.

Децентрализацијата е од суштинско значење за демократските процеси во државата, но и во процесот на градење на доверба меѓу граѓаните и таа е патоказ кон Европската унија и НАТО. Нашата стратешка цел кон ЕУ и НАТО, а тоа е цел на граѓаните и затоа ние мораме да истраеме на овој пат.

Владата на Република Македонија ни го достави пакетот на закони за децентрализација на влста во државата меѓу кои и овој закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници.

Законот за територијална организација на локалната самоурава во Република Македонија произлегува од Рамковниот договор кој е потпишан на 13 август 2001 година член 19 од Законот за локална самоуправа. Со овој Закон се уредува територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, се основаат општините, се утврдуваат подрачјата на општините и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, се утврдуваат имињата, седиштето и границите на општините, се определува видот и имињата на наслените места, како и други прашања штопроизлегуваат од теритогијална организација на локалната самоуправа. Сакам да потенцирам дека основањето нанова општина и менувањето на името и на седиштето на општината може да се изврши само со овој закоон, а не со одлуки на општините или со референдуми на општините.

Сакам да потенцирам дека уште и пред ставањето на Предлог Законот на дневен ред на Собранието, опозицијата а благодарејќи на некои од медиумумите ја кренаа толку многу тензијата, мислам непотребно се загра состојбата до теритогијална организацијачка на вриење, се прашувам кому му оди ова во корист? И од друга страна опозицијатsa преземаше мерки надвор од овој Парламент и далку од демократските процеси во државата. Мислам тоа се тесно партиски интереси па дури мислам и ривалство во самата партија, а со цел да се добијат политички поени за наредните локални избори.

Почитувани колеги што нуди овој Закон.

Во суштина со овој Закон од постоечките 123 општини се основаат 84 општини од кои 10 во Скопје а се укинуваат 41 општина. Друго клучно прашање е што 16 рурални општини се спојуваат со урбани општини. Се прашувам на кого му оди оваа загреана ситуација во корист?

Со овој закон се предлага да покрај општините во кои покрај македонскиот јазик да се зборува и албанскиот јазик во три општини покрај македонскиот јазик ќе се зборува и турскиот јазик како службен јазик, во една општина српскиот и во една општина ромскиот јазик. Можеби имаше место и во една општина да се зборува и јазикот на бошњачкиот народ и со тоа да се потврдеше мултиетничкиот карактер на македонското општество, но и без тоа со овие општини мултиетничкиот карактер на македонското општество е сочуван.

На кратко сакам само да ги истакнам бројките на населението според последниот попис. Мислам дека тоа ќе биде добро за вас и граѓаните. Македонија има вкупно население од 2.022.547 жители од кои Македонци 1.297.981 жител или 64,18% албанци, 509.083 или 25,17%, Турци 77.959 жители или 3,85%, Роми 53.879 жители или 2,66%, Власи 9.695 или 0,48%, Срби 35.939 жители или 1,78%, Бошњаци 17.018 жители или 0.84% и останати 20.993 жители или 1,04%.

Зошто го зборувам ова? Ова е демографската слика на Македонија и овие сите граѓани на Република Македонија треба да живеат во Република Македонија и да градат заеднички соживот и да живеат на ова парче земја а ние тоа како нивни претставници

треба да им го обезбедима, да носиме закони кои ќе бидат во интерес на граѓаните а не во интерес на партиите.

Поаѓајќи од ова со новата теритогијална организација на локалната самоуправа треба да создадеме општини како реално одржливи заедници на жителите на одредено подрачје. Во тие општини граѓаните треба да ги остваруваат своите потреби и интереси а во согласност со Законот за локалната самоуправа посебно со член 22 и во согласност со стандардите и нормативите со останатите закони со кои ќе се изврши децентрализација на надлежностите, а не општина која по основањето да не може да ги извршува основните потреби на граѓаните.

Општината се основа за подрачје на едно или повеќе населени места во кои граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси, на која постојат услови за материјален и општествен развој и за учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси.

Општината, според член 22 од Законот за локална самоуправа ќе биде надлежна за: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата,  планирање на локалниот економски развој, за комуналните дејности за културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита на децата, образованието, основање на основни и средни училишта, здравствената заштита ќе биде во надлежност на општината, против пожарната заштита и други надлежности утврдени со законот.

Но за извршувањето на овие надлежности и за опстанокот на општината се потребни финансиски средства кои се утврдени со посебен закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа што е на ред на оваа седница.

Од горе наведеното произлегува дека се зголемува бројот на надлежностите на општините, со што се зголемува и обемот на одговорностите на постојните општини за повеќе области од секојдневно значење и интерес за граѓаните. Имено, големиот број на надлежностите за кои зборував, генерално ја наметнува потребата да се преиспита големината и капацитетот на општините за извршување на оделните надлежности со потребниот квалитет и ефикасност. Поголемиот дел на новите надлежности не можат да се извршуваат во рамките на постоечката територијална организација а посебно од

страна на помалите општини. И затоа се прави нова територијална организација врз основа на посебни критериуми.

Ќе се осврнам на она што се случуваше овде, почнувајќи од 26-ти јули.

Почитувани колеги пратеници.

Од кога ја започнавме расправата на 26 јули па до денес се води жестока расправа токму околу тоа врз кои критериуми и врз кои основи е направена теритогијалната организација на општините и овде некои се прават големи Македонци и патриоти а некои ги прават предавници.

Во досегашната расправа опозицијата ниту во амандманската расправа ниту сега не излезе со аргументи и факти зошто е против овој закон но само со напади од типот: поделба на државата; ова е федерализација на државата; етничко политички договор; Македонија е на колена; етничко кроење на границите; законот е против уставен; иселување на Македонците; Рамковниот договор нема врска со овој закон. Мислам дека не сте во право, а од друга страна ги делите и луѓето и општините на ваши и наши. Каде не води тоа почитувани колеги?

Зошто толку тешки зборови кажувате, зошто толку отровни стрели фрлате од говорнициата кому ова му оди во интерес? Сите вие од опозицијата за изминатите денови го зборувате ова што пред малку го кажав.

Но овде, од ваша страна, нема убави зборови - како што се вели - убавите зборови железни порти отвораат. Вие ги затварате железните порти, вие зборувате за поделби и разделби а не за спојување и соживот на граѓаните. Да ве потсетам, вие први почнавте да ја делите Македонија. Поранешниот ваш лидер заговараше делба, преселба на граѓаните, градење на зидови Другиот ваш партиец ја делеше Македонија до Групчин и отаде Групчин. Тие се ваш идеи, не се наши. Каде ќе не однесе тоа ако и ние така размислуваме. И сега вие се правите патриоти а нас не правите предавници. Но да ви кажам, јас немам друг пасош освен Македонскиот а вие проверете меѓу вас колку имате други пасоши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е прва дигресија господине Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ

Благодрам претседателе.

Почитувани колеги пратеници вие од опозицијата еве како ги браневте вашите амандмани.

Прво, се залагате во вашето излагање за 123 општини поднесувате помалку амандмани, па потоа со некои ги окрупнувате општините, па така немате свој единствен став, јас така заклучив. Никој од вас не се запраша дали овие 1234 општини ќе функционираат и ќе опстанат и ќе можат да ги извршуваат новите надлежности од член 22 од Законот за локална самоуправа и дали граѓаните ќе можат да ги извршуваат своите права.

Во аргументите за одбрана на амандманите кажувавте дека населеното место има мост, има река, има шума, има 5 км. асвалтен пат се врши санација на патот, има водовод, канализација, па дури има и овци и кози и да не набројувам понатаму. Тоа останува сега и никој нема да го земе. Спојувавте рурални општини по 3, а критериум - излегуваат на граница итн. И вашите расправи траеа долго и губевме многу време за да на крај и самите излезете од салата и не гласате за својот анамндман. А од друга страна продавате демагогија - се грижите за народот.

Вашите аргументи и дискусии за жал ги темелевте на факсовите кои ви ги праќаа вашите градоначалници од општините, а податоците за оштините, што ги читавте ви беа многу стари од 1994 година, бидејќи ги читавте од книгата “Општините во Република Македонија”, па како да бевме на час по географија. А целта ви е да го блокирате работењето на Парламетот а не за општината да опстои.

На крај да заклучам немавте критериуми по кои ги предлагавте амандманите и немавте став по иститe а ставот ви беше тесно партиски и од лични интереси а не за интерес на граѓаните.

Па така, во вториот дел од амандманите предлагавте амандмани во членот 12 а основа за тие амандмани беше членот 10 поради што тие амандмани не беа усвоени.

Почитувани колеги пратеници.

Во досегашната расправа не кажавте која е вашата цел? Да го спроведуваме Рамковниот договор, односно да ја извршиме децентрализацијата на власта во државата и да одиме чекор напред кон ЕУ и НАТО или да се вратиме назад во 2001 година. Но за жал вие немате единствен став по овој Закон а тоа се виде кога не гласавте по Амандманите кои сами ги предлагавте. Едни гласат,едни не, зависи во кое крило сте. Но вие се залагате да не се донесе Законот а тоа е почитувани колеги од опозицијата најлошото Решение за Македонија.

Во расправата која се води вие си играте со најосетливото прашање со најболното прашање а тоа е националното прашање и си играте со чуствата на граѓаните и сеете омраза. Мислам дека тоа е недопусливо.

Најмногу расправа се води за Струга, Кичево и Скопје. Кога сме кај двојазичноста и тука се разликувате. Поранешниот ваш лидер е против двојазично Скопје. Тоа го изјави на говорницата.Сегашниот ваш лидер е за двојазично Скопје, но не на ваков начин, механички и вештачки правење на општини. Но во случајот нема сечење на катастарски граници и оттука нема вештачко правење на општини.

Но сакам да ве потсетам и прашам, на кого сега му смета зборувањето на Албанскиот јазик во Парламентот? А порано, во почетокот излегувавте од сала,бегавте, сега тоа е нормално. За жал, почитувани колеги мораме да се соочиме со вистината и реалноста која постои и бегање од неа нема. Но нас ни треба и ни недостасува политичката култура.

Почитувани колеги пратеници,

За мене е неспорно прашањето дека овој Закон произлегува и е продолжение на Рамковниот договор иако тоа опозицијата го оспорува. Но, тоа е кажано во основните принципи од Рамковниот договор во точка 3.2 и во Анекс Б , точка 3 и Анекс Ц точка 4 и од Законот за локална самоурпава член 19.

Потписниците на Рамковниот договор имаат и обврска да го спроведуваат Рамковниот договор. Јас затоа барам од опозицијата да се залага за имплементација на Рамковниот договор, односно за донесување на пакетот на закони за децентрализација и за овој Закон. Јас го имам Рамковниот договор, го читам така како пишува а не занам

што се договориле и ако има друго толкување, потписниците треба овде да дојдат и да објаснат.

Јас ги повикувам сите потписници на Рамковниот договор да дадат свој придонес за имплементација на Рамковниот договор и на овој Закон. За жал, овде не е присутен на оваа расправа еден од потписниците, а тоа е ДПА. Тоа е неоговорно од нивна страна и таков однос не враќа назад. Така не можеме да одиме напред и така не можеме да градиме демократски процеси.

Ќе дадам свое видување за одржаните референдуми за опстојувањето на општините. Се одржаа 41 референдум. Не навлегувам во нивниот легимитет. Но, референдумот не произведува правно дејство за Парламетот. Бидејќи по членот 19 алинеја 3 од Законот за локалната самоуправа е избришан и не постои обврска за прифаќање на одлуката на референдумот.

Законскиот основ за основање општина е членот 2 од овој Закон.

Ќе дадам свое видување во однос на собирање на потписи.

Собирањето на потписи 150.000 за распишување на референдум тоа е со Устав дадено право и доколку се соберат, мое мислење е,Собранието ќе распише референдум.Одлуката за референдум ќе се почитува. Референдумот е единствено легитимно право на граѓаните да кажат не на оваа власт што ја избрале, а не да се оди пред куќите на пратениците, да се свирка, вика, да се навредуваат пратениците, да се блокираат улиците итн.

Мислам дека тоа не е демократски. Токму ова е демократскиот начин .

Почитувани колеги пратеници.

Ова парламентарно мнозинство, оваа коалиција која е на власт што го доби мандатот од граѓаните собра храброст за што вие не можевте да се зафатите. Немавте храброст. Затоа оваа коалиција го предлага Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија , со која се предлагаат од постоечките 123 општини, секаде има 84 општини, од кои 10 во Скопје.

Одговорноста е наша и ние ќе ја понесеме. Ние сметаме дека ова решение за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија е

најдобро. Сигурно не е најидеално. Со кое предвидените општини ќе можат да функционираат и граѓаните ќе ги остваруваат своите права во нив. Ќе имаме локалната самоуправа насочена кон обезбедување ефикасна локалнасамоуправа достапна за сите граѓани во сите општини.

А,најлошото решение е да ја стопираме децентрализацијата, затоа се определивме за првото решение, со сите ризици врз нас, во интерес на Македонија.

Да се вратам на првото прашање кога ја почнав мојата дискусија, каде ја водиме Македонија.

Според мене со усвојувањето пакетот закони за децентрализација, Македонија е се поблиску до ЕУ и НАТО. Со стопирање со процесот на децентрализација Македонија е се подалеку од ЕУ и НАТО.

На крај, јас го подржувам овој Закон и ќе гласам за него од една единствена причина, што верувам во овој Закон, верувам во Владата, веруам во колиционите партнери. Но имам една забелешка, им обрнувам вниамение да се корегираат во вчерашните изјави и оваа Македонија треба да ја чуствуваат сите и Албанците и Македонците, и Србите и Бошњаците и сите. Друга земја немаме. Сите треба да ги почитуваме Уставот и Зајконот. Верувам дека овој Закон произлегува и е продолжение на Рамковниот договор кој го донесе претходниот парламентарен состав а го потпишаа СДСМ, ВМРО, ДПА и Меѓународната заедница.

Можеби ова не е најдоброто решение за територијалнта организација на општините, но јас веруам во ова решение и ова решение е патот кон подобра иднина на сите граѓани во Република Македонија и патот кој не доближува до ЕУ и НАТО.

Верувам и ве уверувам сите вас кои мислите дека Македонија со овој закон ќе се федерализира и ќе се подели, Македонија со овој закон ниту ќе се федерализира ниту ќе се подели. Напротив Македонија со овој закон ќе биде по мирна, по стабилна по безбедна и поблизу за една скала до ЕУ и НАТО.

Суверинитетот и територијалнито интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата ќе останат неповредени и сочувани.  А мултиетничкиот карактер на македонското општество ќе го зацврстиме и ќе го сочуваме.

Знам и верувам дека со мојот глас ЗА нема да погрешам и го правам тоа со лично убедување и ја понесувам историската одговорност, а се навдевам и ќе покаже историјата дека не сум погрешил.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Почнуваме со репликите.

Значи, последен е господинот Оровчанец, а почнуваме со господинот Караџовски.

Повелете, имате три минути.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Господине Витанов,

Единствено нешто што јас можам да прифатам дека ви беше исправна сета ваша дискусија е прашањето што самите си го поставивте, а тоа прашање беше каде ја водиме Република Македонија. Верувајте дека ова прашање го сфаќам дека си го поставувате самите на себе или на вашата пратеничка група. Инаку, јас би ве прашал каде ја водите Македонија?

Е сега, единствено тука што не можам да разберам е одговорот што го давате. Одговорот е, почитуван колега, како во времето кога го слушав Другарот Тито или неговите претходници, можеби Кумровачката школа која се гледаше комунистички, ама за жал, Југославија се распадна.

Исто така, и вие почитуван колега, инаку треба навистина да се запрашате каде ја водите Македонија и не да се трудите овде целиот говор да го елаборирате што кажала опозицијата, што мисли опозицијата, кои ставови се добри, кои се лоши, туку треба да се замислите ова самите се прашувате да го дадете одговорот, токму на оние на кои што кажавте дека ви се собираат пред куќата. Но, тие можеби и не се толку битни. Битни се, почитуван колега оние кои ве изгласале, кои ве донеле овде како претставник да се

прашате за што ве донеле овде, почитуван колега, зарем да ја правите Македонија како Швајцарија, кога рече некој од вашите колеги коалициони партнери? Зарем да ја правите Македонија како некое јадење, како што сликовито го опиша еден колега од вашата коалиција? Сите различни јадења во исти лонец?! И така натаму и така натаму. Зарем зборовите од господинот Фазли Велиу ништо не ви значат вчера што ги кажа во репликата на Тито Петковски.

Зарем не гледате тие јасно ја исцртаа позицијата што ја бараат и што сакаат. Тие сакаат Швајцарија, па Македонија. Вие знаето што значи Швајцарија. И зборувате за унитарност во Македонија. Зборувате дека Македонија ќе појде во Европа. Македонија можеби ќе појде во Европа, ама каква. И тука треба да се прашате. Точно е, убаво ви е прашањето ама се друго не ви е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хасипи, реплика или збор.

Повелете три минути реплика.

КЕНАН ХАСИПИ:

Господинот Јанаќе Витановски во својот настап се повика на одредени статистички показатели и во врска со учеството на поедините етнички заедници во вкупното население. Дали воопшто направил математика колкав процент од вкупното население воопшто им припаѓа уставно земено на помалите етнички заедници.

Второ, дали навистина е убеден дека оставањето по една евентуално две или ниедна општина на некоја од етничките заедници реално го отсликува мултиетничкиот карактер на државата и,

Трето, дали воопшто смета дека е вкусно во име на помалите етнички заедници да се поставува во улога да ги утврдува нивните потреби имајќи овде легитимни претставници на тие заедници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Оровчанец, реплика три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

Јас мислам никој овде не зборуваше за предавници итн, меѓутоа очигледно потребата негова за лична диференцијација на пратеникот Јанаќе Витановски самиот себе да се детерминира како предавник, е на некој начин само признание или оддушка за она што како ќе направи и ќе гласа.

Во целата дискусија која што провејуваше со еден манир на говори од пред 20 години од самоуправниот социјализам мислам дека ќе заврши со, дека ова ќе биде најмакедонска Македонија ама не го дочекавме тоа.

Околу делбите би сакал да кажам.

Кога зборувавте за делбите и за нашиот лидер итн, јас ќе ве потсетам на една работа и оваа да ја запамтите неколку пати се повторува дека делбите ги иницира, ги промовира во јавност висок функционер на СДСМ во МАНУ 1997 година на еден собир на кој што присуствуваа мислам и замeникот секретар на САД во тој период беше промовирана од господинот Ханџиски. Според тоа, таа идеја потекнува од тогаш, ако сте вие за таа идеја и јас следите, тоа е друго прашање. Дали ја следите? Јас ќе ви кажам да. Ќе ви кажам и зошто. Затоа што овој закон ваков што се носи е лош и затоа што ја води Македонија во таа средна фаза на делба и од тоа чувство едноставно не можете да не оттргнете.

Понатаму дебатирате дека ние сме биле против законот. За Закон за децентрализација. За Закон за децентрализација, уште еднаш ќе ви повторам, меѓутоа не за лош закон кој прави на некој начин дигресија во целото македонско општество не можеме да го прифатиме како закон кој е валиден, закон кој што треба да обезбеди пат кон Европската унија.

Со овој закон ќе стигнеме како слепи патници во Европската унија. Ние како граѓани во вакум нема да живееме, но Македонија не може како држава до стигне до Европската унија затоа што во тој период ќе се изгуби на овој начин, господине Јанаќе. И,

мислам дека треба да размислите добро што правите со притискањето на зеленото копче бидејќи тоа притискање многу ќе ја чини Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Стаменков, а нека се подготви пратеникот Слободан Чашуле.

Повелете господине Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседател, министерот го нема, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас сум против донесувањето на овој закон и ќе гласам против неговото донесување, не само заради тоа што сум дел од опозицијата, туку најповеќе поради тоа што тоа е мое мислење. Сметам дека овој закон посебно начинот на неговото донесување, сето она кое што произлезе од парламентарната расправа укажува дека ќе се направи една круцијална грешка во Република Македонија и ќе се донесе еден штетен закон во државата. Да зборувам од самата потреба за донесување на законот кој што се елабораше во Парламентот од страна на Владата, од страна на пратениците и беа спомнати два основни мотиви или причини поради кој што треба да се донесе овој закон.

Првата причина поради која што мораме да донесеме ваков закон е Рамковниот договор. За да го исполниме Рамковниот договор, Парламентот на Република Македонија односно Собранието треба да донесе измена или нов закон или ревизија. Се слушнаа многу зборови, иако правилно во самиот Рамковен договор се пишува дека треба да се изврши ревизија на општинските граници. Оваа потреба е сватена од страна на Владата, бидејќи Владата е предлагач на законот како можност или како момент донесен нов Закон за територијална организација. Сметам дека е тоа погрешно и не треба буквално да се толкува Рамковниот договор и да се чита тоа што го пишува дека треба да се изврши ревизија односно контрола на општинските граници во Република Македонија.

Ревизијата на општинските граници предвидува на одредени меѓи меѓу општините, одредени села кои што припаѓаат сега кон една општина или кон друга општина да се праша населението кое што живее таму на референдум. Значи ако сакаме

Велешта да го споиме со Струга или ако сакаме Кондово да се спои со Скопје, со Сарај, а со тоа со Скопје или некое друго населено место да го издвоиме од некоја градска средина, ние треба да го прашаме населението кое што живее таму на референдум да каже дали сака тоа да се направи така.

Ние ако идевме по таа постапка немаше да ги имаме овие проблеми. Едноставно грешката која што беше направена во 2002 година во Законот за локална самоуправа со која што се укина референдумот кој што беше вграден во Законот во 1995 година за локална самоуправа, како начин на кој што се определуваат општински граници, да ја исправиме и да ја прилагодиме според Европската повелба за локалната самоуправа. И, да тој закон кој што во 2002 година е донесен со 2/3 мнозинство во овој Парламент, значи сите партии и од опозицијата и позицијата гласале за него и го донесле, значи сите заедно сме виновни за што е укинат тој начин на одредување на општинските граници. Да не се окривуваме меѓу себе кој е помалку крив, кој е повеќе крив. Грешката е направена, а за да се исправеше грешката требаше да се направи измена во тој закон за локална самоуправа 2002 година, да се прилагоди на Европската повелба и ние пред да пристапевме кон исполнување на Рамковниот договор, односно ревизија на општинските граници имавме веќе законска подлога, регулатива според која што ќе спроведевме референдуми таму каде што сакавме да ги менуваме границите.

И се ќе си беше во најдобар ред кога сето тоа ќе се направеше, овој Парламент ќе имаше консензус по ова прашање, сите партии без разлика дали се од припадниците на малцинствата во Република Македонија или од македонските партии, ќе бевме едногласни и ќе го поддржевме тој закон. Ние направивме грешка, грешка која што може да биде многу опасна бидејќи гледаме дека оваа грешка без да се почитува мислењето на граѓаните може да доведе до ревитализација. Еве примерот со Облешево. Облешево еве две до три недели го блокира патот, магистралниот пат Штип-Кочани. Штетата е огромна. Голем број граѓани мораат да возат по заобиколен пат во должина од 20 км кој што не одговара на стандардите кој што се предвидени за регионалните патишта.

Кој ќе им ја плати штетата на тие граѓани кои што ги искршиле тие коли, што потрошиле огромна количина бензин и кои што се малтретираат и си го загрозуваат

сопствениот живот возејќи по тој пат. Значи, сето ова не е важно, важно е некој да си ја спроведе својата волја и да каже ние сме на власт, ние ќе решаваме, ние годобивме гласот на народот, ќе чекате 4 години па по 4 години народот ќе оцени дали добро работиме. Тоа не е во ред, мислам дека е погрешен начинот на такво размислување. Народот секогаш треба да се прашува, не само после 4 години, во секој момент мислењето на народот е важно за власта.

Со такви размислувања се буди власта, штетата ќе се направи и тешко ќе се надомести. Точно е дека се слушна политичка одговорност, таа политичка одговорност се мисли токму на изборите кои што ќе следат. Точно е дека народот ќе ја казни власта ако лошо работи, но кој ќе ја надомести штетата и дали може да се врати работата во почетна položба. Тешко се враќаат работите назад, тешко може она што веќе е направено и кој што земало замав повторно да се врати и во старт на позиција и да се процени дека е направена грешка. Дај сега ќе ја исправиме и ќе работиме како што треба.

Сметам дека грешката уште не е докрај направена, сепак може да се исправи ако Владата си го повлече законот и го почитува ова дека е најважно мислењето на граѓаните. Ние овде сме претставници на народот, ние го застапуваме народот. Ако народот мисли дека овој закон е лош иако во овој закон не е вградена волјата на народот тогаш Владата треба да има слух за тоа да го повлече и да тргне по постапката која што ја објасни. Да го врати, нека се одложат локалните избори за 6 месеци, важно е тоа како размислува народот. Значи, има време да се направи измена на законот за локална самоуправа, да се спроведе референдум и сите ние тука да бидеме, едноставно да не се чувствуваме како некој што вика и да не нарекуваат по улиците предавници, да не плукаат или да не нарекуваат националисти, шовинисти и не знам какви други изрази, се спомнуваат тука.

Тоа е единственото кое што може да се направи во овој момент и би требало да се прифати.

Втората работа која што се спомнуваше се надлежностите. Надлежностите кои што се доделуваат со Законот за локална самоуправа се претпоставува дека ќе бидат голем товар за малите општини и дека ќе нема доволно економска моќ да си ги

спроведуваат овие надлежности на квалитетен начин ги дистрибуираат до граѓаните односно да ги задоволат потребите на граѓаните. Тоа е она кое што морам да кажам дека не држи.

А, кога зборуваме за економска моќ мора да се повикаме на Законот за финансирање на општините. Економската моќ произлегува од Законот за финансирање на општините. Ако го погледнеме тој Закон за финансирање на општините за кој што јас говорев дека прво треба тој да се донесе, а потоа да разговараме за сите други закони од областа на децентрализацијата по однос на локалната самоуправа. Не можеме ние да не располагаме со бројката со колку пари ќе располагаат општините тој закон кој што треба да го донесеме, а да зборуваме за економска моќ. Ние уште го имаме тој закон како Предлог закон, треба да расправаме, втора точка на дневниот ред е, но треба да ја завршиме оваа територијална организација.

Тоа е сосема погрешно и некако наведува на фактот дека оваа тема кога ќе се начне само декларативно се кажуваат, без конкретни проверки, во магла е работава, може да се каже. Не е јасно или не е чисто. Јас ќе ви кажам дека со стариот Закон за финансирање на општините регулирано преку Законот за локална самоуправа, не постоеше посебен закон за финансирање на општините туку ова прашање беше регулирано во Законот за локална самоуправа од 1995 година. Таму изворите за финансирањето на општините беа точно наведени и беа дефинирани дури и процентите и некои зафаќања, да речеме од данокот на промет, верувате или не, ова не е спроведено и регулирано до ден денеска после 8 години. Значи, овој закон кој што обврзува општините да добиваат колку толку проценти од данокот на промет не се реализира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков ќе дојдат тие закони, тука ќе дискутираме за нив. Ве молам продолжете за овој закон.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Господине претседателе, ви се чини малку слушате, нешто слушате, нешто не слушате, па не сте во тек за она што го зборувам. Се чини и таква е работава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не знам, зборувате за финансиска децентрализација.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Нормално е дека сте изморени, дека расправава е долга така да тоа е сосема нормално, јас зборувам точно по законот кој што е на дневен ред, за територијална организација, само ова е во контекст на тоа се работи за финансирањето, за економската моќ на општините, бидејќи економската моќ на општините е еден од најважните критериуми кој што влијае каква територијална организација ќе имаме.

Сега имаме нов закон за финансирање на општините кој што исто така одредува колку проценти од персонален данок, колку проценти од ДДВ ќе добијат општините, ги наведува дури и оние старите даноци кои што си беа извори на приходи на општините и дури додава уште, многу важно дотација која што ќе се трансферира од државниот буџет во локалната самоуправа за исполнување на обврските во делот на образованието, во делот на здравството, и во делот на социјалата.

Значи, плата, кажано со други зборови вработените во овие институции парите кои што ќе бидат наменети за лицата корисници на социјална помош ќе бидат обезбедени преку дотација од државниот буџет. Ние со ова не даваме самостојност на општините во финансирањето. Ние со ова продолжуваме со централизацијата на парите. Ова е она кое што укажува дека општините нема да имаат проблеми со финансирањето на овие делови, овие надлежности кои што ги преземаат, ако немаат доволно сопствени извори на приходи. Дајте да направиме закон кој што ќе и даде потполна самостојност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков, јас сега го погледав законот, никаде не најдов 8% од ДДВ, 3% од ова. Ако сакате да зборувате за законот за финансирање на општини, тогаш зборувајте, нема да зборувате кога ќе дојде тој закон. Но ве молам држете се до законот за територијална организација, а не за закон за финансирање на општините. Зошто сметате дека оваа територијална организација е лоша или добра, па нека биде и во однос на финансирањето на општините. Затоа што ме предупредивте дека јас не го знам

законот, погледав, изгледа дека вие не сте го прочитале, бидејќи овде не пишува никаде за дотации, за 8%, или 10%.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Претседателе јас слушнав дека вие сте зборувале за вашата биографија, автобиографија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Господине Стаменков, ова ви е прва дигресија. Повелете.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Значи, еве овде ќе завршам за парите, за економската моќ на општините, бидејќи гледам дека имам проблеми. Еве еден краен збор, произлегува дека немаме децентрализација на финансирањето на општините. Тоа е последното кое што ќе го кажам. И со ова значи дека општините со приходите кои што ќе ги имаат по новиот закон ќе имаат многу поголема економска моќ отколку општините кои што ги имаат приходите со законот од 1995 година. Инаку, се наведуваат и аргументите за укинување на општините. Тоа се како што спомнав економската моќ, разно разни други критериуми и географски целини, близина и ред други работи и едноставно може ако се погледне кои општини остануваат, кои се укинуваат ќе се види дека нема принципиелност, туку тоа е некоја чудна, направена е некоја чудна збрка да не може човек да го најде крајот. Која општина зошто останува, а зошто се укинува некоја друга. Не можете да се снајдете во ова што се нуди сега и да извлечете некој паметен заклучок зошто да речеме Велешта се укинува. Еве погледајте ги сите критериуми кои што се наведени и ќе видите дека се работи за едно градче со многу силна економија развиено, големина, така што не постои никаква причина да се укинува, ако знаеме дека дури го исполнува критериумот за град да биде и да функционира самостојно. Или пак се остава некоја општина да речеме Карбинци со 50, или 100 куќи и нема ништо таму, а не е јасно зошто тоа треба да остане општина. Имаме такви смешни ситуации кои што едноставно наведуваат на тоа дека некој си играл, или фрлале шестар врз картата, па каде ќе се погоди, таму ќе остане општина, или ќе се укине. Ова е таква аспурдна ситуација што јас не верувам дека може некој да го објасни во државата. Еве вака по имиња кога ќе ги кажуваме општините,

зошто Велешта се укинува, или зошто Кондово се укинува како општина. Ако сакавме да го споиме Кондово со Скопје, не мораше преку Сарај, нека си остане самостојна општина. Па и Кондово нека биде дел од градот Скопје. Не ја гледам причината. Или зошто се укинува Оризари, центар со 4.000 жители, а останува општина да речеме Конче. Зрновци треба да остане општина, бидејќи е моќна за да остане општина. Ако веќе одиме по тој критериум, ако веќе останува општина да речеме Лозово, треба да остане и општина Блатец. Блатец е многу посилно развиено од Лозово и е далеку од Виница 15 до 20 км. и не гледам причина зошто да не остане општина. Или ова сега што се случува во Облешево и Чешиново. Не ми е јасна работава. Тие и двете општини посебни се помоќни од Карбинци, посилни се во секој поглед и поголеми и поразвиени. Е сега тие не можеле да бидат посебно, морало да се спојат. А најновото сега што се нуди е референдумот кој што треба уште повеќе да ги скара. Сега ќе имаме тепачка во тие села на референдумот, кој знае што ќе се случи таму. Сигурен сум дека дури и на изборите не било така како што ќе биде сега на референдумот. Секој глас таму ќе биде важен кое од тие села да остане центар. А најлесното решение е тие две села да си бидат посебни општини и да немаме никакви проблеми и верувајте ќе си егзистираат, ќе си работат и се ќе биде во ред и луѓето ќе бидат среќни. Зошто некој наметнува намерно во оваа држава проблеми? Дали сака да ги скрене работите од правите проблеми кои што се во државата, како што е сиромаштијата, гладта, економијата. Значи, народот ќе се занимава сега со територијална организација со една смешна територијална организација, а ќе заборави на гладта. А секое сабајле човек кога ќе стане, кој што има деца, се чуди како да ги нахрани. А ние тука треба да зборуваме еден месец да трошиме државни пари во една непродуктивна расправа за нешто што не е подготвено и што едноставно не требаше воопшто и да дојде во Парламентот. Сметам дека овие искуства што ги имавме со претходниот закон за Тетовски универзитет и овој закон кој класично покажува како не треба да работиме во Македонија, дека секој закон посебно од ваква важност треба претходно да биде подготвен и да биде договорен меѓу сите политички субјекти и да биде почитувана волјата на граѓаните. Тогаш, подобро е да изгубиме во подготовки многу повеќе време, отколку да дискутираме вака во Собранието со едни маратонски седници и

да си го губиме и времето и ние и да ги тренираме и живците на граѓаните. Еве, ќе ви го спомнам примерот и со Кичево. Зошто Кичево да биде со Осломеј. Еве, денеска поминав по тој пат Осломеј и Зајас, тоа се толку развиени општини што нема никаква логика да не опстојуваат и понатаму. Која е смислата на сето тоа? Мислите дека, еве ако тоа е желбата како што се кажува тука на ДУИ, на коалициониот партнер за да се добие градоначалник, мислите дека граѓаните на Зајас го сакаат тоа да бидат заедно со Кичево? Мислите дека ќе им биде подобро во Кичево и дека едноставно подобро ќе се развиваат? Дали ги прашавте граѓаните вие на референдум дали сакаат да бидат во Кичево, да се изјаснат. Јас мислам дека на нив ќе им биде многу подобро како што се сега, бидејќи се работи за извонредно развиено место, се гледа дека таму имаме силен развој. Зошто да го спојуваме сега со Кичево. Тоа е неразбирливо. Или да кажеме за струмичкото Куклиш зошто да се спојува со Струмица, исто моќен центар, голем центар, мислам дека има над 3000 жители, или Муртино имаше силен развој во изминатите осум години. Едноставно кажано е дека овој закон е смешен закон. Овој закон не се базира за ништо друго, освен на некој си чудни математики, чудни претпоставки кои што некој ги има направено и си игра со чувствата на луѓето. Овој закон, јас ќе ви кажам, некој си има план краткорочен план, а некој си има долгорочен план.

Краткорочниот план кој што се гледа е во главата на некои луѓе од СДСМ. Некој си направил краткорочна математика во СДСМ. Значи, која математика ја има направено СДСМ? Доаѓаат локални избори. Ние во оваа општина губиме, ќе ја укинеме. Во оваа општина победуваме, ќе ја оставиме. Тоа е математиката која што е направена во главите на некои луѓе од СДСМ. Јас не велам дека вие како пратеници сте учествувале во тоа. Никој не ве прашал вас за тоа. Си седнале таму двајца, тројца и кажале, во Оризари губиме од 1996 до 2002 година се не тепаат, дајте да го укинеме, да го споиме со Кочани, во Кочани правиме поголема разлика, ќе се стопи тоа, ќе нема градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ. Или за Блатец иста работа, иста работа е и за Куклиш, иста работа е и за Муртино, иста работа е и за Подареж. Ќе ви ги набројам сите, а ќе го оставиме Карбинци бидејќи од 1996 година си победуваме до 2002 година, иако селото има 50 куќи, не се гледа кој друг критериум го исполнува, освен тоа победата на изборите од 1996

година до 2002, еве таму имате добар градоначалник, тој градоначалник си работи и си победува, заслужен е за вашата победа и мислиме дека и натаму ќе победува. Ама за тоа ќе го укинеме Блатец, иако е посилна општина,  ќе го споиме со Виница. Тоа се тие краткорочни математики кои што зборуваат за тоа дека се работи за незрели луѓе, бидејќи гласачите не се јаболка па да можеш да ги преместуваш од еден кош во друг кош како сакаш, туку тоа е жива материја и таа е променлива. Денеска гласала за една партија, а ако тој градоначалник од таа партија што е избран бил лош градоначалник, не си ја работел како што треба добро работата, на другите избори ќе си гласа за друга партија.  Тоа е погрешно, краткорочно мислење, односно краткорочен план кој што си го прави СДСМ за овие локални избори.

Другата е на долгорочен план и е многу опасна. Таа е од страна на коалициониот партнер ДУИ. Исто така, јас не верувам дека сите пратеници од ДУИ, или раководството на ДУИ сакаат така или мислат така. Тоа се пак одредени луѓе кои што си  ја креираат таму политиката и кои што си имаат свои цели. ДУИ сака да работи на долгорочен план. А ова е она кое што го реков, без никакви критериуми, без никаква основа Велешта да се спои со Струга, или Зајас и Осломеј со Кичево. Тие сакаат во првата фаза да си добијат градоначалници на овие градови, да си имаат своја локална власт преку која што ќе го рашират влијанието посебно со новите надлежности кои што понатаму ќе бараат се поголеми и поголеми да бидат, ќе сакаат да си ги шират тие надлежности и постепено ќе си побараат регионално спојување,  одредени градови ќе си извршат регионално спојување со  одреден регион, соработка, ќе бараат некоја регионална власт следното ќе биде кантонизација, а можеби после 10, 15, 20 години ќе биде и некој референдум за отцепување од Македонија. Тоа е мојата претпоставка која што е во главите на одредени луѓе и на ДУИ, не на сите. Некои се навистина  за соживот, некои навистина сакаат да ја развиваме заеднички државата, да ја градиме државата и и мислат добро. Не може луѓето кои што не сакаат да се наречат македонци да и мислат добро на Македонија. Не може луѓето кои што не сакаат да го земат во рака македонското знаме, или да го истакнат, да се грижат за Македонија. Во тоа бидете сигурни и не слушајте што зборуваат. Кога ќе ги видам дека ќе кажат во овој Парламент, ние сме државјани на

Република Македонија, македонци, припадници на албанската етничка заедница, тогаш ќе поверувам дека е тоа така. Вака единствена цел е долгорочниот план кој што го имаат зацртано и кој што ќе си го спроведат, бидејќи ние сме толку наивни да поверуваме во нивните зборови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков, втората дигресија ви заврши.

ВЛАДО СТАМЕНКОВ:

Од кога почнаа овие дигресии? Јас не бев неколку дена во Парламентот, ова е некоја нова работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од самиот почеток со господинот Ѓорчев беше прв, тогаш се договоривме три дигресии. Втората дигресија во заврши, можете уште третата да ја искористите и зборувајте за законот.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Еве, ќе завршам, да не добијам и трета дигресија. Бидејќи гледам дека во Парламентот нема расположение да се одбие овој закон, а гледам дека и Владата нема сигурно да го повлече, повеќе од јасно е дека имаат проблеми, многу се самобендисани и самоуверени за да направат такво нешто, да се согласат дека направиле грешка. Можеби до сега и увиделе некои луѓе дека грешат, ама нема да го повлечат. Останува единствената можност на граѓаните на Република Македонија и тоа без разлика на партиската припадност, на припадноста на заедниците, дали се албанци, македонци, турци, или било какви други што живеат во Македонија да бидат единствени и да се сложат со тоа дека овој е смешен закон, штетен закон. Да излезат на референдумот кој што ќе се организира масовно и да и кажат , не, на Владата, не, пак на тие двајца, тројца луѓе кои што седнале и се договориле. Со тоа ќе ја зачуваме државата, ќе продолжиме со развојот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, значи сега процедурално се јавувам во делот на дигресиите, со оглед дека спомнувате како претседател на Собранието договор од три дигресии. Јас како пратеник од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлагам со анекс да го дополниме тој договор со четири дигресии, значи плус една и тој предлог барам да се стави на гласање. А вие како претседател можде да имате и шест дигресии, мислам не е спорно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Чашуле.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ве молам, ставете го тој предлог на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во Деловникот тоа го нема. Тоа беше џентлменски договор за дигресиите.

Повелете господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседател, јас моите три дигресии, или правото на три дигресии, бидејќи сеуште не успеавме анекс на Деловникот да ги направиме, ќе ги искористам на самиот почеток. Најнапред сакам да кажам дека ниту сум имал намера, ниту сега имам намера да зборувам за предавници, или патриоти. Премногу сме блиску во настаните и премногу е тешка одговорноста врз сите нас за да си судиме еден на друг, а најмалку сакам јас тоа да го правам. Има една категорија што се нарекува историска дистанца и од таму некој трет ќе каже за нас што сме направиле и како сме направиле. Ние само и од таа страна сета почит ќе ја носиме одговорноста за нашите дела, утре, задутре, до наредните избори.

Втората дигресија што сакам да ја направам е да му изразам признание на почитуваниот господин министер за кој се надевам дека по едно недоразбирање и натаму ќе останеме пријатели. Јас ја ценам неговата лојалност, напорот, еден концепт кој за него е валиден овде да го изнесе и од таму барам и за нас да се има истото разбирање и ние излегуваме со она што е темелно демократско право на опозицијата да има критички

однос кон тој концепт. Па од таму бидејќи ја ценам неговата доследност, сакам да употребам и еден пример и воедно и да му се заблагодарам. Господине министре, благодарам што како министер за локална самоуправа успеавте да ја убедите Владата на Република Македонија и со амандман на Владата се измени законот во однос на општината Зелениково, Лозово и тн. Но, најмногу ми е драго што тоа се изведе на случајот на Зелениково бидејќи во сите расправи од комисиски до овде во пленумот, јас се залагам за тоа, оваа модел општина да остане самостојна и уште еднаш ви благодарам.

Третата и последна дигресија е една грижа што сакам да ја споделам со сите вас. Овој закон ќе мине. Мнозинството стои зад него. Јас сакам до крај да верувам дека сите луѓе се искрени и сите луѓе се мотивирани во најдобри намери.

Меѓутоа, тоа што се случува од 26 јули наваму е пострашно од Скопскиот земјотрес кога се во прашање емоциите на јавноста, политичката контаминација која ја извршивме врз граѓаните на нашата држава. Оттаму, додека размислував како да ви се обратам денес, истовремено ја негував мислата како ќе продолжиме после сето ова откако Законот ќе мине да живееме. Бидејќи неговата имплементација со се сите дефекти што ние ќе му ги најдеме, а од ваша страна сметани за доблести и предности, тој треба да биде секојдневие за сите наши граѓани. А ние успеавме во меѓувреме и тука и мене ми паѓа тешко одговорноста и мислам дека во некоја иднина, од историска дистанца, и јас ќе бидам оценет како што ќе бидам оценет. Ние посеавме недовреба, а историската задача што ја имаме од 2001 година наваму, само малку видоизменета, е да градиме доверба. Успеавме да посееме страв, да посееме омраза, да почнеме преку рамо еден со друг да се гледаме и да заборавиме на она што ни било секјпат одлика, а тоа е да си кажеме добар ден, особено кога се разликуваме и особено кога ставовите ни се спротивставени.

Господа пратеници, јас не сум експерт за локалната самоуправа, уште помалку за демографија, иако имам многудетно семејство, не сум експерт за просторен план. Меѓутоа, овде чув од сите страни валидни аргументи и тоа ми овозможи, размислувајќи околу Законот за територијална организација да групирам четири негови аспекти.

Едниот аспект е демографскиот во смисла на граѓани на кои како популација им ја доближуваме самоуправата со нивните интереси.

Потоа, економски аспект, а тоа е како ќе обезбедиме извори, тие права граѓаните да ги остварат. Бидејќи сме, по мое цврсто убедување, и историски наназад гледано од Расловечкото и Кресненското востание, единствените два со Устав кодифицирани напори за држава на македонскиот народ, ние сме мултикултурна заедница. Таа е кодифицирана уште во Уставот на Разловечкото востание како такво, а тоа е кон крајот на 19-иот век, Македонија како мултикултурна мора кога седнува да расправа за непосредните примарни интереси на своите граѓани да го земе предвид и етничккиот аспект.

И доаѓаме до послениот аспект, а тоа е политичкиот и мислам дека тука на ова поле ја покажуваме сета наша недозреаност како општество и не може да ни се забележи заради тоа што сме жртва на нешто што се вика транзиција, на нешто што се вика посткомунизам, нешто што не е општество, каде што старите вредности сеуште постојат некаде како сеништа, на новите не сме им дале содржина. Оттаму, се наоѓаме во ситуација кога на сите овие три претходни аспекти сакаме да им дадеме одвет мораме да го направиме врз основа на политички договор, а тој политички договор со нашиот Устав и тоа сватено пред се како мерка за градење на доверба, е условено со таканареченото квалификувано мнозинство, плус таканареченото Бадинтерово мнозинство. Значи овој закон не може да помине ако нема мнозинско демократско на сите присутни овде и бидејќи засега во интересите на заендиците не смее да мине без повторно квалификувано мнозинство на претставниците на заедниците тука.

Кога ќе ги погледнеме овие четири аспекти, кои за некого ќе бидат критериуми, а јас во нив гледам сериозни проблеми, ќе видиме дека последниот, политичкиот аспект најмногу го контаминира Законот за територијална организација и има сериозно влијание врз сите наши амбиции. Треба да бидеме вешти, а се покажуваме дека не сме - и тоа велам подеднакво за сите, овој пат го користам плуралиа тантум, во кој се вклучувам и себе си и сите што мислат на сличен начин со мене, било да се работи да се во позиција, било да се опозиција, било да се припадници на една или на друга заедница. Не

успеваме. Од политичките обврски што ни стојат пред нас и од политичките амбиции да ги разликуваме суштествените прашања кои мора да бидат подлога на еден темелен закон кој значи целосна реорганизација на Република Македонија.

И оттаму, мојата грижа од последната дигресија како ќе продолжиме понатаму ако елементарното меѓу нас не постои, а тоа е довербата. До ваквиот заклучок дојдов врз основа на - иако не бев арен, правев напор да следам и да ги читам стенофрафските белешки од расправата по амандманите - дојдов до заклучок дека политичкиот аспект на Законот, па и според тоа и на нашиот проблем, дополнително се проблематизира и оние колеги што кажаа дека постојат концептуални разлики се во право, дополнително се проблематизира со концептуални разлики. Да. Некој ќе рече опозицијата нема концепт. Па таа и не треба да биде, таа не е предлагач на овој закон, но некои од нас имаат свој концепт. Меѓутоа, концептуалинте разлики јас ги гледам, барем судејќи според кажаното овде, во редовите на владеачката коалиција. И повторно велам, секој има право на свој концепт и јас во правото да се има концепт не гледам проблем. Гледам проблем во начинот на кој се обидуваме меѓу два различни концепта да направиме функционален компромис.

Двата концепта, почитувани колеги се: мултикултурна Македонија, која СДСМ не крие дека ја застапува, и ние ја застапуваме, и ЛДП; и двонационалниот концепт или држава на две општества кои отворено, сосема легитимно бидејќи тие се избрани од граѓани на оваа држава, го застапува ДУИ.

Имаме свеж пример, не сакам да одам понатаму, а потоа ќе употребам објаснувајќи го овој проблем во Законот за териториjална организација, овде имаме два валидни исказа кажани вчера, кои служат како аргументација на тоа дека имаме еден концепт за кој треба да разговараме овде и кој велам доколку ме убедите дека тоа е прогресот и дека натаму треба да се движи Македонија, можам и да го прифатам, бидејќи се повикувате на постојни модели во Европа, кои повеќе или помалку, на ваков или онаков, успешен или неуспешен начин функционираат.

Најнапред господинто Невзат Бејта, со сето право, вчера рече дека во Македонија постои една реалност, а тоа се два народа се мнозински, алабанците и македонците. Кон

тоа господинот Фазли Велиу рече дека - како пратеник на ДУИ и претпоставувам кога вели ние мисли на нивната партија - ние одиме со швајцарскиот или белгискиот модел, каде што сите народи имаат право да го употребуваат својот јазик, елаборираше за Швајцарија сосема валидно. И потоа дојдовме до господинот Ејуп Рустеми кој реше дека, кога името на нашата држава не би било име на една нација, а имам еден сосед кој тврди дека тоа е географски поим, но друг пат ќе ги гледаме деталните на тоа - кога името на нашата држава не би било име на една нација, албанците со задоволство би прифатиле да го носат тоа име, па ако сме Вардарска, тогаш би биле вардарци.

Значи, имаме три свежи исказа во правец на овој проблем што го детектирам и што сакам во она моја заложба како понатаму да го решаваме, а не од него да правиме проблем. Инаку ова е една за мене принципиелно од нивна страна, инаку за мене крајно неприфатлива, траекторија на политичкиот субјект во било која своја партиска артикулација на албанската заедница во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чашуле, која е оваа дигресија четврта или сеуште е трета дигресија.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Инаку, таа траекторија денес како завршница го има политичкиот договор кој не води кон овој Закон за територијална организација. Албанскиот политички фактор и сугерираше на својата популација на граѓаните да не учествуваат во референдумот за самостојност, значи беа против овој облик на самостојност. Потоа нивните претставници во овој парламентарен дом не гласаа за Уставот, со што покажаа дека таквиот поредок не го прифатија. И конечно, албанскиот политички субјект сугерираше на своите граѓани да не учествуваат во пописот и да се иземат од една таква држава, чие што реконституирање во самостојна не го прифаќаат и чиј што поредок не го прифаќаа и сето тоа кулуминираше посстапно до ефдна криза и како последица на таа криза го имаме Рамковниот договор и во делот на реорганизација на локалната самоуправа и внатрешната територија на Македонија имаме политички договор кој треба да промовира еден концепт на двонационалност и, ако веќе сакаме теоретски да ги развиваме работите, на држава со две општества, таканаречена консоцијална заедница, каде што

веќе одликите на таквото одлучување го имаме, каде одлучувањето не може да оди ако двете заедници не се согласат. Мене и тоа не ми пречи, тоа е концепт за кој вреди да се разговара и треба да го ставиме на маса, меѓутоа, дали вака со тоа што прво ќе посееме недоверба, па потоа ќе посееме страв, па потоа врз основа на недовербата, стравот, на целосната збунетост, аномија, кај граѓаните бидејќи многумина не знаат што се случува, ќе посееме омраза која ќе води кон целосно меѓусебно непочитување и изолирање.

Мене, господа, не ме загрижува федерализцијата, таа е невозможна формално правно без крупен потрес во државата, но факт е дека ние можеме да изградиме и да делимитираме, како што е тоа случај во Белгија, две општества, две заедници и не сакам на овој закон, на оваа територијална организација да изведеме еден таков модел без тоа да го поставиме на јавен увид и на јавна расправа во сите заедници во Република Македонија и откако навистина ќе постигнеме консензус меѓу општествата, значи консоцијална одлука, тогаш и да имплементираме еден таков договор, а не вака.

Господинот Балковски, кого извонредно го почитувам во тој правец, денес уште еднаш ги потврди тие мои високи оценки за стручниот аспект и тој покажа врз основа на споредување на Просторниот план и ова што го правиме како територијална организација одредени, не би рекол недоследности, туку контури кои за сето ова што го говорам даваат одредена аргументација. Ние можеме да имаме унитарна држава и ќе ја имаме, бидејќи да се посегне по тој облик на македонска државност е невозможно тешко и не верувам дека СДСМ или било кој македонец или албанец ќе дозволи низ конфлит да го уриваме тој концепт, но можеме да направиме унитарна држава на две заедници кои после сето ова што го посеавме ќе бидат исклучиви и ќе живеат една покрај друга, а не една со друга и јас тоа не сакам да се случи. Вие ќе ме наречете демагог, ќе ме наречете што саката и како сакате, меѓутоа, јас нема да отстапам од ова мое јавно кажано мислење, како што ги почитувам и вашите јавно кажани мислења и јас единствено ценам дека е вредно, кога веќе зборуваме за Законот за територијална организација, тогаш да полемизираме и да се критикуваме и од овде да излеземе повторно како граѓани на една суверена и интегрална Македонија,  која на сите нам ни е татковина.

Мислам дека иднината на Република Македонија не е во две општества и ислам дека иднината не е во било кој облик на двонационалност. Цврсто сум убеден и не случајно и меѓународната заедница стои, заедно со сите нас, зад тој концепт дека Македонија има иднина само како мултикултурна заедица а дали ќе биде јазикот или некој друг елемент од нашите култури кои не поврзуваат, таа кохезиона спона е прашање кое нашите граѓани ќе го најдат. Можеме ние да им помогнеме или да им одмогнеме, но ако останеме интегрирани како заедница, ако не се двоиме на две исклучиви општества, тогаш јас мислам дека ќе имаме успех.

И тука мојот концепт, почиувана господо, се разликува од вашиот и јас ќе го застапувам овој концепт заради тоа што мислам дека е и попрогресивен и повеќе соодветставува на внатрешниот развој на Европската унија во овој момент каде што почиувањето на разликите како елемент на единство е основната и темелна филозовија на Европската унија и јас мислев дека ние со Законот за територијална организација таков облик на кохезија ќе пронајдеме и во нашата држава и во нашето општство на кое и натаму сакам да гледам како единствено, како пред се граѓанско, а потоа во него со сета почит и со сето признание и сите доблести да постојат и поединци и групации и заедници кои се групираат во разни елементи и ги уживаат придобивките на таа своја одлука. Вака ако се поделиме на две мислам дека врз основа на недоразбирањата кои помагаат да се гради недоверба, врз основа на недовербата која помага да се создава отпор кон другиот, ние ќе завршиме во една ситуација која е и понесреќна од таа да имаме федерализирана или поделена држава, а тоа е во рамките на една унитарна држава да имаме две антагонизирани општества кои ќе бидат постојано на колизиона траекторија, додека не ни се случи несреќата. Тоа е мојот концепт.

Би сакал сега накусо да се осврнам на Законот за територијална организација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чашуле, вие добивте дигресии повеќе од претседателот. Зборувате за вашиот концепт. Сега вашиот концепт преточете го во бројот на општини, во границите на општините и како треба да изгледа територијалната организација на Република Македонија. Следниот пат ќе ве прекинам, ќе ве молам.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Законот за територијална организација, по мое длабоко убедување, според мојот концепт треба да биде одложен за некое подобро време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е концепт, зборувајте за законот.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Концептот се темели на следното:

Сметам дека во Република Македонија на постојните 123 општини кои се далеку од идеални можеме, бидејќи немаме друг параметар, да изведеме децентрализација на локалната самоуправа и тоа да ја изведеме врз основа на Законот за финансирање и сите други закони што следуваат во пакетот, за кој нема сега да зборувам за да не бидам прекинат, но се во тесна врска со овој закон. Јас мислам ако го прифатите овој компромисен концепт, на постојното новото да го градиме и проверуваме, па потоа да видиме кои се резултатите, ќе дојдеме до еден не на Слободан концепт, не на господинот претседател концепт или на господата од Владата, туку ќе дојдеме до еден оптимален и функционален концепт. Јас така мислам и тоа е мојот концепт. Затоа сум излезен овде со сите можни дигресии, со сите можни аргументи тој концепт да го застапувам.

Нема да зборувам за двојазичноста, нема да зборувам за разликата во културите, туку ќе зборувам за тоа дека ако пренесуваме надлештва, ако пренесуваме овластувања, ако бараме  извори за финаснсирање, сепак, бидејќи сетоа тоа повторно тече од едно место а тоа е Буџетот на Република Македонија, тогаш на постојниот модел на територијалната организација, барем така тврди ЗЕЛС, може да се имплементира и тогаш низ работата, низ имплементирањето на децентрализацијата врз 123 општини, ќе видиме која општина е функционална, која општина не е функционална, а Уставот кој предвидува константна ревизија преку Рамковниот договор на територијалната организација ќе ни овозмои кога ќе дојде време, кога ќе се договориме, кога ќе се постигне оптимумот да седнеме и да разговараме кои општини се во состојба да продолжат, кои општини не се во состојба, каде резултатите од имплементирањето на останатите закони од овој пакет, кои се неизоставно неодвоиви кога се разговара за Законот за територијална

организација, функционираат и како и на  кој начин. Тогаш ќе видиме дали ќе треба да ги сочуваме малите погранични општини заради тоа што очекуваме  - и тоа е дел од мојот концепт, малите погранични општини да ги дочуваме за да видиме дали може преку прекуграничната соработка да се развиваат или ќе видиме дека тоа не функционира. Ние сега врз основа на ова што го гледам во овој закон за територијалната организација работиме со виртуелни елементи, велиме ќе видиме, велиме ќе биде вака, ќе биде така. А јас тоа што ви го предлагам како мој концепт кој автентично го застапувам од комисиската расправа преку првата фаза, дури и преку амандманската расправа бидејќи амандмани давав за оние општини што мислам дека и покрај се треба да останат какви што се го застапувам, мислам дека на тој начин ќе направиме две крупни работи. Ако направиме таков политички договор, а ви реков дека немам против политичките договори, тие се составен елемент на секоја демократијад, ако направиме јавен политички договор и ако на овој начин се договориме да видиме како и што ќе функционира, ќе отстраниме два крупни проблема кои ни се јавуваат во нашата јавност. Првиот е недовербата и вториот е дека навистина не градиме двонационана држава, туку градиме мултиетничко општество.

1996 година како вовед во овој закон за територијална организација што сега го гледавме од еден аспект кој и тогаш беше тежок, и сега. Ова го кажувам свесно бидејќи знам дека и тогаш имав забелешки на Законот, иако не бев член на Парламентот, и сега имам забелешки. Но, за да биде јасно зошто мислам дека тој закон таков каков што е треба да го доддржиме до сега е фактот што ова решение вака како што е гледано, со сите елементи изнесени овде, почнувајќи од компарацијата на просторниот план со овој закон до демографските, економските и другите согледби што се направија овде мислам дека овој закон не е подобар од тој. Бидејќи ние како опозиција го немаме мнозинството да создадеме нов закон нашето пледоаје беше врз одснова на јасните 4 аспекти за кои кажав мораме да водиме сметка во концептот за територијална органицација како да ја доближиме власта на локално ниво кое ќе ги остварува принципите и интересите на граѓаните. Како тоа економски да го изведеме да не биде дополнителен терет на државата и конечно како во сето тоа на најхармоничен начин мултикултурата во

Македонија да ја вградиме и на крај сето тоа да биде производ на еден продуктивен и поактивен политички договор. Тоа е моето прледоаје.

И да завршам. Сеуште не е доцна, ние можеме дури и да не го прифатите овој концепт што го нудиме, можеме на 2-3 пункта, ако ништо друго да ја спасиме довербата и да ја реафирмираме нашата заложба за имплементирање на Рамковниот договор кој е пред се мултикутурен. Тоа е дајте на случаевите на Струга, на Кичево и на Сарај и Кондово да направиме еден компромис, да ги дочуваме како мерка на доверба во сегашната нивна состојба, да ги употребиме како пилот на ова што ви го предлагав при претходниот концепт, за кој немам сили, бидејќи немам гласови да го издејствуваме да го донесеме овде, да видиме дали можеме на тие случаи да градиме доверба, а истовремено бидејќи би биле пилот, и ова е г-дине претседателе мој концепт и се однесува на Законот за териоријална органицација да видиме како можеме градот како институција, како квалитет на живот без да го нарушиме агрокултурнит карактер на општините да го пренесеме во општините што сега ги придодаваме со таква аргументација на Струга што би му ги придодале на Кичево или што ги придодаваме на Скопје. Ова што ви го кажувам не е алхемија, ниту е невозможно. Бара само политичка волја да се постигне и ако веќе се што се правеше досега и се што дискутираме овде за овој закон за териоријална органицација е низ призмата на политичкиот договор дајте да направиме јавен политички договор во името на нешто што е поважно од самата териоријална организација и од самиот закон, а тоа е меѓусебната доверба на граѓаните довербата меѓу разните заедници, мултикултурната доверба и над се довербата на граѓаните во државата и во овој законодавен дом. Заради тоа што ако и натаму продолжиме со ваков концепт за териоријална органицација за кој сметам дека нема да биде ни подобар ни полош, ако се фиксираме само на бројки, затоа што е многу важно ако речете 123, какви 123 или ако речете 80 какви 80 општини.

Меѓутоа она што мислам дека е извонредно суштествено и се однесува на иднината на оваа наша држава, а тоа е како да изградиме функционален политички систем кој ќе се потпре на териоријална органицација. Како ќе изградиме стабилен политички систем со доверба на граѓаните во него врз основа на еден ваков компромисен

договор за натамошнот развој на нашата држава на ниво на самоуправата и како врз основа на сето тоа ќе почнеме ние како држава и за себе и за регионот да генерираме безбедност, затоа што верувајте ми кога на нашата држава гледаат нашите идни партнери, НАТО и ЕУ, особено сегај кога разговараме за децентрализацијата и за законот за територијална органицација. Не велат направете ја Струга или Струмица, Кичево или Скопје, вака или онака, туку велат направете модел за кој ќе тврдите дека тој модел на територијална органицација е стабилен, дека тој ќе биде функционален политички систем и дека врз негови основи Македонија ќе почне да зачекори напред. Ние треба тоа да го направиме. Ова што јас ви го предлагам, ви го предлагам имено во името на таквите заложби на меѓународната заедница. Ако на меѓународната заедница и link речеме ние дека овој територијален модел пред нас како организација гарантира стбилност таа ќе рече алал вера спроведете го. Ако се појавиме со друг и речеме дека овој е подобар, тие ќе речат алал вера спроведете го. А јас ви нудам на основа на постигнатиот договор што го имате да изведеме еден компромис и да направиме уште подобар предлог кој ќе биде гаранција за соживотот кој е невозможен без доверба. Соживот е невозможен ако живее под закрилата на став и ако постојано од утре натаму едни врз други почнуваме да се гледаме и да почнеме да се пребројуваме. Сите нации на Балканот што се зафатија со пребројувањата и заборавија дека Балканот е мултикултурен во своето исходиште завршија несреќно. Затоа мислам деа немаме друг иднина освен мултикултурата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со реплики.

Најпрвин се јави г-динот Г'зим Острени.

Г'ЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам г-ѓо потпретседателке,

Сакам многу кратко да му реплицирам на почитуваниот г-дин Чашуле.

Тој зборуваше дека ние создаваме тука од едно две општества. Дека создаваме едно двонационално општество. Јас мислам дека мултиетничкото општество не сме го создале ние, туку демографските природни или провоцирани преселби кои во минатото се употребува дека во Република Македонија функционира мултиетничката заедница

наречена оаза на мирот која што го произведе она што го произведе и која што беше сохрнета со измените на Уставот 2001 година.

Пошироката Европска заедница сака да изградиме не мултиетничко општество затоа што постои мултиетничка држава на рамноправните граѓани. Доколку зборуваме во овој правец тогаш нема ниту две паралелни општества ниту две паралелни нации туку има рамно правни граѓани кои што учествуваат на рамноправен начин во водењето на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дин Чашуле.

Благодрам г-дине Гзим Острени. Јас со огромен дел од тоа што го кажав се согласувам и ова го сфаќам како еден свој хив. Се радувам како демант на искажаното досега и сметате заедно со мене дека лагата наречена оаза на мирот  против која јас со години се расправав и дефинитивно исчезна и ние имаме една доста компликувана и тешка стварност.

Меѓутоа, сакам само една исправка да направам ако ми дозволите.

Држава и општество во демократиите се две различни категории. Држаата фигурира во општеството и затоа несакам нашата држава да биде заточеник на две општества. Ако сте навистина за мултикултура и јас сум за тоа, да седнеме да разговараме како ќе ја градиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен е г-динот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Навистина, е многу тешко да го разбереш ставот на пратеникот Чашуле бидејќи е многу конфузен од дискусија во дискусија, дури од првата дискусија, во репликата направена на Гзим Острени беше сосема контрадикторен.

Ние господине Чашуле во почетокот на Вашата дискусија рековте дека сте многу загрижени и сакате да ја поделите загриженоста со сите нас, но што по донесувањето на овој закон.

Одговорот е едноставен. По донесувањето на овој закон, овој закон треба да се имплементира во практика. Врз основа на сите анализи што ги има направено и Министерството за локална самоуправа и од секојдневнот живот е многу јасно дека Законот за локална самоуправа донесен 2002 година не може да функционира со оваа територијална органицација, со 123 општини, бидејќи има општини со многу малку број на жители, има општини кои немаат покрај седиштето ниедна друга институција и децентрализацијата нема смисла во тие општини.

Децентрализацијата во тие општини ќе помина како експресен воз.

Понатаму, говорите за концептуалните работи, бидејќи вие декаративно се ангажирате за мултиетничко општество и мултиетничка држава, додека ние како ДУИ се ангажираме за бинационална држава алудирајќи на репликите кои вчера ги имавме во ова Собрание.

Реакциите на колегите од нашата парламентарна група кои беа во однос на една дискусија на еден пратеник, за што несакам да говорам сега, но вие не можете да констатирате дека ние се ангажираме за една бинационална држава само врз основа на три реплики. Гледајте го нашиот ангажман, нашата програма, мислам на нашата партија така и нашиот ангажман во секојдневнот живот.

Вие г-дине имате концептуални разлики не со нас, туку со партијата на која вие и припаѓате, а дека е така кажавте во вашиот говор кога рековте дека не може да се реализира федерализацијата кога цело време вашите колеги од вашата партија зборуваат дека со овој закон се федерализира Македонија.

На крајот јас би цитирал еден голем научник кој што вели вака: “цинизмот е еден интелектуален поим кој се меша со интелегенцијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Слободан Чашуле повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Знаете ли г-дине зошто нема да се федерализира Македонија? Затоа што и без вас албанската популација тоа нема да го дозволи, нема да го дозволи српската популација,

нема да го дозволат граѓаните власи, нема да го дозволат граѓаните бошњаци и на крајот нема да го дозволат македонците.

Инаку, јас сум многу коегзистентен и сметам дека федерализацијата не е вистинската опасност туку опасност е државата да ни биде заточеник на две општества. Јас сум за мултикултура и ќе бидам до крај, а вие потсетете се на времето кој беше директор на Македонскто радио кој ги отстрани наметнатите топоними во албанскиот јазик, кој направи 12 часовна програма, кој донесе предаватели, кој појде во Гостивар после немилите настани, кој се извини на жртвите таму, кој бараше мерки на доверба и разоружување за време на конфликтот и кој работеше три месеци во Албанија едуцирајќи новинари и градејќи систем за јавно информирање. Тоа се моите перфоманции, мултикултурни тогаш мултикутурни сега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред е г-ѓа Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Убаво зборувате г-дине Чашуле но и вие заедно со останатите од опозицијата правите политичка контаминација. Политичка контаминација правевте и кога го носевме законот за државјанство и кога го носевме Законот за тетовскиот унвиерзитет но добро е што не изби епидемија. Често велите дека контаминација прави законот за територијална органицација , но јас сум убедена дека и овој пат нема да избие епидемија.

Викате постои концептуална разлика. Да, постои, добро е што постои. Впрочем плуралното општество на тоа и се заснива, но на крајот победува концептот на мнозинството. Имало политички договор, да, мора да има и вчера г-динот Игор Ивановски рече дека куќа се гарди со договор, а јас ќе додадам дека со политички договор се гради и држава.

Рековте уште дека  сме недозреано општество. Е, тука никако не можам да се сложам со вас. Денес во 21 век кога светот е глобално село вие викате за нашата исконска држава дека е недозреано општество. Општеството или државата не ја прават територијата или границите, туку луѓето што живеат во неа. Јас никако неможам да се сложам дека сум дел од тоа незрело општество.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Слободан Чашуле, повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Немав намера да ве навредам, јас не реков дека вие, јас или некој друг поскомунизмот не е сеуште изведен во демократско општество. Нам ни недостигаат механизми на контрола, рамнотежа, етика и ние тоа го градиме, иако во себе носиме некои вредности од претходниот поредок и тоа не е страшно. А, јас не реков дека законот е контаминиран. Нашиот политички однос, начинот на кој се обидуваме, комбинирајќи три аспекти на законот да изведеме политички договор, па неможеме да го направиме. И, се плашам дека ако продолжиме да го проблематизираме Рамковниот договор низ механизмите кои се негова гаранција, а тоа се квалификуваните мнозинства, ако тие станат блокада кон градењето на оптимални решенија, ние ќе имаме проблеми и ништо повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавен г-дин Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван г-дин Чашуле, внимателно ве слушав во вашето излагање, а и како човек којве цени со вашето искуство, познавање и инелектуалните спсобности, би сакал најпрво да укажам на дел од она што го кажавте, дел да дадам примери како е регулирано ова прашање во одделни европски земји и конечно во што мислам дека се разликуваме.

Прво, во врска со критериумите, можам слободно да кажам дека во различни земји има различни решенија. Така на пример европските искуства ми кажуваат дека во Европа има и држави каде што просечниот број на граѓани во општините е и 140.000 граѓани, како што е во Велика Британија, меѓутоа и држави каде што просечните општини бројат и 2.500 жители како што е и Франција.  Но, има и различни ситуации, затоа што сметаме дека секоја држава решението го прилагодува според своите потреби.

Второ, сега ќе се надоврзам според анализи на странските експерти со предложеното законско решение во Македонија е постигнат добар баланс. Зошто? Од причини што од досегашното искуство може да се констатира декам,прво, со оглед дека општините треба економски да преживеат, подобро е да бидат малку поголеми. Второ, ако се малку помали се мисли дека тие ќе бидат поблиску до граѓаните. Според тоа, ако се земат предвид последните две до три територијални организации она со 34 општини, а потоа со 123 општини од 1996 година, може да се каже дека во Македонија е постигнат добар баланс.

Конечно, според преложените решенија за мене, а и за сите нас лично сметам дека е најбитно од се зачувувањето на унитерниот карактер на државата. Слободно можеме да кажеме дека процесот на децентрализација се спроведува  во духот на почитување на унитарниот карактер на земјата Конечно, Македонија има економски проблеми и тие не можат да се решаваат со балканските стереотипи. Во таа насока мислам дека ќе ме разберете во што ми е дискусијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Слободан Чашуле, повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Наполно се согласувам со вас г-дине Томиќ и затоа така зборував од аспектите на законот. Јас мислам дека ова што го кажувате, популацијата, самоуправа, финансирање на тие механизми за остварување на тие интереси се клучниот фактор. Меѓутоа, бидејќи ние имаме два дополнителни елементи, тоа се квалификуваните мнозинства за да се донесе одлука што наметнува политички договор ги изместува овие неопходни параметри и се плашам дека во иднина ќе создава таков облик на проблеми. Инаку и јас мислам дека треба да видиме каква општина на Македонија и треба. Се обидовме со неколку модели, дај боже ова што ќе го усвоите да биде подобро, но бидете свесни како и тогаш така и сега одговорноста ја носиме сите, но одговорноста е пред се ваша, бидејќи сте владеачко мнозинство со легитимен и неспорен мандат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Последната реплика е од г-динот Ејуп Рустени.

ЕЈУП РУСТЕНИ:

Благодарам потпретседателке,

Г-дине Чашуле, после многу дискусии кои беа направени за законот за територијална организација, дојдов до заклучок дека дефинитивно тука кај нас треба да имаме промена на политичкиот менталитет. Не е добро на декларативен начин да се декларирате за една опција, а да мислите на нешто друго. Најповеќе кога секогаш зборувате во вашата дискусија, спомнувате пет-шест пати за имплементирање на Охридскиот договор и за мултиетничката и мултикултурната држава. Од друга страна, вие сте тој што бевте во Владата кога ги имавме уставните промени, кои беа последица на Охридскиот договор. Се декларирате дека не треба да биде донесен еден ваков закон. Вие се декларирате на овој начин, а многу лесно е да се види што стои позади тоа за што се декларирате. Дека албанците можат да одлучуваат за територијална организација. Зборувате за мултикултура и мултиетничка држава. А, како вие ја разбирате оваа мултиетничка држава. Само мислите да ги донесите сите закони што ги поднесе мнозинството, а не другите заедници кои не се мнозинство. Нема мултиетничка држава која во територијалната организација, во одлучувањето за тоа не зема учество и етничкиот дел. Кои се тие мултиетнички држави. Еве, на пример, Хрватска. Во Хрватска имаме српски општини, во кои што има мнозинство срби. Така се нарекуваат, вие ја знаете ситуацијата. Потоа , Белгија, Канада. Овој закон за прв пат го донесуваат и другите заедници кои што не се мнозинство во Република Македонија и имаат право да го искажат своето мислење  и на консензуален начин да го донесат овој закон за територијална организација на Република Македонија.

Затоа, почитуван г-дине Чашуле ние треба да бидеме оние кои најдобро треба да ги разбереме овие работи дека ние од тука имавме оаза на мирот, каде што и мнозинството одлучуваше за се. За жал, не беше добро. Ние треба да знаеме како да ја градиме оваа држава, каде што сите треба да бидат рамноправни. Зборувате за мултикултура. На друга страна ви пречи службената употреба на службениот јазик во

Скопје. Точно овие се вашите контрадикторности и се појавиувате како современ политичар, а работите според теркот на минатото. За многу работи можам да зборувам, меѓутоа немам време и за она што ме спомна за репликата што ја направив на некој друг.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Слободан Чашуле, повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас г-дине Ејуп Рустени не сакам Македонија да биде како Белгија или како Швајцарија, би сакал да биде комбинација меѓу САД или Франција, па тука се разликуваме со сите права. Сакам да биде како Шпанија, ама без баскијците. Таму има арагонци, каталонци, леонци, сите со своите одлики, ама сите се Шпанци. И тоа никому не му пречи. И овде можеме да бидеме сите македонци, а да бидеме и албанци, македонци, срби, власи, турци и роми и бошњаци. Тука нема никаков проблем. Да ви кажам уште една работа. Не знам каде гледате дека јас се противам на мултикултура или пак од каде извадивте дека мене ми пречи двојазичноста. Мене двојазичноста во оние општини каде што тоа нашиот Устав го предвидува, а не заборавајте, иако бев против тоа и за нејзиниот Устав предвидуваше таму каде што се во поголем број или мнозинство да се зборува за конфликтот и Рамковниот договор, само го кодифициравме процентот на ваша штета, не на наша. Кога ќе видите еден ден развојот ќе ви докаже дека е неприродно со процент да се признаваат правата и на тој начин оспоривме повеќе заедници кои ќе беа наше богатство, како Што се турците на пример.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

А, сега, ако ми дозволите сакам да се обратам како пратеник и го замолувам претседателот до колку гледа да може да ..

Реплика има г-динот Никола Ќуркчев на г-динот Слободан Чашуле .

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван колега Чашуле, навистина, иако на сите нас ни е совршено јасно дека улогата на опозицијата е да напаѓа и да критикува, апсолутно ве разбирам и ги разбирам сите ваши напори, предлогот да го анализирате, како што и сами неколку пати или овеќе пати потенциравте од призмата на опозиционите дел. Барате овој предлог закон да се

пролонгира за шест месеци. Претпоставувам дека овие изминати шест години зад нас кога се подготвува овој предлог закон не беа доволни и сега наредните шест месеци ќе можеме уште еднаш да ги проанализираме сите елементи, пред се, би рекол во економскиот дел.Дали одредена општина има капацитет да генерира сопствени приходи на персонален дано, данок на имот, данок на добивка, дали општината што е можно повеќе ќе биде финансиски независна од централната власт и дали постојат услови за сциоекономски перспективи или развој.

Она за што најмногу се јавив, се разбира, а и реагирав, вие сте човек кој што сте живееле во многу држави во светот и најмалку очекував од вас и вие да се придружите на колегите, кои во своие говори зборуваат дека со овој закон ќе се федерализира државата. Иако и сами знаете дека преку извршување на функциите и надлежностите на локалната самоуправа невозможно е да се федерализира државата. Ве молам, во овој дел да се корегирате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Слободан Чашуле, повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Г-ддине Ќуркчиев со сиот респект и јас мислам дека е невозможно да се федерализира државата и тоа не е нејзиниот проблем. Јас не зборував така. Јас зборував дека дали ни претстои опасност за да бидеме две општества во една држава, бидејќи државата функционира во општеството, а да се најде во процепот меѓу нив двете. Не велам дека овој закон  го прави, туку ние одиме консеквентно според траекторијата на една стратегија која јавно се кажува и добро е што јавно се кажува. Може да се критикува и да се коментира, ние одиме на таа траекторија.  А, сега, нема да биде се, тоа е постепен процес, кој ќе следува. Било швајцарскиот, било белгискиот начин на кантонизација или на концесијалност предпочитува мајоризација на одредени територии, а тоа се во случајов градовите. Но, тука се разликуваме, а за шест месеци не станува збор. Јас мислам дека ние можеме да изнајдеме еден оптимален рок и тука апсолутно се согласувам со вас. Треба да го видиме начинот на кој ќе ги изградиме тие механизми

општините да ни опстанат. Другото е прашање на договор, прашање на корекција, прашање на доверба, најверојатно ќе стане збор и за тоа некогаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-ѓа Лилјана Поповска, а нека се подготви г-динот Ефтим Манев.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван г-дине претседателе, почитуван г-дине министре, почитувани колеги пратеници,

Пред нас како пратеници се наоѓа извонредно сериозна и одговорна задача - да се изјасниме околу предлогот за донесување Закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

По дефиниција, еден ваков закон е значаен од повеќе аспекти:

Прво, заради успешна децентрализација, зашто како технички закон тој треба да претставува добра рамка во која ќе се одвива децентрализацијата;

Второ, заради исполнување на обврските од Рамковниот договор, зашто тој се смета за дел од т.н. пакет закони за децентрализација, кои се меѓу последните законски обврски за негово целосно реализирање; и

Трето, заради доизградба на Р.Македонија како современа европска држава, за што и формално ја започнавме процедурата. Сите аспекти се испреплетуваат и надоврзуваат еден на друг.

До овде, на ниво на принципи, сме речиси сите согласни, со мали нијанси во ставовите. Имено, граѓаните на Република Македонија имаа можност во текот на изминатите два циклуса локални избори, откако во 1996 година се воведе локалната самоуправа, лично да ги осетат придобивките од локалното самоорганизирање и да побараат натамошно децентрализирање на локалната власт. Затоа, децентрализацијата е очекуван и посакуван процес, што укажува на високата демократска свест на граѓаните. Што се однесува до Рамковниот договор, тој е одамна апсолвиран и прифатен од релевантните политички субјекти, но и од мнозинството граѓани со македонско етничко потекло, на што укажува и анкетата на ИРИ објавена пред два месеца. Рамковниот

договор е преточен во Устав и во серија закони и мерки за имплементација и се наоѓа пред самото затворање како тема. Што се однесува, пак, до заложбите за евроинтеграција, имаме речиси апсолутен консензус меѓу сите граѓани, без разлика на припадноста.

---

Зошто тогаш еден ваков закон, за чие значење сме сите свесни, предизвика бура од протести и негодувања? Или, да го поставиме обратно прашањето: зошто еден ваков значаен закон не обезбеди поддршка од ниедна релевантна стручна или научна институција во државава, од ниедна граѓанска асоцијација? Зошто, наместо поддршка за законот, тој обедини сосем различни луѓе и по потекло и по статус во борба против него, или за поинаква процедура на негово донесување?

Според мене, лошиот прием се должи пред се на тоа што еден ваков комплексен и важен закон се носи пребрзо, без стрпливо објаснување и усогласување на ставовите, како и без обезбедување широк граѓански консензус за крајните решенија. Граѓаните се почуствуваа потценети, но и затечени со предложените решенија што ги сметаа за неприфатливи. Јас сум свесна дека Владата како предлагач ги следела роковите што се наведени во одредени документи, за да ја покаже својата сериозна намера за реформи и исполнување на обврските. Но, тука се судрила и со недоволно познавање на домашната реалност, поради што  прво прифатила нереална агенда, а потоа ги понудила и овие вакви  решенија за територијалната организација, без да го претпостави приемот кај граѓаните.

Но, каков е мојот личен став за предложениот текст на законот? Јас со задоволство ќе поддржев концепт за изразито децентрализирана локална власт со поголем број општини, со јасна поделба на општините на градски и селски, но и на општини од различни типови, според надлежностите што ќе им бидат доверени. За илустрација, тоа би значело дека некои помали и економски послаби општини ќе добијат обврска и средства само за комуналните работи, додека други и за поинакви надлежности, како што се економски развој, здравствена, социјална и образовна политика и сл. На ваков начин ќе се стимулираше самоиницијативноста и ангажираноста на граѓаните за подобрување на своите животни услови во микро-средините, што е една од основните идеи на

локалната самоуправа. Убедена сум дека редефинирањето на типот на општините ќе биде тема на некои идни дебати во Парламентот, во овој или во некој друг состав. И на крајот, но не како последно, ќе поддржев концепт што ќе ја поминеше задолжителната проверка кај месното население за нивната волја за здружување.

Концептот што нам ни се нуди сметам дека  е недоволно конзистентен, со недоволна аргументација за бришење или формирање на некои општини. Така се дојде до некои, како што јас ги гледам, лоши решенија и до неколку пак како  што јас ги гледам, штетни решенија. Во штетните решенија ги вбројувам Струга, Скопје и Кичево (последново со мала задршка поради одложеното стапување на сила на новото решение), се надевам дека до 2008-та ќе успееме да бидеме во некоја поинаква ситуација како држава. Тие ги сметам за  штетни најпрвин за самиот процес на децентрализација, зашто се неприродни, нефункционални и, што е многу важно, силно ја антагонизираат јавноста. За нив не чув досега издржана аргументација, освен дека се резултат на силно изразената желба на еден од коалиционите партнери. А каприцот не може да се издигне на ниво на аргумент. Посебно кога се поставува ултимативно, како единствено решение. Тој приод на безалтернативност не можам да го прифатам - верувам дека секогаш има повеќе решенија, со многу меѓуваријанти. Верувам дека е секогаш подобро и попродуктивно да го бараме оптималниот компромис со кој никој нема да се чуствува губитник, а сите ќе добиеме.

Во текот на расправата по законот се постави прашањето зошто толку реакции сега, во вторава фаза, кога законот бил речиси истиот и во првата фаза? Да не заборавиме, колеги, реакции имаше и првиот пат. Но при расправата во првата фаза министерот Гештаковски се постави многу отворено и приемчиво за ставовите и реакциите од пратениците и граѓаните, па се доби впечаток дека дискусиите нема да бидат бесполезни. За волја на вистината, видлив е напорот на министерот да излезе во пресрет на барањата на граѓаните онаму, каде што е самиот убеден и каде што може и други да убеди. Благодарение на тоа и имаме одредени подобрувања на текстот помеѓу двете фази и во текот на расправата. Но, сепак, прашањата што предизвикаа најмногу реакции останаа зацементирани.

Моите ставови за територијалната организација ги изградив уште во текот на подготовката на овој закон и јас отворено и јавно ги застапував. При расправата по првата фаза на законот се залагав за пролонгирање на роковите и за носење на законите за децентрализација во фази, а не во пакет. Предлагав дури и одложување на локалните избори, зашто тврдев дека вакви сложени закони и процеси не можат да се спроведат на квалитетен начин за олку кусо време. Тврдев и на тоа стојам, дека нам дефинитивно ни треба добар и функционален предлог за територијалната организација што ќе ја олесни децентрализацијата, која самата по себе е доволно комплициран процес.

Почитувани колеги, мене ми е многу жал зошто дозволивме еден погрешно менаџиран закон да не оттргне од патот по кој одевме. Иако со многу попатни проблеми, ние сепак одевме напред. Предлагањето на овој закон во Парламентот предизвика многукратни штети во земјата и за земјата, создавајќи недоумица, недоверба и делби помеѓу луѓето по различни основи. Се подигнаа граѓански тензии и се преточија во организиран граѓански отпор. Се накрши кората на меѓуетничката доверба што толку трпеливо и упорно ја градевме овие години и што ќе мораме да продолжиме уште поинтензивно и по донесувањето на овој закон.

Се прават обиди во од да се редефинира Рамковниот договор и повторно да се влезе во сфера на недефинирани состојби. Нема минимум граѓански консензус за ваква територијална организација и изгласувањето на ваков закон ќе биде доживеано како принуда, како нешто насилно наметнато.

По сево ова, почитуван г-не министре, почитувани колеги пратеници, јас не можам да гласам позитивно за ваков текст на законот. Сметам дека со неговото изгласување во оваа форма, при постоење вакви состојби во земјава, ќе влеземе во вртлог на нови непредвидливи и несакани ситуации за сите нас. Затоа апелирам до предлагачот, да размисли за одредени интервенции во текстот со кои би се излегло од ќорсокакот. Верувам дека најголем дел од тензиите, а тоа се оние што се искрени, граѓански, ќе спласнат со само две интервенции околу Струга и Скопје. Со зачувувањето на нивниот сегашен статус, или, како минимум добра волја за компромис и разбирање на граѓанскиот неспокој, со одложување на решенијата од законот за 2008 година, по примерот со

Кичево. Другите недоследности и грешки во законот ќе можеме да ги решаваме дополнително, во некоја помирна атмосфера.

Почитувани колеги,

На Македонија и треба силна Влада што низ искрено партнерство и дијалог ќе ги носи одлуките. Влада што ќе знае да прави мудри компромиси, низ кои ќе добијат сите: и коалициските партнери и граѓаните и Македонија. На Македонија и треба Влада што ќе продолжи со легислативата неопходна за евроинтеграциите, ќе ги забрза економските и судските реформи, ќе ја подобри личната безбедност на граѓаните, ќе обезбеди функционирање на правната држава на сите нивоа. Паралелно со сите овие процеси ќе ја имплементира децентрализацијата и притоа ќе стори се за што помалку да грешиме.

Почитувани колеги, за успешен од напред потребна е способност и визионерство, но потребна е и поддршката на граѓаните, зашто само сите заедно можеме да стигнеме во Европа. Зашто и највизионерската идеја ќе биде еднаква на нула, ако не успееме да убедиме доволно свои сограѓани да веруваат во неа и да не следат.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Поповска,

За сега имаме две реплики, нека се пријавуаат господата и госпоѓи кои сакаат реплики.

Повелете госпоѓо Арифи имате реплика.

ТЕУТА АРИФИ:

Јас би сакала да реплицирам со некои  искажани ставови.

Најпрвин што се однесува на самиот почеток кога зборувавте за анкетата на ИРИ околу подршката на граѓаните на Охридскиот рамковен договор. Јас би сакала да ве потсеетам колешке Поповска да ги гледате анкетите околу подршката на Рамковниот догвоор во времето кога тојдоговор беше потпишан 2001 година, ќе видите дека имаше голема подршка меѓу една етничка заедница, многу мала подршка кај другите граѓани значи кај македонците.

Очигледно беше потребно да поминат три години еден договор каков што е Охридскиот да стане прифатлив за сите граѓани.

Сакам исто така да кажам дека со импонирање на идеата дека некои губат, некои добиваат која се случува токму кога дискутираме сега за овој закон апсолутно по три години на една анкета овој закон ќе има подршка од мнозинството граѓани затоа што за некои работи очигледно е потребно повеќе време.

Втората теза за која сакам да реплицирам се поврзува со каприцот на еден член на една од коалиционите партии како што вие кажувате во врска со овој закон.

Демократската унија за интеграција госпоѓо Поповска не учествува во коалицијата од каприц, туку со една силна политичка одлука да даде придонес за стабилизирање и вклучување на нашата зема во Европската унија. Затоа не е каприц да се залагате за користење на албанскиот јазик поправата како што се според Охридскиот договор или да се ангажирате за принципот за меѓуетничка интеграција и да се заборават етничките гетоа по селата и урбаните средини кои секогаш биле повеќе можности за една етничка заедница и мали можности за другите.

Сакам да завршам дека тука ние не правиме редефинирање на Охридксиот договор, туку едноставно такви се принципите во законите каде е потребно двојно мнозинство како што е овој закон, сметам дека се губи повеќе време, треба повеќе толеранција за да се слуша гласот и  да се земат предвид барањата на тие кои не се во мнозинство во  Република Македонија  како што се албанците и другите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска една минута контра реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувана колешке Теута Арифи, сосема накусо, мислам дека ви беа коректни забелешките, можеби некаде не сме се разбрале. Рамковниот договор и Анкетата на ИРИ ги спомнав токму затоа што сакав да покажам дека не треба да постои страв од неисполнување на Рамковниот  договор дека зад него стојат сите релевантни политички субјекти и се повеќе граѓани вклучително и од македонската етничка заедница.

Што се однесува до каприцот на еден коалиционен партнер, дозволете ми меѓутоа, јас го доживувамкако каприц инсистирањето на токму ваква поделба и разграничување и никаква друга. Јас секогаш верувам дека има повеќе можности, повеќе варијанти и дека треба да ги бараме компромисите, а не да настапуваме ултимативно или вака овде ќе биде цртата или ништо од заедништвото.

Тоа е она што јас го гледам како каприц, простете, меѓутоа, јас не можам поинаку да го наречам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Костовски имате реплика, три минути.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, мојата реплика ќе биде многу кратка,

Навистина сум пријатно изненаден што и од коалицијата се појавија ставови дека донесувањето на овој пакет закони можеби сепак е преурането. Навистина би сакал со ваква дискусија да се придружат и пратеници од албанската национална заедница, навистина би сакал, тогаш ќе имаме консензус кон она кон кое тежнеемезаеднички донесување на она што сите нас не тишти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знаете, јас мислам дека има позитивни и негативни реплики во случајот искажана позитивна реплика.

Повелете г-дине Стојаноски имате реплика, сигурно и вашата ќе биде позитивна.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Видете г-дине претседател, позитивните реплики, еве уште еден пример за тоа, јас сакам да истакнам во однос на ставот дека колешката неам да гласа за овој закон. Сакам да истакнам дека ова треба да бид еапел и порака до сите други пратеници од владеачкото мнозинство кои претставуваат само гласачка машина на Владата на Република Македонија да почнат да ги слушаат аргументите и врз основа на тие аргументи ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски,

Повелете г-дине Ефтим Манев, имате збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван минситре,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да се извинам што се изјаснив погрешно, да не ме сватите така, реков позитивна и негативна реплика. Нема позитивна и негативна, туку има реплика за подршка и реплика за да се дообјасниме.

Повелете г-дине Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

По однос на Предлог законот за територијална организација на локалната смаоуправа би сакал и јас да го кажам своето мислење.

Најпрвин уште на почетокот би кажал дека овој закон е лош закон за Република Македонија , а тоа од причини што истиот не е транспарентен, туку е донесен повеќе од политички договор меѓу партиите кои го имаат мнозинството во Парламентот.

Што е лошото во овој закон?

Сметам декаисклучива причина за вакво донесување на законот се недоразбирањата или желбите на политичката партија ДУИ по однос на формирање на поироки општиникако што се Струга, Кичево и градот Скопје.

На основа на овие причини кои се јавиле како потреба на ДУИ се направени уште поголеми грешки и во останатиот дел на Република Македонија .

Министерот во неговото воведно излагање во одговор на безброј амандмани кои се водеа во расправата, целокупните негови оправдувања за неприфаќање на голем број на амандмани и општини за кои се бараше да останат во законот, беше дека истите не ги исполнуваат економските услови и не можат да опстанат како такви. Немале инфраструктура, немале стопански објекти и од тие причини поголем дел од руралните селски општини се припојуваат кон градовите.

Јас имам едно обратно мислење дека и понатаму соовој концепт на закон уште повеќе таквите населени места кои до сега биле општини тие нема да се развиваат и понатаму ќе пропаѓаат и ќе имаме миграција, селење на населението од тие населени места во градовите.

Ваквото нешто сосигурност го знаеме сите имајќи во предвид од 1963 година до 1996 година во Република Македонија имаше само градски општини околу 32-33, а до 1963 година во Република Македонија имало 205 општини.

Што станало од 1963 до 1996 година? Огромен број на население од селата се иселиле по градовите, сит енаши градови се зголемени двојно, а Градот Скопје за три пати. Дали соовој начин како што го предлага Владата, а министерот гоподржува ваквиот закон во иднина населените места кои се припоени кон градовите ќе бидат развиени? Обратно, истите уште помалку ќе бидат развиени и никогаш ќе нема стопански објекти ниту вработени, како што сега го зборува министерот, нема вработени и нема да опстанат. Како можат да опстанат кога Владата при подготвувањето на овој закон не располага со материјал од експерти или билокаква работна група која ќе не убеди дека некоја општина не може да опстане од оние што се укинати.

Често пати се спомнува ако овој закон како што е предложен не се прифати, Република Македонија губи многу и не може да влезе во Европската унија. Како да е единствен проблем донесувањето на овој закон и Република Македонија е пред портите на ЕУ. Јас ќе кажам дека Република Македонија ќе биде примена последна во ЕУ затоа што постојат далеку повеќе проблеми кои не ги исполнуваме. Немаме никаква вработенсот, немаме инфраструктура, а уште помалку изградба на стопански објекти.

На ваков начин уште повеќе се запостави развојот на Република Македонија , бидејќи не постојат никакви услови за натамошен развој, општините кои се припојуваат спрема градовите, нека се направи една анализа колку се моќни тие градови и што би направиле тие.

Во прашање е опстанокот на тие градови. Ако би го земал било кој град, да се навратиме и кон градовите каде што имаме сосема политички општини Струга, Кичево, каде се припојува поголем бој на селско население или општини, градот е помал отколку

што е тоа население и ќе успее тие општини да го развијат тоа населено место. Секое населено место може да се развива само, најмногу доколку самото население оценило, ја има желбата, сака да биде општина. Само тие луѓе можат да напреднат. Не може некој да им сугерира или да им помага дека ќе ги развие. Такво нешто не се случило во светот.

Се зборуваше за повеќе начини на организација на локалната самоуправа во светот. Дека во Франција имало толку, дека во Англија имало со поголем број на население, сметам дека кај нас исклучиво е она што одговара на нашето население, на нашиот развој на општината.

Концептот што е понуден, без никаква анализа, сметам дека нема ниту една експертска анализа, исклучив договор, ако имало било каква експетрска анализа, таквата анализа ќе била презентирана пред пратениците и ќе сме го виделе тоа, ќе бевме убедени дека е вака или така подобро.

Исто така, главниот проблем на причините што овој закон во Република Македонија направи приличен потрес, со штрајкови, со неприфаќање на истиот, поднесување на 157 амандмани, ниту едне да не се прифати, тогаш сметам дека позицијата воопшто не размислува за мислењата за позицијата, што е катастрофална грешка за било која позиција што внимателно не ја следи опозицијата што сака и што предлага.

Исто така, сегашната позиција се надоврзува дека ова што се случува во Република Македонија, тоа е дело на опозицијата. Никогаш не би можела опозицијата да направи нешто, да покрене било кој дел од Република Македонија, доколку граѓаните тоа не го прифаќаат. Затоа е неопходно да се постигне некаков консензус, да не би влегувале во матни води што веројатно набргу ќе донесат поинакви состојби во Република Македонија или враќање назад, за кратко време, пак да правиме нов Закон за 2 или 4 години, затоа што ќе се уреди дека овој Закон не е конзистен.

Кои се причините за општините Струга и Кичево каде имаме прилично разсвижување на населението, што не го прифаќаат, што е тоа што не тера нас токму ваква да ги направиме општините што се припојуваат кон Струга, Кичево, а се населени места со една добра броја од 8 до 12.000 жители кои постоеле во тие општини, што е тоа

што ќе ги припоиме овие градови.  Дали во овие градови не постои двојазичност? Постои, и те како.

Што е таа причина што не тера нешто да размислуваме нешто друго, што некои пратеници го зборуваат дека сакаме секаде во тој дел од Република Македонија да е доминантен албанскиот народ, што е дефектна работа. Ако ние градиме мултиетничко општество, најмалку треба на тоа да мислиме. Струга е и така пола на пола, Кичево нешто слично. Што е со Скопје, за што би сакал подоцна да зборувам кога ќе дојде Законот за Градот Скопје. Немам ништо против, а и кој би имал против за Сарај и Кондово да се спојат во една општина, ако тие две општини го сакаат тоа.

Инаку, причините да Сарај припадне во Скопје очигледно дека е друга намерата, намерата е Скопје да биде двојазично. Што е толку битно? Ќе вработат уште 15-20 граѓани од албанската националност, ништо повеќе.

Потребно е да се размислува Скопје повеќе да не се шири. Сарај ако има услови да се развива, да биде посебен град, таму се собираат во тие општини скоро 40.000 жители во двете општини што се спојуваат. Сега Скопје ќе го спојуваме ќе го правиме до милион граѓани што е и те како дефектно за Република Македонија. Скопје требало да се ограничи на 200-300.000 жители максиум. Со овој развој на Скопје го уништуваме целокупниот развој на Република Македонија. Неспорен факт е дека големите градови или населени места ги уништуваат помалите. Паметно е сепак го држам размислувањето на други пратеници да се одложат локалните избори уште за 6 месеци како би се направил солиден Закон за локална самоуправа, бидејќи не можеме да вршиме избори по стариот Закон. Така диктира Уставот усогласен со Рамковниот договор, кое нешто треба да го почитуваме. Но, корисно е да има консензус во оваа материја,.

Ако во расправата и договарањето, токму по општините што се формираат и како се формираат, целата опозиција, колку ги има толку лидери на таквите партии и експерти, малку повеќе сме дошле до некоја вистина кое нешто нема да не доведеше да зборуваме 15-20 дена за овие два закони, туку веројатно ќе зборуваме два дена. И, тогаш ќе беше задоволна Македонија, тогаш ќе бевме задоволни сите ние, пратениците,

Што е дефектно по одредени пратеници кога зборуваат дека ние го преземаме ризикот. Ако настане штетата или несогласувањето, нема никаква корист од тоа ако јас преземам ризик. Не се враќа ризикот кога ќе се направи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова, а нека се подготви госпоѓа Цветанка Иванова.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Почитуван претседател почитуван министер ценети колеки пратеници,

Ќе се обидам со мојата дискусија и покрај тоа -што денес говориме на една многу значајна тема, макар да малкумина од нас говоревме точно на темата да не одземам многу време во работата на овој законодавен дом, поготово ако се има во вид фактот дека по законот за територијална организација имавме многучасовна, повекедневна, напати крајно обременета дискусија па се што можеше да се каже на оваа тема е веке кажано, а богами и многупати повторено што во дискуси што во реплики.

Почитувани пратеници,

Кога по одредени прашања се носат политички одлуки ( еве уште на самиот почеток признавам, како и мојот колега Слободан Најдовски, дека во овој закон има и политички решенија и не гледам што има во тоа страшно ако овој закон ни го нуди влада чии министри се припадници на политички партии а исто така и ние кои овде треба да одлучиме припагаме на политички партии и народот како на такви ни ја дал довербата во овој 4 годишен мандат) поготово ако тие одлуки се однесуваат на прашања кои се од исклучителна важност за сегашноста и иднината на државата и уште ако истите се чувствителни за народот кој живее во таа држава, знам дека е многу тешко тоа да му го објасниш на народот, особено пак да го убедиш дека го носиш во овој момент најдоброто решение за него.

Ќе бидам искрена дека во еден момент и јас не бев докрај убедена дека вака понудениот закон за територијална организација е единственото и најдоброто можно

решение. Поготово ова дилема жестоко ми се наметнуваше од сознанието дека по текстот на законот има поднесено 156 амандмани, најголем број од страна на опозицијата.

Но, во текот на расправата по амандманите од страна на опозицијата наместо аргументи во одбрана на истите сите ние овде, а и Македонската јавност барем, оние најтрпеливите кои не слушаат кога говориме до безкрај, бевме сведоци на долги дискусии кои по неколкупати се повторуваа и преповторува, до бескрај се набројуваа и читаа имиња на села кои дел од тие што ги читаа ниту ги знаат, ниту многу точно ги изговараа, а камо ли пак некогаш да биле таму и виделе како живее народот на кој што толку многу со полна уста се повикуваат. Потоа се броеја и пребројуваа овци, кози, крави па се спомнува поточиња извори чешми асвалт и макадам па се помина на земјопис и големи зборови се искажаа за природните убавини, и тоа од страна на многумина кои никогаш не ги виделе а камоли со душа да је допреле таа убавина. А за културното богатство не би скала ни да го коментирам.

Значи Вашите аргументи дами и господа за опстанокот на одредени општини кои многу малку ги знаете, а ја с сепак голем дел познавам и знам дека единствена корист од нивното постоење имаат само тамошните градоначалници. Значи, не ме разубедија дека намерите ви се до крај искрени.

Почитувани претеници точно е тоа дека изготвувачите на овај закон немале единствени математички прецизни критериуми за секоја општина, но и вие знаете дека тоа е неприменливо поготово ако ги имаме во вид сите околности и обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор во кој не само што децидно е напишано за територијалната организација а вие сега нечесно се откажувате од она што еднаш сте го подржале, туку и самиот дух на тој договор е со една приоритетна цел - градењето на доверба меѓу заедниците, па токму затоа сметам дека овој закон претставува решение со кое нема да му застанеме на патот кој треба нашата земја да ја однесе до единствената јасно дефинирана цел Евроатланската интеграција.

Но, почитувани пратеници, реализацијата на овој закон за територијална организација ќе се смета за успешна доколку како што и претходно реков со него се

постигне јасно дефинираната цел и со тоа се заокружи процесот на конституцијата на нашата земја врз основа на договорот од Охрид со што, најискрено се надевам ќе се ослободи простор за продуктивно насочување на севкупната енергија на нашата Влада во најприоритетното нешто за целото веке до крај исцрпено  население - економијата.

Со овој закон веќе се превзема голема обврска од сите нас, македонци, албанци турци роми, власи ,срби, бошњаци  дека времето на одлагање за решавањето на наталожените проблеми веќе истекува. Почитувани коалициони патнери од Демократска унија за интеграции, иако не ве гледам, се надевам дека ме слушате  времето на незадоволствата, војната и  недоразбирањата се зад нас и мора да се свртиме заеднички да ја градиме иднината . Повторувам заеднички.

Честопати од оваа говорница беше спомнувана Меѓународната заедница и цитирани мислења од странски експерти и политички фактори во однос на Законот за територијална организација. Оние кои умеат, сакаат и знаат правилно да ги читаат или да ги дочитаат текстовите многу јасно ке разберат.( А мислам дека и разбираат ама така им одговара,) дека е  јасен и дециден  ставот на Меѓународната заедница во однос на ова прашање. Многу јасно е дека зборовите  цитирам, “Ако македонското собрание не ги усвоои законите за децентрализација ако референдумот на Светскиот Македонски конгрес се спроведе сметам дека тоа ке значи чекор назад за Македонија”, изречени о Петерсен претставник на ЕУ во Македонија. Или дека доколку “Законот за територијална организација не се спроведе ке биде доведен во прашање опстанокот на Македонија “, исто цитат од член на Меѓународната кризна група. Значи, овие зборови  не значат ништо друго туку јасна конкретна и недвосмислена порака дека со ова решение сме  на вистинскиот пат - патот за Еевроинтеграциите, патот за  НАТО.

Почитувани колеги,

Сите ние овде се декларираме дека сме се определиле за час поскоро да го изодиме тој пат и да се најдеме во големото европско семејство. Одтука кога на сите ни е јасно дека подршката од меѓународната заедница  за тоа ни е повеќе од потребна не можам да разберам .. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Топузова, должен сум сепак да ви кажам дека првата дигресија заврши, продолжете со втората.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Благодарам, продолжувам со втората.

Значи, дека подршката од меѓународната заедница ни е повеќе од потребна, не можам да разберам на народот упорно да му се наметнува, според мене, една многу опасна теза за оние кои ни се неопходни во тој процес, имено дека Меѓународната заедница стои зад Албанците, а притоа не води ама баш никаква сметека за македонскиот народ. Не, почитувани колеги. Меѓународната заедница и сега по однос на овој закон како и во 2001-та година по ужасниот воен судир застана и стои на страната на Македонија. Унитарна независна модерна.

Јас сум длабоко убедена дека овој закон за територијална организација не е совршен, но ниту овој па ниту било кој друг ќе може да биде. Но во овој момент имајќи го во вид гореискажаното е нешто најиздржано што можело да ни го понуди Владата а ние по него да расправаме, па и покрај многуте забелешки, дел од нивни добронамерни со искрена доза на загриженост, а за жал најголем број злонамерни потикнати од желбата и амбицијата за повторно вракење на власт, сепак сметам дека овој закон обезбедува децентрализацијата веќе наесен да почне да се практикува во единиците на локалната самоуправа, кои пак од друга страна со овој пакет-закони стануваат поодговорни во собирањето и трошењето на приходите од даноци и во најголема мера од нив самите зависи напредокот и просперитетот на општината, а што е уште поважно овој закон ја движи Македонија кон европскиот концепт на граѓанскиот модел и концепт на модерна европска држава.

Почитувани колеги од опзицијата, престанете да ја манипулирате македонската јавност, овој закон не знаши федерализација на нашата земја ниту од далеку не носи на тој пат. Напротив, нуди можност за развој на локалната демократија како вистинско место на поттикнување на општеството на граѓаните и почитување на идентитетот на

заедниците, како и зачувување и забрзување на мултиетничкиот карактер на општеството во јавниот живот.

Кога ги слушам сите обвинувања на опозицијата зборови на омраза, жолчност, нетрпеливост, зборови за делби и распарчувања  ми се наметнува прашањето: дали многумина од нас или од вас овде говорат во име на чесните разумни и трудољубиви граѓани на Република Македонија кои се во огромен број и искрено си ја сакаат својата татковина и сакаат таа да биде мирна, безбедна и напредна земја.А дека тоа е така, почитувани  гопспода, потврдува и бројот на присутните на вашиот митинг и на  митинзи кои ги отганизира третиот пат во овој момент) Или пак можеби говорат во име на оние малкумина обременети со омраза, екстремизам, деструктивност без разлика на која етничка заедница и припагаат .

Господа, сакале или не ние го имаме Рамковниот договор потпишан од лидерите на најрелевантни политички партии во Македонија и подржан од партиите  што тогаш беа во овој законодавен дом. Но сите од нив различно се однесуваат кон овој договор, како во време на потпишувањето, така и во време на неговата имплементација. Некои достоинствено го понесоа својот дел на историската одговорност и доследно се придржува на она што го потпишале и сега, што е сосема разбирливо и логично настојуваат да го спроведат веќе потпишаното.Додека пак други се пишманеле уште кога потпишувале, па откога потпишале, ептем пишман биле, а сега кога треба да се реализира и да се спроведува, од кои што овој закон за територијална организација претставува и дел што тие го потпишале, а сега треба да го реализираме, тоа го квалификуваат како прдавство, нас како предавници, а вам ви оставиле аманет едните до бескрај да ги повторувате јаловите дискусии и да манипулирате со чувствата на народот, а  другите пак дури и да не учествуваат во дискусијата, зошто ама баш од ништо не биле задоволни што има во овој закон.

И сосема на крај господа во однос на овој Закон за територијална организација, во оваа расправа многу често се наметнуваа прашањата за кукавичлукот и предавството, храброста и патриотизмот. И сега јас се прашувам дали кукавица е оној кој во значајни моменти го напушта местото на кое на најдемократски начин може да го искаже својот

став или на оној кој останува тука и до крај ги брани своите ставови, и што е најважно врз себе ја презема целокупната историска одговорност која сама по себе се наметнува при носењето на такви одлуки.

Доколку сме во право или не сме во право господа единствено за овие одлуки може да ни суди судот на историјата.

И сосема на крај прочитав некоја мудра изрека која што вели: храброста господа сама по себе не е позитина особина ако не е придружена со мудрост и доблест тоа е тиранија. Од друга страна мудроста и доблеста без храброст се само лицемерие и кукавичлук.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Третата дигресија беше кратка.

Господине Даневски вие сте први за реплика, повелете, три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Би реплицирал во делот на онаа теза штп сега колешката ја наметна во Собранието. Треба да разграничиме дека скоро сите политички партии во Парламентарниот дом кои учествуваат во неговата работа тоа е за носење на пакетот на закони за децентрализација, тезата дека Меѓународната заедница стои за ваква територијална организација во Република Македонија апсолутно не држи.

Она што се повикува колешката пратеник на Меѓународната заедница, јас би ја потсетил колешката дека до ден денеска, нас името не ни го признаваат, Република Македонија, а вие се повикувате на Меѓународната заедница. Ако гледаме историски Меѓународната заедница во многу клучни моменти Македонија ја користела за распарчување, за задоволување на некои апетити на поголеми држави.

Во делот на историската одговорност, ако зборуваме, еве, Комунистичката партија на Грција зема одговорност за геноцидот и за иселувањето, за асимилацијата на 400 илјади Македонци низ целиот свет. Знаеме што се случи, знаеме кои патешествија, знаеме што им се случуваше на децата бегални од Егејскиот дел на Македонија, така да

термините дека Меѓународната заедница стои пред нас, ама апсолутно не држи. Ако стоеше Меѓународната заедница зад нас можеше многу лесно да ги реши сите наши прашања во делот на Македонија. Така да во другиот дел не беше ништо кажано и нема потреба да реплицирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова имате контра реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Не, не почитуван колега Даневски, не само што не ги дочитувате текстовите од Меѓународната заедница туку морам да ви кажам дека многу неправилно ја читате историјата како на својата земја, така и на другите земји, а за тоа можеби ќе се сретнеме на некој наужен симпозиум и ќе можеме до крај да го објасниме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, три минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господин претседателе,

Очекував колешке да слушнеме нешто бидејќи се јавивте повеќе пати за реплики, во почетокот на вашиот говор кажавте дека не бевте до крај убедена во овој закон и уште повеќе се убедивте после 156 амандмани кој ги поднесовме и кој што како што кажувавте говоревме за чешми, патишта, училишта, здравствени домови што сето тоа вас апсолутно не ве интересира. Вие говорите за нешто друго, говорите за Европската унија и што Европската унија мисли за Македонија, т.е. поединци во нивни говори.

Говорите за нас дека не сме биле по тие места кои што сме ги читале и прочитале, јас за жал ќе морам да ве убедам дека тоа е многу поинаку од ова што го кажувате, сепак ние сме Македонци, живееме на овој простор и се надевам дека заедно со вас можеби и ќе се видиме некаде.

Ова што го говоревте за да го осетиме духот на тие места, вашиот дух го видовме бевте против Плаушник, бевте против Самоиловата крепост бидејќи требало

повеќе тогаш да има вработување, не да се прават цркви, ама сега се е во ред и сите претставници и претседатели ги носите прво на Плаушник и тоа е многу убаво, но од вработувањето, од економскиот пораст, од инвестициите апсолутно ништо не направивте.

А за тоа што сега говоревте за нашиот рејтинг како опозиција јас само да ве потсетам што би рекле и што би рекол претседателот една дигресија што говори за вас и за вашиот рејтинг е тоа кога во Крушево имате три илјади луѓе и пет илјади полицајци или кога на отварање на споменик во Битола доаѓа претседателот со 300 специјалци и носите 200 луѓе со автобуси од други градови и што во Струга ви се случи народот. Тоа е вистината колешке и очекував во овој ваш говор да слушнам барем еден ваш аргумент со кој ќе ме убедите дека ова што го говореше опозицијата не е во ред. Дали тоа ќе биде од финансиски аспект, како што се обидовме да ви кажеме како луѓето предвиделе понатаму да опстојуваат, кои работи ги завршиле, со колку средства, ниту министерот ниту Владата уште помалку вие како пратеници се убедивте и не убедивте нас дека тоа е токму така. Се заврши на она што го кажавме, етнички договор меѓу два партнери и морам да кажам дека глупоста и космосот се безгранични. Сето другото е во ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Топузова, повелете една минута.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Почитуван колега пратеник,

Последното самиот го потврдивте, не сакам околу тоа да дискутирам заради тоа што е невкусно. Што се однесува до Европската унија, па ќе ја споменувам, нормално е, таму стремиме сите, сите се залагаме, тука имаме консензус, па кого да спомнувам ако не Европската заедница и ако не ни е важно мислењето што тие го имаат. Впрочем кажав, потребна ни е нивната поддршка.

Што се однесува до Плаушник и Самоиловата тврдина никогаш не сум зборувала против, напротив сум дала поддршка и сметам дека е нешто добро направено. Не сте ме следеле добро, зборував за уништувањата и деструкциите на Маркови кули.

Така да тоа е различна работа. И сосема на крај духот на она што вие го направивте во четиригодишното владеење уште многу добро го чувствува народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Поентата на овој говор многу лесно се гледа, а тоа е верувајте и на Владата. Значи, благодарение на високата свест и големата визија на авангардата на граѓаните и на работниот народ олецетворена во Владата на Република Македонија го добивме овој закон кој со крупни чекори ќе не одведе во светлата иднина. Затоа ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете ми на што полемизирате, на кои ставови од госпоѓа Топузова.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Првата реченица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашите поенти и одговорот не се полемика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Првата реченица извадете ја од говорот и ќе знаете на што ќе реплицирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повторете ја, ајде да видиме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Владата знае што прави, Владата е таа која што донесува закон кој што претставува визија за иднината на Македонија. Зборувам за тој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарение на високата свест и големата визија на авангардата на граѓаните и работниот народ претворена во Владата на Република Македонија го добивме овој закон кој со крупни чекори треба да не одведе во светлата иднина. Затоа народот не

смее да мисли има кој да мисли за него. Народот не знае што е подобро за него, тоа го знае визионерската Влада на бившиот и сегашниот премиер. Меѓутоа, ако не не слушате нас слушајте ги вашите патрони од ДУИ кои во дискусиите ви кажаа што мислат. Дали Швајцарија или Белгија ќе биде избрана како модел за Македонија, што мислите. Или нешто трето треба да се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Почитуваниот господин Стојановски се обиде да направи пародија од дел од мојот говор, меѓутоа ќе морам да му кажам дека и таму беше неуспешна затоа што и самиот не верува во тоа што и самиот сакаше да го каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојановски вие сте пратеник на Македонскиот парламент избрани на фер и демократски избори. Владата, јас како претставник на таа Влада и на Република Македонија самостојна, суверена унитарна држава, која во долгогодишната своја вековна историја дошла до своја држава. И би ве молел како пратеник на кој граѓаните ви го дале легитимитетот да се однесувате согласно Уставот. Можеби делува малку према вас, однесување на еден министер, но јас така се чувствувам како човек, министер со посебна чест и задоволство во Владата на самостојна Република Македонија и вие така треба да се однесувате.

Би сакал да дадам и одредено објаснување во делот од расправата за аналитичарите кои го анализираат овој дел, користејќи ја можноста и еден пратеник од опозицијата истакна дека на овој закон се дадени 176 амандмани, а често се употребуваше и тоа и од опозицијата, не сакам да бидам погрешно сватен. На Законот за територијална организација се поднесени формално-правно 176 амандамни  дефакто се околу 70 амандмани, тоа го знаат и пратениците бидејќи од техниката на изготвување на

Законот се поднесуваа знаете, на член 10 и член 12 за иста работа, несакајќи да ги потценам амандманите на пратениците. Но, во основа реално, дефакто се поднесени 70 амандмани. Не се малку според членовите на законот, но да не се злоупотребува тој дел, тоа би сакал да го укажам.

И, уште едно прашање, кој беше ставот на Владата го изнесов, би сакал уште еднаш да го повторам во делот на овој закон е работен и изработен согласно сите меѓународни акти од областа на локалната самоуправа правејќи можност за хармонизирање со европското законодавство, сигурно врз основа на обврските на Рамковниот договор каде јасно, прецизно и единствено чисто е искажано дека при измена на законот за територијална поделба, за границите на општината страните потписници ја повикуваат Меѓународната заедница. Јас би сакал да ви укажам дека овој закон ги респектира укажувањата на Меѓународната заедница, во делот на изработката и јасно и гласно ја има поддршката од Меѓународната заедница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате контра реплика господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине министре, мојот апел беше на почитување на волјата на народот односно на референдумите кои што беа одржани и на сите оние начини на кој што народот сакаше да каже што мисли за опстојување или не опстојување на своите општини, а во однос на односот што го имаше Владата по однос на нашите амандмани во однос на неприфаќањето, од тој аспект гледам и зборувам во смисла на тоа дека Владата мисли дека само тоа што го има предложено во ваков закон е исправно. Значи, тој беше аспектот на моето зборување. И, уште една работа во 1996 година имаше 400 амандмани тогаш во Парламентот немаше опозиција, а сега има како што самите рековте дефакто околу 70 амандмани што значи целосно го прифаќам вашето укажување до пратениците од позицијата кои што цело време зборуваат дека со тие амандмани сме сакале да правиме некакви опструкции.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мешков, три минути реплика на госпоѓа Топузова.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам претседател,

Во принцип не реплицирам на ставови затоа што ставовите се мислења на поединци, наши колеги и тие имаат право да мислат така како што мислат, меѓутоа колешката Топузова токму како што запишав рече, престанете колеги од опозицијата да ја манипулирате јавноста. И други некои колеги употребија слични зборови во смисла, јавноста е изманипулирана, јавноста е излажана, јавноста е не знам ова, јавноста е не знам она, не баре јавноста и граѓаните се аморфна маса, па кој како стигне може да ја манипулира, може да ја лаже, може да ја заведува.

Мислам дека со таквите изјави ја потценуваат јавноста и луѓето кои не следат и мислам дека не е коректно да се даваат такви изјави. Дали манипулирањето со јавноста односно зборовите што колешката Топузова ги кажа сака да каже дека манипулирање со јавноста значи да мислиме разлижно од неа. Или, дали со тоа забранува на другите да го имаат правото односно нема да ја манипулираат јавноста само ако мислат како што мисли таа. Впрочем различни ставови и мислења во оваа насока искажаа и колеги од коалицијата, а и од нејзината партија. Дали сака да каже дека и тие ја манипулираат јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова една минута.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Да почитуван колега, навистина ќе повторам, сметам дека ја манипулирате јавноста, ја манипулирате во делот на она што го говорите дека ова значи федерализација и поделба на земјата. Впрочем и вашите експерти потврдија дека ова не значи поделба, вие се обидувате врз чувствата на народот, онаму каде што знаете дека

тие се многу чувствителни да ја остварите својата амбиција и пустата желба побрзо да се вратите на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мешков, јас имав подобра контра реплика, ама немам право да ја кажам. Имав многу убава контра реплика за тоа, за вашево манипулирање.

Нема повеќе реплики.

Повелете госпоѓо Иванова имате збор, а нека се подготви пратеникот Слободан Даневски.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам господин претседателе, колеги пратеници, господине министер,

Го прифатив предизвикот да проговорам и јас за ова сериозно прашање. Да ви кажам искрено овие 12 дена често пати се пријавувам и одјавувам, дилемата ми беше да го избегнам ризикот, она што значи прв да се зборува, значи да се промаши тема или она што значи да се зборува во последните, значи да се исцрпат повеќето аргументи кои што ви биле структура на вашиот говор, меѓутоа сепак сакам и јас да проговорам бидејќи сметам дека ова е една од значајните теми, можеби и најзначајна тема во овој наш мандат.

Дилемата исто така ми беше дали да прифатам да зборувам по оваа тема и тргнувајќи од фактот дека во Парламентот се води дебата за да се убедат пратениците да гласаат поинаку доколку сметате дека ќе гласаат поинаку и тука веднаш се расколебувам затоа што од дисксиите во овие 12 дена гледам дека сите си остануваме на сопствените ставови, како два брега, значи еве отпаѓа идејата јас да се јавам за дискусија.

Втората моја дилема произлегуваше од тоа, односно овие дебати се водат за да се каже став и на народот или барем на сопствениот електорат и на гласачите и тука исто така имав извесно колебање затоа што сметам дека веќе го понижуваме нашиот народ, го навредуваме затоа што нашиот народ е паметен и за два - три дена може да свати што сака да каже и позицијата и опозицијата. И, посебно сето ова го правиме 12

дена на неговиот грб затоа што трошиме негови пари, но сепак сметам дека треба да проговорам и набрзина вака го концепирав овој мој говор затоа што дел од моите тези веќе се исцрпени.

Прво, да кажам дека ваквите теми се предмет на жестоки дискусии во многу посериозни, постари и подемократски држави. И затоа ја оправдувам полемиката, или различните мислења, ако сакате да кажеме, затоа што така ги градиме ставовите, затоа што секој си има право и на поразлично мислење. Меѓутоа, наметнавме колеги пратеници, една доста жешка атмосфера во полемизирањето на ова прашање. И би сакала да ги разработам кои се тие работи кои што предизвикаа ваква жешка атмосфера во полемиката по ова прашање. Според мене првата работа која што не тера доста со емоции да дискутирам се сеуште свежите сеќавања од настаните во 2001 година, затоа што како што сме сведоци овие денови се повеќе се појачуваат со одбележувањата и комеморациите што се случуваат на настаните и нормално е дека сме фрустрирани затоа што од овој настан од 2001 година,  сите носиме рани и сакаме што побрзо да го заборавиме. Овој настан од 2001 година повзан со неповолната економска состојба која што ја имаме во државата, уште повеќе ги зголемува емоциите кај граѓаните. Друга за мене особено значајна работа која што придонесува за ваква полемика е она што ние како позиција, или како власт не го направивме за волја на вистината, а тоа е за едно вака сериозно прашање не најдовме, односно не обезбедивме доволно време да ја анимираме јавноста, да ја запознаеме јавноста зошто токму сега се решава ова прашање, зошто ова прашање го решаваме токму на ваков начин и што предложените решенија од овој закон значат за граѓаните на Република Македонија. И посебно ако сакате, што предложените решенија значат за стабилноста на нашата држава.

Сега најважното прашање колеги пратеници, опозицијата искористувајќи ги сите овие збир на елементи на работи кои што ги кажав, сигурно на секоја политичка партија основна цел за што егзистира е да се врати на власт, тоа е желбата да се врати на власт и искористувајќи ги сите овие работи, а особено имајќи во предвид дека се наоѓаме во предизборен период уште повеќе ја вжештува атмосферата по ова прашање и по цена

дури да се радикализира состојбата во нашата држава и со пласирање на неколку тези кои што за мене се погрешни и кои што тези пласирани од страна на опозицијата штетно можат да се одразат на стабилноста на нашата држава. Јас би сакала почитувани колеги да ги кажам и малку да подискутирам, односно да ги елаборирам овие тези. Од сите дискусии на колегите пратеници како во амандманската расправа, односно од написите во сите медиуми кои што ја анализираа состојбата провејуваа следните тези.

Прво, дека територијалната организација не е обврска од Рамковниот договор. Втората теза дека територијалната организација на Република Македонија е правена врз основа на етнички принцип. Третата, дека територијалната организација на Република Македонија се прави врз политички принцип. И последната теза по мене најопасната дека сите овие принципи врз основа на кои што е правена територијалната организација на Република Македонија ќе предизвикаат почеток на федерализација, на кантонизација, па и ако сакате распад на нашата држава, односно исчезнување на нашата држава од политичката карта. И веднаш колеги пратеници, она неизбежното кое што мене особено ме навредува, она кое што со векови како проклетство ни е дадено веднаш да се окарактеризираме и поделиме на предавници и патриоти.

Почитувани колеги, за да почнам да ја елаборирам тезата, за мене погрешна, дека територијалната организација на Република Македонија не е обврска од Рамковниот договор, простете можеби ова е веќе доста спомнувано. Морам да почнам од основната цел која што ни е поставена. Верувам на сите нас како на позиција, така и на опозиција и на сите граѓани на Република Македонија, тоа е влез во ЕУ и НАТО. Зошто почнувам од овде, не само сувопарно да го кажувам, почнувам од ова за тоа што ни е цел, тој ни е патот и така треба да се движиме. На сите посебно пратениците, еве за јавноста морам да кажам дека основни критериуми за влез на една држава во ЕУ се таканаречените критериуми копенхагенски критериуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Иванова, првата дигресија ви заврши.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Имам уште две и имам право да правам варијации.

Значи, копенхагенските критериуми, исполнување на овие критериуми значи влез на државата во ЕУ. Меѓутоа, на Република Македонија покрај овие критериуми што треба да ги исполнат сите земји е наметната, односно и е дадена и обврска да ги исполни обрските преземени со Рамковниот договор. Рамковниот договор како што ни е познато на сите обврските се преземени, тие се преточени во Уставот и ние сме должни да ги почитуваме. Почитувани колеги, овој договор го потпишале лидерите на нашите политички партии, тоа значи лидерите и на опозиционата сега ВМРО, или тогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ и нашиот лидер и останатите лидери на тогашните политички релевантни партии. Ссега викате народот не го слушаме за територијалната организација. Па и тогаш колеги пратеници никој не го праша народот дали да го потпише Рамковниот договор, или не. Беше потреба во даден политички момент, овој договор се потпиша, сите знаеме зошто и овој договор веќе сме должни ние да го исполнуваме. И сега да ви кажам уште дека изминативе веќе три години уште малку од потпишување на Рамковниот договор сите ние и позиција и опозиција трошиме енергија во имплементирањето на обврските кои што ги презедовме, дел од обврските веќе се завршени, дел во фаза на имплементација и сега останува последната, но за мене и најтешка обврска, а тоа е територијалната организација на Република Македонија. И сега наместо да продолжиме по патот кој што го зацртавме, си поставуваме прашање дали ова е обврска од Рамковниот договор? Јас ги почитувам прашањата дали оваа територијална организација е најсоодветна, но не и дали е обврска од Рамковниот договор. Сега за да ја потврдам погрешноста на оваа теза, повторно пак треба да се вратам на 2001 година, болен е тој период за навраќање, меѓутоа мораме, зата што од таму се почна. Колеги на сите ни е јасно дека 2001 година беше етнички конфликт, етнички судир. Рамковниот договор е потпишан заради решавање на овој етнички судир. Сега ако е за решавање на етнички судир, ако сме го потпишале овој договор за да се смират страните кои што биле во конфликт. И ако таму сме напишале и потпишале, е сега ние не можеме да претпоставиме нашите и мојот лидер и вашиот лидер што мислеле и што планирале при потпишувањето на Рамковниот договор. Меѓутоа, ние должни сме да читаме и да спроведуваме она кое што е таму напишано. А таму во точка

3 од Рамковниот договор под главата: Развој на децентрализирана власт точка 3.2. стои цитирам “Во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен и до крајот на 2001 година ќе бидат ревидирани општинските граници”. И во Анекс Б од Рамковниот договор измени во законодавството во точка 3 закон за општински граници, цитирам “Собранието до крајот на 2002 година ќе усвои ревидиран закон за општински граници, земајќи ги пак во предвид резултатите од пописот и релевантните упатства дадени од Меѓународната заедница и законот за локална самоуправа”. Колеги пратеници, ако не ни е обврска, зошто точно веднаш под главата за прекинување на непријателствата е ставена оваа обврска? За кого ќе се ревидираат границите, за кои општини, за општина Струмица, за општина Радовиш? Па таму немаше конфликт. И затоа не треба да избегнуваме од обврските, туку треба да ги исполнуваме. Значи, од овие напред цитирани одредби од Рамковниот договор видно е дека за нас произлегува прва обврска да донесеме закон за локална самоуправа. Втора обврска да се спроведе пописна населението и трета обврска да направиме ревизија на територијалната организација на Република Македонија и да се донесе закон до крајот на 2002 година. И што е сега тука спорно колеги пратеници? Ништо не е спорно. Спорно е не знам од кои причини што рокот не го спазиле, наместо 2002, 2004 го спроведуваме ова што требало да се спроведе. Но, спорно е што е многу тешко да се реализира оваа обврска. Тоа е разликата меѓу нас и некои други што ние во критични моменти реализираме тешки обврски како и онаа во конфликтот 2001 иако не бевме повикани, влеговме во коалиција за заштита на државните интереси и сега колку и да е тешко сме презеле обврска и ние колегите што сме правници знаеме, ако сме сериозни договарачи, ќе останеме доследни до крајот на исполнување на обврската. И не дека, ако не бевме во обратна позиција, да бевте вие позиција, ние опозиција, немаше исто да се однесувате како нас, затоа што тоа е обврска, мора да се реализира и да се покажете како сериозен политички партнер и пред Меѓународната заедница, бидејќи знаеме дека ова е потпишано пред Меѓународна заедница, мора да се спроведува. Меѓутоа, не сакам да зборувам зошто, од кои причини не е спроведена таа обврска во дадениот рок, тоа секој понатаму сам нека размислува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Втората дигресија ви заврши.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Сега она што мене посебно ме иритира колеги, наместо навистина да се предлага решение, отидовме до таму дури и да повикаме да се излезе на улица и да се протестира, да се демонстрира на секој начин без притоа да се води сметка за основните права и слобода на граѓаните, да се протестира и демонстрира по улиците, пред домовите на пратениците без да се почитува приватноста и личноста на семејниот живот и достоинството и угледот на луѓето се заради обврска која што сме ја презеле и која што сега нас ни се паднала улогата да ја реализираме.

Втора појдовна теза дека законот е правен врз етнички критериуми, исто така сметам дека е многу ризично со оваа теза да се манипулира, затоа што знаеме дека етничките прашања секогаш го подигнувале народот и тоа е иницијална каписла каде што може да се работи со народот. Меѓутоа не смееме дотолку да ја актуелизираме, затоа што факт е, како што кажав дека Рамковниот договор е потпишан заради прекинување на непријателства, за конфликт меѓу две етнички заедници. И овој договор е потпишан за да се прекинат тие непријателства. И во овој договор за прекинување на непријателствата услов е да се ревидираат границите. И сигурно ќе има етнички елементи. Нормално дека ќе има етнички елементи затоа што произлегува од договор кој што пак менаџира еден етнички судир. Точно е дека во Рамковниот договор стои одредбата дека за етнички прашања нема територијални решенија. Но, не можеме да избегаме дека судирот е етнички. И во точката 2 од Рамковниот договор впрочем се зборува за прекин на непријателствата помеѓу овие две етнички групи. Третата теза пак најлесно е соборлива дека законот е правен врз основа на политички принцип. Овде воопшто не ми беше потребно да размислувам дека оваа теза не е точна, затоа што колеги пратеници, доволно е еве, само да се спомне дека спојувањето на општина Куклиш со Струмица, зборувам за општини кои што ги позавам, јас не претендирам како некои луѓе да знам се во која општина како е, туку за она што го познавам, спојувањето на општина Куклиш со Струмица и спојувањето на општина Подареж со Радовиш. И доволно

е веќе да се констатира дека тука не играла политичка ножичка. Затоа што, ако навистина власта сметала на овој принцип да ја прави територијалната организација сигурно овие две општини сите знаете како се произнесуваат  на изборите од 1990 година наваму, ќе ги тргнела од рамките на овие два града за да имаат сигурно градоначалници, полесно да добијат градоначалници во овие два града, значи Радовиш и Струмица.

И на крајот колеги, последната теза која што  е исто така најопасна дека Македонија со овој закон ќе се федерализира, ќе се кантонизира, дека и ќе исчезне од картата. Можеби и ние да бевме во опозиција ќе се сложевме со оваа теза, меѓутоа малку треба посериозно да ја користиме, или ако ја користиме да внимаваме како ја внимаваме, затоа што се она што градевме постконфликтот може да ни се сруши како кула од карти. Колеги, не може да се врши федерализација, тоа е мое мислење, затоа што таму има и општини кои што не се чисто албански. На крајот на краиштата ова население таму живее, егзистира, постои. Ние ниту носиме народ, ниту разменуваме територии, ниту донесуваме албанци, ниту однесуваме македонци. Ние само овозможуваме сите да се интегрираме во општеството, да ги уживаме правата и да ги надминеме раните кои што довеле до судир, односно причините кои што доведуваат до судир.

Посебно сакам да го нагласам Бадинтеровиот принцип на одлучување.  Таму каде што малцинствата не се од албанската етничка заедница, дали не е доволен заштитен механизам Бадинтеровиот принцип на одлучување каде што за витални прашања, еве како сега во ова Собрание, ние нема да можеме да го донесеме законот за територијална организација доколку не се произнесат припадниците на етничките заедници. Тоа е еден принцип, еден механизам со кој што јас барем така сметам, ќе се избегне оваа федерализација и кантонизација на државата. За она колеги што викате дека ова  не е последно барање, дека ќе следувало химната, иако не е во контекст на ова, химна, грб, знаме, јас не сакам да верувам за тоа, затоа што според Уставот за да се изврши промена  ма грбот, знамето и химната потребно е 2/3 мнозинство. Ниедна позиција не може да обезбеди тука 2/3 мнозинство. Значи, секогаш овие закони сме ги донесувале со консензус со опозицијата и тука отпаѓа ова. Значи, треба да има согласност од опозицијата. Ако сметате исто така дека може да се посегне по промената на Уставот,

исто така и тој се менува со 2/3 мнозинство, значи, тука не треба да се секираме многу, затоа што потребна е согласност од  опозицијата. 2/3 мнозинство ниту сега имаме, ниту барем јас мислам никој во иднина ќе нема 2/3 мнозинство во Собранието на Република Македонија. Тогаш, нема да оди така лесно да ги промени Уставот, а потоа грбот, знамето и химната и сите обележја на Република Македонија.

Колеги пратеници, јас мислам дека можеби можни се и други решенија за територијалната организација. Можеби ова не е најсовршеноето, нема ништо совршено, секогаш може се да се надградува и доградува. Меѓутоа, какво и да е предложено решение за територијалната организација ќе се ноаѓа неоја забелешка, ќе биде жестоко критикувана, затоа што ниедно решение не може да биде по вкус на сите, а мора да се оди напред. Класичен пример за тоа беше и поранешната територијалната организација. Јас не сум била пратеник тогаш, ама има луѓе во овој состав кои биле пратеници и тогаш и жестоко е критикувана оваа територијална организација од сегашната опозиција, исто така, а сега еве жестоко се брани таа територијална организација.

Почитувани колеги, сакам да кажам дека предлогот на Законот за територијална организација нормално е дека и после сите овие наши дискусии, како по амандманите така и по општиот претрес побуди доста морални и национални дилеми.  Меѓутоа, времето ќе покаже со имплементацијата на овој закон односно со спроведувњето на овој закон кога овие решенија ќе влезат во сила, ќе видиме дали сме го избрале едниството трајно решение за нашите проблеми во овој момент.

На крајот сакам да ја кажам уште оваа моја размисла. Тежок е процесот на исполнување на обврските од Рамковниот договор, колеги за сите нас. Знаеме зашто Македонија е многу поинаква отколку што била пред 2001 година. Меѓутоа, тоа е реалност, ние мораме да одиме напред. Во моментот сме ги исполниле скори сите обврски според мене, преземени со Охридскиот договор. Скоро сите, останува уште таа, дел се во целина имплементирани, дел се во фаза на имплементација и оваа е последната обврска барем за мене. Сметам дека имаме правна рамка во Република Македонија за граѓанско општество.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Иванова, и третата дигресија е завршена.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Колеги пратеници, имаме една држава најдемократска, да се каже така, каде што сите етнички заедници ги уживаат сите права. Сега што сакам јас да порачам и очекувам и верувам дека ќе биде така? Сите, без разлика на етничката припадност да се оддолжат спрема Република Македонија, да ја почитуваат територијата на Република Македонија, да го почитуваат сето она што ја симболизира Република Македонија, да почиуваат и грб и знаме и Устав и закони кои произлегуваат од Уставот, затоа што веќе е време да почнеме да размислуваме, да се одлепиме од овие прашања, решавање на овие национални прашања и тука на говорницата да докажуваме дали јас или колегата Жарко е поголем патриот или предавник, туку да почнеме да вкрстуваме аргументи за подобар живот на сите.

Колега Караџоски, јас го прифатив вашиот предизвик, еве, се јавив и очекувам реплика, но нека биде по текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На ценетата колешка нема да и реплицирам на тезите, затоа што ќе зборувам потоа, но би сакал да реплицирам на нешто што го изнесе колешката како невистина, а сака да зборува со факти.

Кога станува збор за 1996 година, колешке, јас бев пратеник во тој состав и ВМРО-ДПМНЕ не беше во опозиција ниту беше во Парламентот, па многу е нечесно да зборувате дека ВМРО-ДПМНЕ бил тој што го донесе законот. Законот го донесе СДСМ, со предлог за 123 општини, тој закон го изгласа СДСМ и сега обвинувате дека ВМРО-ДПМНЕ е виновен за тоа што ги намалува општините. Не колешке, вие ги намалувате сега општините од 123 сега гласате дали ќе бидат 70, 80 или 90 општини. Ова не држи, ова е манипулирање со јавноста. Нема основа да зборуваме така, затоа што во тој состав

1996 година се донесе закон за 123 општини, кој го донесе СДСМ и сега СДСМ ја зема оговорноста и го намалува бројот на општините. Тоа е вистината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Иванова една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван колега Даневски, барем нешто што ми тенденција во мојот живот е да не зборувам невистини, меѓутоа, вистината е за секого различна, а за она што значи 123 општини како предлог на СДСМ тогаш како позиција, сега се предлага ревидирање на ова решение, тоа значи дека нема идеално решение за територијалната организација и дека се некој ова решение ќе го руши. Во овој контекст кажав дека тогаш вие сте се застапувале за поинаква територијална организација, а сега точно ја браните таа територијална организација која била предлог на СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

На колешката Иванова ќе и реплицирам во оној дел каде рековте дека вие како правник не можете да претпоставите што тогашните потписници преговарале или договарале, туку како правник читате што напишале. Јас тука се согласувам со вас, јас читам како што е напишан законот и така е напишан. Навистина таму стои обврска за ревидирање на општинските граници, меѓутоа, никаде не стои колешки каков закон ќе треба да донесеме, дали комплетно нов закон, комплетно нова територијална организација или да ја ревидираме постојната. Околу тоа нема да дебатираме.

Мислев дека ќе слушнам повеќе од вас како е Предлог-законот, кои се решенијата дали вие се согласувате со овие решенија, дали вие мислите дека Струга како што е предложена, Кичево како што е предложено, Скопје како што е предложено се токму оние решенија што се добри за Македонија. Значи, ние требаше да дебатираме каков закон треба да донесеме, тоа е нашата обврска, решенијата содржани во Предлог-законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Иванова една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувана колешке, токму така ние ниту сме знаеле што мислеле, ниту сме знаеле што планирале потписниците, доколку не веруваме да ги викнеме по правилата тој што донесува акт автентично го толкува, нека го толкуваат. Меѓутоа, тоа е напишано и пак ќе кажам, идеално решение нема. Кажав во мојот одговор дека оваа територијална организација е правена врз етнички принцип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана колешке, навистина со внимание ве слушав, а причина плус за тоа е што сте прилепчанка, па ете мотив повеќе да ве слушам со внимание.

Сега да ви кажам почитувана колешке, еве гледајте преку вас, значи преку вашиот пример, што се случува кога една прилепчанка ќе живее во Струмица. Еве што се случува, бидејќи од мнозинство премина во малцинство во Струмица, таму нема многу прилепчани, ги зема навиките и начинот на живот кој што го имаат струмичани. Да си останеше во Прилеп ваква дискусија немаше да има. Тоа исто почитувана колешке ќе се случува во Струга, ќе се случува во Кичево и во Скопје. Зошто? Затоа што сега мнозинскиот македонски народ ќе стане малцински. Оној што е мнозински ќе ви наметне, како што вас струмичани ви наметнале да размислувате вака како што размислувате сега.

Инаку, зборувате за Рамковниот договор и за тоа потрошивте најмногу време, па прашавте што е тука спорно. Спорно е токму тоа почиувана колешки што го кажавте, значи кажавте дека ревидирањето било предизвикано заради конфликтот во 2001 година, во оние општини каде што била кризата. Да ве прашам тогаш зошто Струмица се ревидира, зошто Прилеп се ревидира, зошто сите општини се ревидираат, ако веќе поимот ревидирање значи нова организација, што не е спорно. Не е спорно почитувана колешке дека овој закон не произлегува од Рамковниот договор, тоа е апсолутни неспорно, не е спорно дека етничкиот принцип е, неверувајте на Караџоски, верувајте на Црвенковски. Не е спорно дека е политичкиот принцип и не одам понатаму, затоа што

претседателот го мери времето. Не е спорно според мене дека ова е почеток на федерализација. Ако го слушавте вчера колегата Велиу, и за него тоа не е спорно.

Сега во однос на тоа дали има предавници и херои, вие вчера почитувана колешке, слушавте вчера овде еден пратеник кој воедно е и претседател на Собранието кој сам себе се прогласи предавник и мислам дека ние во нашата реторика, барем јас лично не користев такви термини. Јас зборував што со овој закон добива, а што губи македонскиот народ, што од она што го стекнал го изгубил и што може да биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван колега Караџоски, јас прифатив да зборувам точно заради вашата реплика. Да ви кажам прво горда сум што сум прилепчанка и луѓето во својот живот еволуираат, се менуваат на подобро или на полошо. Историјата ќе каже како сум еволуирала јас, како вие, незнам, ќе видиме, од оваа дистанца не можеме да се видиме.

Во врска со тоа зошто во Струмица се ревидираат границите. Вие знаете зошто. Затоа што некои општини кои се направија 1996 година не можат да си ја носат надлежноста. Ако некој нема средно училиште како ќе ја извршува надлежноста од образованието, ако нема ни здравствен дом здравството, и тн. Мора да се ценат некои параметри. Во Струмица практично нема ниту политички принцип во територијалната организација, ниту етнички, тоа е чисто на економски параметри правено и она што значат стандарди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, демагогијата дека овие седници се трошење пари, а на народот не му кажуваме колку ќе ја чини оваа поделба Република Македонија, а веднаш после тоа кажувате дека ја оправдувате полемиката, првата ситуација за која говоревте 2001 година, јас мислам дека ќе поминат уште многу години пред да се смири целата оваа ситуација. За тоа говори и прогласот на СДСМ, во кој кажувате дека Република

Македонија не смее да дозволи виновниците за војната, без разлика на етничката и верската припадност да се јават во улога на некакви спасители на својот народ што сега се случува.

Понатаму, кажувате дека немаше доволно желба да биде транспарентно донесувањето на законот, тоа беше исто поради вас во Владата и вашите долги преговори по ресторани, кафеани и биртии во кои останавте повеќе од два месеци за да се договорите за три спорни места, кои воопшто не сакавте да ги дадете, а денес веќе се дадени.

Кажувате дека е предизборен период и дека опозицијата ја радикализира ситуацијата, а мног брзо заборавате што се случуваше во 2001 година, за време на војна, кога ги правевте сите демонстрации пред Парламентот и кога се обидовте на секој начин да предизвикате предвремени парламентарни избори. Тоа беше многу скоро за да го заборавите многу брзо.

Говорите за Охридскиот договор дека го потпишале сите оние претставници, но не потпишаа само оние што ја предизвикаа војната и поради кои е потпишан Охридскиот договор. Но за жал тие се луѓето што денес кажуваат, и не само што кажуваат туку и ги диктираат условите во Република Македонија и условите во овој договор.

Обврските од Охридскиот договор, јас ќе ве замолам еднаш да кажете уште колку и уште што да направиме. Така почнавте и со тетовскиот универзитет дека е обврска од Охридскиот договор и после многу брзо се откажавте од таа теза и кажавте дека тоа е Универзитетскиот совет.

И на крајот уште една работа која останува и држи внимание дека и вие би биле, ако би биле опозиција, и би говориле дека овој закон ја федерализира и кантонизира Македонија. Значи останува да заклучам дека сте сериозни само кога сте опозиција, кога сте позиција сето ова изгледа многу едноставно, само завршување на некоја работа која некој друг ја направил, а вие треба да ги притиснете зелените копчиња.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Иванова, една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Незнам на кое прашање побрзо да одговорам со оглед на времето дека не сум демагог и тоа не е во склоп со моите лични карактеристики. Колега Спиро, еве веднаш ќе гласам сите дневници и патни трошоци да ги оставите тука, па да видиме кој ќе гласа за овие 12 дена, затоа што не сум демагог.

Понатаму, дека сме протестирале и демонстрирале 2001 година пред конфликтот, тоа не е точно, тоа беше 1999 година за претседателските избори, а 2001 година со сета сериозност прифативме обврска и одговорност заедно со вас да ја споделиме тешката ситуација и одговорност во која се најде државата.

Кажав дека можеби и ние ќе ја напаѓавме оваа територијална организација со тезата дека е федерализција, но повнимателно ќе ја користевме,затоа што може сериозно да ја наруши стабилноста на државата. Бидејќи ова е работа, може да се игра со чувствата на народот, тоа е политички најисплатливо и вие тоа добро го знањете како политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, три минути реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Претседателе, една дигресија: се чувствувам како малцинство на позицијата и седејќи во овие редови, но тоа не значи дека јас се согласувам со Предлогот на Владата, а морам да признам дека веќе се јавија и одредени членови од “Коалицијата заедно” кои не се согласуваат. Според тоа сметам дека дискусијата на гопоѓа Иванова сосема не е вред, бидејќи има и луѓе кои поинаку размислуваат.

Сега би се навратил на основните прашања. Јас поставив пратеничко прашање уште пред неколку месеци и денес веќе го добив одговорот што ни се случи 2001 година. Значи имало конфликт. Кој беше поводот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, на што реплицирате, на кој дел од говорот реплицирате госпдине Костовски?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Реплицирам на тоа дека тоа се свежи работи од 2001 година и факт е дека имаме Охридски договор, за 2001 година што беше тешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете тоа беше кажано неколку пати во говорот.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Значи задоволен сум, ние имаме веќе напишано историја што ќе ја учат нашите деца за 2001 година. Се извинувам за малата иронија, но навистина не можев да се воздржам.

Фактот што прочитав во потсетникот од Парламентот дека госпоѓа Иванова од 1991 година е член на СДСМ, а вашата функција заменик јавен обвинител во Струмица говори дека фактички столбовите за партизација на институциите траеле многу порано и сеуште траат денес.

И трета работа, ако како правник доследно ги извршува сите обврски по Охридскиот договор, прашање: Дали Охридскиот договор го третира како обврска или потреба бидејќи обврска е нешто што на сила ни се наметнува, а потреба, доколку сметаме дека тоа е потребно дека е доброволна работа што треба да ја завршиме.

Нема територијални промени на етнички основи, како што е дословно напишано во Договорот. Дали тоа значи доследност во извршувањето на Рамковниот договор , или веќе отстапување од него?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Иванова повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Да ве поправам господине Костовски, не сум била јавен обвинител, сум била јавен правобранител на Република Македонија. Тоа е сосема друга надлежност од јавен обвинител и отпаѓа оваа теза дека е политизација на главните столбови.

По однос на вашата реплика кратко ќе одговорам.

Доколку сфатиме дека е реалност можеби побрзо ќе одиме напред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во дискусијата колешката зборуваше дека стравувањето на опозицијата за кантонизација и федерализација биле непотребни. Мојата реплика не она што вие го кажавте пред говорницата ќе претставуваат цитат на зборовите кои преку собраниска говорница ги кажа г-динот Фазли Фелиу. Тој вели: “ние одиме со швајцарскиот или белгискиот модел каде што сите народи имаат право да го употребуваат својот јазик. Во Швајцарија има 5 јазика, народите се приближуваат преку јазиците, а тие веруваат во заедничката Швајцарија. Еден дел се нарекува германска Швајцарија а не е на германците, еден дел е француска Швајцарија, а не е на Франција, туку на Швајцарија. Има Италијанска Швајцарија, но сепак е Швајцарија”. Како ние да кажеме Бугарска Македонија, Албанска Македонија итн., и ние ја замислуваме Македонија како таква. Ова го кажува пратеник на вашиот коалиционен партнер ДУИ преку собраниска говорница. Читам од стенограмите,

(реакција на пратениците на СДСМ)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега ве молам,

(Јани Макрадули од место - немојте да го злоупотребувате местото на претседавач).

Јас ништо не злоупотребувам.

Колега, во репликите меѓусебе си разменувате многу често работи што се и надвор од текстот. И, досега било тоа пракса.

Колега, не се однесува тоа на вас, ќе си одговори колешката сигурно и ќе каже дека не било тоа дел од нејзиниот текст.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Потпртседателке се работи за цитат од Стенографските белешки, ништо повеќе.

(И понатаму реакција на пратениците од СДСМ, а посебно на г-динот Јани Макрадули)

Колега и досега сме имале пракса во репликите разни работи да се цитираат.

На г-ѓа Цветанка Иванова да и дозволиме да одговори.

Процедурално бара збор г-ѓа Роза Каровска - Топузовска.

РОЗА КАРОВСКА ТОПУЗОВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседателке од името на Пратеничката група на ЛДП барам 15 минути пауза, после контрарепликата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, со тоа што прво да одговори г-ѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Очигледно не има многу пратеници од Прилеп, горда сум, ние мора да сме многу паметни, па клега по овој принцип ако се организираме можеме да направиме и Република Прилеп, како што размислувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Пауза 15 минути

(Пауза од 18,25 часот)

(по паузата)

(Седницата продолжи со работа во 18,40 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да продолжиме со работа.

За збор се јави г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувана г-ѓа потпретседателке, дами и господа пратеници, г-дин министер,

Што имаме за нас? Имаме расправа од 26-ти, значи Собранието работи во континуитет повеќе од 14 работни дена и сигурно дека се поставува прашањето што ние во Парламентот сработивме, со која позиција во однос на убедувањето и ставовите на опозицијата и позицијата. Сигурно дека мора да ги почитуваме и граѓаните во Република Македонија така да тие на самиот почеток не беа многу заинтересирани за Законот за децентрализација, поточно Законот за територијална организација на Република Македонија и како се развиваше дискусијата еден дел гледа со резерва и денеска уште

гледаат на законскиот проект со голема резерва. Еден дел се збунети, другиот дел се уплашени. Што на ова реагираат политичарите и политичките партии? Што имаме во дадениот момент.

Во дадениот момент имаме позиција да актуелната власт СДСМ си ги задржува позициите, ја задржува Владата, ДУИ го добива тоа што е договорено и голем отпор од опозицијата дека овој законски проект како што е даден не е добар. Сигурно дека треба да се цени и мислењето на меѓународната заедница. Многупати наши колеги го експлоатираа мислењето на меѓународната заедница и го толкувавме како што секој од своја позиција сакаше да го толкува, да го преведе или да го изфабрикува во крајна ситуација на кој како му одговараше. Меѓународната заедница секогаш работи на принципот да го почитува тој што ќе победи на изборите и ќе ги почитува сите одлуки кои се носат во институциите. Се друго што е надвор од институциите меѓународната заедница не го почитува.

Од тие причини се што ние ќе донесеме во овој законодавен дом како предлог дали на Владата, или на пратеник, или на мнозинство, или група пратеници ние во парламентот сме последниот филтер и ние сме тие најодговорните што ја носиме одговорноста, без разлика дали станува збор за опозиција или за позиција.

Многу се наметна прашањето дали треба ваков закон за децентрализација.

Сигурно ако појдеме наназад на историјата од 1990 година ние имавме монотипни и монолитни општини. 1996 година донесовме закон за 123 општини и градот Скопје. Во тоа време слушаме сега на нас ни кажуваат некои кои им пренеле од колено, ние бевме за среќа или за жал учесници 3-4 пратеници и знеме како се водеа разправите, знаеме за што се залагавме. Во тој момент беа и критики, донесен е Законот со 123 општини и сега некој не сака да разбере што значи централизација и децентрализација. Значи, сите дискусии паѓаат на тоа. Ако зборуваме сега за овој закон ова е децентрализација, што значи не воспоставени критериуми. Неземавме искуство од поразвиените демократски држави и од државите кои веќе го поминале тој период.

Ние как најголема генерална забелешка е тоа што не воспоставивме критериуми. Не воспоставивме критеируми како ќе правиме општини, туку ги правиме по политички договор, по политичка нагодба. Мислам дека тоа е дефектот.

Во парламентот се согласивме скоро сите политички партии дека закон за децентрализација треба. Се согласивме дека општините треба да бидат мултиетнички. Сите се согласивме. Се согласивме дека треба да се пренесат поголеми ингеренции за да се децентрализира власта. Неспорно. Дури се согласуваме сите политички партии во овој Парламент дека она Што ќе биде сигурни извори за финансирање, иако не сме на темата за финансирање дека се малку и бараме уште поголеми сигурни извори за финансирање за да можат локалните самоуправи да функционираат како што треба да функционираат.

Се согласивме дека во сите услови каде што е исполнет условот за природно, каде што си постои цензусот од 20% да се зборува двојазично. Се согласивме да се употребува Бадинтеровото мнозинство. Се согласивме, иако јас сум тој еден единствен пратеник што е и во овој мандат кој не гласал за Рамковниот договор од мои лични причини, може би сум во право, или не сум, ќе каже времето, се согласија сите пратеници дека овој последен услов од тн., Рамковен договор треба еднаш да заврши. Се согласуваме дедка со ова ќе завршат сите барања на албанците во Република Македонија

Не се согласуваме и каде се разидуваме.

Се разидуваме дека овој закон што е даден, иако имавме укажување, разни толкувања, имавме прераскажување и од новинарите, оние кои милуваат да пишуваат за власт, кај оние што се раѓа некое чувство на национална одговорност почнуваат малку критички да пишуваат поотворено дека за 40 дена беше направена уцена. На ова не се согласуваме и на ова упатуваме општи забелешки и критики дека не требаше СДСМ да падне по уцена на ДУИ. Ова не се согласуваме . Зборувам лично како Слободан Даневски и како опозиција. Не се согласуваме за етничките критериуми. Беше кажувано дека нема да се прави овој договор по етнички критериуми, испадна, признаа, иако дел од пратениците од Парламентарното мнозинство сакаат да бранат нешто што не е

одбранливо, тоа го кажа премиерот и претседателот на државата дека на крајот етничкиот критериум бил еден од предусловите.

Не се согласуваме со механичко правење на општини каде што до вчера, почнувајќи Струга, Кичево Скопје, и кои се мултиетнички, ги исполнуваат сите предуслови домимантно да бидат по механички пат зголемувани и да правиме не само мултиетнички средини, туку правиме конгломерат на големи, мамутски општини.

Не се согласуваме со овој законски проект затоа што немаме анализа. Немаме анализа и изградиме критериуми за да надградуваме тоа што е дефект на локална самоуправа од ова искуство од 6 или 8 години на тие 123 општини што се тоа рурални и што се тоа градски општини. Во тој дел не се согласуваме. Не се согласуваме и мислиме, можеби грешиме, не се согласуваме, затоа што мислиме дека руралните средини кои на механички пат гиу ставаме во урбани средини, ги ставаме во многу развиени средини дека ќе закочи нивниот развој. Севкупниот развој, економски, инфраструктурен, културен, спортски и незнам што.

Не се согласуваме со тоа што имаме некое претчувство на она што синоќа беше кажано како ќе се вика Македонија од еден пратеник од ДУИ дека ќе се вика и Вардарска Македонија, дека Македонија и ја има, ќе биде Бугарска Македонија, Албанска Македонија. За тоа се плашиме дека овој концепт ќе направи тифка федерализација. Се плашиме за тоа што гледаме историски дека ни се иселуваат граѓаните во Западниот дел на Македонија. Се плашиме заради тоа што носиме одговорност сите од 1945 година, сите што биле на одговорна функција македонците муслимани, ни една работа не е направена позитивна. Затоа што ние македонците муслимани ги запоставивме. Требаше да ги негуваме за  општините каде што се. Требаше да има бенифиции, да имаше стимулации, заради  тоа што тие беа македонски муслимани само по вера. И се сллучува Лабуниште, каде што немаше албанци сега имаме 3 ипол илјади од последниот попис. Од тоа се плашиме. Се плашиме од анкетите. Се плашиме од анкетите затоа што ова што не убедуваат некои дека ќе правиме соживот, се плашиме за тоа што анкетите кажуваат, ќе живеат албанците во 77% општини кои  ќе бидат етнички чисти. Се плашиме од тоа што ќе живеат македонците 92% во чисти македонски. Ако е нашата заложба  дека

ќе живееме во мултиетничка Македонија, се газат овие принципи. Правиме ние тука една дигресија со тоа што на еден перфиден начин сакале или не ја делиме Македонија. Затоа што имаме едно искуство  сите оние што посегнаа да ја делат Македонија, ги начекавме на ножот, ги судевме и за оние што збореа за групи и за оние што збореа за зидови. Сите ги осудивме.

Јас во една дискусија сум рекол да не дојдеме до таа фаза да молиме и ние македонците од Западна Македонија да се делиме. Од тоа се плашиме. Можеби некој ќе стане и ќе реплицира и ќе ме убеди. Верувам ќе има реплики, ќе има кажувања и контрааргументи. Ова што за овие денови ја имавме овие 40 дена 60 дена 100 дена, јавната расправа мислам дека граѓаните се незадоволни затоа што не се почитуваше нивното граѓанско право. Направени се 41 референдум, законот е дециден, и укажувањето на Владата е јасно.

Референдумите не се обврзувачки за Владата. Тоа го прифаќаме. Како таков мислам дека направена е неправда. Направена е неправда за многу општини кои исполнуваат услови. Во сите домени ги исполнуваат условите. На говорницата користевме и шпекулиравме, што не е чесно. Имам обврска да кажам дека граѓаните од Драчево, за иницијативата за да правиме општина. Еве ги 9-те илјади потписи. Ова се 9 илјади потписи, 9 илјади потписи. Ако не верувате и ако барате ќе вадиме лист по лист, и по улица да се видат. Знаете ли што значи 9 илјади потписи да се потпишат. Тука слушнавме дека немало спискови, дека не биле доставени до министерот, мислам дека е направена неправда. Иако концептот како таков Владата замислила дека ќе ги прави тие во склопот на градот Скопје, дека не исполнуваат услови, се би било во ред, туку требаше да се почитува правото на овие 9 илјади. 9 илјади потписи знаете што значи. Избор на еден пратеник во пропорционален систем, тоа не е мала работа. Граѓаните од Драчево порачуваат: тие што немаат сенс, да не доаѓаат да бараат гласови. Да не доаѓаат да бараат гласови затоа што сите овие 9 илјади. Тука не ги пишува дали се СДС, ВМРО, Либерали, Демократи или незнам кој. Имаат еден револт. Затоа што не ја испочитуваат нивното граѓанско право. Тоа е ракција

Сега морам да кажам јас и за општина Лозово. Јас поднесов амандман. Претседателот немаше сенс и не ми го. . . поради технички причини. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега јас ве молам, тоа со претседателот директно да дебатирате. Немојте во негово отсуство да го обвинувате. Мислам дека не би биле во ред.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро.

Поднесов амандман, не беше прифатен, во дискусија во разговори, некаде 10 дена го убедував министерот. Министерот имаше сенс и сфати ја разбра потребата дека општина Лозово ги исполнува критериумите. И се надмина министерот и поднесен амандман и мислам дека завршивме успешна работа.

Јас како пратеник од таму, и во два мандата биран како претседател во два мандата, јас имав и морална обврска да го почитувам тоа што го бараат граѓаните од општина Лозово. И сега мислам дека со право можам да се вратам во општина Лозово. Граѓаните знаат кој е најгласовен, Слободан Даневски е најзаслужен, голема благодарност и упатуваат честитки,

(Реакција на пратениците во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има проблем.. . . Продолжете колега продолжете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Кажувам дека сум најзаслужен за општина Лозово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа си е личен став. Продолжете ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова што многу пратеници сакаат да го искористат. Она многу пратеници што, како е патот до Европа, какви  се ставовите на меѓународната заедница.

Мислам дека ги толкуваме

многу лошо, лошо ги прераскажуваме и ја труеме македонската јавност.

Патот кон Европа е почитување на Европски стандарди. Ние можеме да донесеме закони, но ако тие закони не се функционални и ако тие закони не се применливи никој тоа нема да го гледа, Европа нема да го гледа, едноставно ќе го шкртне како да не постои.

Патот кон Европа значи почитување на стандарди. Ние избегавме од стандардите. Се повикуваме дека меѓународната заедница ни налага да носиме ваков закон. Ни случајно, во многу контакти со многу странски делегации, со многу дипломати, секогаш нивното толкување вака стои: вие сте одговорни во парламентот, политички субјекти, пратеници, вие сте тие што ќе одллучувате за внатрешното уредување на Република Македонија. Вие сте тие што ја носите одговорноста. Ние им сервираме на граѓаните ние сме под притисок на меѓународната заедница. Ама, апсолутно ова не држи. Апсолутно не држи меѓународната заедница затоа што тие што учествувале во многу мировни мисии овде сега кога ќе се олади ситуацијата ги имаме нивните искажувања во колумни, изјави, кажуваат: да, ние дојдовме и нашата цел беше да се смират тензиите во Република Македонија , да има мир на Балканот, да има мир во Европа, а нивно право е како ќе си одлучат и како ќе си ја уредат државата. Тоа се фактите.

Ние во делот на почитувањето на правото на граѓаните го згазивме дури и она што го има пресудено Уставниот суд во корист на граѓаните на Република Македонија  дека почитувањето на правото на граѓаните е и во делот на изјаснувањата.

Она што ми смета е тоа што ние со законот за децентрализација од централизација правиме децентрализација. Сигурно, не го почитувавме правото она што значи директно изјаснување на граѓаните. Тоа се референдумите, граѓанските иницијативи, собирот на граѓаните.

Повторно би се навратил на етничката димензија. Сигурно дека зборувавме многу дека законите се менлива категорија, дека се работи да се направат се подобри закони кои ќе бидат во функција на граѓаните и дека тое е еден процес. Но, дали ние со овој законски проект, дали ние во овој процес на одлучување во делот на процесот на финансирање, дали ги приближивме властите и граѓаните. Мислам, обратно направивме.

Ги оддалечивме и граѓаните и властите. Ни се случија некои работи што не се добри за државата. Ни се случи државните раководители да ги прогласуваме за непожелни. Влегуваме во една несериозност. Имавме избор на претседател, не го почитувавме тогаш. Тврдевме дека тоа е изборен фалсификат. Имавме друг избор на претседател и сега се тврди, едни го почитуваат, други не го почитуваат. Ако ние во овој законодавен дом не ги почитуваме институциите, ако не веруваме, а не веруваме затоа што имаме искуство не може дневно да се верува и да не се верува на Заводот за статистика или да се сомнева во пописот на населението на Македонија. Значи, не се верува во институциите. Тоа е страшна работа. Тоа е еден сигнал за отрезнување на Владата, граѓаните и не само граѓаните, туку народните избраници не веруваат на институциите. Влегуваме во црвената линија. Тоа е страшен сигнал за власта. Дали ние направивме услови со оваа територијална поделба да ги подобриме условите на живеење на граѓаните. Затоа, акоземеме репер или критериум, можеби ќе се сложиме дека кажувањето за онаа општина најмала во Мариовскиот крај дека има најмалиот по годините 65 до 70 години и не ги исполнува условите. Ако се браниме сега од говорницата дека таа општина не ги исполнува условите, не ги исполнуваат и многу други општини кои се функционални. Загрижува тоа што на непосредниот контакт, непосредното одлучување на граѓаните, на иницијативите, на референдумите, на граѓанските иницијативи, на собирите се губи контролата на власта, како на локално, така и на државно ниво.

Она што сакам посебно да дискутирам во овој Парламент и ме загрижува, кога стануваме ние да зборуваме за правата на Македонците, имаме критики од нас пратениците македонци. За албанците не сакам да зборувам, тие во секој момент држат лекции. Лекции за однесување, лекции за политика, затоа што сега ја менуваат тактиката, нема агресивност, туку на фин и перфиден начин се добива тоа, се добива целата политика што е зацртана. На нив, честитки.

Би било добро ние македонските пратеници да отвориме прашање за малцинските права. Ние во Македонија бегаме од одговорноста на малцинските права. Бегаме да зборуваме отворено. Да зборуваме за нашите во дијаспората, да зборуваме за правата

на македонците во Албанија, да зборуваме за правата на македонците бЃво Бугарија, да зборуваме за правата на македонците во Грција, да зборуваме за правата на македонците во Србија, тоа пршање не го отвораме. Имаше иницијатива, затоа што нема ни пописи, ниту ги има на пописни листи, само се бројки, неопределени. Имаме најава дека во Албанија слушаме има македонци над 400.000. Ние треба да овозможиме услови. Ако некој се залага за во Македонија етникумот да ги ужива правата, ние исто така треба да се залагаме за правата на нашите македонци во Албанија. Голема неправда е направена со турците во Македонија. Тоа е огромна неправда со турците. Не треба да се потценува и тоа се некаде 70 до 80.000 граѓани. И во овој концепт се губи она што има, ги има во три општини, требаШе во четири и сега се губи. Зошто ние ги потценуваме турците, која е политиката. Ако е стратегијата да направиме бинационална држава, во ред. Што да правиме со турците, што да правиме со ромите, со власите, со србите, со бошњаците. Имавме дискусии од типот, има држави кои влегоа и ќе бидат членки на ЕУ за малцинските права. Некои од колегите тука зборуваше за Романија и малку не ја разбрав дискусијата, би му помогнал на колегата, ако станува збор за Романија, дализнаете како е решено прашањето таму меѓу романците и маџарите. Знаете ли дека има дваипол пати повеќе роми во Романија, отколку македонци во Република Македонија, ама немаат никакви права. Апсолутно никакви права, а од типот ако ние ова не го завршиме, патот во Европа ни е затворен. Чиста класика од демагогија. Тоа не држи.Еве, слушаме дека сега во Парламентот на Словачка бараат маџарите да се зборува двојазично. И таму немаат право да зборуваат, па ги имаат правата и бенефициите. Така што, од тој тип дека Македонија е експеримент и дека ја експериментираме, држи.

Би завршил, бидејќи постои расположение оваа вечер да завршиме да се чујат аргументите за и против и да ја завршиме оваа дебата да видиме дали сме се убедиле или не, затоа што се знае распоредот на силите, се знае каква е заложбата на Владата, каква е заложбата на парламентарното мнозинство, ние се плашиме од последиците. Некои политичари од типот на, еве не сакам да именувам, од генерација на еуро крем или кока кола, мислат дека во моментот да се биде или не, војна или мир ако ова не го направиме, ќе биде војна или мир. На кого сега да веруваме. Дали да веруваме на

кажување тука на дел наши колеги или да веруваме на г-динот Батлер, амбасадор на најаката земја. Јавно кажа, вие како сакате да донесете и каков закон, не езагрозен територијалниот интегритет на Република Македонија. И ние му веруваме, затоа што се што кажа г-динот Батлер е во право и така ќе биде. Ние се плашиме од она што значи тивка федерализација. Ние се плашиме од иселувањето и се плашиме од тоа што се прави неправда на Струга. Не го заслужи Струга тоа. Се плашиме од тоа што се прави во Кичево. Ова го кажувам лично од мое име. Јас сум противник Градот лСкопје да биде двојазичен. Отворено кажувам, затоа што на механички пат тоа се прави. Она што дел од пратениците зборуваат дека немаат ништо против албанците и за тоа е демагогија. Значи, има против албанците. Кажувам отворено не сум за двојазично Скопје, затоа што има две општини каде што се зборува и ќе се зборува во Градот Скопје. Ние влегуваме во една година со големи предизвици и големи искушенија. Иако, ќе имаме локални избори, тоа нешто значи, па и незначи.многу нешто, но многу значи како ќе завршат изборите во САД. Затоа што, кога сакаме се повикуваме дека овие ни се пријатели и оваа политика на Буш и ако дојде Кери, ќе не подржува. Видовме дека надворешната политика на САД е зацртана и таа е така. И било кој да дојде, секој сака да прави маркетинг. Но, сега слушаме разно разни информации дали да и веруваме на меѓународната заедница. Релевантни стручнаци, коментари од разни списанија дека може да се случи да се смени надворешната политика кога ќе дојде  Кери надворешната политика да ја сменат САД на Балканот, што јас лично не верувам.

Она што е уште поопасно, страшно кое стои ,тоа е Косово. Ќе каже некој  што имате вие со Косово. Ние апсолутно како пратеници од Република Македонија немаме апсолутно ништо со Косово. Нас директно она што ќе се случува со Косово, затоа  што статусот на Косово во 2005 година мора да се реши. Сигурно дека ќе се рефлектира и во Република Македонија. Да не ни се случи да бидеме колатерална штета. Значи, ние доаѓаме во една година на големи искушенија за Република Македонија. Од типот на говори, ако не го донесеме законот за децентрализација, ќе ја снема Македонија од политичката карта. Чиста ноторна глупост. Апсолутно не држи таа теза. Тука имавме тези и антитези кои не се издржани. Би завршил , да не должиме многу, многу кажав, искажани

ссе аргументи за и аргументи против. Загрижуваат јасните пораки на некои политичари од ДУИ, кои меѓуредови ни праќаат порака да не замижуваме, г-да пратеници, јасни беа пораките, наменски беа, чисти беа, отворени и тензијата и она што ќе ни следува другото, ќе видиме како ќе се однесуваме кога ќе дојде законот за упторeба на јазиците. Ќе видиме какви ќе бидат тензиите и размислувањата на пратениците, дали може да се брани теза која не е издржана за македонците, а некој ќе се обиде да ја брани кога ќе дојде за грвот, за знамето. Од тие причини имам големо сомнение. Немаме ништо против албанците. Албанците се тука, автотони се, живеат и ги уживаат сите права како и македонците. Но, намерите, ќе повторам, кога ќе заврши Рамковниот договор  дали тоа ќе биде крај на барањата на албанците во Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаме реплики, по ред како што се пријавени и г-ѓа Каролина Ристова, повелете.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Благодарам г-ѓа потпретседател,

Јас сакам да му реплицирам на колегата пратеник Даневски во делот на неговото искажување дека позицијата е таа која што манипулира со ставот на Меѓународната заедница во однос на конкретниот пакет на закони што ние сега го гледаме. Мислам дека обвинувањето држи во обратната насока дека всушност опозицијата, конкретно и колегата Даневски манипулира, бидејќи по моментот кога на ниво на Влада беше објавен постигнатиот договор за содржината на овој пакет на закони, а претставниците на Меѓународната на амбасадорско ниво, значи претставникот на ЕУ, ОБСЕ, НАТО и САД објавија заедничка изјава во која што во однос на постигнатиот договор јасно кажаа дека содржината на пакетот на закони е во духот и словото на Рамковниот договор и во инерес на сите етнички заедници во Република Македонија.

Она што го кажавте во делот дека претставниците на Меѓународната заедница оставаат тоа да биде прашање на внатрешниот политички процес како ше биде содржината на законите, не го оспорува нивниот став, а процесот во Македонија си тече

како што треба. Значи, прво на ниво на Влада, а сега во парламент или пак евентуално употреба на друг инструмент. На тоа тие мислат кога го кажуваат тоа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, контра лреплика, една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ве почитувам г-дине претседателе, да не ви вртам грб од тука ќе биде репликата.

Она што го кажува ценатата колешка мислам дека треба да ги прочита извештаите на Меѓународната кризна група, каде што се сомнева во политичките партии и во политичарите дека може да ја изнесат Република Македонија од кризата. Да не зборувам за Хелсиншкиот комитет, многуте невладини организации и многу емисари што доаѓаат. Така што, не сме баш на иста референц, г-ѓо Карилина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има некој друг за реплика? (нема)

Бидејќи нема, повелете г-ѓо Лалчевска имате збор, а нека се подготви потоа пратеникот Кенан Хасипи.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА.

Благодарам г-дине претседателе.

Јас на вас ви дадов збор секогаш кога ќе говорам ќе ве гледам влице и затоа нема да излезам на говорница, туку ќе говорам од тука, за да можам да ве гледам во лице. Ќе останам принципиелна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од кои причини, можете да ги кажете?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Од принцип.

Јас мојата дискусија би ја поделила на два дела. Едниот дел би бил каква требаше да биде територијалната организација, а другиот дел каква територијална организација добивме. За да добиевме оптимална територијална организација, Владата требаше да појде од објективни критериуми, ќе наведам некои од нив.Пред се, демогравската

големина, при што бројот на жителите е важен меѓутоа не е апсолутен критериум. Просторна одалеченост на центарот на општината до другите кои и припаѓаат на општината, еден од важните критериуми, бидејќи се што е подалеку 30-тина км. од центарот природно не припаѓа на таква општина. Географските и морфолошките карактеристики на самиот простор, значи таа природна целост на просторот кој ќе ја има општината и секако инфраструктурните потенцијали и можности на општините и еден од најважните, тоа е економските потенцијали. Еден од многуб важните критериуми, кој за жал воопшто не беше почитуван при правењето на територијалната организација е издвојување на урбана и рурална средина. Потребно беше да не се дозволи мешање на вакви хетерогени средини, бидејќи нивните потреби се различни. Во овој предлог закон што го имаме ваквиот критериум, апсолутно е запоставен. Во сите напредни земји кои се гржат за тоа каква општина ќе имаат, ова е еден од многу важните критериуми. Не дека не му е потребно урбанизација на селото. И тоа како му е потребно, меѓутоа со приклучување на руралната средина кон градот, ние нема да го урбанизиаме селото, туку ќе го рурализираме градот. Селото има сосема поинакви потреба и сосема поинакви можности за развој, а градот сосема поинакви. За жал, во овој Предлог закон, ваквиот критериум беше апсолутно запоставен.

Ако се почитуваа овие критериуми, ќе дојдевме до еден оптимален број на општини. Ако згора на тоа бевме доследни во почитувањето на европските права , а еворпската повелба за локална самоуправа е дел од тоа европско право, ние сме ја ратификувале и сме должни да ја почитуваме, тогаш навистина ќе имавме она што сите го посакувавме, оптимален број на општини и оптимални големини на општини. Немаше да ни се појават од една страна конгломерати неприродни, а од друга страна многу мали општини кои не задоволуваат ни еден од критериумите. Зборувам за објективните критериуми. И, ако ги прашавме граѓаните во какви општини сакаат тие да живеат, тогаш ние ќе бевме навистина најблиску до она што требаше да го направиме.

На крајот на краиштата , граѓаните се тие што живеат во таквите општини и тие најдобро ќе знаат да ни кажат какви се нивните потреби и какви општини сакаат да имаат. Меѓутоа, Владата, за жал го пропушти тој момент и не ги праша граѓаните во какви

општинисакаат да живеат. Дали сакаат нивните општини да останат во постојните граници, дали има можности нивните општини да опстојат во постојните граници или е потребно да се припојат со одредени општини. Или пак, дали е пторебно од една поглема општина да се издвојат две, три или повеќе општини.

Ако ги задоволевме овие критериуми и ако ги прашавме граѓаните, не само што ќе имавме задоволување на тие барани критериуми во сите напредни демократии, туку ќе внесевме и еден човечки и граѓански димензии на закнот.

Г-да пратеници закон кој нема ваква димензија, кој нема човечка и граѓанска димензија, никогаш неможе да биде прифатен од граѓаните и секогаш ќе продуцира само немири, недоверби, отпори и стравови. Затоа што, ќе го чувствуваат како октруиран. Такви закони навистина не ни се потребни.

Токму поради немање на ваквата човечка и граѓанска димензија, овој предлог закон длабоко ја вознемири македонската јавност. Ние сите сме сведоци колку и да ги извртуваме работите дека македонската јавност беше вознемирена со ваквиот предлог закон.

Сега, би позборувала нешто околу концептот. Тука со денови слушаме дека опозицијата немала концепт. Не обвинувате дека ние немаме концепт. Не, г-да пратеници, ние имаме концепт, меѓутоа опозиција не е повикана како предлагач да прави закон, а дека има концепт, еве јас претходно го изнесов, по каков концепт би одела опозицијата. Тој е многу јасен, да се види какви се општините, какви се нивните капацитети, какви се омжностите за опстој. Да се направи децентрализација. Опозицијата постојано бараше да се направи децентрализација, кој е многу важен пакет кој ние мора да го спроведеме и кој е обврска од Рамковниот договор. Да видиме како постојните општини ќе можат да опстојуваат со обврските кои сега ќе ги превземат со децентрализацијата. Каква и колкава моќ ќе имаат. Дали економски ќе можат да опстојат во новите услови.

Не беше потребно прво да искроиме карта по кои принципи , само на неколкумина им е познато и сега да правиме децентализација, процесот требаше да биде обратен

децентализација која никој не ја спори и како обврска и како насушна потреба нанашата држава, па потоа да видиме во едне временски интервал какви општини ќе правиме.

Децентализацијата има две димензии, функционална и фискална. Кога само низ призмата на два сегменти на овие две димензии ние ќе дојдевме до она оснвоно прашање дали и колку сегашните општини можат да опстојат. Кој од нив ќе има потреба да се припои кон друга, кој ќе може да се издвои, какви нови општини треба да создадеме. Само тогаш господа предлагачи, господа пратеници ќе дојдевме до оној оптимален број за кој сите калкулираме дали се работи за бројот 123, од 80, од 90. Бројот апсолутно не е битен, никој немаше да го спори бројот ако тој беше добиен по еден ваков процес, по едни вакви анализи, по една ваква постапка. Сигурно дека една таква територијална оргаизација ќе беше прифатена за граѓаните и тогаш граѓаните во духот на децентализација ќе беа најблиску до валста, тогаш ќе го почувствуваа бенефитот што го носи децентализацијата.

Вака, со еден октроиран начин на правење на законот ние ги вознемиривме граѓаните и им дадовме, да речам, дози на стравови дали оваа територијална организација е во нивна корист или не.

Што добивме?

Во законот можат да се издвојат два критериуми кои, претпоставувам, велам претпоставувам затоа што никаде не се напишани, дека ги почитувала Владата, а тоа се етничкиот и политичкиот.

Кога зборувам за политичкиот, мислам на оној што значи изборна геометрија. Имам непогрешиво чувство и не може никој да ме убеди дека грешам, во Западна Македонија доминантно е користен етничкиот принцип, а во Источна Македонија каде нема конфликт од етничка природа воглавно е искористена изборна геометрија.

Владата и оние кои ја подржуваат овој предлог го бранеа на две точки. Дека ваквиот предлог е најдобар за Македонија, но никој до сега еве 15 дена дебатираме за овој закон, не ни објасни зошто токму овој предлог е најдобар.

Второ, дека со овој предлог ние сме на патот кон ЕУ и НАТО и дека само со прифаќањето на овој предлог ќе бидеме поблиску до ЕУ и НАТО.

Господа пратеници, ова воопшто не кореспондира со стандардите на соверемената Европа во која толку многу сакаме да одиме. Меѓународната заедница, за воља на вистината, постојано ја потенцира потребата од донесувањето на законите за децентрализација,ние тоа не го спориме, но Меѓународната заедница во ниту еден момент не се вмеша во прашањето за територијална организација. Современа Европа ценети колеги територијалната организација ја смета за вантрешно прашање на државата, на суверена држава каква што е Република Македонија.

Сигурна сум дека Европа нема да си дозволи да ни се замеша во ова прашање. Таа цени дека територијалната организација зависи единствено од интересите на граѓаните кои се исклучителни носители на сувереноста на оваа држава. Граѓаните, господа, го даваат легитимитетот и на овој Парламент, преку нас на Владата, граѓаните и го даваат легитимитетот на сувереноста на државата и тие се тие што треба да одлучат во какви општини сакаат да живеат, а не во какви општини ние ќе ги ставаме.

Значи, двете тежишни точки на одбраната на законот ви паѓаат во вода затоа што воопшто не се издржани. Во современа Европа, ценети колеги, ќе бидеме прифатеникако нивен дел со една мирна Струга, со мирно Кичево, со мирно Скопје, со мирно Облешево. Современа Европа нема да не прифати со немири во Струга, со отпор на граѓаните на Струга поради растечкото незадоволство од ваквиот Предлог закон, со барикади на Облешево, нема да не прифати со нараснати етнички тензии, нема да не прифати со испашени граѓани, со страв во нивните очи, страв и немир не само за општините, страв и немир за иднината на државата.  Само такви ќе не прифати, а не вакви со стравови какви што ги предизвика овој Предлог на закон.

Што имаме сега како епилог на овој закон? Веќе спомнав внесе немир, страв од поделби,од предавства, од велепредавства. Оправдано е граѓаните да се плашат од вакви предавства и велепредавства не затоа што вие или ние сме предавници, туку господа низ историјата на  Македонија, за жал, премногу имало предавство и премногу рималоподелби и затоа македонскиот граѓанин се плаши.

Нарушени меѓуетнички односи. Со овој Предлог закон ни се наруши меѓуетничката доверба  поготово меѓу мнозинскиот народ и албанскиот народ и онака таа беше кревка.

После конфликтот ја градевме чекор по чекор, меѓутоа, таа мене ми наликуваше на тенок мраз кој може секој момент да пукне. Токму овој Предлог закон го пукна мразот по кој одевме и сега на овој мраз имаме пукнатина. Јас незнам како понатаму ќе се движиме. Навистина сум загрижена што сум граѓанин на Република Македонија.

Мојата ценета колешка Поповска рече каприц на ДУИ. Можеби е каприц, можеби не, меѓутоа, дека е силен притисок на коалициониот партнер тоа е сигурно, тоа го знае секој граѓанин на Република Македонија затоа што сите ние ги следевме преговорите, можеби не знаевме што точно преговарате, меѓутоа, ги слушавме извештаите.

Се прашувам зошто албанската заедница толку силно притискаше за Кичево, за Струга и за двојазично Скопје. За Кичево и за Струга сум скоро сигурна дека позадината беше супремација на градот, кој ќе ја има спупремацијата над градот, кој ќе ги има локалните власти, отаму потекнува стравот на кичевчани и на стружани, на македонскиот дел и на другите заедници кои живеат таму.

Во Скопје добивме предимензионирано јазично прашање, толку силно се притискаше за двојазично Скопје, па правевме карти, па алтернатива Арачиново, па немавме доволна бројка, па сега Кондово и Сарај кои природно припаѓале на Скопје, Сарај да, но Сарај со себе носи уште 23 селски руралниопштини кои се протегаат од Сарај,па се до Јегуновце и до границата со Косово. И територија која е еднаква со сегашната територија на градот Скопје. Зошто? Нема потреба од такво нешто. Таму каде што има услови да се говорат двата јазици ќе се говорат, па имаше обвинвуања дека сме против мајчиниот јазикна албанците, не, јас никогаш не сум била против мајчиниот ајзик на албанците, овде говоревме за службена употреба на јазикот, која точно законски поставена кога и каде може да се користи, таму каде има 20%, а Скопје нема 20%.

На крајот ценети колеги би сакала да ве повикам да ја испочитуваме уставната одредба од членот 62 став 3 која вели дека пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое убедување. Преку вашиот глас колеги пратеници посредно одлучуваат граѓаните и преку нас ги остваруваат своите демократски права. Немојте ние со нашиот глас да им ги загрозиме демократските права на граѓаните затоа што ние сме

избрани со гласови на граѓаните и треба сега да го слушнеме гласот на граѓанинот, а гласот на граѓанинот вели не таква територијална поделба на Македонија.

Јас, бидјеки добро гослушнав гласот и на Струга и на Кичево и на Облешево  и на Скопје и на многу други општини, јас не можам да подржам ваков предлог.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рахиќ, реплика од три минути.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, драги колеги,

Ја слушав колешката Лалчевска и можам да се согласам со некои работи за кои лично незнам на пример за тоа што го зборувавте за Облешево, Струга и останатите. Меѓутоа, сакам да ве уверам за она што рековте за немирите и се што се случува во Скопје, освен она што вие како партија гоорганизиравте, јас ќе ве поканам лично вечерва ако сакате ако имате време и желба да се уверите дека Скопје е мирно  заедносо мојот пријател филозоф, хуманист и демократ Владо Димов да прошетаме по градскиот  кеј и да ве однесам во скопските дискотеки и да видите дека Градот Скопје живее нормално и дека нема никаква опасност за тоа што зборувате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Колега, колку е мирно Скопје можете да се уверите според бројот на убиства, напади кои ги пласира МВР. А какво ќе биде Скопје понатака и како луѓето се плашат од тоа што ќе биде Скопје понатаму, прошетајте во пазарен ден и послушајте ги луѓето што зборуваат ќе ви бие јасно и за нивните стравови и за нивниот немир.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Адеми имате реплика од три минути.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Од претходниот говорник се спомна дека ЕУ не не сака и не не признава со страв, со насилства во Струга, Кичево, Скопје и т.н.

Сакам да ја потсетам дека ставот на ЕУ и на другите меѓународни фактори како НАТО, САД и други се многу јасни. Имплементација точка по точка на Охридскиот договр, но и последните ставои се многу јасни во однос на децентрализацијата. Процесот на децентрализација треба да заврши што побрзо. После говорите дека граѓаните се плашат од оваа територијална организација. Граѓаните не се плашат, вие се трудите да ги заплашите граѓаните и да посеете страв меѓу граѓаните. Сигурно ова сеење на страв не придонесува во однос на состојбата и треба што побрзо да се прекинат ваквите дискусии и вакви ангажмани.

Во последно време многу се занимавате со ДУИ, не само вие, туку и други пратеници. Ставовите на ДУИ се многу јасни и нашите определби се јасни. Сме рекле и во нашата политичка платформа и програма дека наш став е имплементација на Охридскито договор.

Говорите за албанскиот јазик за неприродно здружување на општините на Скопје, но се поставува прашањето во 1996 година на каков начин се одвоија Сарај и Кондово од Скопје на природен или не природен начин.

Ќе цитирам еден научниккој вели: пријателите ги бираме сами, а непријателите ги создаваме сами, но Господ ги избира соседите кои ги имаме. Значи, ние сме овде соседи и овде треба да живееме без оглед на која етничка заедница и припаѓаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, една минута реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Да, ценет колега ние сме соседи и треба да живееме заедно. Тоа е точно, меѓутоа, да живееме заедно, а не со мајоризација на едни врз други. Тоа е тоа.

А вчерашните ваши реплики јасно кажаа која е вашата цел, јас мислам дека тука стравот е сосема оправдан.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Ивановска, реплика.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана колешке Лалчевска, сакам со вас да дебатирам на некои тези кои ги искажавте овде, а за Европската повелбата членот 5 , сакам да ве потсетам дека таа беше ратификувана во 1997 година, знаете кој беше на власт, сакам да цитирам изјава на претседателката на делегацијата на Европскиот парламент од Извештајот кој и вие годобивте на средбата во Брисел во јануари. Ќе цитирам, кога се расправаше на точката децентрализација во Република Македонија. Претседателката информираше дека кога станвуа збор за измените на структурите на општинтие Европската повелба за локална самоуправа предвидува консилтирање на локалните заедници на кои се однесуваат тие измениkако на пример преку референдум, но во Повелбата не е предвидено резултатот на референдумот да биде обврзувачки елемент на Владата. Завршен цитат.

Овде сакам да коментирам иако референдумот е највисоко демократско право секогаш не претставува обврзувачко за било која Влада. Меутоа, секогаш нивото на демократичноста на Владата го ценат самите граѓани преку избори.

Исто така ќе ви цитирам дел од таа расправа на европратеничката од Грција која подвлече дека цитирам - децентрализацијата е долг и макотрпен процес, бидјеки е многу тешко да се промени админситративната структура на земјата нагласувајки дека во Грција се спроведени бројни реформи на овој план кој секогаш биле придружени со силни реакции.

Друго нешто што сакам да полемизирам е за руралното и урбаното. Често беше спомнуван примерот на Словенија. Да, се согласувам дека во бившите ЈУ републики примерот на Словенија е добар пример, меѓутоа, зошто не се владееме по тој пример затоа што во Словенија политичарите никогаш меѓу себе не се нарекувале предавници, националисти. Секогаш работеле за развојот на земјата кој многумина го спомнвуаат како одржлив развој,најсоодветен развој за развојот на општините така што ако ние и во бивша Југославија се владеевме по тој пример селата да ги развиваме, сигурно селата немаше да бидат доведени во таква ситуација како денеска без инфраструктура и без можности за одржлив развој и тие 123 општини кои толку ги дебатиравме секако ќе можеа

да си го сотварат своето оснвоно демократско право, а тоа е локалната самоуправа и самоуправвуањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Лалчевска.

РИСТА ЛАЛЧЕВСКА:

Околу Словенија нема да дебатирам затоа што воопшто не ја спомнав ниту спроедив со Словенија.

Околу тоа дека во 1997 година е ратификувана Повелбата, точно ратификувана е 1997 година, СДСМ беше на власт ја ратификува, меѓутоа,не ја применувате.

Ако беше применета оваа Повелба, ако Струга беше консултирана во каква општина сака да живее, Струга немаше да прави отпор, тогаш таа ќе се согласеше дека во таква општина,како сте ја консултирале, а Струга дава отпор. Тоа никако не ми е јасно.

Друго, околу децентрализацијата и она што го кажавте од претставничката од Грција, меѓутоа колешке децентализација да, јас и во својот говор реков децентрализацијата е тоа што треба да го направиме, а таа понатаму ќе ни детерминира како постепено ќе ги обликуваме општините, какви општини ќе направиме, тука нема дилема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хасипи, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

КЕНАН ХАСИПИ:

Пред да го изнесам ставот на Демократската партија на турците по овој законски проект, би сакал да го изнесам следното.

Прво, на колегите и колешките кои ги поддржаа моите амандмани да ја изразам мојата длабока почит и благодарност, независно што амандманите не поминаа.

Ќе го замолам претседателот, доколку е можно да не се послужи со дигресиите, бидејќи мојот говор ќе трае се на се 10 минути.

И трето, за разлика од госпоѓата Цветанка, која полемизираше со тези, јас ќе се обидам да изнесам факти.

Колеги пратеници, амандманската расправа по законот за територијалната организација на локалната самоуправа заврши. Расправата по текстот на законот полека приврршува. Завесата, господа, полека ќе биде спуштена. Ќе остане последниот чин од оваа речиси тринеделна драма, а тоа е чинот на гласањето, а потоа - е, потоа господа едни ќе бидат задоволни, други разочарани, едни ќе ликуваат други стравуваат, едни ќе се сметаат за победници, други за поразени, едни дека се е завршено а други дека допрва се почнува и тн. А граѓаните, граѓаните господа ќе си останат таму каде што се оти нема каде да одат, збунети, вознемирени, јас би рекол и исплашени што им се случува во сопствената земја. Впрочем, оваа маратонска, според мене и вулгарна расправа, сигурно ќе се рефлектира на расположението и однесувањето на граѓаните. Но како и да е, и покрај најдобра волја Демократската партија на турците во Македонија за жал не ќе може да го поддржи овој законски проект поради следните причини.

Прво, поради фактот што сме длабоко убедени дека вака дизајнирана територијалната организација ни од далеку не го отсликува мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на државата.

Второ, поради фактот што во дизајнирањето на овој законски проект во доволна мера не беа вклучени ниту согледани мислењата, сугестиите и предлозите на политичките претставници на турската заедница, изнесени во комисиските расправи и парламентарните дебати по ова прашање.

Трето, поради фактот што во расправата околу овој законски проект во доволна мера не беа вклучени ниту респектирани субјектите и мислењата на невладиниот сектор на турците во Република Македонија.

Четврто, поради фактот што понудениот законски проект предизвика сериозни турбуленции на македонската политичка сцена и огромна хомогенизација по национален основ буквално во сите етници во Република Македонија.

Петто, поради фактот што проектот директно се коси со духот и одредбите на Рамковниот договор од Охрид, каде се предвидува ревизија на територијалната организација, имајќи ги предвид резултатите од пописот 2002 година.

Шесто, поради фактот што самото Министерство за локалната самоуправа во голема мера не ги испочитува, утврдени од нивна страна, критериумите.

Седмо, поради фактот што службената употреба на јазикот на условно земено помалите етнички заедници на локално ниво, како еден од клучните елементи во зачувувањето на етничкиот идентитет на тие заедници се доведва под знак прашање поради административното прекројување на границите на единиците на локалната самоуправа.

Осмо, поради фактот што се нема сенс ниту од позицијата ниту од опозицијата за тежината на актуелниот политички момент и можните импликации врз меѓунационалните односи, дотолку повеќе што жестоката реторика применета во ова Собрание, сакале или не, ќе се рефлектира на поширокото граѓанство.

Девето, поради фактот што одредени решенија не се во духот на прокламираното пријателство со одредени земји од поширокото соседство.

Десето, проади фактот што членството во НАТО и Европската унија исклучиво се врзуваат по ова прашање без да се земат предвид економските параметри, човековите права и слободи, владење на правото и правната држава, независното и деполитизирано судство и тн.

Единаесето, по мене најважно, поради фактот што проектот во одредени свои елементи е спротивен на принципите врз кои се базираше и опстојуваше коалицијта.

Дека не се негува мултиетнички дух, почитувани пратеници, зборува и фактот што пред два дена МРТ престана со емитување на програмата на турски јазик, освен получасовни вести во 17,30 часот, и покрај усвоените Заклучоци усвоени од Собранието на Република Македонија како највисок законодавен дом и основач на МТВ. Мојот повик од оваа говорница за неплаќање за недобиена услуга, беше окарактеризиран како балкански примитивизам.

Господине претседателе, почитувани колеги,

Се обидов сосема кратко да го изнесам ставот на Демократската партија на турците по овој законски роект. По ова прашање имав материјал за неколку часовно

излагање. Но, совеста не ми дозволува да бидам дел од декорот на оваа маратонска и намоменти вулгарна расправа.

И уште нешто, господо, како припадник на еден голем народ не патам од комплекс на употреба на јазикот. Се работи за принципиелен однос што базира на примена на исти стандарди, без оглед за која етничка заедница се работи.

За жал, владеачкото мнозинство тоа не можеше или не сакаше да го разбере. Во политиката, господо, како и во животот се се плаќа. Со таа разлика што во политиката фактурите некогаш доспеваат подоцна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Хасипи.

Збор има министерот за локална самоуправа, господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитуван пратенику Хасипи, вие рековте ќе зборувате со факти. Го искажавте вашето мислење врз оснвоа на принципи.

Јас би сакал да ве информирам, прво не е точно дека не е прифатен амандман. Од овој Парламент, односно вашиот амандман е прифатен за Центар Жупа.

Второ, од предложените 84 општини за територијална организација во Република Македонија постојат, односно се предложени до Парламентот 4 општини во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, во службена употреба ќе е и турскиот јазик. И тоа, Центар Жупа од вкупното население 80% припадници на делот од турскиот народ, Маврово и Ростуше со 31%, општина Пласница со 98%, општина Вранешница со 20,88%. Тоа е фактичката состојба што ја има во овој Предлог на закон доставен до Парламентот, во кој во расправата, почитувајќи ги и вашите искажувања и делот на материјалите што ви беше доставен, во целокупниот дел на усогласување, разговори со вас лично, вие тоа добро го знаете, е овој предлог пред Владата и пред парламентарците, односно од Владата пред парламентарците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хасипи имате една минута контра реплика.

КЕНАН ХАСИПИ:

Мене ми е жал што морам да му реплицирам на господинот министер, меѓутоа во интерес на правилно информирање на јавноста би го запрашал, во моментот, со оглед на тоа што тие општини и ден денеска се општини, во колку од нив е во службена употреба турскиот јазик, освен во општината Центар Жупа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Томе Тромбев, повелете имате три минути.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе.

Ова е само едно појаснување, не е реплика, бидејќи господинот Хасипи искажа дека е прекинато емитувањето на програмата на турски јазик.

Да, тоа е веќе од 26-ти, откако почна оваа седнца, се со цел да се пренесува седницата на албански јазик. Затоа е получасовна пауза за да се дадат вестите на турски јазик. Со завршување на оваа седница ќе продолжи триипол часовната програма на труски јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот министер, претпоставувам на вашата контра реплика сака нешто да додаде.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Хасипи, вие добро знаете дека употребата на службениот јазик, покрај македонскиот јазик за единиците на локалната самоуправа е воведен со над 20% на граѓани кои го зборуваат јазикот различен од македонскиот во одредена единица и тоа е воведено со Уставот, односно со Амандманот 5, а потоа поврдне со Законот за локална самоуправа. Тоа е обврска на единиците на локалната самоуправа, покрај македонскиот службен јазик да го воведуваат.

Оваа Влада и овие напори на процесот на децентрализација и за примена на целокупниот пакет на договорените обврски во делот на припадниците на заедниците, од Охридскиот договор, ги прави напорите за целосна примена. Зошто не е применет и како не е применет, вие треба да одговорите, вие добро знаете. Дали од градоначалниците или од централната власт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хасипи имате право на две реплики, една на господинто Тромбев, една на министерот. Значи две минути, повелете.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам.

Јас воопшто немам ништопротив за емитување на преносите од Собранието на албански јазик. Меѓутоа МРТВ овде се обврза со една Одлука од Собранието дека ќе обезбеди континурано емитување на програми на етничките заедници на една од програмите на МТВ.

Значи ли тоа господине Тромбев дека секогаш кога ќе има седници на Собранието на Република Македонија од маратонски карактер, дека тоа ќе оди на уштрб на програмите на етничките заедници? Кажете го тоа јавно, за да знаеме.

А, што се однесува во врска со ова што министерот Гештаковски го кажа, да, господине министре, 1996 година кога се формираше општината Пласница и кога на дневен ред беше усвојување на Статутот на таа општина, со надгласување во општината се изгласал Статутот во општината да биде еднојазичен. Замислете, нешто што со Закон е гарантирано, советниците си дозволиле да се изгласа. Поплаките стигнаа и до Врховниот суд. Меѓутоа од тоа ништоне се доби.

Единствена во овој момент, освен Центар Жупа, општина во која што автентично и дефакто и дејуре се користеше турскиот јазик беше општината Врапчиште. Неа, за жал не ја укинавте, меѓутоа процентот на турската заедница го сведовте под 13%.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Коце Трајановски, а нека се подготви пратеникот Цветле Јаневска.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

После измените што ги добивме после амандманската расправа, да го кажам своето мислење пред конечното гласање по овој закон за територијална организација на Република Македонија.

На почеток сакам да потсетам дека при донесувањето на овој закон воопшто не е применувана никаква методологија  или општите метологии што сите ги знаеме при правење на секој законски текст, па и овој закон ако го сметаме за проект. Значи, имаме сегашна состојба, анализа на постојната состојба, нудење на предлог-решенија. Во нашиот случај, ниту во првата фаза, па еве ниту во втората немаме доставено никаква анализа на постојната состојба, нудење решенија, алтернативи и сл.  Едноставно се нуди сувиот закон со кратко образложение.

Значи, првата фаза заврши некаде јануари-февруари. Тогаш имаше многу говори, многу сугестии, референдуми во повеќе од 40 општини, собири по месни заедници, трибини. Своето мислење го кажаа експертите на тркалезни маси, со написи по медиумите, во пишаните и електронски медиуми, граѓаните со протести во своите општини. Меѓутоа, од сето тоа многу малку се прифати иако беше долг период. Владата, со преговори во Маврово, во кои уште не места, значи за два месеци, од јануари па се до 15-16 јули го даде овој Предлог на закон во втора фаза, конечен предлог за територијална организација.

Притоа, единствено, од првата до втората фаза е тоа што прифати пет општини: Градско, Дојран, Василево, Конче и Вевчани. И уште 4 во амандманската расправа. Значи, иако Владата се договараше повеќе од 45 дена, значи месец и половина и со доцнење поеќе од пет месеци од завршување на првата фаза, нам ни се достави

Предлогот од кој што треба во рок од 10 дена да го разгледаме, при крајот на месец јули, пред почетокот на годишните одмори во август и само за пет дена, од 26 јули до 1 август ако би оделе по нормална работа и да го донесеме.

Значи, на некој начин ова е еден вид на притисок. Ставени пред свршен чин и евентуално атмосферата, кога луѓето се на одмор. Да бидат што помалку, граѓаните да го искажуваат своето мислење, својот револт во различни демократски форми.

Сметам дека не може вака значаен закон за Република Македонија, мислам дека е фундаментален, а јас не би рекол од пакетот на закони за децентрализација туку општо, за функционирањето на Република Македонија да биде донесен на ваков начин. Ова е потценување, пред се, да не речам на опозицијата, помалку важно, на експертите и сл., пред се потценување на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека никому не се дава мандат на ваков начин, без консултции да донесе вака значаен закон, закон за поделба на Република Македонија.

Зошто, ќе кажам понатаму, поделба на Република Македонија, бидејќи Ќе цитирам и делови од Уставот што го регулираат тоа. Јас разбирам дека е многу тешко оваа материја да биде регулирана со закон или да биде променета постојната територијална поделба. Дека нема идеално решение, дека има оптимално и тоа оптимално - колку оптимално, меѓутоа најголемата грешка е тоа што се прифати да се прави нова територијална поделба за вака краток период.

Лесно беше 1996 година, од 34 на 123 општини. Граѓаните добиваа свои единици на локална самоуправа каде ќе можа да го искажуваат полесно своето мислење. Многу е тешко сега, сигурно дека е многу тешко од 123 да се направат70 или 80, а во конкретниов случај, до сега, значи сомојава дискусија, доколку Владата не реагира до крајот на расправата со уште нешто, на 84 општини.

Значи, се укинаа 41 општина во Република Македонија. 123 плус две новоформирани се 125, минус 41 укината, значи токму 84 општини. Во првата фаза беа 50 укинати, сега 41, плус од нив 4 од Кичево што имаат времен карактер до пред локалните избори во 2008 година.

Сметам дека оваа проблематика бара време, не со месеци, време со години. Европа сето тоа го прави со голем временски период, се прават анализи, се консултира населението, се даваат предлог решенија. Сите тие предлог решенија се со период на години, значи кога ќе се стабилизира Македонија безбедносно, кога соживотот ќе биде подобар, кога довербата, пред се меѓуетничката ќе биде подобра, кога економската состојба ќе биде, во тој случај мислам дека ќе можеме да направиме и некоја територијална поделба.

Значи јас сум за децентрализација, меѓутоа дека ова не е пакетот на закони за децентрализација, ова е од територијалната поделба. Се надевам дека Владата можеби до крајот на расправата може и да предложи некоја измена, можеби парламентарното мнозинство да се предомисли, но чисто се сомневам.

Меѓутоа, она што не убедувате, се обидувате да не убедите дека сето ова е обврска од Рамковниот договор сметам дека не држи. Основните принципи во Рамковниот договор, точка 1 - основни принципи, точка 1.2. децидно се вели дека суверенитетот и територијалниот интегритет ан Република Македонија и унитарниот карактер спрема државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Или не постојат територијални решенија за етнички прашања. Сметам дека со овој закон токму се прават територијални решенија со етнички прашања, ако земеме Струга, Кичево, Скопје и други делови кои што сметам дека се помали по број на жители.

Ако го разгледаме пак амандманот 16 на Уставот на Република Македонија таму јасно и децидно се вели дека законите за општинските граници и градот Скопје покрај другите се донесуваат со мнозинство гласови од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Почитувани колеги, ова значи бетонирање на оваа територијална поделба таква каква што е доколку за следната измена или било каква корекција не се согласат пратениците од заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија. Значи, токму во Уставот иако во законот се вели дека со референдум и слично ќе може да се менуваат тие граници меѓутоа, оној практичниот пример, практичниот проблем е токму тука и тој е децидно кажан и заситен со Уставот на Република Македонија. Значи, ова што

вечерва или утре ќе го донесеме сметајте го за конечно и трајно и сметам дека понатаму измените ќе бидат невозможни.

Во Рамковниот договор во точка 3 - развој на децентрализираната власт, во врска со општинските граници се вели дека во рок од една година од завршувањето на новиот попис ќе бидат ревидирани општинските граници. И претходно кажав, и јас сакам да сублимирам дека ние сметаме дека ова ревидирање воопшто не одговара на овој закон вака како што е донесен. Ревидирање значи корекција, значи измена, но никако не значи ваква крупна и целосна нова територијална поделба на Република Македонија, која што практично го возбуди целокупниот македонски народ а не само граѓаните каде што се изменија овие граници.

Во членот 16 од Уствот пишува, зошто велам јас територијална поделба, имаше од некои колеги сугестија, ова е Закон за територијална организација, организација, организација, и нашиот колега Илија Србиновски велеше поделба, поделба, поделба. Во членот 116 од Уставот на Република Македонија децидно пишува, територијалната поделба, значи територијалната поделба на републиката и подрачјата на општините се уредуваат со закон. Овој поим е даден во Уставот и овој закон практично би требало да има наслов територијална поделба и не би требало толку да се плашиме од тоа доколку сметаме дека овој закон не побудува некои емоции и некои други стравувања.

Второ, пишува дека измените треба да се прават со локалните и националните власти. Значи во тој случај воопшто не се консултирани локалните власти барем онака како што треба да бидат консултирани и практично пак не е и да го прифатиме тоа од Рамковниот договор како обврска, пак не е тоа до крај исполнето, сепак исполнето е само од една страна од националната, од државната власт.

И како трето во врска со Рамковниот договор, ако веќе зборуваме за обврски, а ова е едно од крупните обврски, па велиме дека доколку Рамковниот договор го исполниме тогаш патот кон Европската унија и НАТО ќе ни биде подобар. Реков уште една обврска која многу често ја спомнувам, се надевам дека нема да бидам досаден и ќе ја спомнувам се додека таа постои, додека таа обврска не биде исполнета. Во точката

два се вели, покрај прекинот на непријателствата и покрај целосно и доброволно разоружување во Анексот -Ц во точка 3.1. вели, враќање на бегалците и избрканите во нивните домови. Значи ако веќе толку се залагаме за обврски од Рамковниот договор во тој случај еве и колешката Каролина е во тие анкетни комисии, имавме посебни дебати, сметам дека оваа обврска, требаше прво неја да ја исполниме, па потоа ако треба да одиме на оваа територијална поделба во тој случај довербата меѓу етничките заедници и меѓу етникумите, меѓу албанците и македонците конкретно ќе беше поголема отколку што е сега. Значи оставаме едно многу отворено прашање, една рана незатворена, а практично отвараме многу, многу други.

Сметате дека ова е обврска кон Европската унија и НАТО. Она што рековме со исполнувањето на Рамковниот договор ќе бидеме побрзо примени во Европската унија и НАТО, и да ве потсетам го кажав тоа и во првата фаза, на барањето на ЗЕЛС до Советот на Европа и Советот на Европа јасно кажа, јасно и децидно одговори дека ова не е обврска од Рамковниот договор, тоа е внатрешно прашање на Република Македонија. Тој документ може да се види во ЗЕЛС, тој не е таен и затоа сметам дека не би требало понатаму да се повикуваме како некоја обврска што сите сме ја прифатиле или ја бараат од нас или е обврска за прием во Европската унија. Колегата Даневски кажа и за Романија и за други држави, многу многу прашања кои што нас ни се наметнуваат како императив, како обврска, таму не се исполнети, но сепак тие се веќе членки на Европската унија или им е кажано ќе бидете тогаш членки на Европската унија.

И после сето ова се прашувам, зошто се донесува овој закон, зошто не се повлече после нашите дискусии. Дајте да ги донесеме другите закони кои што значат финансиска децентрализација закони кои што навистина ќе значат просперитет за Република Македонија. Зошто ваква авантура која што е многу скапа, многу ризична и многу опасна за Република Македонија. Не би сакал да обвинам дека еве ги плашам граѓаните на Република Македонија, да не ги потценуваме граѓаните, тие гледаат телевизија, сметам дека се доволно умни и без опозицијата збор да не каже тие ќе го искажат својот револт и своето мислење. Мислам дека, пред се, знаат доволно да ја проценат состојбата, бидејќи оваа состојба не е од сега, ова можеби е кулминација или

како се вели пред кулминација, не знам. Меѓутоа, далеку од тоа дека е нешто ново. И затоа мислам дека единствената причина за донесувањето на овој закон е од етничкиот карактер, од етничката природа.

Ќе се обидам да дадам само три примери каде со територијални решенија се решаваат етнички прашања. Значи, токму спротивното на она што беше кажано во Рамковниот договор под точка 1 во основните принципи или потточка 1.2. И тоа се токму Струга, ако почнеме од неа, значи, не би сакал да се задржувам на поситните. Тоа е територијално решение за едно етничко прашање. Во Струга се додаваат 4 општини, се дуплира населението од албанска националност, тоа го кажаа тука многу пратеници, значи не се почитува волјата на граѓаните а кои што излегоа повеќе од 50% на референдум, го кажаа својот став со оној процент кој што беше кажан во нашите дискусии. Се прават протести, струшки вечери на отпорот, потпишаа повелба сите политичкки партии. Значи, не се работи дека некој ги поттикнува, ги подбуцнува, како во конкретниов случај секогаш тоа може да биде опозицијата, значи се работи за сите граѓани без разлика на нивната политичка прирадност. Не знам што уште да направат овие граѓани за да бидат сослушани, за да биде нивниот град оставен во оние граници во кој што треба да остане и во кој што тие мислат дека подобро ќе живеат. И, сметам дека има време, пред гласањето, пак ќе апелирам ако може нешто да се исправи. И не треба да влегуваме во другата димензија, ако веќе не можеме да ги оставиме во постојните граници тогаш нивните протести иако веќе не можеме да ја обвиниме опозицијата, тогаш граѓаните да се нарекуваат хулирани, насилници, националисти, радикали и што уште не, јас зборувам од поедини луѓе, значи не би требало да одиме во таа димензија. Тие си го бранат постојниот статус на општината во постојните граници. Не бараат ништо повеќе.

За потсетување би сакал да кажам дека во овие постојни граници 41% се од албанска националност и 48% се од македонска националност. Значи застапена е мултиетничноста, разликата е помалку од 10% во населението, значи 7%. Досега немало етнички проблеми. На овој начин веќе се вознемируваат, се покажуваат знаци на етничка нетрпеливост што јас не би сакал, меѓутоа можно е тие да ескалираат и во таа димензија што сметам дека не е добро ниту за Струга, ниту за Република Македонија.

Со новиот предлог како што се предлага со припојувањето на четирите рурални општини, ќе зборувам подоцна за тој аспект, а сега ќе зборувам за етничкиот аспект, албанското население од 41% оди на 54%, македонското од 48% на 34%. Мислам дека тоа е главната причина за вознемирувањето на граѓаните на Струга, независно од нивната политичка определба. И затоа не е момент сега да го правиме тоа затоа што довербата во Република Македонија сеуште не е вратена, не беше далеку 2001 година иако Струга беше мирен град во тоа време, меѓутоа она што се случи во Република Македонија, во кризните региони сигурно имаше свое отсликување и во сите останати региони во Република Македонија.

Вториот пример Кичево исто така плус 4 општини, меѓутоа овде малку одложено да речам пропаѓање или одложена смрт. Значи, пред локалните избори 2008 Кичево ќе биде со проширените граници со плус 4 општини, доволно ги ескпонираме кои се тие општини, колкави се нивните можности сами да опстојат, не би го повторувал тоа, значи би кажал дека е од етнички карактер, од етничка природа. Втор пат кажувам територијално решение за етничко прашање. Таму Македонците со околу 20 илјади, со овој предлог исто така ќе се зголеми албанското население во новите општини на општина Кичево, така да од 30% ќе порасне на 54%, додека македонското од 55 ќе се спушти на 35%. И, поново е тука стравот. Доста беа злоупотребени, тоа, дека еве се ќе биде добро што се плашите и слично, меѓутоа праксата и блиското минато кажуваат сосем спротивно, дека сеуште ние не сме запловиле во мирни води во меѓуетничките односи.

Значи и во Кичево евидентна е и најмеродавна е демографската промена. И таму граѓаните и на референдум и на протести, блокади и што уште не се обидоа да го свртат своето внимание. Единствено што издејствуваа, издејствуваа 4 години одложено. И сега пак во Кичево има двојазичност, немаше проблеми исто така би спомнал и за кризниот период што беше, значи воопшто немаше проблеми. Сега тие, пак ќе повторам, може да настанат. Тогаш виновникот не знам кај ќе се бара, ќе го каже тоа иднината. Меѓутоа не би сакал да бидеме ние тие кои што со овој закон им го наметнавме тој конфликт.

Третиот пример е примерот со Скопје, со двојазичноста на Скопје. Кажавме со припојувањето на руралните општини Сарај и Кондово кои што и сега функционираат, кои што имаат свој развој од 1996 досега, една рурална општина се припојува кон една урбана, значи ја губи својата самостојност само за некоја повисока цел наречена двојазично Скопје, што верувам дека доколку не е таа во никој случај ниеден од граѓаните на Сарај и Кондово нема да ја жртвува својата самостојност. Ниту една приградска општина не можете да ја натерате да влезе во склопот на општините на градот Скопје, заради тоа што ја губи автономијата, заради тоа што ја губи својата самостојност, дел од ингеренциите, дел од функциите преминуваат на градот и што е најважно парите поминуваат, голем процент од парите кои што се собираат на локално, на општинско ниво ќе поминат во градот Скопје, а како тие ќе се вратат, значи веќе еднаш дадено во Македонија, барем сега иако со закон е регулирано, многу тешко оди.

Значи ова беа три едни од класичникте примери за кои сметам дека етничкиот принцип е пред се доминантен. Значи, сепак се прави врз база на политички договор меѓу СДСМ и ДУИ или ајде да не употребувам имиња меѓу нивните лидери за вакво крупно прашање се прави еден договор, сега веќе еве преточен во закон, иако министерот перфектно го брани, меѓутоа верувајте ова е толку неиздржан предлог што воопшто сметам дека и не може да се одбрани.

Сето ова што се прави досега е во корист на албанската етничка заедница и тоа е факт, тоа е неминовно сака некој да го негира или не. А, се вели дека со донесувањето на овој закон ќе се зголеми довербата на албанската етничка заедница кон државата. Но, дали е тоа така и дали да веруваме дека тоа ќе биде така. Значи, доверба кон државните институции и воопшто кон државата. Да потсетам дека интегрирањето на кризните региони од 2001 година е обврска на оваа власт во која ДУИ како политичко крило на ОНА е сепак во власта и коалиционен партнер на СДСМ, се прашувам што направија во овие кризни региони да тие бидат интегрирани во Република Македонија, да можат граѓаните слободно да се движат низ овие региони. Многу често и скоро во секој говор го потсетувам тоа, го потсетувам не за друго, туку за да се реши ова прашање, не за да не се реши. Значи ако нешто постојано се повторува, се надевам дека и ќе допре до

вас како проблем и ќе се види дека навистина е проблем во Република Македонија, кумановско, скопско, липковскиот регион и слично.

Дали со донесувањето на овој закон ќе бидат дури интегрирани верувајте чисто се сомневам. Практично дека оваа доверба нема да се зголеми го кажаа и колегите од пратеничката група на ДУИ, конкретно колегата Ејуп Рустеми кој што децидно кажа дека Македонија да се преименува во Вардарија или во Вардар, не знам како тогаш сите ќе бидеме исти и ќе имаме доверба, веројатно тоа го мислеше со довербата, нели. Исто така господинот Фазли Велииу од ДУИ ја кажа и целта, кажа моделот треба да биде Швајцарија или Белгија, можеме да бираме било кој од тие, таму постои Германска Швајцарија, Француска Швајцарија, Италијанска, овде може соодветно на тоа Бугарска, Албанска, Српска и не знам каква Македонија. И ова беше се по говорот на господинот Тито Петковски.

На нашите говори реплицираа пратениците од СДСМ и сега веќе бидејќи не можеше на својата партија, најверојатно поради некои принципи, реплицираа пратениците од ДУИ. И, сметам дека тоа беше клучниот момент на оваа цела седница и тука сметам дека паднаа маските и со изјавата на господинот Ејуп Рустеми и на Фазли Велиу. Значи, за каква доверба ние зборуваме, нека се кажат крајните цели дали е францускиот, дали е швајцарскиот, белгискиот модел, дали е преименувањето на државата, значи ние сме веќе некоја безимена држава. Тоа било значи крајната цел.

Поради тоа сметам дека и неслучајно е ставено во Рамковниот договор...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гопсподине Трајановски, вие како координатор имате 4 дигресии, но вашите интерпретации сега се легитимни, но тоа е веќе првата дигресија завршена. Почнете со втората.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи, сметам дека тоа беше клучниот момент на оваа седница и треба сите да се замислиме, дури сметам дека после ова треба да се повлече законот за територијална поделба. И оној пат кога ќе се врати навистина довербата и кога ќе се подаде, ќе се покаже рака на доверба, или грст на доверба, во тој случај сметам дека сите ние

консензуално треба да го донесеме овој закон. Сепак, овој закон е многу значаен и со ваква поделба, со вака спротивставени мислења може да биде многу проблематично и многу ризично за Република Македонија. Кога веќе зборуваме за критериумите, го образложив етничкиот, значи покрај овие три примери, сметам дека секаде онаму каде што можеше да има повеќе од 50% од албанската заедница, тоа се направи. Онаму каде што беа испод 20% и беше блиску и можеше 20%, значи да биде службен јазик исто така се направи. И сето тоа не е проблем доколку не биде тоа вака брзо направено, да не речам механички, или насилно направено со овој закон.

Оној следниот критериум кој што сметам дека е употребен овде во оваа расправа и кој што сакам исто така на кратко да го елаборирам, тоа е политичко изборниот критериум. И тоа не е ништо ново. Разговарав со некои претставници од американците што се тие кажаа, па да вели, и во Америка многу често ние правиме ревизија, или нови граници на изборните единици. Значи, тие сметаат дека овие се изборни единици веќе, не се единици на локална самоуправа. Значи, владеачките партии сметам дека со ваквиот изборен модел покрај етничкиот и некои други критериуми што подоцна сакам да ги кажам, дека е и критериум каде што можат така да ги скројат границите на локалната самоуправа, или идни изборни единици за локална самоуправа, значи каде што има градоначалници во кои што ќе добијат повеќе градоначалници. Примери се за тоа многу дилеми кои што се јавуваат кај нас и кои што наведуваат така да размислиме. Затоа се прашуваме зошто Василево доби посебна општина каде што градоначалник е од СДСМ, а не е Куклиш и Муртино. Зошто Зрновци каде што градоначалник е од СДСМ, а не е Оризари, кој е исто така е една перфектна општина. Зошто седиштето е во Чешиново а не во Облешево, исто така од една или од друга страна, зошто седиштето е во Дебар, а не во Мешеишта. Значи, тоа се дилемите кои што и нас не наведуваат, тоа се практично факти кои што не наведуваат на тоа. И добро, тоа е нормално, власта може тоа да го прави, значи има мнозинство, има мандат и сето тоа. Меутоа, да не заборавиме дека покрај овој модел кој што може и да помине, меѓутоа оној етничкиот кој што дефинитивно ја зациментира оваа поделба, ќе биде многу тешко после тоа, или воошто не може да се ревидира. Значи, сметам дека ова исто така не е добро како пракса да се воведе во

Република Македонија. Значи, онаа политичка партија, или опција, или парламентарно мнозинство кое што е на власт пред секои локални избори ќе си донесува закон за територијална поделба во кој што онаму каде што може ќе ревидира одредени општини каде што смета дека населението таму ќе гласа, е ориентирано. Веќе знаеме, значи во овие 13,14 години веќе се испрофилирува делот од населението, значи некоја наклоност, макар земено и сегашната состојба и тоа ќе биде поразително за нас. Сметам дека не би требало да биде применет и овој критериум. И ова е вториот аргумент поради кој што сметам дека треба да се повлече овој закн и да не биде даден на гласање.

Она кога кажав околу референдумите, значи повеќе од 40 општини излегоа на референдуми. Гледам дека го оспорувате реферндумот, дека не се легитимни, значи може што сака да се каже, тоа е нормално на оваа говорница. Иако граѓаните излегоа и сите што излегоа повеќето од 90% гласаа на тие референдуми за референдумското прашање, иако вие етикетиравте дека се политички и сл., меѓутоа излегувањето на населението повеќе од 90%, значи ја искажува тезата дека таму излегуваат сите независно од нивната политичка определба. Значи, тука не можете да кажете дека се тие политички организирани.

И на крајот околу кршењето на човековите права, или она што значат некои наши определби дадени пред Меѓународната заедница, а тоа е дека со овој закон практично ни се крши Европската повелба за локална самоуправа чии потписници сме ние во кое што во членот 5 децидно се вели: при промена на општинските граници мора да се консултира и локалната власт, или локалната управа. Значи, преку овие референдуми локалната самоуправа го искажа своето мислење, меѓутоа ништо од тоа. Воопшто не беа прифатени никој од референдумите. Кога сме кај референдумите би сакал да ја споменам иницијативата на Светскиот македонски конгрес кој што треба да заврши овој месец на кој што треба да се соберат 150 илјади потписи. Значи ја користам можноста да ги повикам граѓаните да го поддржат овој референдум и кога ќе успее овој референдум и се надевам дека сигурно ќе успее, што ќе правиме тогаш? Значи, веќе одржани локални избори, веќе избрани градоначалници и совети, сето тоа ќе мора да го вратиме назад. Која ќе биде таа штета за Република Македонија и кој ќе биде тој застој во процесите на

развој на Република Македонија. Сметам не е застој, туку како што кажав, враќање назад. Што се прави со овој Предлог за територијална поделба на Република Македонија. Значи, за да се покријат овие принципи етничкиот и политичко изборниот се прават големи и гломазни општини. И наместо децентрализација, се прави централизација. Се прават општини со многу голем број на населени места, Битола ќе биде со повеќе од 60-тина села, Струга со повеќе од 50-тина села, значи имаме ние 52 недели во годината, а имаме повеќе од 50 села. Значи се припојуваат рурални кон урбани, сите оние примери што ги наведовме и во нашата амандманска расправа и колегите овде во расправата по текстот на законот. Во голем број од тие општини кои што се укинубваат имаат број на жители повеќе од 5.000, што беше еден од основните критериуми, не најзначаен, меѓутоа беше исто така значаен критериум. Општини кои што овие 41, или 45 пред локалните избори 2008 година во своето скоро осумгодишно постоење покажаа дека можат самостојно да се управуваат. Значи покажаа голем развој на инфраструктура, во враќање на жителите, во привлекување на инвестиции скоро во сите области. Значи ги подобрија своите услови на живеење. И сега јас се сложувам, во некои навистина можеби не може во моментот економски и оправдано е да егзистираат, меѓутоа тоа е во сегашниот момент, или во блиска иднина. Ако ние тргнеме перспективно дека Република Македонија  навистина треба да се децентрализира не само во власта, не само ингеренциите на државата, туку треба да се децентрализира и по развојните капацитети, значи во секоја област во Република Македонија  да има соодветен развој, значи дисперзиран развој како што тоа го има впрочем и Словенија во која што нивниот главен град сеуште повеќе од 30-тина години е со ист број на жители. Во тој случај значи во име на перспективата, во име на иднината би требало на овие општини да им дадеме шанса да живеат. Тоа не се голем трошок. Впрочем и во законите за финансирањето на единиците на локалната самоуправа даден е и еден дел кој што вели дека ќе се финансираат со трансферите од буџетот на Република Македонија. И тоа сметам дека ќе биде голем дел. Затоа овие општини има основа, има можност, имаме повод да ги оставиме, бидејќи пак ќе повторам повеќе од 50 години тие од 1965 година кога станаа 34 општини и почна да настанува централизацијата во тие општински центри на тие 34 општини, практично се опустошија

сите околни населени места, а особено селата на тие општини, вклучително и скопските села. Да не спомнам, еве сега 1990/2000 година шест населени места од скопско добија телефонска линија. Мислам невидено. За Скопје центарот, престолнината на Скопје, тие се од Скопје оддалечени 25 до 30 км., шест населени места од општина Петровец немаа телефони. Значи, мораше да дојде локалната самоуправа, па иницијатива, па некој обврска да презема за да може да го реши тоа. А за градовите кои што се во внатрешноста на Република Македонија сигурно имавме многу, многу покласични примери. Значи, треба да гледаме и перспективно, треба да гледаме напред. И затоа јас и мојата пратеничка група и Либералната партија се залагаме да останат овие 123 општини. Затоа не се сложуваме да биде намален бројот на општините, бидејќи на почетокот кажав дека нема доволна анализа и елаборација за секоја општина поодделно што значи нејзиното останување, или нејзиното укинување. Вака со некои општи да речам глобални критериуми сметам дека вака значајно прашање за Република Македонија не би требало да се решава. Затоа сметам дека овој закон, јас не само што ќе гласам против, тоа е многу јасно, предлагам да се повлече овој закон, да не биде даден на гласање. Сметам дека со тоа во Република Македонија ќе сопре немирот кој што веќе се јави кај населението во Република Македонија. И сметам дека со негово изгласување последиците за Република Македонија ќе бидат многу далекусежни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, би сакал да реплицирам во четири точки од излагањето на мојот колега координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Неколку пати повоторивме, ќе морам и јас да повторам некои работи.

Прво, доколку се залагате за 123 општини, вие тогаш на овој понуден концепт од Владата ќе понудевте амандман за опстојување на секоја од тие 123 општини. Би сакал да ве потсетам дека немате поднесено 11 амандмани, односно немате поднесено амандмани за опстојување на 11 општини.

Второ, рековте дека окрупнувањето на општините ќе ги чини граѓаните повеќе. Не, напротив, не постои експерт, не можете да најдете таков експерт. Јас ќе ви го цитирам господинот Марјан Николов, економски аналитичар и претседател на Собранието на Центарот за економска анализа кој вели дека, со зголемувањето на бројот на жителите се намалува и трошокот по единица жител за администрацијата.

Трето, рековте  дека вршиме некаква опструкција на референдумот. Не, за тоа делот од раководството на Демократската алтернатива, Демократскиот сојуз и Социјалистичката партија го обвинуваат ВМРО-ДПМНЕ, дека врши опструкции, со тоа не агитира кај партиското членство, а за тоа рековме дека доколку бевте искрени тој потпис ќе го дадевте на 23 февруари.

И четвртата работа, би сакал да ве запрашам, зборувавте за Повелбата за самостојна Струга. Дали вие ја поддржувате таа Повелба за отцепување на Струга. Ние во СДСМ не сме за поделби. Кажете вие за што сте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коце Трајанвоски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ќе се обидам да одговорам на три-четири прашања. Ние поднесовме 156 амандмани на овој закон. Бидејќи се дуалистички, значи има и на член 10 и на член 12, можеби се некаде 80, 85 и до 90. Сметам дека најголемиот број од општините беа опфатени и воопшто не е пандансот амандмани и тезата дека ние се залагаме за 123 општини. Сметавме дека останатото на вас ќе ви текне. Окрупнувањето ќе ги чини повеќе, јас не сум рекол такво нешто, можеби таков заклучок добил господинот Макрадули. Меѓутоа со намалувањето на администрацијата и зголемувањето на бројот на жителите, во администрацијата, дека ќе се  намалат трошоците, јас се сложувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господинот Трајановски трвди дека најголема грешка е да се прави нова територијала организација за волку краток период. Јас не знам што значи тоа, волку

краток период, со оглед на тоа што во Рамковниот договор се вели дека Собранието до крајот на 2002 година ќе го усвои ревидираниот закон за општински граници што всушност и претставува овој закон. Вие бевте пратеник во претходниот состав, Љубчо Ѓеорѓиевски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ го потпиша Рамковниот договор, вие ги гласавте уставните измени и со самото тоа што не го вративте мандатот, практички застанавте зад Рамковниот договор и зад уставните измени и со тоа си преземате обврска до крајот на 2002 година да го донесете овој закон. Зошто не го донесовте, не ми е јасно и очекувам одговор од вас. Потоа тврдите дека нема врска децентрализацијата со територијална организација. Апсолутно не можам да се сложам заради тоа што со оглед на новите надлежности што според законот за локална самоуправа ќе ги имаат новите општински граници, апсолутно е важна големината на општините и капацитетите со кои што тие ќе располагаат за да можат да ги исполнуваат надлежностите согласно новиот закон за локална самоуправа. И затоа ме чуди што во суштина зголемувањето на територијата на општините го карактеризирате како централизација. Да ви укажам дека децентрализацијата значи пренесување на надлежности, на ингеренции од централно на локално ниво. И со самото тоа што ќе се пренесат голем дел надлежности од централната на локалната власт, апсолутно не можеме да го окарактеризираме процесот како централизација, а не децентрализација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ќе се обидам, ама навистина во една минута не може да се одговори. Слично беше и на претходната реплика. Зошто не се донесе, прашајте ги вашите коалициони партнери, затоа што тие секогаш ги опструираа пописите, па така и за овој попис нешто слично беше т.е. дека големината воопшто е многу важна големината на општините во врска со децентрализацијата. Значи, добро, големо откритие. За Франција тоа не е важно со не знам колку илјади општини со по 1500 до 1600 жители. За нас било многу важно да имаме општини со над 50 илјади жители како Тетово 80 илјади жители. Значи, навистина не ми е

јасно што сакате со ова да кажете, дека ние треба да бидеме, ние да даваме пример во Европа како треба да бидат организирани државите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван господине Трајановски, дебатиравме многу денови. Како што беше истакнато во многу дискусии оваа територијална организација не е идеална и не може да биде идеална сигурно, меѓутоа сметам дека е оптимална во сообразност со новата конституенција, или со новата реалност во Република Македонија после рамковниот договор. Освен сите оние реални критериуми и мерила сигурно дека политичкиот и етнички, како што милувате да кажете претставува исто така реалност. Го спомнавте Бадинтеровото правило на гласање кое веќе е утврдено во Уставот за одделни прашања кои се однесуваат и на заедниците кои се малцинство во Република Македонија. И неколку пати повторивте дека веќе со изгласувањето на ваква територијална организација таа е дефинитивно зациментирана, затоа што нема да може да се промени без согласност на помалите етнички заедници во Република Македонија. Тоа е точно. Меѓутоа, зарем не важи истото правило и за донесување на територијалната организација, зарем на ист начин не се донесува територијалната организација. Па според тоа, дали според ваше мислење треба сега ние да ја одложиме територијалната организација и никогаш да не ја донесеме затоа што едноставно нема да можеме да донесеме територијална организација која ќе одговара само на една страна. Да се разбереме една работа. Мислам дека помина времето на политика на бескомпромисност, политика на исклучивост, мораме да гајиме политика на компромис, политика на договор. Само тоа е иднината за Република Македонија. Дали е дел и сега беше спомнато, дали е дел од Рамковниот договор територијалната организација, сметам дека територијалната организација и те како е дел од пакетот на закнони за децентрализација. Зарем сметате дека 30-тина, најмалку 30-тина општини со еден до тројца вработени можат да се справат со сите ингеренции од областа на образованието, од областа на урбанизмот, од областа на културата, од областа на примарната заштита и тн., да не набројувам. Многу тези беа

изречени, меѓутоа очигледно дека овие денови водевме дискусија на слепи и глуви. Факт е едно, Рамковниот договор, неговата реализација претставува алфа и омега за Република Македонија  на нејзиниот пат кон ЕУ. Она што претставува соработка со Хашкиот трибунал за Хрватска, реализацијата на Рамковниот договор е за Република Македонија . Децентрализацијата претставува долготраен процес. Меѓутоа не треба да биде долготраен процес донесувањето на законите од областа на децентрализацијата и затоа треба да ги донесеме што побрзо, а сите целата позитивна енергија да ја насочиме кон имплементацијата. Таа претставува долготраен процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски,

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако господинот Голомеов смета дека ова е оптимално решение, јас сметам дека е решение во кое имаме решавање само на едно етничко прашање и затоа, за да биде оптимално, би требало да има повеќе решенија за да се избере отпималното. Вака незнам по што е заклучено дека ова е оптималното решение, а се согласувам дека е многу тешко да се направи решение, за било какво решение за територијалната организација.

Она што реков дека е зацементирана, стојам зад тоа, бидејќи било каква промена или нов предлог, би требало да добие гласови и од пратениците кои не се мнозинство во Република Македонија а тие да го направат тоа што сега ќе го добијат, нема да го направат сигурно и според тоа, ова е дефинитивно, барем што се однесува до Струга, Скопје и Кичево.

Дека територијалната организација е влез во Европската унија и тоа ни е обврска и слично, јас кажав, ЗЕЛС е тука и може да се побара одговор, таму јасно стои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Господинте Трајановски, не само вие туку и многу колеги пратеници од опозицијата овие не само денови туку и недели на дебата околу на територијалната организација на Локалната самоуправа, слушнавме дека всушност се суспендира правото на референдум, односно дека позицијата на некој начин го суспендирала правото на референдум. Можам да искажам дека тоа право не е суспендирано, туку во Законот за Локалната самоуправа кој вие го донесовте 2002 година, тоа право не го внесовте за да биде законска обврска. И каде стои тоа дека оној што го распишува референдумот, го организира, го гласа, ги полни кутиите и утре ги презентира тие работи дека мора да се почитува а сите велиме дека го почитуваме правото и законите.

Од друга страна, Рамковниот договор со своите одредби, неговите заложби се преточени во Уставот на Република Македонија со измените што следуваа. Ве молам, ако сме се договориле со посредство на меѓународната заедница како како држава и народ понатаму ќе бидеме третирани, ако еден договор што го постигнавме пред две-три години, за само толку кратко време, со сите обврски, уште на стартот не го спроведуваме. Како понатаму насс ќе не почиуваат како народ и како држава за сите договори што треба да ги градиме, односно ќе ги договараме со други институции, земји и тн.

И трето што сакам да потенцирам, а што беше споменато дека вие децентрализацијата ја сваќате - значи подецентрализираме ќе бидеме ако имаме повеќе општини. Тогаш зошто не предложивте амандмани не за 123 туку за 200 општини, па да сватиме дека така ја сваќате децентрализацијата, а не како пренесување на надлежностите од централно на локално ниво. Законот за територијална распределба, организација, поделба како што вие велите не може да помине ако за него не гласаат и пратениците од заедниците. И вие сте свесни дека колку и да го одлагаме, никогаш тоа нема да можеме да го изгласаме, а Република Македонија во овие 14 години во многу делови стои во место токму од тоа што сите работи ги одлагаме, се дововараме и за тоа суди како како народ и држава се однесуваме и во други сегменти од живеењето. Ова сме го поставиле пред себе и така мора да го извршиме, територијалната распредлба ќе ја утврдиме, ќе го донесеме тој закон и понатаму ќе ја спроведуваме децентрализацијата со

сите свои ингеренции што таа повратно кон нас ќе ги нуди. Нормално, можеби ќе имаме и друг закон..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Повделете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, го реков тоа и сеуште стојам на тоа дека е суспендирано правото на референдум. Во законот на локалната самоуправа стои дека граѓаните ќе можат референдумски да се изјаснуваат, значи не е точно дека тоа не стои, а пред се и над се над тие закони е Европската повелба што сме ја прифатиле и мораме да ја почитуваме, меѓутоа зошто не се почиува незнам.

Рековте дека може да се поднесат амандмани и за 200 општини. Колешке Лепиткова, оставивме нешто и вие да поднесете како амандман за некоја општина, а не само ВРМО-ДПМНЕ и ЛП.

Она што рековте територијална распределба, распределба или распродажба тоа е исто, сметам дека дококу постојат повеќе општини во Република Македонија, локалната власт ќе биде поблиску до граѓаните во Република Македонија. Општина со повеќе од 80.000 жители, која има 35.000-40.000 жители, сега правиме да има 80.000 жители - незнам каква децентрализација правиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Цветле Јаневска, а потоа нека се подготви пратеникот Андреј Жерновски.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Благодарам претседателе за зборот што ми го дадовте.

Мотивот  ми е едноставно пред да го притиснам копчето за гласање, имам намера уште еднаш кусо да се обратам и да ја искористам можноста да го потврдам својот став по законот за територијалната организација на Локалната самоуправа, кој е еден од основните и најважни закони од пакетот закони за децентрализација. Притоа, повторно на

примерот на Струга, каде што се наоѓа мојот електорат, од каде доаѓам непосредно како пратеник.

Се надевам дека ова мое обраќање нема да предизвика реплики, затоа што само го потврдувам својот став и ништо ново нема да кажам, а доколку ги има нема да одговорам на нив.

Инспирана бев од многуте дискусии што се водеа еве веќе неколку денови и кои доаѓаат и од позицијата и од опозицијата и кои ги доживувам како добра намера пред се да се подобри текстот на законот за тој да гарантира реални услови за негова успешна имплементација. Сигурно дека овие дискусии имаа и политички тонови, но нашиот граѓанин е мудар и умее да направи позитивна селекција на оние кои му се додворуваат од оние кои искрено се залагаат за негово подобро живеење.

Да потсетам, се залагам општините во Струга да останат во постојните рамки и граници. Со аргументи ќе повторам и љубам да повторам со аргументи кои се екстремно реални за да може некој да ги отповргне. Веднаш да кажам дека ова за што се залагам со облигаторните критериуми во законот и неговите начела, врз кој тој се заснова, туку тие се најсоодветно применети.

Овој закон, како и секој закон е сувопарен и прозаичен по својот карактер на правен акт. Применет на струшките општини, на начин како што јас предлагам има реална можност да се преточи во својата најповикана задача да одговори како да се решаваат заедничките потреби на граѓаните на најдобар можен начин, да го мотивира човечкиот потенцијал и да обезбеди непречен развој и перспективи. Најак критериум од законот според мене е испочитување на спецификите  на едно општинско подрачје во сите области, почнувајќи од неговите природни, географски, демографски, историски, културни и традиционални специфики и сите тие како најголем ресурс врз кои применувајќи го овој закон ќе постигнат максимални ефекти во развојот. Струга и струшките општини се најеклатантен пример за тоа. Општината Струга и оснататите општини не ги квалификувам како вакви или онакви го покажуваат суперлативот во примената на спецификите како темел за нивниот севкупен развој.

Почитувани, сакам да потсетам дека дадов амандмани за опстојување на сите шест општини кои претставникот на Владата не ми ги прифати, колегите пратеници не гласаа за нив. Очекував дека Владата во текот на расправава ќе ни достави свои амандмани во кои ќе биде и мојот амандман, но тоа не се случи и затоа нема да го поддржам овој закон и ќе гласам против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи излагањето беше многу кратко, но се кажа нешто што апсолутно не е точно, тогаш беа спомнати Данајците во првиот говор, сега се спомнуваат колеги кои се додворуваат и оние кои искрено се залагаат за Струга. За жал колешке, за оние што говорите дека се додворуваат сите гласаа за вашиот амандман, но вие што искрено се залагате испадна дека гласате против. А кои се искрените заложби ќе сакам да ми објасните, затоа што дали господинот министер ќе го прифати вашиот амандман или не, зависи од парламентарното мнозинство и вашите гласови. Мислам дека тоа не се случи, вашите колеги гласаа против и затоа да не ги лажеме луѓето кои кому се додворува и кој за што говори искрено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Погрешно сте разбрале, вие не слушате кога се зборува.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Многу добро слушнав, но вие како разбравте тоа е ваша работа. Ова што го слушнав е точно така можете да проверите и во стенографските белешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Андреј Жерновски, а потоа нека се подготви господинот Аднан Ќахил.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер во Владата на Република Македонија,

Морам да признам дека обидите на опозицијата односно дел на пратениците од опозицијата да извршат една легитимна политичка манипулација во врска со овој предлог што е пред нас, на некого и на некои им успеа. Да се земе овој предлог за територијалната организација на Република Македонија сам по себе и да се гледа како еден изолиран материјал, навистина го поставува прашањето зошто се предлага вакво решение за Струга, зошто вакво решение за Кичево, зошто вакво решение за Скопје, зошто двојазично Скопје. Меѓутоа, почитувани дами и господа, што е уште побитно, почитувани граѓани на Република Македонија, овој предлог што е пред нас е еден дел од трите сегменти кои се неминовни поврзани. Имаме нешто што се случи претходно за да го имаме овој предлог, имаме нешто што треба да дојде после тоа за да успееме со овој предлог.

Убаво кажа претседателот на Меѓународната кризна група, ќе го прочитам, дека ова што го има Република Македонија во овој момент, оваа територијална организација што е пред нас претставува наследство од 2001 година. Ако ова е наследство од 2001 година, односно наследство од Рамковниот договор, тогаш неможе да се разгледа посебно како посебен дел. Ова е нешто што нам ни е наследено како Влада, како парламнтарно мнозиство во овој Парламент. Тоа е една логична низа од она што било во минатото и она што треба да се случи во иднина.

Ова што денес го имаме пред нас и за што разговараме со недели е се, само не е еден обичен предлог кој постои пред нас пратениците во Собранието на Република Македонија. Ова не е ниту обичен предлог, ниту обично решение, ниту некој обичен модел што е понуден. Ова е многу повеќе од тоа почитувани дами и господа. Ова е проект кој што е дел од најважната цел што ја има Република Македонија во овој момент пред себе, а тоа е - ќе го потенцирам тоа, ќе го повторам неколку пати - хармонизирање на внатрешните односи во Република Македонија. Од успехот токму на овој модел, токму на овој проект кој што е пред нас, јас тврдам дека зависи иднината на Република Македонија, дека ниту ќе имаме опстанок на државата, ниту ќе имаме иднина за нашата држава. Ќе се обидам во текот на мојот говор тоа да го докажам.

Многумина дискутираа дека поважно е да ги средиме економските односи во Република Македонија. Јас тврдам, и да ги средиме економските односи во Република Македонија, доколку не го постигнеме она што го потенцирав, а тоа е хармонизирање на внатрешните односи во нашата држава, нас нема да не примат таму каде што сакаме да влеземе, во Европската унија и НАТО. Затоа во странство, во сите фирми кога има конкурс за работно место не е најважна цел, не е најважна референца каде сте работеле. Не е најважна референца ни тоа какви успеси сте постигнале на претходните работни места. Прво нешто што го бараат и врз основа на кое ќе ве бодираат дали сте вие конфликтна личност или не. Во таа фирма наречена Европската унија во таа фирма наречена НАТО нема да не примат ако ние сме конфликтна личност. Можеби сме малку, можеби сме два милиони луѓе, меѓутоа тоа е доволно да го заразиме тој организам наречен Европската унија, наречен НАТО, затоа што тие нема да не примат доколку ние внатре не ги решиме односите меѓу етничките заедници во Република Македонија. Инаку ќе го заразиме тој организам, ќе бидеме конфликтни личности, ќе внесеме проблем во таа Европската унија и во тоа НАТО, а тие тоа не го сакаат. Гледајте што се случува и каква поука извлекоа од кипарското примање во Европската унија.

Друга специфика  што според мене ова е многу повеќе од обичен договор, е тоа што по овој договор почитувани дами и господа меѓу ЛДП, СДСМ и ДУИ, договор за територијалната организација на Република Македонија е всушност, како што кажав многу повеќе од обичен предлог. Тоа е обид да се излечат некои стари рани, стари фрустрации колку што е можно повеќе, кои што постојат во Република Македонија. Токму тие фрустрации меѓу македонците и албанците  во најголема мера не влечеа сиот овој период и затоа неможевме да одиме напред, додека другите земји не стигнаа и престигнаа.

И веднаш ќе поминам директно на некои теми кои знам дека воопшто нема да одат во прилог ниту на мојата политичка кариера, ниту на мојата партија, можеби ниту на коалциијата.

Сарај и Кондово - толку често спомнувани, знаеме ли ние како е во Сарај и каква е состојбата во Кондово? Шест години работев во градот Скопје и го слушав

незадоволството на албанците, се прашував што е тоа што се случува таму. Објектите за кои ние овде дискутираме и толку ги посакуваме под ингеренции на градот под ингеренции на државата, Матка, Сарај, Рашче и околината на Рашче се земени почитувани дами и господа од локалното население, одамна пред да ги почнеме своите политички кариери. Во случајот на Сарај, во случајот на Матка и во случајот на Спортско-рекреативниот центар во Сарај побуната на локалното население, потенцирам доминантно албанско население, со право, за да се обештети сето тоа, обештетени се со некои навистина симболични динари во тоа време, а во врска со заштитната зона на Рашче до ден денес не е ништо решено. Сарај и Кондово, како што е познато и како што имаше во амандманите на пратениците од опозицијата на ВМРО-ДПМНЕ и ЛП беше кажано дека токму 1996 година кога Скопје се враќа во своите урбани граници, дека општините останале посебни и треба да останат така. Да, но што е сторено? Сакам да ја зборуваме вистината затоа што ЛДП како што ги брани македонците сака да ги брани и сите оние на кои им е нанесена неправда во тој момент. Ние на локалното население во Сарај и Кондово, ние како македонци, ние како институција во тие времиња имаме кажано: добро, вие ќе бидете посебна општина, меѓутоа, Матка ќе биде наша, ќе биде под ингеренции на градот, Сарај ќе биде под ингеренции на градот, Рашче ќе биде под ингеренции на градот.

И потоа, имавме дискусии дека се тоа рурални области и дека треба да си останат таму, не можат да се приклучат на градот. Нормално дека ќе останат рурални кога сето она од кое што можела да живее општината сме го земале ние. Тоа не може така. Значи, тоа што е атрактивно сме го земале, граѓаните сме ги оставиле таму. Објектите за нас, граѓаните нека си останат таму, нека се снајдат со некои приходи од кои не можат да живеат и не можат да се развиваат.

Јас ќе се обидам во мојот говор да поставам едно огледало пред нас македонците, се разбира да поставам огледало понатаму и пред албанците, особено пред ДУИ бидејќи ние сме тие како ЛДП како СДСМ, и ДУИ во овој Парламент кои што ја носиме одговорноста.

Упорно и упорно особено опозицијата се обидува да каже дека целиот меѓународен фактор е против нас. Ние во 2001 година поради таа теза бевме изолирани како Влада, како премиер на Република Македонија тогашен, што ќе каже во превод како држава и како граѓани на оваа држава. Меѓутоа, во безброј средби тогаш и се разбира многу повеќе оние кои што се дадени во политичкото скалило во Република Македонија нас не прашаа странците, добро, почитувани дами и господо, имате ли вие некоја академија на уметници, на академици. Имаме. Како се вика? МАНУ. Колку албанци има во МАНУ? Нема ниту еден. Зборувам за пред 2001 година. Колку има македонци? Сите се македонци.

Ниту еден мозок, ниту еден адвокат, не може да го одбрани тоа. Да, кажувам за односите помеѓу македонците и албанците. Ве молам, да се дослушаме. Ме прашаа колку албанци има во МВР. 1%. Која беше поракатa, дека само македонците се образование во оваа држава? Дека само македонци  има за тие институции? Дека ние сме таа супериорна раса, ако можам така да кажам. Се разбира тие аргументи не можевме да ги одбраниме.

Јас се надевам дека сега огледалото во кое треба да се погледнат пратениците, моите почитувани колеги од ДУИ кои што ја носат одговорноста  и да покажат нешто друго. Албанците рекоа ни треба од вас македонците подадена рака, ова е тој предлог. Ова е таа подадена рака. Сега кога ќе се случи тоа, а ќе го изгласаме како мнозинство овој предлог кој што дефинитивно според нас носи, повторно ќе кажам, хармонизирање на внатрешните односи во Република Македонија, треба да покаже нешто друго. Сега треба да почувствуваме нешто и од другата страна, условно кажано албанската страна.

Сега почитувани, плочитуван колега Гзим Острени, би сакал заедно да појдеме во тоа Сарај и Кондово кое што сега ќе биде под ингеренција на Градот, и ако зборуваме досега за правата на албанците според Рамковниот охридски договор таму освен правата пишува и обврските на албанците, обврските на сите граѓани на Република Македонија.

После ова, треба да појдеме заедно во таа општина и да им кажеме и на албанците дека тие како лојални граѓани на Република Македонија  треба да ги плаќаат давачките. Јас ќе ви кажам, и денеска ги проверив податоците дека наплатата за вода во

Кондово е 5%, наплатата за вода во Сарај е 14%. Ако сакаме да си дадеме едни со други сигнали дека сакаме да живееме, дека се почитуваме бидејќи обострано ќе правиме компромиси, ќе дадеме јачина едни кон други дека сакаме да живееме заедно , тогаш треба сите и македонци и албанци да ги плаќаат давачките. И да не зборувам за комуналните такси кои што не се плаќаат.

Ако успеавме и се согласивме дека ќе функционира правната држава во Скопје, ќе рушиме дивоградби. Ако успеавме и се согласиме дека ќе функционира правната држава и во Струга и во Охрид ќе ги рушиме дивоградбите, сега треба да ги срушиме дивоградбите и во Струга, како што кажав, но и во Гостивар, и во Тетотово, и во Сарај и во Кондово. И така ќе покажеме дека на целата територија ќе функционира правната држава.

Тоа е она што сака ова парламентарно мнозинство да го направи. Да отвори нова страна, да ги подобри онолку колку што може меѓу етничките односи во Република Македонија. И тоа ќе успееме да го направиме односно ќе направиме се за да успееме тоа да го направиме. Се разбира, не мислам дека треба да бараме виновник за тоа што се случило во минатото, веројатно добро ќе дојде цитатот што го прочитав од познатиот политичар Кенеди кој рекол “наша задача не е да го пронајдеме кривецот од минатото, наша задача е да го пронајдеме вистсинскиот курс за иднината”. Се разбира дека оваа територијална поделба, дека овој предлог предизвика реакции. Јас ви велам дека беше неминовно да предизвика реакции. Да беше идеален бидејќи овој предлог не е идеален, се разбира и тоа го кажаа сите претставници од сите политички партии, ниту јас не мислам дека е идеален, да беше и најидеален ако е тоа воопшто беше можно ќе предизвикаше реакции. И знам дека емотивно гледаме кон овој предлог, како македонци, како албанци. И знам дека емотивно гледеме, и знам дека предизвикува болка кај многумина. Меѓутоа тоа е предлог кој што мораше да биде усогласен и со македонците, и со албанците и со турците и со ромите и со бошњаците, и со власите итн., итн.

Оваа понуда за територијална организација на Република Македонија овој предлог можеше да успее само ако има компромис, ако се има визија, затоа ќе го цитирам претседателот на меѓународната кризна група Браниц кој што вели: “доведувањето на

Балканот в ред бара некои многу деликатни и тешки компромиси, кој може да се постигнат единствено ако на крајот на патот за сите земји кои се во прашање постои јасна цел. Компромиси, тешки и деликатни но со јасна цел". Тоа е тоа кон кое ние се стремиме. Според нас, од Либерално демократската партија ова е едно проактивно решение, со кое што Република Македонија дефинитивно се издвои од останатите земји во регионот.

Дали е тоа така, јас ќе се обидам со аргументи да зборувам. Фајненшел тајмс, кој што претставуваше и претходно како Република Македонија во војната ќе напише Македонија пример. Примерот на Македонија доаѓа од важен момент во меѓународната заедница, кога таа успева да постигне мал успех во смирувањето на кризните жаришта во светот. Постигнатата согласност меѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ претставува триумф на политичкиот разум и за целиот регион каде што политичарите премногу често биле заведувани од национализмот. Заведувани од национализмот. Македонија  со она што успеа да го направи договорот за новата локална власт заработи да биде земена предвид како кандидат за идно членство во ЕУ. Македонија не е ниту Босна, ниту Косово, кои и натаму остануваат под меѓународна контрола. Примерот и лекцијата од Република Македонија треба да ги научат сите земји". (Завршен цитат.)

Тоа е тоа, што го цитирав од претседателот на Меѓународната заедница. Доведувањето на Балканот во ред. Доведувањето на Балканот во ред, она што го постигнува како модел е конечно да видиме од Република Македонија навремен, квалитетен и еден активен и ефективен одговор за она што ни следува кажуваме 2005 година. Тоа е за некоклу месеци. За финалното решавање на Косовскиот статус. Да сакше некој тоа беше убабво потенцирано и добронамерно Република Македонија да ја дели, тоа и ќе чекаше заедно да се решава Република Македонија со Косовското прашање. Ние ако успееме, а ќе успееме да се договориме за овој модел, нема подобар одговор, нема подобра позиција. Нема подобар став, што ова држава може да го изгради визави решавањето на Косовското прашање. И тоа е нешто кое што нема цена.

Се разбира, ние ова го правиме затоа што сметаме дека на Република Македонија и носи иднина, и тука не се согласуваме. Ние како власт, како парламентарно мнозинство сметаме дека токму овој предлог носи позитивна иднина на Република Македонија.

Иднина која што и гарантира во ЕУ и во НАТО. Опозицијата смета дека ова ја расипува иднината на Република Македонија, дека ја доведува во опасност иднината на Република Македонија. Ќе зборуваме за експерти, ќе цитираме едни од една страна други од друга страна, меѓутоа јас ќе ги цитирам оние и повторно ќе ги цитирам оние кон кои ние што се стремиме.

Специјалниот претставник на ЕУ, Амбасадорот на САД,Амбасадорот на ОБСЕ и Амбасадорот на НАТО. Цитирам: “постигнувајќи согласност за територијална организација партиите во Владината коалиција ја потврдија својата посветеност на територијалниот интегритет, унитарниот и мултиетничкиот карактер на земјата. Срдечно го поздравуваме договорот. Мултиетничката владина коалиција ја покажа својата способност да го стави интересот на земјата и нејзините граѓани на прво место, при постигнување на договорот кој ќе и донесе корист на целата земја. Цврсто веруваме дека овој договор претставува рационален баланс, преку кој целосно се почитуваат духот и словото на Охридскиот Рамковен договор, дека истиот ќе ја зацврсти локалната демократија, и дека ќе ја упати Македонија кон Европската Унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Жерновски, ќе морам да ве потсетам како и сите други, имате имате како координатор 4 дегресии, ова нека биде првата дегресија.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Не можам да се согласам дека ова е дегресија, затоа што ова е изјава во врска со текстот, во врска со предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете ве молам.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Стејт департменот, договорот меѓу владините коалициски партнери во Македонија за новата територијална органицација ја зацврстија локалната демократија и ги почитува одредбите од Рамковниот договор.” И честитаме на Македонија, за преземањето на овој важен чекор и што паќетот закони сега се наоѓа во парламентот”. Еве да не го читам да не направам дигресија, да не завршам со оваа дигресија од Евродипломатот Солана кон

кој што ние стрememе. “На крај најважната институција кон кој што ние се стремиме Советот на министри, на ЕУ, заклучува дека овој договор дека ова е суштински чекор за промоција во натамошните процеси кон ЕУ”.

Зошто го цитирам сето ова? Затоа што ние сакаме да влеземе во ЕУ, ние сакаме да влеземе во НАТО, ние сакаме да влеземе во тој клуб, секаде во било кој клуб каде што ќе влезете ви кажуваат, сакате да влезете во овој клуб, ова ви сеј правилата кои што треба да ги исполните за да влезете во овој клуб. И навистина не можам да сватам да сакаме да влеземе во ЕУ, да даваме декларации дека сакаме да влеземе во ЕУ, а да не го почитуваме она што тие го укажуваат. Тие кажуваат  дека овој договор е вистинската работа која што ја прави Република Македонија во овој момент, и дека со овој договор се издвојува од сите други земји во ЕУ.

Јас цитирам, ги цитирам оние, кон кој што сакаме да влеземе. Кој што чисто мислење  треба најмногу да ни значи на крајот на краиштата се разбира не го потценувам мислењето на граѓаните на Република Македонија  се разбира.

И ние тоа го направивме. Моделот кој што го применивме е од три чекори кој што не е едноставен, не е лесен, но многу е јасен кој што треба да го изодиме. Кажано ни е многу пати од оваа Парламентарна говорница, ни го кажа и амбасадорот на НАТО, генералниот секретар Шефер. Ако сакате да влзете во ЕУ и во НАТО треба да го имплементирате Охридскиот Рамковен договор и тоа е најважниот критериум кој што ќе се земе во предвид. Политичкиот критериум.

Вториот чекор ако сакаме го знаете , ако сакаме да го имплементираме Охридскиот Рамковен договор треба да постигнеме согласност за територијална организација, и

Трето, ако сакаме да постигнеме договор за територијална органицација треба да имаме согласност со албанскиот партнер, македонскиот партнер, и другите партнери.

Исполнете го едниот чекор, исполнете го вториот, исполнете го третиот, мораше во тоа да се успее во тоа, за да дојдеме до овој статус. И врз основа на таа реченица, јас всушност една историска реченица врз основа на овој модел понуден, која што реченица мислам дека ги обврзува албанците во Република Македонија, која што не обврзува и сите нас.

Од пртседателот на ДУИ слушнавме нешто што мене ми значи, што можам да кажам дека сме постигнале успех во хармонизирање на овие односи кои што беа многу нарушени во 2001 година, и нешто што го поздрави и Брисел и Вашингтон. Претседателот на ДУИ кажа од овој момент, албанците во Република Македонија се чувствуваат како станари, а не како потстанари.

Ниту јас имам проблем, ниту скопјаните имаат проблем, ниту се чувствувааат кфеновобични ако на натписот пред Градското собрание покрај град Скопје го пишува и називот на албански, никаков проблем не е со тоа. Ако тој натпис пред градското Собрание, каде што пишува Град Скопје на македонски а потоа и на албански јазик, го прави мојот колега албанец среќен. Ако тој натпис го прави среќен и амабасадорот на НАТО во Република Македонија, тогаш и јас сум среќен, затоа што тоа е мојата цел.

Опозицијата исто така сака во ЕУ, тоа го кажува на сите седници кои ги имавме до сега. Вие почитувани дами и господа предложивме, а ние ја прифативме со консензус ваша декларација. Но точката 4 од вашата Декларацијата за ЕУ пишува: Собранието на Република Македонија ќе настојува да се забрзат процесите кои треба да се исполат за побрзо интегрирање на ЕУ. Ова ве обврзува да ги почитувате ставовите на ЕУ, и тоа ви го кажав во таа расправа, еве ги носам и стенограмите. Не може да давате Декларацијата за ЕУ, не може да кажувате дека ќе го почитуваме сето она што ЕУ ќе го побара од нас, а потоа да негира ова што кажав за Охридскиот Рамковен договор. Вас почитувани претставници на ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент ЕУ, Солана и Петерсон, ви порачаа три работи и ке ви ги цитирам: “прво побараа од вас да имате чувство за ургентност, не го сторивте тоа. Поради вас и начинот на кој што вие, вашиот пристап кон оваа расправа, ги одложивме изборите. ЕУ, побара од вас, втора работа - да имате не само чувство на ургентност, туку да настапите консултивно, и тоа не го сторивте во своите дискусии. И сегај доаѓаме во онаа третата работа, за кое што се уште имате шанси да ја направите.

Евро дипломатот Солана “ги повикувам сите политички партии да ги изгласат законите во Парламентот и локалните избори да се одржат во предвидениот рок, што е од посебна важност, за напредокот на земјата кон европските интегративни процеси”.

Извештајот од Советот на министри од Европа “ги повикуваме партиите во Парламентот да го усвојат пакетот за децентрализација”. Изјава на г-динот Петерсон. “И порачувам на опозицијата да биде разумна и да го прифати пакетот”. Ако ние велиме дека ЕУ е нашата иднина и дека ја направи нашата иднина, нема да кажам предавник, кој е тој што работи против интересите на Република Македонија. Тој што ќе стисне зелено светло за овој предлог, или тој што ќе стисне црвено светло за овој предлог.

Вас ЕУ ве повика, вие размислете. Јас знам, ова не го кажувам со никаква злоба, јас знам кои се фрустрациите на опозицијата во врска со овој предлог. За жал во Република Македонија постои незадоволство, сериозно затоа што ние не успеавме како Влада како парламентарно мнозинство, да го објасниме ефектот што сакаме да го постигнеме со овој модел. И тоа згрешивме. Тоа што вас ве фулстсрира, сакам директно да ви го кажам, каде што има незадоволство, а што немате поддршка. Има задоволство, нема луѓе на митинг. Има незадоволство, собрание 66 илјади потписи. Зошто? Ќе го кажам моето скромно мислење.

Не можете вие сеуште да бидете алтернатива на оваа власт. Луѓето не можат толку брзо да го заборават она што се случи од 1998 - 2002 ефектите од владеењето. Во моментите кога се обидувате да се претставите алтернатива доаѓа одлуката на Врховниот суд дека граѓаните на Република Македонија треба да платат 4 милиони евра за самоволјето на Даравелски. Тоа е проблемот. На крајот на краиштата, која алтернатива, нешто заборавивме ние во овој парламент. Вие заборавивте неколку пратнеици овде ве потсетуваат, колеги од ЛДП, од СДМ, од ДУИ, дека политичката идеологија тогаш беше подобра на Република Македонија. Она што е проблем, што не смееме да го заборавиме, кој е алтернатива на оваа власт. Пандам на оваа коалиција од ЛДП, СДСМ и ДУИ е ВМРО-ДПМНЕ, Демократската партија на албанците, либералната партија. Еден од првите луѓе, вториот човек на ДПА, е на црната листа на Вашингтон.

Вториот човек, првиот човек, многу битен човек на Вашата партија, Вашингтон му ја одзеде визата. Не може тоа да биде алтернатива. Ви го кажувам искрено ова, за граѓаните на Република Македонија. Не може алтернатива да бидат оние кои што се на

црната листа, или оној на кој што Вашингтон им ја одзима визата. А се знае зошто се одзима виза.

Јас ве повикувам почитувани колеги од опозицијата, да се вратите на патот кон ЕУ, затоа што ни требате. Јас ве повикувам да се вратите на декалрацијата која што тука ја предложивте. Ќе завршам со она што го почнав на почетокот.

Јас дискутирав еднаш за тоа дека при изборот на Владата кога на чело застана г-динот Костов, дека оваа држава, колку е моја толку е и на Гзим Острени, толку е и на Неждет Мустафа, толку е на Иван Стоиљковиќ, толку е на Ќенан Хасипи и на Аднан Ќахил, толку е, се извинувам ако некого пропуштив некој друг, толку е на сите во Република Македонија . И на Рафет Миминовиќ како бошњак итн.

Многу ми е јасно дека овој мој говор, дека воопшто не оди во прилог на мојата политичка кариера. Знам дека повторно ќе има некои клосули, каде што мојот дедо бил српски шпиун, другиот дедо бил бугарски шпиун јас сум сега албанскиот шпиун. Меѓутоа, мене граѓаните не ме избрале овде, да водам сметка за мојата кариера. Иако на една страна на вагата ја ставам иднината на мојата политичка кариера во овој Парламент и воопшто на политичка сцена и на друга страна ја ставам иднината на моите деца, кои што сакам да бидат членови на Европската Унија, на европското семејство. Иднината на граѓаните, иднината на Република Македонија се разбира дека ми е многу побитна, иднината на грѓаните на Република Македонија, ако сакате лично на моите деца во оваа држава.

На крајот на краиштата кажувате дека оваа коалиција го направила овој договор за да ја спаси коалицијата. Не е точно. Ако сакате, и ако сакавме ние како условно кажано, македонски дел во оваа коалиција, да профитираме, ќе станевме пред сета македонска јавност да кажеме дека не ја даваме Македонија. Сите општини треба да се наши, само македонци треба да има, немаше да успееме со тоа.

Сакам да кажам, го кажав тоа во мојот прв говор кога зборев, овде, кога се формираше овој Парламент. Јас само можам да зборувам од името на Либерално-демократската партија.

Либерално-демократската партија е спремна да ги изгуби локалните избори и парламентарните избори ако граѓаните на Република Македонија ја казнат за ова. Зошто сме цврсто убедени дека носиме добро на оваа држава. Затоа што сме цврсто уверени дека токму овој предлог е оној кој што ни го визира патот кон Европската Унија и кон НАТО. Се разбира ќе има уште многу да се стори, но ова е како што цитирав, го набележав најбитниот чекор, според она што го слушнав од Вашингтон и Европа.

Јас на крај, на сите колеги, и од Владата и од СДСМ и од ДУИ, кој ќе гласа за овој закон, однапред им честитам и ги охрабрувам да го сторат тоа. Бидејќи од тој момент тие наместо обични политичари стануваат државници, бидејќи ќе завршам со еден цитат кој што мислам дека го искажува тоа што треба да го слушнеме овде. Разликата помеѓу политичарот и државникот е во следното. Политичарот размислува за следните избори, а државникот размислува за следните генерации.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ве молам господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателе,

Слушнавме нешто што ни во сон не очекував да го слушнам во овој Парламент. Се обиде господинот Жерновски да објасни некои работи, економските односи, за кои што дојдовте на власт, убедувајќи го народот со илјада експерти дека имате спремна програма, веќе ви е втор план, сега вие одите на хармонизирање на меѓуетничките односи. Кажувате дека за не примат негде не треба да сме конфликтна личност, што станува со една Шпанија, Бугарија, Грција, Романија, колку од тие прашања кои што вие сакате да ги решите, колку се таму решени, подобро од сите знаете вие. За Сарај и Кондово, кажувате објектите Матка, Сарај и Рашче, се земени од локалното население. Господине Жерновски, објектот рудник “Суводол” и Термоелектрана Битола, е земена од селото Суводол и уште две други села. Дали овде треба да останат на овие села, каде

што вие сега кажувате или пак нешто не е во ред. Треба да кажете со какви средства и кој ги градел овие објекти. Тоа е едното.

Понатаму, продлжувате огледалото на Македонците во МАНУ немали албанци и имало само 1%. Во која држава во светот според ова што значи македонско албанско потекло или американско, шпанско потекло во Америка или во Македонија треба да бидат вработени и да ги има во МАНУ. Тоа е веќе ноторна глупост што ја кажувате тука и тоа не држи. Коалицијата ЛДП, СДСМ и Дуи за вас е триунф. Зошто тоа не му го кажавте на народот пред 15 септември дека тоа веќе го знаете, ни кажуваат овој амбасадор, оној амбасадор, овој од НАТО, овој од ЕУ, па кажетему на народот дека требаше да коалицирате со ДУИ, да ја освоите власта и понатаму да владеете заедно со триумфална коалција. Вие што направивте? Нас ни префрлате за чувство на ургентност, два месеци не се договоривте. По кафани и секаде таму, не можевте за три месеци да се договорите. Потоа, опозицијата е виновна дека дебатира три недели со аргументи и ние сме виновните. Сега, ако не ги изгласаме вие сте, како што рече државници, а државникот стана претседател, вие не сте државници, а ние другите сме политичари. Е, господа, Али Ахмети беше првиот на црната листа, беше наречен бандит и тој беше тој што ја почна војната во Република Македонија. Вие сега кажувате за некој што му е одземена визата, а одземена му е визата затоа што бил  против Дејтонскиот договор. Тоа кажете го јавно, господа.

(реакции од пратениците)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам бидете парламентарни. Ве молам, да не си упаѓаме впо збор, може да се пријавиме. Колеги, да не губиме трпение сега на крајот. (г-динот Рахиќ реагира од место)

Г-дине Рахиќ во рамките на трите минути беше, има уште 30 секунди и повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам нервозата на друго место да се искаже. Мислам дека нервозата апсолутно не е потребна, затоа што ова што се кажува, ако се кажува веќе треба да има

аргументи. Аргументите се овие, а ако имате други аргументи повелете кажете ги пред Македонската јавност. Со вакви манипулации апсолутно ништо не се постигнува, само одиме во еден ќорсокак. Тој ќорсокак ќе стои утре на вашите лејќи и затоа одговорноста е многу поголема од она што мислите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Да, се разбира дека ќе реагираме таму каде што треба да се врати земјиштето на македонците. Ако го слушавте мојот говор јас кажав ќе ги браниме правата и на Македонците и на Албанците и на сите други етнички заедници во Република Македонија кзко ЛДП и сигурен сум и како коалиција. Мене многу ми е лесно да реплицирам од една едноставна причина. Кажете им на граѓаните што беше Република Македонија  во ваше време и прашајте ги граѓаните што беше Република Македонија сега и како е сега оценета од Вашингтон и Брисел и како е оценета во ваше време. Во ваше време бевме и во изолација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со реплики.

Г-дин Ѓорѓи Трендафилов, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуван колега Жерновски, тоа што вашето обраќање беше исполнето со многу цитати во принцип не мора да значи ништо. Но, мислам дека и вие и јас би ја подобриле заедничката комуникација во Собранието на Република Македонија , до колку вие таа желба да ги усреќувате дел од оние имиња кои ги кажувавте, од Вашингтон, од Брисел и незнам од каде, таа ваша таа добра намера да ги усреќувате тие луѓе, за момент барем да ја трансферирате, не со таков ентузијазам, се разбира како што го спомнавте, барем со повод ентузијазам. На пример, на гласачите кои ве подржале во вашата изборна единица, мислам следниот пат кога ќе се појавите на говорницата, нема да има потреба да се повикувате на толку цитати, туку повеќе би зборувале во свое лично име и би ги

споделиле со остатокот со вашите колеги во Собранието вашите лични размислувања. Што се однесува до меѓународната изолација, јас не сакам да ве потсетувам на нешто што го потсетив еден друг колега дека сепак во времето на Владата на г-динот Георгиевски беше потпишана спогодбата за стабилизација и асоцијација и влезот во светската трговска организација и тогаш истакна дека можеби е повеќе или помалку случајно што се погоди политичка гарнитура која го реализирала тоа во интерес на тоа да не ги занемариме оние стручнаци кои работат воопшто во дипломатијата во Република Македонија , од кои секоја Влада, без оглед на нејзиниот политички каракер и поставеност зависи. Мислам дека  и вашата политичка кариера не треба да биде доведена во прашање, до колку најдобронамерно го прифатите мојот прв совет, а тоа е дел од таа ваша енергија за усреќување на Вашингтон и Брисел, да ја насочите за колку-толку да им ја олесните во секој поглед ситуацијата на гласачите, кои ја подржале вашата политичка опција, која што им ја претставувавте воопшто во предизборната кампања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Е, тука г-дине Трендафилов се разликуваме. Вие велите дека цитирам и тие цитати не мора ништо да значат. Ако ништо не ви значат изјавите на специјалниот претставник на ЕУ, ако ништо не ви значат изјавите на амбасадорот на САД, ако ништо не ви значат изјавите на високиот претставник на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, тогаш незнам што треба да значи, не на вас, туку на сите нас во Република Македонија. Јас не сакам да ги усреќам нив, сакав да ги усреќам граѓаните на Република Македонија и да им обезбедам иднина на нив.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Г-дин Коце Трајановски се јави за реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Ќе се обидам на Жерновски да му реплицирам во неколку делови од неговиот говор. Во еден дел кажа дека овој предлог на закон ќе значи хармонизација на внатрешните односи и без него нема да има иднина без ова. Веројатно, мисли на хармонизацијата. Би сакал да го потсетам, а тука ми се и стенограимте дека ова добро е како желба, меѓутоа се плашам дека ќе остане само како пуста желба, бидејќи во мојот говор го кажав тоа и пак ќе го повторам, г-динот Ејуп Ристени јасно кажа дека не се применува во оваа држава..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, да не провоцираме веќе за тоа. Задржете се на законот. Ве молам, без провокации.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како не го прекинувате него, само мене ме прекинувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, завршете ја вашата реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас само сакав  да му кажам зошто нема да има хармонизација и зошто се сомневаме во хармонизацијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, ако има однос директно со неговиот став, тогаш можете да употребите, меѓутоа, немојте да злоупотребувате.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, очигледно е дека веќе правото на говор се скратува. Рековте дека овој закон значи триумф за Македонија, постигнатата согласност на СДСМ, ДУИ и ЛДП, била многу фалена од Меѓународната заедница. Само сакам да го потсетам дека до 2001 година и нас многу не фалеа и во НАТО им го кажав тоа, не фалеа и покрај тоа што со сите постигнати резултати и во реформите во финансии и сето тоа, меѓутоа, се случи во 2001 година. Значи, јас се плашам дека овие тапшења по рамо да не бидат многу опасни и да не се повторат. Затоа, треба да бидеме внимателни и многу да не се воодешуваме на сето тоа. Инаку, пораките што се праќаат до ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека ние ги

примаме тие пораки, многу ни е јасно и не мора господинот Жерновски да ни ги кажува. Сметам дека, пред се', треба да ги гледаат пораките кои што се праќаат до нивната партија или до нивната коалиција од граѓаните на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Тешко е во една минута да одговорам на ова што го кажа почитуваниот колега Коце Трајановски. Меѓутоа, вака ќе ви одговорам. За хармонизацијата на односите за кои што јас зборував за меѓуетничките односи, вашиот колега господинот Ванчо Стаменков во својот говор кажуваше, се повикуваше на тоа дека треба да останат општините, тој зборуваше за општините покрај Кичево. Во што е проблемот? Тој сега поминал покрај Кичево, а во ваше време не можеше да се помине по тој пат. Во ваше време вие бевте на митинзи во тој дел на Република Македонија преку Прилеп. Во тоа е разликата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со реплики.

Господин Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам.

Јас ќе се осврнам во врска со дискусијата на мојот колега Жерновски и би сакал некои работи да ги појаснам. За 2001 година ние виновникот мораме да го најдеме, не да го најдеме, мораме да го лоцираме со една основна цел, тоа да не ни се повтори. Без сеопшта анализа на тоа, ние не можеме да одиме напред. Не можеме туку така да заборавиме било што било, одиме понатаму. Таа работа не бива.

Втора работа, ако господинот Жерновски не го знае статутот на МАНУ како се станува академик, тогаш може слободно да праша, ќе го добие одговорот. Има одредени критериуми како се станува академик и член на таа наша највисока институција. Морам да кажам дека карактерот на таа Академија, нашата Академија е мултиетничка. Ако тоа не го знаел, нека го види досието и ќе види колку има луѓе од различни етнички припадности.

Сега, јас ќе го прашам господинот Жерновски, бидејќи многу цитати слушав од Меѓународната заедница за поддршка на сеопштиот договор меѓу владеачките партии по однос на новата територијална организација.

Господине Жерновски, каде вие живеете? Господинот Солана и господата кои овде го поддржаа, тие никогаш овде нема да живеат. Ние ќе живееме. Овде нам ни треба сеопштериторијална организација консензус. Наместо да ги слушаме советите од надвор како тоа треба да го правиме. Јас би ве молел мене да ме убедите, да не убедите сите овде присутни во Парламентот, потоа граѓаните, дека ова што го нудите е навистина најдоброто и најтранспарентното и дека има сеопштериторијална организација консезус за оваа работа. Тогаш, би ви аплаудирал. Меѓутоа, морам да кажам ова ви е голем минус.

Трета работа односно четврта работа, вашата анализа дека оваа држава Република Македонија, без оваа Влада нема алтернатива е фаталистичка. Немојте да провоцирате повеќе со вакви ваши анализи, бидејќи не водат кон ништо. Говориме за еден демократски свет, за една демократија во држава, која што е млада и треба да се развива. Ве убедувам дека во секое време може да има и подобра и полоша алтернатива. Затоа, не потценувајте ништо во оваа наша мала држава.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Во една минута ќе кажам толку колку што можам. Каде живеам, живеам во Скопје. Мојот говор беше насочен кон тоа дека сакам да живеам во Европа, каде што фигурира просперитетна Република Македонија, во Европа каде што Република Македонија е дел од таа Европа. Ние не мора д ги слушаме овие коментари, овие цитати што ги кажав и ние не мора да отидеме во Европската унија, можеме веднаш да се откажеме. Но, почитуван господине Костовски, тоа значи дека ќе останеме сами, тоа значи дека ќе останеме изолирани, а вие би требало да знаете што се случи со оние земји во опкружувањето што станаа изолирани. Тоа не е иднината на Република Македонија.

Иднината на Република Македонија е да биде дел од европското и евроатланското семејство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Блаже Стојановски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Господине Жерновски, јас знам дека во името на вашата партија имате збор Либерално демократска. Малку повеќе забегавте од она што значат овие зборови. Пред се', тие не даваат право да се зборуваат секакви работи пред јавноста. Инаку, тешко на Европската унија со вакви бранители на демократски вредности.

Она што значи претворање на малцинството во мнозинство, заради доминација на еден над друг етнитет, за вас претставувало демократска придобивка. Ако сакате да ги лоцирате проблемите, вратете се во периодот на 1996 година, кога се носеше Законот за локална самоуправа и за децентрализација и определување на општинските граници, кога не се направи суштинска, вистинска децентрализација. Тогаш, да беше направена и да беа донесени овие закони, сега ќе имавме многу друга состојба во Република Македонија. Меѓутоа, тоа е само знак на кој степен се демократските односи во Република Македонија. Инаку, би ви препорачал, вашиот борбен говор да го замените со активност за исполнување на вашите лаги кои што ги кажувавте пред македонската јавност пред 15-ти септември во 2002 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Те лажам, така, ние сите лажеме и кажуваме лаги, тогаш гледам дека очигледно ве погоди вистината и ве погодија цитатите што ги кажав, затоа вам сакам да ви понудам договор, вие престанете да зборувате лаги за нас, а јас ќе престанам да ја зборувам вистината за вас.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму, г-динот Ѓорѓи Оровчанец за реплика,

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

На некој начин мојата реплика ќе се софпадне случајно со репликата што ја имаше г-динот Трифун Костовски. Ќе почнам од она што беше академија.

Господинот пратеник Жерновски како завршен додипломец, незнам колку студирал и што студирал, немам информации, меѓутоа, би требало да знае кои се критериумите за влез во МАНУ. За влез во МАНУ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, да не се навредуваме, ве молам.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Не навредувам, можам да тврдам, но верувам дека е постдипломец.

За влез во МАНУ не постои никаков етнички критериум и мислам дека би било правично и логично да отвори интернет и да ги види условит епод кои се влегува во МАНУ. Не е можно во МАНУ да влезете по етнички карактер, не е можно во МАНУ да направите клуч, затоа што тоа веќе нема да биде МАНУ, тоа ќе биде Бит Пазар бидејќи е тука блиску. Тоа е навреда што се направи за МАНУ.

Понатаму, во неговото убедување, да не убеди нас, јас би му препорачал една работа да ве убеди вас конкретно госпоѓо Лилјана Поповска во ставовите, бидејќи сте од иста партија, тогаш евентуално би се потрудил и јас да сватам нешто од врвната демагогија која беше пласирана, меѓу која дека минатата Влада била изолирана. Не се станува изолиран да го потпишете Договорот за стабилизација и асоцијација, не се станува изолиран ако станете дефинитивно во истиот мандат и член на СТО и да бидете прогласени во тој период за најреформска влада во Југоисточна Европа, а тоа сигурно г-динот Жерновкси го знае.

Овие поздравувања на компромисот, јас се согласувам дека е така, меѓутоа, тоа е нормално, но тие луѓе и сите што беа цитирани овде, организации, и т.н. ќе го поздравеа компромисот иако компромисот ја содржеше Струга поинаку. Затоа што тие ќе го

поздравеа договорот кој постои тоа е нивната цел. Во овој случај немаме компромис г-дине Жерновски. Овде имаме едноставно уцена и вие не можете да се вадите пред јавноста дека сте направиле компромис, а едноставно се вадите дека е тоа поздравено. Компромис ќе беше нешто друго. Јас дефинитивно ќе кажам (опомена од страна на потпретседателот дека се поминати три минути), а го кажав и во мојот говор дека овој закон г-дине Жерновски е дефинитивно лош и овој закон може да направи многу повеќе штета на Република Македонија од она што се случи во војната 2001 година. Не би сакал тоа да го доживееме, но мислам дека не сте доволно свесни за оваа ситуација која сакавте да ја прокламирате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Повелете г-дине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Ќе ви дозволам г-дине Оровчанец две работи. Повелете на мојот сајт ќе видите каде сум завршилосновно, средно ивисоко образование и ќе ви дозволам да проверите дека во СТО влеговме во овој парламентарен состав, а не во претходниот, а она што нема да ви дозволам е мене да ме наречете демагог. Не може да ме нарече демагог оној кој за три години променил 4 политички партии, Нова демократија, Демократска алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО народна и ако правите уште некоја , незнам. Ако правите психолошки профил на вашите колеги направете, мислам дека време е на себе да си направите психолошки профил.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Завршивме со репликите.

Збор има г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги,

Денеска, всушност и во изминатите денови имавме предлог на Владата за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Многу се дискутираше, многу се кажа, провејуваа секакви тонови, на навредливи ставови човек просто да не знае како да постапи во ваква ситуација, што да каже, како да

каже, верувајте, сакам со одбрани зборови без да навредам некого, без да навредам со своите постапки да кажам свое мислење во свое лично име и во името на мојата партија Движење  на турците во Македонија, во името на опозицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП, граѓаните и турците во Република Македонија.

Ќе почнам со г-динот Жерновски...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, јас ве молам сега ова не е реплика, вие држете се до вашите ставови...

АДНАН ЌАХИЛ:

Ве молам, немојте да се мешате, јас не реков ништо, а вие веднаш се уфрливте априори дека јас нешто лошо ќе кажам. Мислам дека тоа е недозволиво.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Затоа што на некој начин се договоривме да не се повикуваме на претходни дискусии, да не бид еова обраќање, сепак не е реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Тоа до сега беше пракса очигледно настанува друга пракса, добро, се извинувам, нема да направам, но ве молам и за другите дискутанти истото да го нарпавите. Вие не знаете што размислувам и што сакам да кажам, но очигледно имате разни критериуми по разни основи.

Претходниот дискутант рече, еве нема да спомувам имиња, би сакал мојата партија, власта позицијата да ги брани сите граѓани во Република Македонија, да ги брани заедниците сите тие  што стојат декалпративно во Уставот. Јас се согласувам со претходнито дискутант, еве нема да напоменам кој, во принцип, но она што видов во предлогот и она што провејува и она што ќе прочитам врз основа на писмата на невладините организации, ве молам немој да не браните, ќе испадне она народната “бате доста ме бранеше”.  Верувајте доста ни се тие декларативни одбрани, декларативни запазувања на некои демократски принципи, а она што е на терен, она што е предлог конкретно кажува сосема друго или дијаметрално спротивставени ставови.

Ќе прочитам еден извадок од писмото од невладините организации голем дел од турците преточени во тие невладини организации се исто така навредени  од овој

предлог. Навредувањето не е само со навредливи зборови кажани тет-а-тет, навредлив може да биде предлогот, навредлив може да биде односот, навредливи можат да бидат разни гестови. Ќе ми дозволите во моето воведно излагање да прочитам она што требаше да се прочита и да биде основа  за мојот говор.

Предлогот на Владата на Република Македонија за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија за Сојузот на турските невладини организации на Македонија е неприфатлив, дискриминаторски и навредлив за целокупната турска заедница на Република Македонија .

Предлог законот е во спротивнсот со Уставот на Република Македонија, меѓународните конвенции и стандарди и целит еи принципите на Охридксиот рамковен договор.

Ако Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор претставуваат унапредување на граѓанските права и ако за цел имаат зачуввуање и развој на демократијата, почитување на етничкиот идентитет, елиминирање на културната и јазичната асимилација, интеграција без асимилација, гетоизација на одредени заедници, предложениот закон го ускратува правото на развој на демократското општество, предвидува не почитување на етничкиот идентитет на турците, придонесува за јазична и културна асимилација на турците, овозможува интеграција со помош на асимилација и ги гетоизира турците на ниво на Република Македонија .

Предложениот закон е спротивен со членот 8 став 1 од Уставот на Република Македонија. Токму предложениот закон ги ограничува оснвоните слободи и права на човекот и на граѓанинот признати со меѓународното право утврденосо Устав.

Уставот го гарантира слободното изразување на националната припадност член 8 став 2 и граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата член 9 од Уставот.

Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскито идентитет на сите заедници член 48 став 2 од Уставот.

Токму предложениот закон го ограничува изразувањето на националната припадност и ги двоедува во нееднаква положба припадниците на турската заедница и

другите заедници, не го гарантира етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на припадниците на Турската заедница,од друга страна во Република Македонија законите мора да бидат во согласнсот со Уставот. Секој е должен да го почитува Уставот,поради тоа и вие госпоѓо потпретседател на Собранието и пратениците сте должни да го почитувате Уставот и законите.

На граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа член 114 (реакција од страна на пратениците).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, цитира нешто што е легален акт, продолжете г-дине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Очигледно имате двоен аршин и стандарди, кога вие цитирате (пак реакција од пратениците) тебе ќе те прашувам што да цитирам. Биди коректен (му се обраќа на еден пратеник) како што сум јас коректен спрема вас. Јас побарав дозвола и цитирам дел од тоа што требаше вие да го знаете. Очигледно укажувате од која позиција настапувате г-дине Рафис Алити. Немој мене да ми правиш тоа.

На граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа член 114 став 1 од Уставот.

Со предложениот закон на сто илјади турци во Република Македонија не им се гарантира правото на локална самоуправа. Со предложениот закон им се ускратуваат правата на граѓаните од Турската заедница непосрендо преку претставниците да учествуваат во одлучувањето попрашањата од локално значење, член 115 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Тука ќе запрам, другиот дел е добро напишан, но ќе оставам на совеста на пратениците да прочитаат она што треба да прочитаат и да знаат. Но, она што е тука напишано и кажано е во реалција со она што јас размислувами мојот коелга Ќенан Хасипи во иста позиција ги кажа работите. Многу е очигледно дека при донесувањето на овој закон во рамките на власта, во рамките на Република Македонија апсолутно не се консултирани 23-те невладини организации, партии од турската заедница, пратеници, интелектуалци и т.н. Тоа е пропуст што сакам да кажам и се надевам дека во иднина

вакви пропусти при донесување на други закони нема да се направат, но сега е направено и од мој аспект е апсолутно навредливо за достоинството на турските граѓани во Република Македонија.

Нејсе, времето ќе покаже, многу работи кажавте, многу работи се кажани од оваа говорница, многу декларативни заложби меѓу кои ќе цитирам неколку работи штокажаа другите дискутанти, без да кажувам имиња, бидејќи на некој начин ми забранивте. Зборувате и барате да немаме декларативни опции, а такви применувате. Зборувате за мултикултура, за мулти етнички држави, а во пракса го немаме. Зборувате за политички решенија, за политички и историски одговорнсоти, мешате поими и она што сакав да биде основа  на мојата дискусија, покрај другото, морам да го цитирам г-динот Ивановски дека во Македонија е се договор. До сега било така и отсега ќе биде така. Се согласувам. Тоа е во ред. Апсолутно е во ред дека се во Македонија до сега било договор, без разлика дали е политички, ваков или онаков договор и тоа би требало да се слее во пракса, но што имаме во пракса? Очигледно имаме договори од политичка природа кои не ги тангираат сите заедници во Република Македонија иако сме таксативно набројани во Уставот и имаме иста декалративна тежина.

Но она на што би требало да се внимава во иднина во однос на другите граѓани дека и другите граѓани се дел од оваа Република Македонија и дека и нивните чувства се важни, дека и тие се лојални граѓани на Република Македонија, послушни, ги плаќаат даноците, служат војска, ги исполнуваат своите обврски, а кога ќе се дели колачот едноставно или се заборават или се  занемаруваат или се јавува некој во нивно име да каже дека еве вие добивте, ние ви дадовме нешто , како да е тоа нешто што некој некому треба да даде некој некому треба да одземе заборавајки дека декалративните заложби на сите нас во изминатиот период беше дека ние чекориме кон Европската унија, чекориме како демократска држава, дека граѓанинот е пред се и над се во центарот на овие збиднувања.

Често пати се меша поимот  демос и етнос, којкако сака да го користи, во еден момент е важен демосот во друг етносот, едноставно човекне знае кога што се применува.

Во таа идна Европа во која сите сакаме да биде дел, па и јас посакувам што побргу да бидам дел од таа Европа, граѓаните треба да бидат тие како носители на демократијата без разлика на нивната етничка, верска и национална припадност.

Сакам да кажам дека ако тие стандарди се применуваат во Европа каде сакаме да влеземе, каде има определени правила на игра, треба тие стандарди да ги применуваме дома кај нас, но, за жал тие стандарди денеска не се применуваат, а уште помалку со овој закон за територијална поделба, едноставно стандардите се базираат врз основа на статистички бројки, врз основа на проценти, врз основа на нешто некој да даде, некој да земе, се тргнува од позиција на сила, од позиција власт или невалст, позиција, опозиција и т.н., заборавајќи дека сеганата власт утре може да биде опозиција и обратно, народто дава власт во демократски развиени земји во парламентарна демократија, народот зема валст. Власта не е вродена категорија, се добива со тоа што колку ќе вложиме толку ќе добиеме. Но, ако едни стандарди важат за едни, други за други, трети за трети, верувајте демократските принципи за кои се залагаме на големо веќе на старт стануваат недемократски стандарди и принципи. Токму против тоа сум.

Апсолутно нема да зборувам за проценти, кажав во мојот говор, апсолутно беше непотребно да се спојува Кондово и Сарај за да биде двојазично Скопје, можеше и со овие проценти со  одлука да биде двојазично Скопје, да се каже дека тоа се прави на тие принципи, на тоа и тоа, отворена агенда, не сум против определена заедница во даден момент да добие повеќе, други помалку ако видиме светло во тунелот и агенда што понатаму ќе се прави, јас сум за тоа да се релаксираат меѓуетничките односи каде сите ќе ги добијат правата, но и обврските за да можеме да живееме во едно мултиетничко општество, зборувammултиетничко, ноона што се предлага, она што до сега се правеше , апсолутно сме далеку од мултиетничко општество. Ете, тоа е господа пратеници проблемот што се случува и што ќе ни се случува.

Дали тоа во иднина ќе се корегира или нема да се корегира, тоа е нешто што го оставаме на времето. Ако историјата е учител, ако учиме од историјата грешки што се правеле во минатото, пак ќе повторам, не е далеку 50-тите години од минатиот век кога поради една историска матрица многу турци буквално беа бркани од Македонија поради

икс причини, тогаш објаснувано поради вака и вака, но од сегашна дистанца се гледа зошто тоа се правело. Се плашам дека во иднина таа матрица да не се повторува денеска со истите и слични намери, а каде што актерите се менуваат. Бидејќи, после ова, особено ако не се направи нешто на економски план, ако на економски план доживееме крах, сигурно и апсолутно сигурно дека први кои ќе почнат да се иселуваат, а веќе такви најави има, тоа не е фраза моја или фразиологија во размислувањето, еве го писмото од 23 невладини организации кои се собрале во едно, дека едноставно ќе почне иселувањето на турците од Република Македонија и тивката асимилација. Но, очигледно дека некому и на некои структури тоа им оди воприлог.

Ако во тој контекст го земеме и Законот за државјанство, каде се воведе матичност на држава и тоа само за иселување на турците, ќе дојдеме до една слика, еден систем каде што не сакам, апсолутно да размислувам дека е тоа задна намера. Би бил пресреен да сум во заблуда, грешка, дека тоа не може да се случи и прв сум кој ќе се извини на сите дека тоа не се случило. Но едно исто, барам и ќе барам во иднина, сите актери кои го донесоа законот, а ако почне тоа да се случува, единствени виновници ќе бидат тие кои го предложија, го донесоа или ќе го донесат овој закон, толку навредлив во однос на турската заедница.

Се рече дека има политички решенија. За мене тоа е прифатливо, бидеји Владата е политичка. Партиите се политички. Политички решенија треба да има и нормално да има политички решенија. Но, сепак, политичките решенија, кога ќе се носат, а се носат, треба да ги имаат предвид и барањата, потребите, граѓаните и на заедниците. Во овој Предлог тие барања и потреби не се ставени егал, на едно рамниште. Тоа е голем недостаток на овој закон што, како што ќе се усвои, веројатно во блиска иднина нема да се корегира. Веројатно ќе чекаме подобри времиња, ако имаме можност за подобри времиња или ако имаме можност да корегираме ова што се нарекува Закон за територијална организација на Република Македонија, на локалната самоуправа во Република Македонија.

Верувајте, не е фраза. Апсолутно не ми е битно дали во една општина или две општини или во три општини се зборува турски јазик или се во мнозинство. Проблемот

настана кога турските релевантни чинители не беа консултирани за оваа работа. Едноставно, се случи тоа да од поголем број општини што ги имавме во денешната номенклатура, останаа помалку општини во кои што ќе се говори и ќе се применува турскиот јазик, каде што процентот на турците на вештачки начин оди по нагорна линија. Сето тоа се прави во името на некоја подобра територијална организација, подобар начин на комуникација. Се вели дека, можеби, советите на општините треба да донесат решение дали називот ќе се примени или нема да се примени. А тој стандард од другата заедница да не се бара и едноставно, имаме ситуација да во однос на претходната номенклатура имаме помалку општини каде ќе се користи турскиот јазик.

Тоа е Предлог. Одговорноста е на предлагачот, на коалицијата зошто тоа го направила. Од временска дистанца, добро рековте и рекоа пред тоа, некој ќе има политичка одговорност, изборите ќе си го кажат своето, а некој ќе има историска одговорност. Но, јас отворено тука прашувам какво фајде од тоа ако некој има политичка и историска одговорност ако процентот, а пак тие пусти проценти, на турците од ден на ден се намалува, почнувајќи од поодамна. Тогаш не знам кое е тоа фајде. Тоа би личело на следново, падна чашата, се скрши, воопшто не е битно дали било намерно или случајно, чашата е скрешена. Ефектите се тие. Токму тоа се случува со турската заедница во Република Македонија.

Мораме отворено да говориме за овие проблеми. Мораме да зборуваме, мораме да дебатираме за овие работи, меѓутоа за дебата треба да бидат вклучени и тие кои се засегнати за овој проблем. Ќе признаете, во оваа ситуација не се вклучени релевантните чинители од оваа заедница за кроење на териториите. И, да разберам, од опозицијата луѓе да не се повикуваат. И да разберам интелектуалци и невладини организации да не се повикуваат. Но, не можам да разберам да не се повиквуа ваш коалиционен партнер од Турската демократска партија, ако ништо, барем да се соопшти, барем од куртоазија да се побара размислување, да се соопшти начин на делување и како би размислувал за некоја територијална поделба. Тоа е апсолутно, ќе се согласите, многу навредливо за човек, за партија, за народ, за заедница.

Ова што се случи, се случи. Ве молам, во иднина, кога ќе предлагате закони што ги тангираат сите заедници во Република Македонија, консултирајте ги сите заедници, без разлика на нивниот процентуален состав и учество. Едноставно, направете да сите граѓани во Република Македонија се чувствуваат како граѓани на Република Македонија, а не граѓани кои едноставно се ставени зад врата и чекаат ред. Една е народната - не му прави на другиот тоа што не сакаш тебе да ти го направат. И тоа, ако вака продолжите да работите на овој принцип да знаете дека ќе ви се врати како бумеранг, некој, некогаш, во некои други услови и констелации вам ќе ви го направи тоа. Бидете сигурни. Не го посакувам, но тоа е природен тек на некои раоти што треба да се следат.

Понатаму, многу работи после 15 септември ветивте дека ќе направите. Тоа е во однос на сите заедници, а јас ќе зборувам за Турската заедница. Ќе кажам дека во однос на тоа не направивте ништо. Сносите голема одговорност, бидејќи во тој период ги покажувавте тие работи, очигледно од оваа временска дистанца тоа испадна поголема лага или, извинете, пу - пу се зезнавме. Немојте така да се однесувате. Во овој случај, сигурно тоа ќе ви се врати како бумеранг.

Што човек да каже поинаку од ова што го имаме како ситуација кај нас? Верувајте, се обидувам да најдам одбрани зборови, да ја одбранам тезата дека во Македонија, пред се и над се е граѓанинот на пиедестал. Но, во континуитет, тоа што се случува во однос на заедниците, пак ќе зборувам за Турската заедница, навистина не сакам да зборувам за другите заедници, бидејќи секој си има претставник овде па има право да каже, јас ќе кажам во однос на Турската заедница, апсолутно нашите права од ден на ден се повеЌе ги губиме, од ден на ден се повеќе стануваме луѓе од “н”- та категорија, нашиот јазик од ден на ден се помалку се користи. Верувам дека во иднина, едноставно, како што министерот кажа, еве, имате во три општини се зборува турскиот јазик, мене тоа ми личи малтене дека еве ви ги дадовме тие три општини, зборувајте, иако во тие три општини една општина во 2008 година ќе биде укината. Ако темпото на укинвуање, темпото на окрупнување, темпото на менување на границите се продолжи, верувам дека 2008 година, а згора на тоа ако почне таа тивка асимилација и едноставн иселување, во тој случај и тие општини нема да постојат. За тоа по тоа, времето ќе покаже, времето е

најдобар судија и најлош судија, како за кого. Рековте на политички поени добиваме и губиме, а тоа се непосредните избори. Тогаш ќе видиме. Но, фактот стои. Тоа е тоа. Тие се елементите.

А, тоа што е битно, што сакам да ви кажам, долго време размислувам дали да потенцирам или не потенцирам, но пак ќе повторам. Тоа е факт. Турска, како држава, ние турците сме историски и генетски поврзани, беше држава која што со никакви задни намери, помагаше на Република Македонија и на сите заедници во Република Македонија и во опкружување на нас едноставно беше пријател на оваа држава, пријател на сите нас. И, во името на тоа пријателство, а впрочем често пати зборуваме за лобирање, лобирање на држави, лобирање на групаци за доброто на Македонија, ќе се согласите дека Македонија во европски и светски размери не ги исполнува секогаш стандардите што се наметнуваат, па бараме попусти, бараме лобирање, бараме поддршка од нашите пријатели. А, на нашите пријатели им возвраќаме, на нивните граѓани така, да кажам генетски поврзани, на некој начин сонародници во минатото, во еден историски контекст, едноставно некои права, а и обврски им ги укинуваме. Тоа е недозволиво. Тоа не е добро од демократски принципи, од цивилизациски принципи. Како и да кажете, низ разни принципи што преовладуваат во едно модерно цивилизациско општесто.

Во име на тоа, ве молам, навистина ве молам, сеуште има време да се корегира Владата со своите предлози, амандмани, да направи некои корекции, да ги услуша молбите на невладините организации, на пратениците, на учените интелектуалци и на пошироката јавност, да се корегира, во најмала рака овој предлог и во иднина, да даде предлози што ги тангираат сите заедници, сите граѓани, да внимава, апсолутно да внимава за она што се случува.

Тоа што во последно време се случува и го имаме во Република Македонија, тоа е да граѓанскиот концепт се гледа низ етнички концепт, па се враќаме пак на граѓанскиот концепт и сето тоа, како одговара на определена номенклатура. Тоа мислам дека е недозволено.

На крајот, само уште неколку зборови,  нема да должам повеќе, инаку можеме да дебатираме до сабајле, не сакам да одземам од вашето драгоцено време и нашето драгоцено време, тоа се фактит. Тоа е вистината. Преточена е во ова писмоод невладини организации, од моите говори и говорите на другите пратеници, од опозицијата. Едноставно добро да се замислите. Вие можете да зборувате што сакате тука, но кога ќе останете сами со себе, едноставно длабоко во себе преиспитајте се дали правилно сте постапиле, дали е тоа правиот пат, правилната опција и сигурно ќе дојде до одговор, како што дојдов јас и другите да не кажам грото, голем број на  Турската заедница, а сум се консултирал со сите, дека ова што се случува е неправилно во однос на нашата Заедница. Ќе има далекусежни реперкусии и рефлексии на мултиетничкото живеење, што, впрочем во Република Македонија  станува само декларативно, а суштински тоа не е така и не се применува.

Јас ќе го цитирам  Мевљана, еден голем мислител, филозоф турски кој делувал пред 700 години, вели вака: “Што и да бидеш пак дојди”. Јас сум тука. Ние сме турци, тука, треба да работиме сите заедно, во оваа ситуација треба власта, Владата да ни пружи рака во однос на нашите проблеми за да им возвратиме како што возвраќавме до сега со лојалност, со послушност, со тоа што се нарекува граѓански концепт во Република Македонија. Ако тоа не се случи, верувајте дека ќе има и граѓанска непслушност и нелојалност и едноставно радикализирање на ситуациите, бидејќи од ден на ден турците ќе ги губат и правата и обврските кон Република Македонија како турци и како Турска заедница.

И, сосема на кра, господине Хасипи, рековте дека позицијата и опозицијата немаат сенс за овој проблем. Во принцип се согласувам, меѓутоа ќе се согласите дека опозицијата ако ништо, барем ги поддржуваше вашите амандмани. Вклучително и јас и опозицијата покажа поголем сенс од позицијата во однос на турските проблеми, говориме за турските општини, а што се правеше макретинг за амандманот од опозицијата да не се прифати, истиот амандман, наместо да се договориме, тоа беше чист политичи маркетинг од страна на Владата што не е прифатлив. И, ќе се согласите, вие сте во власта. Дел од одговорноста и вие сносите. Не сакам да ве критикувам во таа обалст, бидејќи вие

покажавте со вашата дискусија претходно дека сте ја разбрале пораката претходно и дека во иднина ќе делувате така како што делувате, како што треба да делуваме, како граѓани во Република Македонија, како претставници на етничката заедница, се за добробит на нашата Заедница и за граѓаните на Република Македонија.

Има една општонародно призната - не можеш да сакаш друг ако не го сакаш твојот прв близок. Тоа е демагогија. Нема да се борам за мојата заедница, ќе се борам за други. Секогаш проблемот почнува околу себе, прво проблемите да се решат па после понатаму. Тоа е правило. Ако сакаме во Европа, Европа оди преку признавање, ќе стигнеме во Европа преку признавање на правата, обврските на сите граѓани од сите етнички заедници, без разлика со колку проценти се застапени во Република Македонија и каков е придонесот во однос на процентот. Да потсетам дека во идна Европа се се решава со консензус, со договор. Процентите таму не играат важна улога. Ако таму не играат важна улоа, не би требало тука да играат важна улога и треба да почнеме од дома. Дворот се чисти од својата врата, а улицата почнува со чистење од пред вратата. Тоа треба да го направиме и тоа треба да биде “оче наш” во иднина и во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Аднан.

Господине Хасипи имате реплика, повелете три минути.

КЕНАН ХАСИПИ:

Можеби нема да реплицирам, меѓутоа сепак, на крај господинот Аднан Ќахил ме прозва. Јас му благодарам на советите. Меѓутоа има една голема разлика меѓу мене и господинот Аднан Ќахил. Јас сум по природа многу принципиелен и континуирано работам за потребите на Турската заедница. Само да го потсетам дека во принцип не прифаќам популистички методи. Можев и јас од оваа говорница да кажувам се и сешто. Меѓутоа, после да не преземам ништо. Да го потсетам дека и во врска со Предлогот на законот за државјанство и во врска со Предлогот на законот за лична карта и во врска со Предлогот на законот за патните исправи после настапите, настапував со амандмани.

Тие што се бават со политика знаат дека амндманската расправа некогаш може да вроди со плод. Се претходно што се кажува од говорница, доколку понатаму не се преземат практични чекори да се обезбеди практична реализација се вика популизам и ништо друго.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќахил повелете имате една минута.

АДНАН ЌАХИЛ:

Можеби, господине Хасипи вам ова ви изгледа како популизам. Ова е реалност. Амандманска расправа или нема, тоа треба да се оцени, да се има политички сенс за некои работи што се случуваат. Очигледно дека вие правевте популизам, вие бевте во коалиција со СДСМ и вашите амандмани не беа прифатени. А, да ве потсетам вие гласавте за, а вашите предлози и вас не ве повикаа за консутлации во врска со ова.

Да се изразам со вашиот вокабулар, што го користите “после свадба тапани”. А, во нормални демократии, што велите вие дека сте политичар, ако една коалиција не ми прифати нешто што е од есенцијално значење за мојата заедница, се знае што се прави. Се излегува од коалицијата, се дава оставка. А вие, до ден денеска не го направивте тоа. Е, господине Хасипи, тоа е популизам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов имате збор, а потоа нека се подготви господинот Драго Шајоски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, дами и господо,

Очигледно дека сепак, најприсутни се ВМРО-ските претставници во Законодавниот дом и ние, во изминативе денови, во рамките на амандманската расправа и во рамките на општата расправа по текстот на законот се обидовме да ве убедиме вас, претставниците на владиното мнозинство во Собранието на Република Македонија.

Очигледно не успеавме со вашите аргументи да влијаеме на вашето мислење, се разбира доколку имате право почитувани колеги да имате мислење и после завршување воопшто на расправата по првата точка од прашањата поставени на дневен ред, ние ќе ја имаме само таа одговорност, ќе остане на нашата сметка, а тоа е дека не бевме доволно убедливи и не влијаевме на нашите колеги пред се од СДС за да го сменат мислењето и да се придружат кон она што го говори ВМРО, она што го говорат воглавном граѓаните на Република Македонија, затоа што вие решивте да останете на вашата политичка филозофија што ја држи оваа неприродна Влада во Република Македонија.

Вие се обидовте да ни одговорите, да ни реплицирате дека територијална организација на Република Македонија ќе ја доближи власта до граѓаните, дека единственото политичко прашање во рамките на пакетот закони, воопшто за децентрализацијата, ќе биде начинот на функционирање на локалната самоуправа и дека нема ништо страшно и дека нема ништо скриено зад оваа тема. Ние се обидовме низ и се обидуваме и понатаму низ аргументи да ги посочиме дека и денеска, во овој момент, владата што вие ја поддржувате да функционира како многузначна влада. Дека имате практично две влади. Го посочивме примерот со актуелниот министер за транспорт и врски, кој, како што самиот изјавува не му одговара на лицето кое се претставува во земјава и надвор од неа дека е претседател на Владата на Република Македонија. Едноставно кратко и јасно кажа тој дека му одговара единствено на Али Ахмети или на луѓето кои го предложиле за таа функција. Што ми дава за право да тврдам дека вие не успеавте да профункционирате на национално ниво, согласно улогата на институцијата Влада на Република Македонија и тоа најмалку ви дава за право ви тврдите дека пак обратно, на локално ниво ќе профункционирате. По малку ме потсетува ова што го направивте и оваа атмосвера во поглед на Законот за територијална организација ...

(Реакции во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има секој право на три дигресии и ве молам да не упаѓаме од страна.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

... на 1908 година кога сите во тогашна Македонија бараа и формираа конституциони клубови. Само Македонците ги немаше. Вие упорно не убедувате како господинот Жерновски кој се обидува пола Европа да ја задоволи, без притоа ни малку да помисли на сопствените гласачи, на сопствените избирачи. Но со тие желби на г. Жерновски немам намера да спорам. Тоа е негова индивидуална работа.

Ние сме свесни за односот на силите во Собранието на Република Македонија. Нашите надежи и би рекол нашите молитни ќе бидат единствено свртени кон македонскиот народ и неговата упорност да дојде до бројката од 150 илјади потписи со што ние ќе бидеме обврзани како законодавен дом да распишеме референдум. Против волјата на народот, се надевам дека дури ни влада со ваков карактер нема да може да излезе на крај, ниту пак ќе се обиде да направи нешто со што би им излегла спротивно на желбите на народот. Секоја чест на исклучоците што верувам ги има сепак како во персоналниот состав на Владата, така и во персоналниот состав меѓу пратениците од парламентарното мнозинство.

Почитувани дами и господо, еве, ние се обидовме, од 26 јули, со секаков вид аргументи да ви овозможиме да прогледате, а вие упорно сакате при очи и уши да останете слепи и глуви и претпоставувам некои од вас во петок ќе одат ќе прославуваат нешто на Радуша. Нека ви служи тоа на чест. Ние, пратениците на ВМРО ќе ве оставиме сами да си го донесете тоа што планирате да го донесете и да си ги прославувате сите празници што вие сакате да си ги прославувате.

Уште еднаш сакам да истакнам дека единствената надеж е во волјата и истрајноста на македонскиот народ да излезе и да ги даде тие 150 илјади потписи за да не дозволиме Република Македонија да заличи како Владата на чие чело се претставува дека е господинот Костов, а всушност како што вели најмалку 1/3 од неговите министри, тие му одговараат на Али Ахмети.

Ние немаме намера да одговараме пред Ахмети, немаме намера да полагаме сметка пред никаков светски центар на моќ, европски или регионален, ние како пратеници на ВМРО полагаме сметки пред се пред нашата совест и пред нашите избирачи. Ќе

останеме со нив како во минатото, без оглед на сите непријатности и последиците од оваа штетна постапка што СДС и Али Ахмети ја скроија на штета на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија.

Ве оставаме не само да си го изгласате тоа што сте го направиле, се надеваме дека ќе ве оставиме и со вашата совест, и дека, можеби, само можеби за жал, ќе најдете доволна пред се морална сила во вас и ќе се обидете да се придружите и да не бидете како отпадници на сопствениот народ, затоа што без оглед ан тоа што мислиме ние, народот не греши. Има една поговорка и верувајте кон таа поговорка се придржуваат повеќето земји, без оглед на нивната големина, тие велат - мојот народ и кога не е во право, оние кои се поискусни во политиката знаат дека меѓународната политичка сцена не е збир на алтруистички желби туку на пракматични потреби на народите. Македонскиот народ и сите родољубиви граѓани на Република Македонија ја кажаа својата намера. Останува уште реалицацијата што и покрај сите опструкции, велам по трет пат дека македонскиот народ и граѓаните ќе ја завршат, а тоа е ќе ги соберат тие 150 илјади потписи.

Почитувани колеги,

За жал, вие решивте, сега - засега да останете при очи слепи, не почитувајќи ги воопшто нашите аргументи. Влеговте во конфликт со сите во Република Македонија и верувајте, ако останете и понатаму изолирани од реалните потреби и само одите по принципот на уцени, обидувајќи се да ја задржите таа вештачка творба, нема да успеете да ја задржите, затоа што и во литературата имате примери. Без оглед на тоа колку доктор Франкештајн бил добар како лекар, добар како хирург, од мртво нешто не можете да направите живо. Затоа е потребна желба, работа и пред се лојалност и верба пред се во сопствените сили, во сопствените луѓе и во сопствената земја.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги овикувам пратениците да влезат во салата, ако се тука, да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата).

Почитувани пратеници бидејќи претресот по текстот е затворен, ве потсетувам дека, согласно точка 1 од амандманот ЏВИ на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство на присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на пратениците што не се мнозинство на Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници, од кои 61 гласале за законот, немавоздржани, 7 против законот.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Молам службите да избројат.

(Пратениците креваат рака, а службите бројат)

Кој е против, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака, а службите бројат).

Дали има воздржани?

Нема.

На седницата присуствуваат 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 14 пратеници, против гласаа 2, а од гласање не се воздржа никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Почитувани пратеници, тука ја прекинувам денешната сесија.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 22,40 часот).